СВЕТЛИ ЛИКОВИ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА (1945-1949)

ТАШКО МАМУРОВСКИ

СВЕТЛИ ЛИКОВИ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА
(1945-1949)

Risto Stefov
Publications
Toronto, Canada

rstefov@hotmail.com

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2022 by Tashko Mamurovski

e-book edition

June 2, 2022

НИО “СТУДЕНТСКИ ЗБОР”
СКОПЈЕ, 1987

БИБЛИОТЕКА НАУЧНИ ВИДИЦИ: ИСТОРИЈА

НОВИНСКО ИЗДАВАЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА
“СТУДЕНТСКИ ЗБОР” – СКОПЈЕ

Директор: Насте Стојкоски
*
Уредник: Томе Груевски
*
Рецензенти: д-р Стојан Киселиновски, Христо Андоновски, д-р Глигор Тодоровски
*
Технички уредник: Владимир Богоевски
*
Јазична редакција: Тришо Стојановски

Печатењето е потпомогнато од Заедницата за научни дејности на С. Р. Македонија

CIP-Каталогизација во публикација, Народна и универзитетска библиотека “Климент Охридски”, Скопје

929:323.273 (=866:495.6) “1945/1949”
323.273 (=866:495.6) “1945/1949”

ХЕРОИ БЕА,
ХЕРОИ СЕ,
ХЕРОИ ЌЕ БИДАТ

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР 6
ЃОРЃИ /ЏОЏО/ УРДОВ (1914-1947).....10
МИРКА ГИНОВА (1916-1946).....27
АТАНАС КОРОВЕШОВ (1918-1945).....44
ВАНГЕЛ ШАМАРДАНОВ – ИЛИНДЕНСКИ (1921-1948) 57
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ (1925-1948) 66
КРСТО МАНГОВ (1912-1949).....76
ПАНДО ШИПЕРКОВ (1921-1948).....81
МИХАЛИ АПОСТОЛОВ-ГРАНИТИ (1923-1948).....89
ПАНДО ТРПОВСКИ-БУНТОВСКИ (1907-1947) 96
ТОДОРА АНАСТАСОВА-СКОРНА (1922-1948) 106
ТИНА АНДРЕЕВА-ЦВЕТА (1928-1949).....114
ДИНО БИНЧЕВ (1916-1948).....118
ПАНАЈОТ БОЖИНОВ-ЛЕФТЕР (1918-1946) 122
МАТИ /МАТЕЈА/ БУЛЕВ (1904-1949).....126
ТОДОР ДОЈЧИНОВ-МОРАВА (1921-1947).....133
РИСТО ДОНЧЕВ (1921-1948) 139
ВАНЕ ДОРОВ /МАЛКОВ/ (1913-1947).....143
ТИНКА ДУМКОВА (1926-1949).....148
ЃОРЃИ КАЛКОВ (1916-1948).....153
ПЕНО КАРАМУТКИН (1920-1945).....158
АТАНАС КИЗОВ-ГИЗА (1914-1947) 161
ИВАН КОВАЧЕВ-ОРФЕАС (1922-1949).....167
КОСТА КУЗЕВ-ДИНИ (1913-1950).....171
ЈАНИ ЛУКРОВ (1922-1948) 175
СОТИР ЉУТИКОВ (1916-1948).....179
ВАНГЕЛ МАНГОВ (1912-1947).....184
ТАНАС МАНОВ (1926-1947).....188
СОТИР МИОВСКИ (1923-1949) 192
ГЕРМАНИЈА ПАЈКОВА (1931-1949).....196
ЈАНИ ПИРОВСКИ (1923-1949).....201
АЛЕКО ПИШУТОВ (1918-1947) 206
ЖИВКО ПОПОВ (1922-1947).....209
ПЕТРЕ ПОПОВ (1908-1962).....220
КОЧО РОБЕВ-ДИНЕ (1915-1947).....224
ПЕЦО РОМЕВ (1919-1949).....229
ЈАНКО РУСЕВСКИ (1925-1949).....240
АПОСТОЛ СИМОВСКИ (1922-1947) 242

ПЕТРЕ ТАНУРОВ-ДОНЕ (1915-1948) 247
ИЛИЈА ЦРНАКОВ (1910-1947).....255
НИКОЛА ЧЕТЕЛЕВСКИ (1913-1949).....260
ТРАГЕДИЈАТА НА ДЕВЕТТЕ АКТИВИСТИ НА НОФ НА ПАЈАК ПЛАНИНА.....264
КРАТЕНКИ.....271

ПРЕДГОВОР

Со поделбата на Македонија како резултат на Балканските војни /1912-1913/, помеѓу Грција, Србија и Бугарија се разби нејзиниот територијален и национален интегритет, а со тоа уште повеќе се комплицира положбата на македонскиот народ. Македонците веќе беа соочени со нови опасности и со нови искушенија, бидејќи директно беше загрозен нивниот национален опстанок.

За положбата на Македонците од егејскиот дел на Македонија, како и за другите делови на Македонија, карактеристично беше нивното национално угнетување и суровата економска експлоатација вршена од страна на грчките режими. Целта на грчките буржоаски влади беше тотално да го асимилираат или физички да го истребат македонскиот народ. За да го постигнат тоа, тие не бираа средства. Познато е дека диктаторскиот режим во Грција, на чело со злогласниот генерал Јоанис Метаксас /1936-1940/, им забрани на Македонците да зборуваат на својот мајчин јазик. Ги казнуваше сите, па дури и најстарите мајки кога тие плачејќи редеа на гробовите на своите најблиски.

Настојувајќи што побрзо да го прогони или да го истреби македонското население од егејскиот дел на Македонија, грчката влада врз основа на Нејскиот мировен договор од 1919 година, склучила договор со бугарската влада за "доброволна" размена на Македонците од овој дел на Македонија со грчкото население, кое одамна живееше во Бугарија. Сличен ваков договор беше потпишан и со турската влада во Лозана во 1923 година. Со овие договори, грчката влада настојуваше по секоја цена да го елинизира грчкиот дел на Македонија, а со тоа тотално да го измени националниот состав на населението во Егејска Македонија.

Малку подоцна, во 1926 година грчката влада со специјален закон ги промени македонските имиња на сите населени македонски села и градови. Со истиот закон, таа ги промени и личните имиња на Македонците. Сето тоа, грчката влада го направи со цел да идокаже на светската јавност дека

Македонија е грчка територија и дека во неа живее само грчко население.

Но, и покрај ригорозните мерки вршени спрема Македонците од страна на грчките влади, македонскиот народ остана верен на славните национални и револуционерни традиции и доследен на заветот на илинденските востаници да ја продолжи борбата за ослободување на својата татковина.

Борбата на македонскиот народ од овој дел на Македонија за извојување на своите национални и демократски права се развиваше под мошне тешки и сложени услови. Грчкиот реакционерен режим, македонскиот патриотизам го сметаше за потенцијален непријател на Грција. Ако Македонците јавно се деларираа дека се посебен, негрчки народ, тоа доволно беше да бидат обвинети како "автономисти" и "опасни" непријатели на Грција, потоа да бидат уапсени и малтретирани од полицијата, казнети и осудени на долги години затвор или на смрт.

Во новосоздадените услови на национално угнетување и сурова економска експлоатација, македонскиот народ својата борба цврсто ја поврза со борбата на грчката работничка класа. Заедно со работничката класа на Грција на чие чело стоеше Комунистичката партија, и другите прогресивни сили, Македонците решително и масовно учествуваа во сите антифашистички демонстрации, протести и ред други револуционерни акции, кои беа организирани по македонските села и градови.

Улогата и активноста на македонските комунисти и борци дојде до полн израз за времето на Втората светска војна и Граѓанската војна во Грција, односно во борбата против германско-италијанските и бугарските фашистички окупатори и грчките реакционерни режими. Тие беа први иницијатори, основачи и организатори на македонските антифашистички организации: СНОФ, НОФ, НОМС И АФЖ. Благодарејќи на овие организации, во Егејска Македонија се создаде силно општонародно македонско национално ослободително движење.

Треба да се подвлече фактот дека и покрај недоследноста на грчкото раководството на отпорот спрема македонското народноослободително движење /распуштање на СНОФ, вооружен напад на ЕЛАС против македонските единици итн./, Македонците длабоко левоориентирани, масовно учествуваа на страна на демократските сили на Грција и дадоа голем број жртви. Според некои грчки извори, во редовите на ЕЛАС доброволно служеле околу 5.000 македонски борци, а во резервниот ЕЛАС имало над 15.000 Македонци. За време на Граѓанската војна во Грција, во редовите на ДАГ и нивните помошни единици служеа над 20.000 македонски борци, од кои околу 4.000 девојки и жени.

Во својата долгогодишна борба што ја водеше македонскиот народ заедно со грчките прогресивни сили против домашната реакција и англоамериканската интервенција, даде над 20,000 жртви, како борци на ЕЛАС и ДАГ и активни членови на КПГ, СНОФ и НОФ, од кои неколку стотици беа истакнати првоборци, организатори и раководители на организациите СНОФ, НОФ, НОМС и АФЖ, команданти и политкомесари на партизански единици на ЕЛАС и ДАГ итн.

Но целта на овој труд не е да го прикаже масовното учество на македонскиот народ во антифашистичката борба што ја водеше за извојување на своите национални и социјални права. Тоа може да биде тема на посебна студија. Тука се залагаме да го прикажеме накратко животот и револуционерната дејност на некои поистакнати борци и раководители на македонското народноослободително движење, односно НОФ, кои загинаа во периодот 1945-1949 година како доследни наследници на своите предци – Илинденци. Изнесувајќи ги податоците за нивната активност, исто така, сакавме да дадеме и една општа слика, односно опис на борбата, што ја водеше нашиот народ во тој дел на Македонија.

Во овој труд се застапени само оние борци, за кои располагавме со повеќе податоци за нивната дејност.

Прибирајќи податоци за претставените борци, покрај постојната литература, ги користевме искажувањата и

сеќавањата на нивните соборци со што, на некој начин, успеавме за еден дел од нив да ги дополниме податоците со кои располагавме и да решиме некои контраверзни прашања во врска со нивната дејност. Од друга страна пак, откривме и низа други личности за кои никаде досега не е пишувано во нашата историографија, а кои заслужуваат да се одбележат за траен спомен.

И покрај тоа што обој труд од објективни причини не ги опфаќа сите борци кои загинаа во виорот на Граѓанската војна во Грција, сепак сметаме дека ќе пополни една празнина во нашата историографија.

Трудов го посветувам на сите борци од егејскиот дел на Македонија кои ги дадоа животите за слободата на македонскиот народ и за афирмацијата и заштитата на македонското национално достоинство.

На крајот, за укажаните корисни белешки и сугестии, ја користам можноста да им изразам благодарност на рецензентите д-р Стојан Киселиновски, Христо Андоновски и на д-р Глигор Тодоровски.

Исто така срдечно им се заблагодарувам на сите оние преживеани соборци и блиски роднини што ми доставија биографски податоци за претставените борци.

Авторот

ЃОРЃИ /ЏОЏО/ УРДОВ (1914-1947)

Ѓорѓи /Џоџо/ Урдов е еден од најистакнатите македонски борци и револуционери кој целиот свој живот го посвети во борбата за национално и социјално ослободување на македонскиот народ. Тој е роден во 1914 година во градот Воден, во сиромашно работничко семејство. Татко му, Лазо, немал можности да ги школува своите деца, но затоа тој ги воспита да бидат чесни и почитувани граѓани. Благодарејќи на татковите залагања, Џоџо, како што го викаа на галено, се разликуваше од своите врсници со чесноста, дургарството, доблест, трудољубивост, но и со строгост спрема оние кои покажуваа малодушност. Ваквите негови одлики подоцна, во разгорот на револуционерната дејност и борба, го истакнуваа и како смел борец, организатор и комунист.

Уште како дете Џоџо се занимавал со градинарство, но кога наполнил осумнаесет години, се вработил како текстилен работник во родниот град Воден. Тука, лично ја почувствувал експлоатацијата над работничката класа од страна на работодавците и поради тоа се вклучува во синдикалното движење на текстилните работници во градот. Заедно со нив тој се бореше за подобрувањето на животните услови. [1]

Метаксасовата диктатура во Грција /4.VIII.1936/, Ѓорѓи Урдов го затекнува како член на младинската организација ОКНЕ, а подоцна на КПГ. Под знамето на ОКНЕ и КПГ, во најстроги илегални услови, тој се бореше против тоталитарната власт во земјата. [2]

Кога Мусолиниева Италија ја нападна Грција /28.X.1940/, Џоџо, заедно со десетици други Македонци, беше мобилизиран во грчката армија и веднаш беше испратен на Албанскиот фронт за да се бори против фашистичкиот агресор. Тој учествува во

[1] Според сеќавањата на неговиот помлад брат Ламбро Урдов, еден од организаторите на младинското движење во Воденско, а од есента 1943 година, окружен секретар на ЕПОН за Серско.

[2] Вангел Ајановски-Оче, Сеќавања и критички осврт за развојот на работничкото, комунистичкото и националноослободителното движење во Воден и Воденско. Мемоари, се чуваат во ИНИ, с. 365-367.

сите борби на територијата на Албанија се до април 1941 година, кога фашистичка Германија ја нападна Грција. По окупацијата на земјата од германските војски, Џоџо се враќа во родниот град.

Летото 1941 година, Џоџо меѓу првите во градот Воден се вклучува во антифашистичкото движење и веќе во октомври истата година беше избран за секретар на Градскиот комитет на КПГ. [3]

Борбениот дух, преданоста и храброста уште од првите денови на окупацијата и отпорот го истакнаа пред неговите сограѓани комунисти и другите граѓани како еден од раководните фактори на движењето на отпорот.

Благодарејќи на неговата активност како и на другите воденски комунисти, во пролетта 1942 година, речиси сите жители од Воден биле вклучени во движењето на отпорот, но се чувствуваше потреба, а тоа се наметнуваше од самите воденчани, да се формира посебна македонска антифашистичка организација во која македонските жители од Воден сакале да се вклучат и работат повеќе од колку во редовите на ЕАМ /Национален ослободителен фронт/, која беше чисто грчка национална организација. Притисокот врз партијата во тој поглед стануваше се поголем.

Така, кон крајот на март 1942 година – според тврдењето на Ангел Гацев – бил одржан состанок на македонските комунисти и други македонски активисти од Градот Воден. [4]На овој состанок со кој раководеше Ѓорѓи /Џоџо/ Урдов, се дискутирало за состојбата, местото и улогата на македонските комунисти во антифашистичките активности со кои раководеше КПГ. Учесниците на состанокот ја нагласија потребата од формирањето на посебна македонска антифашистичка организација, во која македонските жители би се вклучиле и би работеле со далеку поголем елан отколку да

[3] Истото.
[4] Според сеќавањата на Ангел Гацев, од градот Воден; активист и член на ОК на МАО во Воденско и на Градскиот комитет на ЕАМ. Подоцна член на Политичката комисија на Македонците под Грција.

членуваат во ЕАМ во која од повеќе причини немале толку поверение, а било нагласено исто така дека на тој начин на бугарската фашистичка пропаганда и на ванчомихајловистичкото движење би им го одзеле најважниот "аргумент", дека наводно Македонците работат исклучиво за грчката национална кауза. [5]

Учесниците на овој состанок, меѓу кои Вангел Ајановски, Ангел Гацев, Ване Акочков, Ристо Кордалов и други, вклучувајќи го и секретарот на Градскиот комитет на КПГ Џоџо Урдов, едногласно го прифатија заклучокот дека под итно прашањето требало да го постават пред Окружниот комитет на КПГ за Воденско, пред кој требало да се нагласи сериозноста на проблемот и целисходноста од формирањето на посебна македонска антифашистичка организација, која најлесно ќе биде во состојба да изврши општонародна мобилизација на македонските маси не само од градот Воден, туку и од целиот округ. Тоа би било и најдоброто оружје за целосното елиминирање на бугарската фашистичка пропаганда која вешто го користеше случајот на немање македонска организација која требало да се бори за свои национални и народни права.

Така и стана. Со сета сериозност Џоџо Урдов кој и самиот беше во исто време и организационен секретар на Окружниот комитет на КПГ за Воденскиот округ, на состанокот на ОК на КПГ кој се одржа на 6 април – според тврдењето на Вангел Ајановски, во куќата на учителот Ване Акочков, [6]откако ја анализира положбата и организационата состојба во градот и округот, и подвлече дека секојдневно КПГ и другите масовни антифашистички организации растат со незапирлив процес, се задржа на македонскиот проблем. Укажа на фактот дека Македонците имаат неограничена доверба во комунистичката партија, но не можат поради нивните посебни национални чувства да го прифатат ЕАМ како нивна организација, бидејќи има нагласен грчки национален карактер, и дека повеќе би биле расположени да се вклучат во нивна македонска национална антифашистичка организација со исти права и обврски како и

[5] Истото.
[6] Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури. Револуционерното движење во Воденско и НОФ во Егејска Македонија. ИНИ, Скопје, 1975, стр. 91.

ЕАМ, а немаат ништо против таа да се раководи од КПГ. [7] Џоџо на состанокот ја истакна штетната дејност на разновидните грчки националистички и квислиншки организации и нивната пропаганда, како и обидот на бугарската фашистичка пропаганда вешто да го користи отсуството на постоењето на македонска антифашистичка организација, за заведувањето на Македонците, обидувајќи се на тој начин да му нанесе удар на братството и единството кој се ковеше меѓу македонското население и бегалските маси населени во Воденско по Лозанската конвенција, во времето на антифашистичката војна против окупаторот и домашните разновидни предавници.

Пред таквите аргументи поткрепени од сите други присутни македонски кадри на Окружниот комитет на КПГ, немајќи друг избор, ОК на КПГ даде согласност да се формира таква македонска организација, но таа да се ограничи само во градот Воден и непосредната околина. Подобро нешто од колку ништо, помислија Македонците, и оваа одлука побрзаа да ја реализираат што поскоро.

По овој состанок, од 6 април 1942 година, наскоро бил одржан нов состанок од македонски активисти. Овој пат тој бил поопширен. На состанокот Џоџо на присутните македонски активисти им ја соопштил радосната вест. Имено, дека Окружниот комитет на КПГ го прифатил предлогот на македонските комунистички активисти за формирањето на посебна македонска организација, со право таа да издава и свој весник. Организацијата ќе се формира врз принципите на ЕАМ со исти права и обврски и дека таа ќе биде раководена од КПГ.

Била постигната согласност организацијата да биде именувана: Македонска ослободителна организација, позната со скратеницата МАО. /Така стои во скратеницата, бидејќи повеќе од недоразбирање и неискуство иницијалите на оваа македонска организација се грчки, а не македонски. Имено, таа на грчки гласаше: Македоники Апелефтеротики Органосис/. Органот на организацијата за разлика од насловот на МАО, носеше чисто македонски белег, се викаше: Црвена Ѕвезда.

[7] Според сеќавањата на Ангел Гацев и Вангел Ајановски-Оче...

Било решено исто така да се издава и информативен билтен на весникот, познат со насловот: Новини Ут Црвената Ѕвезда. Весникот требало да се занимава и со историското минато на македонскиот народ, покрај другите актуелни проблеми, додека билтенот на Црвена Ѕвезда, ќе објавува информации за најновите настани од фронтовите и борбите на партизаните од Европа, Балканот, со посебен акцент за политичките активности и другите дејности во Грција. [8]

На споменатиот состанок според, исто така, тврдењето на Вангел Ајановски бил избран и Окуржен комитет на МАО во состав: Вангел Ајановски, политички секретар, Ангел Гацев, Ване Акочков, Дине Папајанков и Ристо Кордалов како членови. Малку подоцна составот на ОК на МАО се проширил на 11 членови. [9]

Раководството на МАО почна да го издава весникот Црвена Ѕвезда и информативниот билтен и, наскоро прерасна во сериозна масовна антифашистичка македонска организација. Раководството на МАО и другите Македонци имале причини да му се радуваат на својата организација. Џоџо Урдов како организационен секретар на ОК на КПГ за Воденско често присуствуваше на состаноците и ја нагласуваше потребата од се поголема активност на Македонците во борбата против странскиот окупатор и домашните слуги.

Во редовите на МАО, како што и се очекуваше се вклучија масовно бројни Македонци, убедени дека на тој начин најдобро ги исполнуваа своите национални и интернационални обврски.

Брзото зголемување на бројот на членовите во МАО, а со тоа и масовното вклучување на Македонците од Воденско во антифашистичката борба, сериозно го вознемири раководството на ОК на КПГ за Воденско, а по се изгледа и на повисокото раководство на КПГ, поради што во есента 1943 година донесе одлука да се расформира МАО. Се даде образложение дека

[8] Истото.
[9] Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури... с. 92.

наводно штетно делува врз омасовувањето на бегалските грчки маси во организациите на ЕАМ. [10]

Раководството на ОК на МАО и другите нејзини членови, вклучувајќи го и Џоџо Урдов, со огорченост ја примија оваа со ништо неоправдана одлука на ОК на КПГ за Воденско. Му обрнаа внимание дека ваквата одлука ќе има лоши последици во заедничката борба на македонскиот и грчкиот народ, бидејќи врз Македонците ќе предизвика сомневање за искрените намери на КПГ по македонското национално прашање. Огорченоста на Македонците се зголеми како и нивните сомневања за вистинската политика на КПГ спрема Македонците, кога дознаа дека точно во ова време биле ликвидирани неколку македонски комунисти на чело со Пандо Џиката од селото Чеган, Воденско, без никакво сериозно образложение. При тоа Македонците од Воденско дознале дека овие ликвидирани македонски комунисти одржувале тесни врски со македонските партизани од Вардарска Македонија, односно од баталјонот "Страшо Пинџур", кои во тоа време престојувале на планината Кајмакчалан. [11]

Но и покрај овие предупредувања, раководството на КПГ си остана категоричен на својата одлука. Македонските комунисти, немајќи друг избор се повинија на одлуката на КПГ, свесни дека спротивставувањето ќе доведе до расцеп на заедничката борба на Македонците и грчкото бегалско население во Воденскиот округ. [12]

Раководството на КПГ за Воденско извршувајќи ги директивите на Македонското биро на КПГ и на ЦК на КПГ и во текот на зимата 1943-1944 година, по формирањето на СНОФ /Словеномакедонски народноослободителен фронт/ во

[10] Истото: стр. 99.
[11] За подлото убиство на Пандо Џиката и неговите шест другари, поопширно види: Тодор Симовски, Некои моменти од Националноослободителната борба на Македонците од Егејска Македонија. Објавено во: "Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија". Издание на МАНУ и ИНИ, Скопје, 1973, с. 224-225.
[12] Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури..., стр.98.

Леринско и Костурско не го дозволи обновувањето на македонската организација во Воденско, иако таквата потреба се чувствуваше многу, а притисокот од страна на македонските комунисти за нејзиното обновување никогаш не престана. За да ги залаже Македонците од Воденско, Џоџо Урдов го избраа за член на Пленумот на Покраинскиот комитет на КПГ за Егејска Македонија, но всушност, остана организационен секретар на ОК на КПГ за Воденско. Од друга страна, КПГ познавајќи ги вистинските желби на Македонците и нивниот копнеж, будно ги следеше македонските активисти од Воденско кои одржуваа контакти со македонските партизани и активисти кои во тоа време на чело со ЦК на КПМ и Главниот штаб на НОВ и ПОМ престојуваа во Мегленско и Воденско. Некои од нив, како на пример Димитар Леската, од с. Чеган, Геле Попов, од с. Владово, Воденско и други, тоа во летото 1944 година ќе го платат со глава. [13]

Во текот на мај 1944 година, по иницијатива на Вермахтот, бугарската фашистичка пропаганда, во која сега директно се вклучи и Ванчо Михајлов, ја засили својата пропагандна активност и со помошта на Германците успеала во Воден и во некои околни села да формира вооружени македонски квислиншки контрачети засновани врз автономистичка македонска платформа. Најлошото беше што оваа пропаганда најде на следбеници од редовите на разни заведени авантуристи од Воденско, но имало случаи да се вклучуваат и чесни македонски селани, заведени од пропагандата. За зајакнувањето на овие контрачети, биле донесени во Воден и други авантуристички елементи од Бугарија и други краеви. За водач на овие групи бил назначен Македонецот автономист Ѓорѓи Димчев, донесен специјално за таа цел од Бугарија.

Окружното раководство на КПГ за Воденско се најде во небрано лозје. Неговата лоша политика беше добро искористена од противникот. За целосното елиминирање на овие контрачети, се покажа потреба од формирање на македонската антифашистичка војска, која единствено беше во состојба да ги разбие овие единици и да изврши општонародна

[13] Тодор Симовски, Некои моменти од Националноослободителната борба на Македонците од Егејска Македонија... стр. 235-235.

мобилизација. Но од друга страна, се плашеше дека по тој начин ја доведува во прашање својата тесна националистичка политика. Сепак немајќи друго решение се реши, но само привремено да формира македонска војска, која по извршувањето на задачата, поново ќе биде расформирана.

Така во согласност со Македонското биро на КПГ, на 27 мај 1944 година, Окружниот комитет на КПГ за Воденско, свикал проширен состанок од македонските кадри од Воденско, кој се одржал во зградата на манастирот "Света Тројца", под Воден, на месноста Л'гот, каде што требало да се анализира новонастанатата ситуација и да се бара излез. На состанокот со кој раководеше политичкиот секретар на ОК на КПГ, Такис Пападопулос /Барба Никос/, по анализата на општата ситуација и дискусијата која се разви, соопшти дека го прифаќа барањето на македонските комунисти за формирањето на македонска војска [14], [15]со првенствена задача да ги ликвидира и елиминира во целост македонските контрачети.

Интересно е дека овој состанок и донесената одлука се совпаѓа во времето кога во Кострушко и Леринско се забранети организациите на СНОФ, поради што настана конфликтна ситуација. Во знак на протест една поголема група македонски активисти и борци од Костурско и Леринско, ги напушти редовите на КПГ и ЕЛАС и премина на страната на македонските партизани во Вардарска Македонија. [16] Барба Никос, но и Џоџо кој доста зборуваше за оваа актуелна потреба,

[14] Поопширно за тоа види: Писмо од Еврепидис Капетањос, инструктор на МБ на КПГ за Македонија, до Алекос Стрингос, секретар на истото Биро, во кое го запознава со формирањето на Комунистичката воена организација на Македонците од Воденско. КПГ и македонското национално прашање 1918-1974. Документи за односот на Комунистичката партија на Грција кон македонското национално прашање 1918-1974. Избор, редакција, коментар и превод д-р Ристо Кирјазовски. Архив на Македонија, Скопје, 1982, док. 71, стр. 195-197.

[15] Истото: док. 88, стр. 223-224.

[16] Види: "Егејска Македонија во НОБ 1944-1945", Т. I. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во антифашистичката војна 1941-1945 година. Под редакција на: Ристо Кирјазовски, Васил Пејов и Тодор Симовски. Архив на Македонија, Скопје 1971, док. 105, стр. 118-119, док. 106, стр. 119-121, док. 107, стр. 121-122, док. 112, стр. 126-128 и док. 116, стр. 130-133.

не кажаа ништо за она што се случувало во Костурско и Леринско. Секако, првиот намерно, а Џоџо Урдов едноставно поради тоа што нему ништо не му било кажано.

Присутните македонски комунисти на овој состанок ја прифатија одлуката како правилна иако со големо задоцнување и, покажаа готовност да дадат се од себе си за елиминирањето на контрачетите кои можеа само да претставуваат црно петно на македонската борба. Од друга страна, почнаа се повеќе да сфаќаат дека во редовите на раководсвто на КПГ нешто не е во ред и дека прави отстапки во прилог на македонското движење само тогаш кога ќе се најде во тесно и кога нема друго алтернативно решение.

Всушност се работеше само за изнуден маневар на КПГ за да се залажат Македонците и да се смират нивните духови, а од друга страна, основната стратешка цел на КПГ и натаму остануваше иста.

Покрај актуелноста на прашањето и по доста колебање на повисокото раководство на КПГ, најпосле било решено да се формира посебна македонска единица, која требаше да влезе во составот на XXX полк на ЕЛАС. [17]

Според тврдењето на Павле Раковски, член на штабот на формираниот македонски баталјон во Воденско, тоа се случило во средината на јуни /16/ 1944 година и оваа одлука најде на масовен одзив кај сите Македонци, но бројот на македонските борци во баталјонот почна да се ограничува. Со формирањето на баталјонот на кој како политички комесар бил назначен Џоџо Урдов, македонските квислиншки контрачети почнаа да се распаѓаат. [18]

---

[17] За формирањето на Воденскиот македонски баталјон на ЕЛАС, поопширно види: Ташко Мамуровски, Воденскиот македонски баталјон на ЕЛАС /Триесет и осум години од неговото формирање/. Гласник на ИНИ, Скопје, 1981, XXV, Бр. 2-3, стр. 185-197.

[18] Види: Павле Раковски, Кон согледувањето на историската вистина. Погледи /списание за општествени прашања/. Скопје, 1980, XVII, Бр. 8, стр. 171-172. Од истиот автор: КПГ, ЕАМ, ЕЛАС и македонското народноослободително движење. /Прилог кон согледувањето на историската вистина/. Гласник на ИНИ, Скопје, 1982, XXVI, Бр. 2-3, стр. 243-267.

Најширок одглас меѓу македонското население најде и прогласот од Штабот на македонскиот баталјон, напишан на македонски јазик од членот на Штабот на баталјонот Павле Раковски-Гоце. Во него покрај другото се велеше:

“Братја!

Свестете се и разберете: оваа борба не е борба на Грците против Бугарите, не е борба на Бугарите против Србите тука на Балканот, туку е борба општа на народите против проклетите фашисти. Иста работа се прави по целиот свет. Здружени со Црвената армија сите народи водат борба на живот и смрт против тираните фашисти. Додека беше силен германскиот фашизам и беше жив италијанскиот фашизам, народните сили тука на Балканот само против нив се бореа. А откако фашиските орди се строшија по фронтовите и италијанскиот фашизам псојса, германскиот фашизам ги наоружи Грците фашисти и за да тргне наши деца Македончиња испушти едни фашисти кучишта измеќари на фашизмот Калчев, Димчев и други како нив. Они излажаа и собраа неколку деца, му дадоа оружје, ги направија измеќари на германските фашисти...

... Грците фашисти и нашите излажани деца од сштиот магазин зеја оружје. Грците фашисти, Грцијте џандари знајме зашто се борат... А и нашите излажани од Калчев, Димчев и други, здружени со Грците џандари под германскиот фашизам се борат не за Македонија, а за фашизмот против македонската народна војска, против македонскиот народ!

... Деца на Македонија!

Напред во редовите на народната македонска војска против проклетите тирани, против Грците фашисти, против сите фашисти!... Дигните ги пушките на старите татковци и станете војници на македонскиот народ. Како посебен народ, треба да имаме и своја народна војска.

Напред!... Пушката со рака и напред!...
... Смрт на фашистите – слобода на народите!
Да живее македонското име!...
Главниот штаб на македонската војска:

Џоџо, Блаже, Гоце, Гуши, Сотир... [19]

Широк беше одзивот на овој проглас во Мегленско и Воденско. Христо Андоновски, тогашен активист на тој терен пишува:

"... На голем одзив кај населението во Мегленско и Воденско наиде првиот повик на македонскиот баталјон, напишан на македонски јазик и во кој се изнесуваа целите на антифашистичката борба... Историјата не памети таква масовност како што беше случај со селата во Мегленско, посебно Баово и Пожарско, од кои излегоа веднаш над стотина борци, а многу од нив и со свое оружје што нивните дедовци го криеле како реликвија по куќните скривалишта. [20]

Длабок беше одзивот од формирањето на македонскиот баталјон и во редовите на таканаречената "Охрана". [21]Нејзиниот командант во Воден, Ѓорѓи Димчев, загрижен за својата судбина, побара да дојде во контакт со штабот на Воденскиот македонски баталјон на ЕЛАС. [22]

Некаде во првата половина на септември 1944 година беше одржан состанок во с. Теово, Воденско, каде се сретнаа Ѓорѓи

[19] Види: Христо Андоновски, Македонците под Грција во борбата против фашизмот /1940-1944/. ИНИ, Скопје, 1968, стр. 179. Истото: Павле Раковски, Во длабоката ноќ зората се раѓа /сеќавања , размислувања, сознанија/. Скопје, 1976, стр. 29-30. Мемоари, се чуваат во ИНИ.
[20] Христо Андоновски, Македонците под Грција во борбата против фашизмот /1940-1944/..., с. 178.
[21] "Охрана" – бугарска воена формација создадена во Воден во мај – јуни 1944 година од бугарски агенти и емисари со цел да ги привлечат заведените Македонци во Воденско во служба на окупаторите.
[22] Христо Андоновски, Македонците под Грција во борбата против фашизмот /1940-1944/..., стр. 180.

Димчев и Џоџо Урдов, за преговарање. [23] [24] Својот став Џоџо го формулира вака:

1. Воената формација "Охрана" на Димчев да се распушти;
2. Оружјето на"Охраната" да биде предадено на македонскиот баталјон;
3. Заведените луѓе да се вратат дома или да стапат во редовите на македонскиот баталјон;
4. Виновниците за извршени масовни убиства да се предадат на народниот суд и да се казнат. [25]

Димчев во тоа не виде никаква гаранција за својата безбедност. Тој предложи да не се распушти неговата единица "Охрана", туку со неа и со се оружје да му се придружи на македонскиот баталјон и заеднички да ја води борбата против окупаторот. Овој предлог не беше прифатен од страна на комесарот на македонскиот баталјон Џоџо Урдов.

Командата на Воденскиот македонски баталјон не можеше да дозволи заведените македонски момчиња да фигурираат како автономистичка единица "Охрана" во Воденско. Токму затоа не дојде до никаква спогодба. Малку подоцна, кога во редовите на "Охрана" се дозна зошто не дојде до спојување на двете единици, борците го оставија Димчев на "цедило". [26]и во групи преминуваа во редовите на македонскиот баталјон. "Охраната" беше ликвидирана без да пукне пушка.

Како што нагласивме и погоре, масовното пристапување на македонската младина во редовите на Воденскиот македонски баталјон, длабоко го вознемири раководството на КПГ и ЕЛАС. Грчките раководители на движењето, соочени со се поголемата популарност и масовност на Баталјонот, кој прерасна во вистинска вооружена сила на македонскиот народ од

[23] Види: Драган Клјакиќ, Генерал Маркос. Издание Глобус, Загреб, 1979, с. 74.
[24] Истото: Павле Раковски, Во длабоката ноќ зората се раѓа..., стр. 33-34.
[25] Ѓорѓи Димчев, Доклад, 10.IX.1944 год. Збирка: "Егејска Македонија во НОБ", К. 1944, АЕ: 241/1. Истото: Христо Андоновски, Вистината за Егејска Македонија. Мисла, Скопје, 1971, с. 13.
[26] Драган Клјакиќ, Генерал Маркос..., с. 75.

воденскиот крај, беа принудени да го спречат натамошното мобилизирање на Македонците во редовите на македонската војска.

Истото се случуваше и во Костурско и Леринско, каде поради истите причини и решеноста на раководството на КПГ и ЕАМ да влезе во коалиционата влада на Георгиос Папандреу, ЦК на КПГ кон крајот на септември 1944 година донесе одлука да се расформираат баталјоните – Воденскиот и Костурско-Леринскиот, наречен "Гоце". Оваа одлука била објаснета со образложение дека посебните македонски единици создаваат недоверба кај грчките маси, а во редовите на Македонците наводно будат "национализам" и "сепаратизам", а тоа било штетно за заедничката борба. [27]

Образложението за македонските борци беше сосема провидно. Пред ваквата контрареволуционерна намера на раководството на КПГ и ЕЛАС, македонските борци од двата баталјона се побунија и за да го избегнат судирот со ЕЛАС, во првите денови на втората декада на октомври 1944 година организирано преминаа во територијата на Вардарска Македонија. [28] Воденскиот баталјон го предводеше штабот на Баталјонот на чело со неговиот политички комесар Џоџо Урдов.

На 14 октомври, попладне, во с. Ваташа, Кавадарско, каде што привремено бил стациониран Воденскиот македонски баталјон, пристигнаа секретарот на ОК на КПГ за Воденско, Такис Пападопулос и секретарот на Околискиот комитет на КПГ за Мегленско Ираклис Мелетијадис /Кирјакос/. Тие побараа да разговараат со Џоџо Урдов и почнаа да го убедуваат за целисходноста Баталјонот да се врати назад. Џоџо Урдов им даде достоен одговор и откажа да ги послуша нивните совети. Напротив, тој ги обвини за тесна националистичка и контрареволуционерна политика на КПГ, посебно по македонското национално прашање.

Грчките раководители на КПГ од Воденско, како и тие кои пристигнаа од Кострушко, во разговорите со ЦК на КПМ и

[27] Павле Раковски, Кон согледувањето на историската вистина..., с. 172.
[28] Истото.

Главниот штаб на НОВ и ПОМ што ги водеа во Горно Врановци, за потребата од враќањето на македонските баталјони и по други проблеми по македонското национално прашање, но го прифатија мислењето и ставот на КПМ по македонското национално прашање, и морале да се вратат со празни раце. [29]

На 18 ноември 1944 година, во слободна Битола, од борците на овие македонски баталјони и од новопристигнатите борци од егејскиот дел на Македонија, беше формирана Првата ударна егејска бригада, која ги продолжи борбите против окупаторот и домашните предавници д конечното ослободување на Македонија.

Исто така по преминувањето на македонските партизански баталјони во вардарскиот дел на Македонија, се покажа потреба, од формирање на едно политичко тело, кое врз себе би ја презело обврската, да изработи програма и платформа, за форми на продолжување на борбата на македонскиот народ во новонастанатите околности во родниот крај кој се најде по интервенцијата на Англија и договорот на Варкиза [30] под англиска окупација и превласт на разбеснетата десница, која организирано и плански се нафрли врз целокупното македонско население со намера по пат на терор и физичка ликвидација да го истера надвор од границите на Грција.

[29] Архив на ЦК на КПМ, кутија 232, пер. бр. 2/7-3 до 11-3. Фотокопија од документот се наоѓа кај Тодор Симовски, стручен советник при Институтот за национална историја – Скопје. Дел од овој документ е објавен и во Гласникот на ИНИ во статијата на Павле Раковски под наслов: КПГ, ЕАМ, ELAC и македонското народноослободително движење /Прилог кон согледувањето на историската вистина/. Гласник на ИНИ, Скопје, 1982, XXVI, 2-3 стр. 265-266.

[30] На 12 февруари 1945 година, во Варкиза, близу Атина, беше потпишан договор помеѓу претставниците на грчката влада и претставниците на КПГ и ЕАМ за прекинување на граѓанската војна, која започна на 4 декември 1944 година во Атина. Со овој договор ЕЛАС се обврза да ги демобилизира своите борци и да го предаде оружјето. Но веднаш по таа спогодба, грчката влада ја мобилизира својата полиција и жандармерија за дефинитивна пресметка со демократското движење во Грција. Види: "Егејска Македонија во НОВ 1944-1945", Т.I. док. 200, стр. 298-301.

Во формираната Политичка комисија на Македонците под Грција, која требаше да ја раководи оваа борба, влезе и Џоџо Урдов, како заменик секретар на ова политичко тело. [31]

Како што е нагласено, по вооруженият судир во Атина и договорот во Варкиза дојде и до дефинитивна ликвидација на ЕЛАС. Грчката реакција, која стана господар во земјата со помошта на Англичаните, ја узурпира државната власт и на народот му наметна терористички режим. Таа со сите сили се нафрли против демократското движење, а пред се против Македонците за нивно физичко истребување, не само поради нивната национална посебност, туку и затоа што тие за време на Народноослободителната борба застанаа на страната на антифашисичките сили во Грција и решително се бореа за извојување на своите национални и социјални права. Теророт над Македонците од ден на ден се повеќе се засилуваше. Малтретирањата, апсењата, прогонувањата, силувањата, пљачкањата, убисвата итн., ја достигнаа кулминационата точка. Под вакви тешки услови, се појави потребата од формирање на организација која ќе застане на чело на борбата на македонскиот народ. За таа цел, на 23 април 1945 година, односно пред капитулацијата на Хитлерова Германија беше формирана народно-ослободителната организација НОФ на Македонците под Грција во чие потесно раководство беше и Џоџо Урдов. Така, Македонците за прв пат во својата историја се здобија со своја национална организација.

Од овој момент, Џоџо Урдов со уште поголем жар и преданост ја продолжува својата патриотска и револуционерна дејност. Под најтешки илегални услови, тој ја организира и координира борбата на македонскиот народ против грчкиот монархофашизам и англо-американските империјалисти. За ова сведочат неговите многубројни извештаи испратени во тоа време до раководството на Главниот одбор на НОФ. [32] [33]

---

[31] Христо Андоновски, Македонците под Грција во борбата против фашизмот /1940-1944/..., с. 203.

[32] Види: "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1945 година. Превод и редакција: Ристо Кирјазовски и Тодор Симовски. Архив на Македонија, Скопје, 1973, док. 103, стр. 193-194, док.

Во ноември 1946 година, со обединувањето на македонските партизански единици на НОФ со грчките партизански единици на ЕЛАС На 21 ноември 1946 година, во с. Бапчор, Костурско, односно на планината Вичо беше одржан состанок помеѓу претставниците на НОФ и претставниците на КПГ со цел да ја спроведат постигната порано спогодба за обединување на македонските и грчките партизански групи, односно ставање на македонските партизани под команда на ДАГ, со цел заеднички да се борат против грчкиот монархофашизам, [34]за спроведување на заеднички акции против заедничкиот непријател, Џоџо беше избран за член на Штабот на ДАГ за Југозападна и Централна Македонија Според постигнатата спогодба, секретарот на НОФ за Егејска Македонија Паскал Митровски беше кооптиран во Секретаријатот на бирото на КПГ за Македонија и Тракија, Ѓорѓи /Џоџо/ Урдов требаше да биде избран за член на Пленумот на Покраинскиот комитет на КПГ. [35] Но тоа не беше спроведено во пракса. Тој стана претставник на НОФ во Штабот на ДАГ за Југозападна и Централна Егејска Македонија/, а Минчо Фотев, поранешен секретар на НОМС за Егејска Македонија – стана член на Секретаријатот на младинската организација ЕПОН /Национална сегрчка организација на младите/ за Егејска Македонија и Тракија, [36]каде што остана да раководи со операциите и растењето на единиците на ДАГ се до 21 јуни 1947 година, кога во една

113, стр. 207-208, док. 114, стр. 209-210, док. 130, стр. 245-246, док. 131, стр. 247, док. 135, стр. 258, док. 201, стр. 378. док. 203, стр. 383-384, док. 215, стр. 406-407 и док. 241. стр. 462-464.

[33] Истото: "Егејска Македонија во НОБ, 1946", Т. III. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1946 година. Превод и редакција: Ристо Кирјазовски и Тодор Симовски. Архив на Македонија, Скопје, 1976, док. 91, стр. 216-217, док. 155, стр. 353-354, док. 164, стр. 366 и док. 179, стр. 395-396.

[34] Види: Проглас од Штабот на ДАГ "Вичо", од 21 ноември 1946 година до народот и вооружените сили на грчката држава во Леринскиот округ. "Егејска Македонија во НОБ, 1946", Т.III..., док. 189, стр. 418-419.

[35] Види: АМ, "Збирка Егејска Македонија во НОБ 1945-1949", АЕ: 445/1/46/ и за претставник на НОФ во Главниот штаб на ДАГ.

[36] Според необјавениот труд на Минчо Фотев под наслов: Развојниот пат на Народноослободителниот фронт /НОФ/ од егејскиот дел на Македонија, стр. 40-42.

тешка борба со непријателот во Пиерија – Олимп, беше опколен и, за да не падне жив во неговите раце се самоубива. [37]

Така заврши животот на Ѓорѓи /Џоџо/ Урдов, предан македонски револуционер и комунист.Неговите заслуги за македонското народноослободително движење несомнено се забележителни.

Главниот штаб на ДАГ посмртно го именува потполковник.

[37] Види: Изјава од Ѓорѓи Петричевски /Гого/ до политичкиот комесар на Главниот штаб на ДАГ, за неправилниот однос на КПГ и ДАГ спрема организацијата НОФ и Македонците во Воденско. "Егејска Македонија во НОБ, 1948", Т.V.Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1948 година. Превод и редакција: Д-р Ристо Кирјазовски и Фани Буцкова – Мартинова. Архив на Македонија, Скопје, 1981, док. 201, стр. 385.

МИРКА ГИНОВА (1916-1946)

Жените на Македонија заземаат видно место во долгогодишните борби на македонскиот народ за своето национално и социјално ослободување.Тие рамо до рамо со мажите херојски се бореа и дадоа голем број жртви за слободата на својата татковина.

Во плејадата на најистакнатите македонски жени-борци, организатори и раководители на македонската ослободителна организација НОФ за Егејска Македонија, кои го положија својот живот во борбата за национално и социјално ослободување на македонскиот народ, беше и Мирка Гинова. [38] Таа е родена во 1916 година, во селото Русилово, Воденско, во македонско револуционерно семејство. [39] Пред да наполни две години, Мирка остана сираче од мајка, која ја изгуби во големата епидемија на грип. [40]Откако го заврши основното училиште во селото Катраница и Воден, [41] таа жедна за учење, се запиша во практичната школа за напредни домаќинки во градот Воден, [42] а по нејзиното завршување замина за Лерин и

[38] За револуционерната дејност на Мирка Гинова во нашиот печат доста е пишувано. Но од најзначајните досега објавени прилози се: Христо Андоновски, "Ирина Гинова - Мирка". Глас на Егејците, Скопје, 1952, јули 2, III, 24. Од истиот автор: "Мирка Гинова". Нова Македонија, Скопје, 1971, јули 26-30, XXVII, 8804-8808; "Ружата што не расцути". "Македонија", Спис. на иселениците од Македонија, Скопје, 1959 VII, 69, стр. 16; "Учителката од Русилово". По повод Меѓународниот ден на жената. "Нова Македонија", Скопје, 1967, март 7, XXIII, 7323. Вангел Ајановски-Оче, "Егејската Јованка Орлеанка". Сеќавања. Нова Македонија, Скопје, 1970, август 5-9, XXVI, 8455-8459. "Јуначката ќерка на Егејска Македонија" – Ирина Гинова Мирка. Нова Македонија, Скопје, 1951, октомври 11, VIII, 2124. "Нашата незаборавена Мирка". 27 години од стрелањето на Мирка Гинова. Сеќавања на Софија Поптрајанова-Калпака. Спис. "Македонија", Скопје, 1973, јули, XX, 243.

[39] Татко и на Мирка Гинова, Коста Гинов, беше учесник во Илинденското востание. Види: Христо Андоновски, "Мирка Гинова". 25 години од нејзината смрт. "Нова Македонија", Скопје, 1971, јули 26, стр. 2.

[40] Вангел Ајановски-Оче, "Егејската Јованка Орлеанка". "Нова Македонија", Скопје, 1970, август 5, стр. 8. Вангел Ајановски-Оче, еден од раководителите на НОФ во Егејска Македонија за Воденско, изнесува сеќавање за животот и борбата на Мирка Гинова.

[41] Истото.

[42] Истото.

таму продолжи да се школува во тамошната домаќинска школа. Подоцна оди во Костур и таму ја завршува учителската школа. [43] Периодот на своето школување таа го помина под мошне тешки услови.

Според некои податоци [44] и искажувањата на нејзините соселани, Мирка шест години по ред чекала да добие работа. Причината била што таа по народност е Македонка. Па се знае, за грчките власти беше мошне "опасно", таа да биде назначена за учителка во некое од македонските села во Воденско каде населението зборувало на "бугарски јазик".

Пред избувнувањето на Втората светска војна, Мирка Гинова, одвај успеала да се вработи како учителка во селото Кутугери, Воденско. [45]

Нападот на фашистичка Италија на Грција, а подоцна на Хитлерова Германија /6.IV.1941/, Мирка Гинова ја затекна како учителка во македонското село Влкојанево, Воденско. [46] Во ваквата напната воена ситуација, таа беше принудена да се врати во родното село и заедно со своите напредни соселани веднаш се вклучува во Народноослободителното движење на македонскиот и грчкиот народ против окупаторот.

Пролетта 1943 година, односно со формирањето на младинската организација ЕПОН, Мирка како член на

[43] Христо Андоновски, "Мирка Гинова". 25 години од нејзината смрт. "Нова Македонија", Скопје, 1971, јули 26, стр. 2.
[44] Христо Андоновски, "Учителката од Русилово". По повод Меѓународниот ден на жената. "Нова Македонија", Скопје, 1967, март 7.
[45] Вангел Ајановски-Оче, Егејската Јованка Орлеанка. Сеќавања... Август 6, стр. 8. Селото Кутугери, Воденско беше населено со колонизирано грчко население. Според Христо Андоновски, Мирка Гинова за прв пат била назначена за учителка во селото Внгени, Воденско. /Христо Андоновски, Мирка Гинова. 25 години од нејзината смрт. Нова Македонија, Скопје, 1971, јули 26, стр. 2/. Но најверојатно, Мирка работела истовремено и во Кутугери и во Внгени, бидејќи тие села се во блиско растојание.
[46] Вангел Ајановски-Оче, Егејската Јованка Орлеанка. Сеќавања... Август 6, стр. 8.

Реонскиот комитет на ЕПОН, стана омилена сред населението во Островската околија, а пред се кај македонската младина. [47]

Од летото истата година во својство на активен член на Партијата, се појавува веќе како истакнат агитатор и организатор на КПГ и ЕАМ по македонските села во Островска околија. Во борбата што ја водеше против германско-бугарскиот окупатор и домашните предавници, од ден на ден се челичеше нејзиниот револуционерен карактер. [48]

Но нејзините национални чувства и решителноста до крај да се бори против окупаторот дојдоа до полн израз кон крајот на 1943 година, кога таа дојде во допир со македонските партизански единици од вардарскиот дел на Македонија кои што во тоа време престојуваа на подрачјето на планините Кожув и Кајмакчалан. [49] [50]

Во летото 1944 година, односно со формирањето на Воденскиот македонски баталјон во рамките на ЕЛАС, Мирка Гинова неуморно им агитира на македонските младинци и младинки тие што помасовно да стапуваат во Македонскиот баталјон и со пушка в раце да се борат против окупаторот и домашните предавници. Благодарејќи на нејзината неуморна агитација, голем број младинци и младинки од Островска околија стапија во редовите на Воденскиот македонски баталјон на Кајмакчалан. [51]

Посебна храброст и херојство Мирка Гинова покажа во битката кај месноста Муарен-Ан, меѓу селото Острово и Воден, кога партизанските единици на ЕЛАС, на 2 август 1944 година нападнаа една германска композиција натоварена со војска и

[47] За револуционерната дејност на Мирка Гинова за овој период види и: Тодор Симовски, Сеќавања за Мирка Гинова. Мемоари, се чуваат во ИНИ.
[48] Истото.
[49] Христо Андоновски, Мирка Гинова. 25 години од нејзината смрт..., 26 јули, стр. 3.
[50] Истото. Тодор Симовски, Сеќавања за Мирка Гинова...
[51] Тодор Симовски, Сеќавања за Мирка Гинова...

муниција. Таа со пушка в раце се наоѓаше меѓу првите борци на ЕЛАС кои напаѓаа против непријателот. [52]

По прогонувањето на фашистичките окупатори од земјата, односно по капитулацијата на ЕЛАС, која дојде како резултат на познатиот договор во Варкиза, Мирка Гинова не само што не го предава оружјето, туку со голем оптимизам и длабоко патриотско чувство застанува на страната на својот народ и ја продолжува борбата против новите реакционерни власти во Грција, кои со уште поголем фанатизам продолжија да го тероризираат и убиваат невиното македонско население од овој дел на Македонија.

Во март 1945 година, Мирка Гинова преку Вангел Шамарданов-Илинденски [53] стапува во контакт со раководството на новата македонска ослободителна организација во Воденското ТОМО. [54]

Во врска со овој спор, Христо Андоновски, тогашен активист на НОФ во Воденско, во еден разговор со авторот на овој труд, го рече следното: "... Тоа беше негде околу 20 февруари 1945 година, после склучувањето договор од Варкиза. Тоа ми е познато, бидејќи бев поканет од Вангел Ајановски и присуствував на тој основачки состанок. Но кога на 26 февруари истата година минав од селото Долно Пожарско ги најдов Павле Раковски и Тодор Анастасов-Директорот кој по налог на Политичката комисија на Македонците под Грција веќе имаше поставено основни организации на ТОМО во Горно

[52] Христо Андоновски, Мирка Гинова. 25 години од нејзината смрт. јули 26, стр. 3.
[53] За револуционерната дејност на Вангел Шамарданов исто види: Ташко Мамуровски, Вангел Шамарданов-Илинденски /1921-1948/. Гласник на ИНИ. Скопје, 1979, XXIII, 1, стр. 263-269.
[54] За местото и датата на создавањето на организацијата ТОМО постојат две верзии. Според Вангел Ајановски-Оче, таа била формирана во Воден на 20 јануари 1945 година /Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури. Револуционерното движење во Воденско и НОФ во Егејска Македонија. ИНИ, Скопје, 1975, стр. 158/, а пак според Павле Раковски, организацијата била формирана на 22 февруари истата година во селото Долно Пожарско, Мегленско /Павле Раковски, Во длабоката ноќ зората се раѓа. /Сеќавања, размислувања, сознанија/. Мемоари, се чуваат во ИНИ, стр. 37.

Пожарско, Долно Пожарско, Горно Родиво и Долно Родиво, а се спремаше да оди за Тресино и Саракиново...” и му даде на знаење дека не само што ги прифаќа целите и задачите на организацијата ТОМО, туку со уште поголема пожртвуваност ќе се бори против грчките монархисти и нивните националистички банди. [55]

На 20 јуни 1945 година, во месноста Тупчето, меѓу селата Кронцелово и Влкојанево, близу до градот Воден, беше одржана првата окружна конференција на организацијата ТОМО. [56] На неа беше анализира досегашната работа на месните организации на ТОМО и се донесе одлука за преименување на ТОМО во НОФ за Воденско. [57] Меѓутоа, уште во почетокот на април 1945 година, Политичката комисија на Македонците под Грција престана да постои. Спрема тоа, Павле Раковски, не можел да присуствува на оваа Конференција како нејзин претставник. Самиот Раковски изјавува дека воопшто не присуствувал на таква конференција.

Од сочуваните извештаи, како на Вангел Ајановски-Оче, така и на Павле Раковски од тоа време јасно се гледа дека ништо не се знаело во Воденско за некаква Окуржна конференција на ТОМО од 28 април 1945 година. Впрочем, самиот Ајановски во својот извештај од 16 јуни истата година се уште зборува за ТОМО [58]

---

[55] Вангел Ајановски-Оче, Егејската Јованка Орлеанка. Сеќавања... Август 7, стр. 8.

[56] Извештај од Павле Раковски, член на Главното раководство на НОФ, од 27 јуни 1945 година, за политичката ситуација во Воденско. “Егејска Македонија во НОБ, 1945”, Т. II. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција 1945 година. Превод и редакција: Ристо Кирјазовски и Тодор Симовски. Архив на Македонија, Скопје, 1973, док. 47, стр. 91-92.

[57] Според Вангел Ајановски-Оче, Окуржната конференција на ТОМО била одржана на 28 април 1945 година, на која присуствувал и преставникот на Политичката комисија на Македонците под Грција, Павле Раковски, кој и ја донесол на Конференцијата одлуката на Политичката комисија, организацијата ТОМО да го измени името на НОФ за Воденско /Егејски бури..., стр. 167-169.

[58] “Егејска Македонија во НОБ, 1945”, Т. II, док. 54, с. 101-104.

На оваа конференција исто така беше избрано окружно раководство на НОФ за Воденско и беше конституиран Извршен одбор на НОФ со следните членови: Вангел Ајановски-Оче, политички секретар, Вангел Шамарданов-Илинденски, организационен секретар, Ристо Кордалов, одговорен по воени прашања и партизанскиот одред на НОФ; Петре Попов, одговорен за пропаганда и агитација; Ристо Буковалов, одговорен по прашања за финансии; Ташко Хаџијанев, раководител по линија на младината и Мирка Гинова, одговорна за прашања со жените. [59]

Од овој момент, Мирка Гинова со уште поголем полет и пожртвуваност се вклучува во борбата против грчката реакција и нејзините вооружени банди. Заедно со своите другари, таа формираше основни организации на НОФ, НОМС и АФЖ во повеќе македонски села во Воденско и на селските собири знаеше да ги запали срцата на младите македонски антифашисти. Благодарејќи на своите национални чувства и активност за ослободувањето на македонскиот народ, таа стана мошне популарна сред македонските маси и беше милото дете на македонскиот народ од Воденско.

Но грчката реакција, откако успеала да ја зацврсти својата власт во земјата, благодарејќи на познатиот договор во Варкиза, со сите сили се нафрли против демократското движење во Грција, а пред се против Македонците за нивно физичко истребување.

Како одговор на неиздржливиот терор врз македонските села во Воденско, партизанскиот одред на НОФ [60] на Кајмакчалан, заедно со групите на грчките политички прогонети борци, бивши припадници на ЕЛАС, изврши неколку успешни акции против монархофашистичките упоришта на тоа подрачје. Прво ги уништи жандармериските станици во селата: Луковец,

[59] Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури..., с. 169-170.
[60] Во пролетта 1946 година, на планината Кајмакчалан, од три партизански одреди на НОФ за Воденско беше формиран партизански баталјон, наречен Трети македонски баталјон. Извештај од Окружното раководство на НОФ за Воденско до Главното раководство на НОФ од 11 април 1946 година за ситуацијата и активноста на НОФ во округот. "Егејска Македонија во НОБ, 1946", Т. III. Архив на Македонија, Скопје, 1976, док. 114, стр. 261.

Пожарско и Саракиново, а потоа воените караули во месноста Јанкулови колиби, на Кајмакчалан и во селото Горно Родиво.[61] Диверзантските групи на НОФ ликвидираа и неколку предавници, односно соработници на грчката полиција.

Мирка Гинова, како член на Окуржниот одбор на НОФ и секретар на АФЖ за Воденско, беше неуморна во организирањето на отпорот против разбеснетите монархофашисти, бивши соработници на фашистичките окупатори. И затоа, грчката полиција и жандармерија со сите сили настојуваше да ја зароби за да и стави крај на нејзината револуционерна дејност.

На 28 јуни 1946 година, двајца курири, односно борци на одредот на НОФ за Воденско, Вангел Гоглев-Безандако и Ташко Бобев, одејќи од селото Влкојанево, за селото Кронцелово, односно за седиштето на раководството на НОФ, ненадејно се сретнаа со една владина единица при што дојде дури до вооружена престрелка. Овој настан, им даде на грчките владини војски сигурни знаци дека во околината на селото Влкојанево се движат партизански групи на НОФ. Малку подоцна, истите војници ги фатиле двајца козари од селото Влкојанево и под силен притисок ги принудиле да ги предадат партизаните. Козарите им признале на монархофашистите дека партизанскиот одред на НОФ е стациониран во близината на селото Почеп, односно во Почепската шума. Но, со помошта на одговорниот на организацијата НОФ во селото Влкојанево, Вани Барев, борците на НОФ навреме беа известени за опасноста што им престои. [62]

На 30 јуни, истата година, командантот на одредот на НОФ за Воденско Ристо Кордалов, заедно со капетанот Адамидис Филотас-Кацонис, командантот на партизанскиот одред на КПГ за Воденско, добиле задача со една група борци да заминат за

[61] Вангел Ајановски-Оче, Егејска Јованка Орлеанка. Сеќавања..., Август 9, стр. 15.

[62] Според сеќавањата на Ристо Букавалов-Жуков, од село Теово, Воденско, политички комесар на Третиот македонски баталјон на Кајмакчалан и член на Окуржниот одбор на НОФ за Воденско /одговорен по финансиски прашања/; активен учесник во НОБ и ДАГ.

планината Каракамен, со цел да го земат оружјето од складиштето на тамошните партизански одреди кои беа раководени од капетанот Христос Паламас-Маврос, а потоа со се оружје да се вратат пак во Воденско.

Групата партизани, околу 50 борци, која остана на својот терен беше раководена од Ристо Буковалов-Жуков, политички комесар на Третиот македонски баталјон на НОФ. За поголема сигурност, тој ги сместил борците во месноста Старо Влкојанево и ги распоредил на четири групи. Првата група ја сместил на патот Владово-Влкојанево, втората група ја ставил на железничките мостови, третата група – на патот Воден – Влкојанево и четвртата група – на патот Луковец – Влкојанево. Тој наредил борците дење да не прават никакво движење, а храна ќе добивале преку селската организација на НОФ во селото Влкојанево. [63]

На 4 јули 1946 година, тројца членови и борци на одредот на НОФ Димитар Лимбов, од селото Владово, член на Реонскиот одбор на НОФ за Островско; Ташко Сапунџиев-Кулиман и Вангел Гоглев-Безандако, добиле наредба од Ристо Буковалов-Жуков, тие да постават заседа во месноста Дупен мост, меѓу селото Владово и градот Воден, со цел да ги ликвидираат шпионите Ѓорѓи Панчев и Ѓорѓи Бапка-Даскалот, кои ќе доаѓале од селото Владово за Воден. Меѓутоа, тие не ја извршиле наредбата, а целата одговорност си ја презеде врз себе Димитар Лимбов, објаснувајќи дека тој сам, на мирен начин, ќе ги привлече нив кон партизаните. Така, шпионите слободно си заминале за Воден. Но, Димитар Лимбов се излажал. Како што ќе покажат идните настани, поради таа негова невнимателност подоцна тој ќе стане жртва на грчките монархофашисти.

Истиот ден, групата борци на чело со Ристо Кордалов и капетанот Кацонис, откако ја извршиле својата задача на планината Каракамен, со радост и песни се вратиле во Воденско и се сместиле во месноста “Куса и Долга Ливада”. Наредниот ден, Ристо Кордалов му испратил писмо на Ристо Буковалов-

[63] Истото.

Жуков, во кое му пишувал, заедно со својата група борци да се јави во спомената месност. Тој пристигнал во логорот околу полноќ. Порано тука пристигнале и кадрите на НОФ меѓу кои Мирка Гинова, Ѓорѓи Атанасов-Блаже, Вангел Шамарданов-Илинденски, Лазо Камчев и други. Тука беа дојдени и политичките кадри на КПГ, Георгиос Мустакидис-Алеко, кој беше одговорен за резервниот ЕЛАС во Воденско за времето на германската окупација; неговата сопруга Хрисула, член на Околискиот комитет на КПГ за Мегленско /Караџова/; некој си Тарзан од селото Оризарци и медицинската сестра од Воден по име Ирина.

Кадрите на НОФ, заедно со грчките другари разговарале за некои организациони прашања и ја разгледувале можноста за формирање на партизанска болница на планината Кајмакчалан. [64]

Бидејќи помина скоро една недела од денот кога се дознало дека месноста "Куса и Долга Ливада" е откриена од непријателот, борците и политичките кадри на НОФ и на КПГ како да беа сиругни дека нема да имаат непријатности од монархофашистите.

Утрото, на 6 јули, околу 8-часот, пристигнал во месноста"Куса и Долга Ливада", во Почепската шума, курирот Ѓорѓи Митрев-Гунуш, од селото Почеп кој со големи тешкотии се пробил низ обрачот на непријателот, целиот мокар од пот. [65] Тој прв ја донесол веста дека кон Почепската шума се приближува една непријателска единица заедно со пушкарските банди од селото Драгоманци. Курирот Ѓорѓи проценувал дека ги имало околу 600 добро вооружени непријателски војници. [66]

[64] Вангел Ајановски-Оче, Егејска Јованка Орлеанка. Сеќавања..., Август 9, стр. 15.
[65] Курирот Ѓорѓи Митрев-Гунуш бил испратен од Ташко Мамуровски-Искрата, роден од истото село; активист на КПГ во Воденско. Член на Реонскиот одбор на НОФ за Островско, односно секретар на АКЕ од страна на НОФ.
[66] Според сеќавањата на Ристо Буковалов-Жуков...

Штабот на двата партизански одреди /Ристо Кордалов, Ристо Буковалов и Кацонис/, веднаш почна да ја испитува ситуацијата. Требаше да се преземаат претпазливи мерки. Но, бидејќи од ниедно село кои што беа во близината како селата Влкојанево, Теово, Луковец, Кронцелево и други, немало никакви извештаи за движењето на непријателот на тој терен, тие дошле до заклучок дека тука се работи за Драгомански пушкари, кои често пати крстосувале на тоа подрачје. Но сепак, за секој случај, Штабот на двете единици презеде претпазливи мерки.

Борците се договориле дека со случај ако треба да отстапат, да се најдат во месноста "Старо Влкојанево". Исто така, тие се договориле одбраната да ја раководи Штабот на двете единици, а Ристо Кордалов, со една група борци да ги заштитува заднинските кадри на НОФ и КПГ. Тие се уште го подготвувале планот за одбрана кога изненадено забележиле дека непријателската војска се најде очи в очи пред нив. Борците веднаш отвориле оган во очи и бочно.

Меѓу борците во одредот, кој го сочинуваа околу 60 вооружени партизани, се наоѓаа и околу 30 политички раководители и заднински работници на НОФ, односно новодојдени партизани меѓу кои и неколку комунисти од градот Воден, кои се уште не беа вооружени. Борбата беше жестока. По тричасовна крвава пресметка, непријателот изврши голем притисок, а со тоа уште повеќе го стесни обрачот на борците. По кратко време, една десетина борци, под силен притисок, беше принудена да отстапи од своето одбранбено место. Непријателот тоа го искористи и, откако изврши ново прегрупирање на своите војници, со јуриш го зазеде логорот на борците на НОФ. Во оваа критична ситуација дојде и најзлокобниот момент. Кадрите на НОФ и на КПГ, на чело со Мирка Гинова, место да ја следат патеката кон закажаното зборно место, односно кон Старо Влкојанево, како што претходно ги советуваше Штабот на двете единици, од досега непознати причини, тие тргнале во сосема друг правец, право во рацете на монархофашистичките џандари.

По кратко време, капетанот Кацонис, со својата група борци пристигнал на местото каде се наоѓал Ристо Буковалов со своите борци, а бидејќи логорот беше заземен од непријателот, постоеше опасност монархофашистите да ги фатат живи. Тие се решиле со своите борци да го пробијат обрачот кој што се повеќе се стегаше, а потоа да го фатат ридот меѓу "Куса и Долга Ливада". Така и направиле. За среќа, тие не наидоа на непријателска војска и така безбедно се сместиле на споменатиот рид. [67] Но, пред да се смрачи, Ристо Буковалов и Кацонис го пратиле борецот Толи во селото Влкојанево со цел да дознае нешто повеќе од своите соселани за ситуацијата во околијата. Тој веднаш штом се вратил на споменатиот рид, ја донесол најтрагичната вест. Борецот Толи им соопштил на своите другари дека монархофашистите во битката што ја воделе во Почепската шума, ја заробиле Мирка Гинова заедно со своите другари: Томе Михајлов, од с. Гугово околиски активист на НОФ; Димитар Лимбов, од с. Владово, реонски активист на НОФ; Ѓорѓи Пројов, од Воден, реонски активист на НОФ; Петре Попдимитров-Дирекот, од Воден, реонски активист на НОФ; Ристо Стојанов, од с. Месимер, реонски активист на НОФ; Георгиос Мустакидис, од с. Карасинанци, Гуменџиско, активист на КПГ во Воденско; неговата сопруга, Хрисула, член на Околискиот комитет на КПГ за Мегленско /Караџова/ и медицинската сестра од Воден, Ирина. [68]

Ристо Буковалов и капетанот Кацонис, со своите борци околу 20 лица, преку нокта се префрлиле од Влкојанско место во Кронцелско место и ги осамнало во месноста т.н. "Момин Гроб". Таму биле скриени преку целиот ден и не правеле никакво движење. Вечерта, пак го продолжиле патот и пристигнале во главната база на групите на НОФ т.н. "Бунарот", во Родивско место. Тука ги сретнале другарите: Ристо Кордалов, Вангел Шамарданов-Илинденски, Ѓорѓи

[67] Според сеќавањата на Ташко Мамуровски-Искрата и Ристо Букавалов-Жуков...
[68] Список на убиени активисти на НОФ и АФЖ од Воденско по договорот во Варкиза. "Егејска Македонија во НОБ, 1947", Т. IV. Архив на Македонија, Скопје, 1980, док. 137, стр. 428.

Атанасов-Блаже, Лазо Камчев и околу 20-тина борци, кои успеале да се пробијат низ обрачот на непријателот. [69]

Како што е нагласено и во друга прилика, групата политички раководители на НОФ и на КПГ, на чело со Мирка Гинова и Георгиос Мустакидис, при повлекувањето од месноста Куса и Долга Ливада, наместо да ја следи патеката на одредот на НОФ, таа тргна по сосема друг правец и од заседа падна просто во рацете на монархофашистите. Од нив само Мирка носела со себе пиштол. Таа откако ги испукала сите куршуми, монархофашистите навлегле во кургот и во меѓусебна физичка борба ги заробиле борците. Озверените фашистички џандари уште оттука почнале да ги малтретираат кадрите на НОФ и на КПГ, а најповеќе Мирка.

По кратко време заробениците биле префрлени и затворени во манастирот над селото Влкојанево. Грчките џандари настојувале што побрзо да го откријат идентитетот на заробените. За таа цел биле повикани некои нивни соработници од околните села и, дознавајќи дека во рацете ја имаат прославената Мирка Гинова и неколку раководители на НОФ, уште оттука почнале да ги малтретираат на најзверски начин. Со удари на кундаци, со тупаници и со корнење на косите, грчките џелати настојувале изгледот на заробениците да го направат таков што кога ќе ги водат во Воден, населението од околните села да се убеди во нивната бедна состојба. На пример на Мирка и ги соблекле нејзините алишта и ја облекле во партали и така ја влечеле за косите по улиците на Воден, изложувајќи ја на подсмев пред насобраниот народ. Но народот со голема омраза ги гледаше зверските постапки на озверените монархофашисти. [70]

Но сето тоа беше само почеток на она што го доживеаја заробениците. Самата Мирка, неколкупати била носена надвор од градот Воден, кај месноста "Ѓаваљочица", била закопувана во земјата до вратот, а потоа застрашувана со истрели од

[69] Според сеќавањата на Мице Кукулев-Прилеп, од село Баово, Воденско; учестник во НОБ и ДАГ и Ристо Буковалов-Жуков...
[70] Христо Андоновски, Ружата што не расцути. Списание "Македонија", Скопје, 1959, VII, бр. 69, стр. 16.

пиштол со фишеци без куршум. [71] Три дена и три ноќи, еден мотицикл постојано брмчеше под прозорецот на ќелијата каде била мачена Мирка за да не се слушаат надвор пискотниците од ставањето на игли под нокти, на железниот обрач околу главата, од ставањето на врели јајца под мишките и на другите сверски методи што ги измислија грчките џелати. Но ништо не ја клекна Мирка. Таа до крај остана цврста како гранит. [72]

Неколку дена подоцна, односно на 23 јули 1946 година, затворениците биле одведени во Еницe Вардар, каде што требало да се одржи нивното судење од воен суд по штотуку изгласаниот закон 509, според кој се осудуваа на смрт сите оние што пропагираа "отцепување на дел од татковината или се баваат со поткопувачки акции против државата". [73]

Преку судењето на седумте раководители на НОФ, грчката реакција сакаше пред грчката и светската јавност да ја обвини македонската ослободително организација НОФ и македонското народноослободително движење во егејскиот дел на Македонија како автономистичко движење што наводно имало за цел да ја отцепи Егејска Македонија од Грција.

Судењето на Мирка Гинова и нејзините другари се одржало во Првото основно училиште во Еницe Вардар, зад затворена врата. Во судницата, освен воени лица и жандарми не присуствувал никој друг. Записниците од овој процес не се познати. Но, незаборавена ќе остане за јавноста одбраната на Мирка, која пред воениот суд меѓу другото рече: "...Јас сум раководителка на НОФ. За време на окупацијата се борев против Германците и џелатите Калчев и Димчев кои се нафрлија како стрвници, особено против нас Македонците за да не заведат во канџите на фашистичката "Охрана". Ги удривме со фанатизам охранитите, како што војувавме против германскиот окупатор. НОФ не е никаква воена организација. Тоа е политичка демократска организација, која се бори за

[71] Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури..., стр.220.
[72] Истото.
[73] Христо Андоновски, Мирка Гинова, 25 години од нејзината смрт. јули 27, стр. 3.

рамноправност на нашиот народ во рамките на грчката држава. Се бориме за слобода и демократија...” [74]

Мирка Гинова, заедно со другарите Томе Михајлов, Димитар Лимбов, Ѓорѓи Пројов, Петре Попдимитров-Дирекот, Ристо Стојанов и Георгиос Мустакидис-Алеко, беше осудена на смрт со стрелање, [75]додека сопругата на Георгиос Мустакидис, Хрисула и медицинската сестра Ирина беа осудени на долгогодишна робија. Три дена после пресудата, Мирка, заедно со своите другари беше доведена во ениџевардарските гробишта и ставена пред монархофашистичкиот егзекуционен одред. Смртта ја пречека со химната на Интернационалата. По повод двегодишнината од херојската смрт на Мирка Гинова, секретарот на Главниот одбор на АФЖ за Егејска Македонија, Евдокија Баљова-Николова /Вера/, во еден свој напис, меѓу другото го истакнува следното: “...Бесмртната и прославената Ирина Гинова /Мирка/ пред егзекуционата чета ја издигна нејзината снага и и го лепна по лицето на монархофашизмот првиот шамар. Падна пронижана од куршум оваа млада учителка викајќи: “Да живее КПГ!”, “Да крепне НОФ и АФЖ”!, “Да живее демократијата!”, “Долу фашизмот”!... Вера Балова, “Етап за нови и сјајни победи над монархофашизмот. Не умреа, но вечно ќе живеат меѓу нас”. [76]

Херојското држење на Мирка Гинова и нејзините другари пред егзекуциониот одред мораше да го признае и самиот противник. Во извештајот на Врховниот штаб на регуларната грчка армија меѓу другото се вели: “...Седумте егзекутирани ладнокрвно го пресретнаа егзекуциониот одред и одбија да им се врзат очите.

---

[74] В. Ѓорчевска, Мирка Гинова загина храбро. Ликови на наши револуционери. Нова Македонија, Скопје, 1970, јули 26, XXVI, 8445, стр. 14. Истото: Весник, Елиникос Ворас, од 27 јули 1946 година.

[75] Меморандум од Окуржниот комитет на ЕАМ за Воденско од март 1947 година до Анкетната комисија на ООН, за теророт на монархофашистичката десница во Воденско. Прилог Бр. 4. Именичен список на демократски граѓани што се осудени на смрт и егзекутирани од прекиот воен суд во Ениџе Вардар, со применувањето на вонредните мерки за безбедност во истиот окург. “Егејска Македонија во НОБ, 1947”, Т. IV, Скопје, 1980, док. 25, стр. 120-121.

[76] “Нова Македонка”, 1948, Бр. II, стр. 7. Списание на Главниот одбор на АФЖ за Егејска Македонија.

Најголема ладнокрвност покажа учителката Ирини Гини, која ја пееше Интернационалата и извикуваше пароли за Комунистичката партија...” [77]

Со своето херојско држење пред воениот суд во Енице Вардар, кадрите на НОФ на чело со Мирка Гинова, и кадрите на КПГ на чело со Георгиос Мустакидис-Алеко, не само што ги потенцираа принципите на заедничката борба против грчкиот монархофашизам, туку со својата заедничка пролеана крв тие го цементираа борбеното братсво и единство меѓу грчкиот и македонскиот народ.

Смртната пресуда на Мирка Гинова и нејзините другари предизвика големо интересирање во светската јавност и доби широк публицитет во светскиот печат.

Агенцијата “Асошиетед прес”, истиот ден ја објави следната вест: “26 јули. Солун. Рано утринава беше извршена смртната пресуда над Ирини Гини и нејзините шестмина другари осудени од страна на воениот суд во Енице Вардар. Таа е прва жена стрелана во Грција за политичка вина. [78]

Подоцна, радио-станицата “Слободна Грција” огорчена од свирепата постапка на монархофашистичките џелати кои се оглушија на многубројните апели од целиот свет, стрелањето на Мирка Гинова го нарече: “варваризам од хитлеровиот ков”. [79]

Но најблескаво сведоштво за јуначката смрт на Мирка Гинова претставува анонимното писмо што на нејзиниот татко му го испратил еден воен дописник на грчките весници. Анонимниот автор под иницијалот “М” во писмото, меѓу другото, пишува:

Енице Вардар 26 јули 1946 година

---

[77] Мирка Гинова. Во книга “За света народна слобода”. Ликови на паднати народни борци. Политички и литературни изданија. 1962, стр. 16-17. Истото: Весн. Елиникос Ворас, од 26 јули 1946 година.
[78] Вангел Ајановски-Оче, Егејската Јованка Орлеанка. Сеќавања... Август 5, стр. 8. Истото: Весн. Елиникос Ворас, од 27 јули 1946 година.
[79] Истото.

Господине Коста,

“...Од шест часот денес за жал Ирина престана да живее. Ви честитам за ќерката што сте ја родиле. Ја сретна смртта со усмивка на устите, смело, пеејќи и сите присутни таму се зачудивме. Во пет и триесет часот и се доближив и ја прашав дали сака нешто да им напишам на нејзините родители. Таа ми рече: - Ако милувате, пишете му го на татко ми следното - “Умирам за нешто во кое наполно верувам како чесна, а не како нечесна, за поарен живот на другите, а не за мојот”. Беше чудесна, мажествена, ниту пред смртта не покажа малодушност. Исто така и другите шестмина, но повеќе таа. Не би ги пишувам овие зборови за да ја пофалам вашата ќерка, туку ја изложувам самата вистина како што ја видов. Ве поздравувам јас еден војник, кој случајно присуствувал на овој жалосен чин и имав желба да ви ги напишам последните зборови на незаборавената. Ирина, позната на секого со името Мирка... Во секој случај таа замина задоволна од овој суетен свет...” [80]

Мирка Гинова со својата пролеана крв за слободата на Македонија стана синоним на заслужен народен борец и легенда што ги мина границите на родниот крај и стигна дури до Обединетите нации. [81]

Во знак на признание за херојската смрт на Мирка Гинова, грчкиот писател Спиљос ги напиша следните стихови:

“За тебе ловров венец плете веков в век,
и в борба канат твоите сетни песни!
По градови, села, бујно јачи нивниот ек...
На твојот гроб нашиот гнев ќе свети ко ламбада.
Ти беше скромна учителка во школо од леси
Но од твојата школа денес се учи цела Елада”. [82]

---

[80] Цитирано од Христо Андоновски, Мирка Гинова во грчката литература. Разгледи, спис. за уметност, култура и општествени прашања. Скопје, јануари 1959, I бр. 5, стр. 589.
[81] Христо Андоновски, Мирка Гинова. 25 години од нејзината смрт. Јули 29, стр. 3.
[82] Христо Андоновски, Мирка Гинова во грчката литература... стр. 589.

Македонскиот народен творец и ја испеа песната:

Тихо Мирка си заспала
во Почепските планини,
во Почепските планини,
таму долу во ливади.

В зората пристигнале
клети шпиони фашисти,
местото го заградија
жива Мирка ја фатија.

Насред ноќи пристигнале
втората чета комесари.
Гласот Мирка му го слушна,
одма Мирка се разбуди.

Жива Мирка ја фатија
во град Воден ја носија,
тешко Мирка ја мачија
жива во гроб ја ставија. [83]

Храброста и херојството на Мирка Гинова ќе им служат на идните македонски генерации како светол пример за тоа како се бореа и гинеа Македонците за слободата на својот народ.

[83] "Сокол ми лета високо". Збирка на изворни револуционерни и лирски народни песни од Егејска Македонија. Собрал и подготвил за печат Ѓорѓи Доневски. Културно-уметничко друштво "Гоце Делчев" – Скопје. Скопје, 1978, стр. 66.

АТАНАС КОРОВЕШОВ (1918-1945)

Меѓу најистакнатите македонски борци и активисти на организацијата НОФ од егејскиот дел на Македонија кои го положија својот живот во борбата за национално и социјално ослободување на македонскиот народ, видно место зазема и Атанас Коровешов. Тој е роден 1918 година, во селото Смрдеш, Костурско. По завршувањето на основното образование во родното село, Насо /како што другарите го викаа нагалено/, следјќи го примерот на својот татко Филип, почна да се занимава со сточарска работа.

Во 1939 година грчките власти го повикаа на отслужување на воениот рок. Беше распореден во една погранична единица.

Германско-италијанската и бугарската окупација на Грција и Егејска Македонија, Насо ја дочека доста подготвен. Уште од првите денови на фашистичката окупација тој се вклучува во групата комунисти, односно членови на КПГ која дејствуваше во Смрдеш уште од пред Втората светска војна: Ламбро Чолаков, Ѓорѓи и Сократи Папајанови, Ламбро Митанов и други, и развива широка активност во борбата против окупаторот. [84]

Споменатата група комунисти од родното село на Атанас Коровешов, заедно со другите комунисти од селата: Дмбени, Габреш, Косинец, Брезница итн., во јуни 1941 година организира свеченост по повод 38-та годишнина од славната битка кај месноста Локвата и Винјари, каде што во 1903 година, за време на Илинденското востание, во нерамна борба со

[84] Според сеќавањата на Ламбро Чолаков, од село Смрдеш, Костурско. За време на НОБ беше партиски раководител на одредот "Лазо Трповски", а подоцна стана член на Политичката комисија на Македонците под Грција. Од 1945 година беше секретар на Окружниот одбор на НОФ за Костурско и Преспанска околија. Од мај 1947 година беше член на Главниот и Извршниот одбор на НОФ, а од јануари 1948 година беше член на Централниот и Извршниот совет на НОФ за Егејска Македонија. Од февруари 1949 година беше претседател на Окружниот одбор на НОФ за Костурско, а од март истата година член на Главниот одбор и на Извршниот совет на НОФ за Егејска Македонија. Повеќе од 10 години има одлежано по грчките и други затвори.

турскиот аскер погинаа 13 востаници од селските чети, меѓу кои и неколку од селото Смрдеш. На местото каде што погинаа востаниците беа одржани говори и положени венци. [85]

На 1 јули истата година, групата комунисти од селото Смрдеш, го искористува традиционалниот селски собир, кој секоја година се одржуваше на местото "Св. Врач", со цел да се манифестира отпорот против окупаторот во Костурско, во кој Атанас покажа посебна активност. [86]

Во есента 1941 година, Атанас го придружува стадото овци на својот татко и заминува на зимување во околината на градот Лариса. Тука Коровешовци имале свој имот и секоја година, со сопственото стадо, зимата ја поминувале во таа околија.

Кон крајот на 1941 година и почетокот на 1942 година, во Лариса и околината, мошне се зајакна активноста на КПГ. Комунистите од овој дел на Грција почнаа да ги формираат првите партизански групи, а мандрите на Коровешовци, кои се наоѓаа на подножјето на планината Олимп, им служеа како основни упоришта за сместување и исхрана на партизаните. Атанас Коровешов заедно со Перикли Коровешов, Тодор Коровешов, Мичо Коровешов и други младинци кои што таа зима престојувале во мандрите, беа постојани снабдувачи на групите со храна, информации, курирски работи итн.

Летото 1942 година, Атанас се враќа во родното село и веднаш се вклучува во работата на селскиот комитет на КПГ. [87] На Насо му беше доверена функцијата одговорен по воени прашања. Тој

---

[85] "Локвата" "Винјари" и Лазо Поптрајков. Од нашето историско минато. Глас на Егејците, Скопје, 1951, јуни 2, II, бр. 10, с. 2. Истото: Според сеќавањата на Васко Макриевски, од село Смрдеш; борец во одредот "Лазо Трповски". Подоцна секретар на партискиот комитет на КПМ во Првата ударна бригада на Македонците од Грција и заменик политички комесар во истата бригада.

[86] Според сеќавањата на Мичо Каранџовски, од село Смрдеш; секретар на младинскиот Реонски комитет на ЕПОН во Корештата, Костурско. Подоцна заменик политички комесар на чета во баталјонот на Караорман.

[87] Насо Коровешов. Нашите паднати борци. Глас на Егејците, Скопје 1951, септември 4, II, бр. 14, с. 4. Истото: Според сеќавањата на Ламбро Чолаков и Васко Макриевски...

неуморно работи за омасовувањето на селската партиска организација на КПГ и, заедно со другите членови на селскиот комитет воспоставува тесни врски со околните села и со Околиската организација на КПГ. [88]

Кон средината на 1943 година, во родното село на Атанас почнаа подготовките за формирање на партизански одред во чиј состав ќе влегуваат борци од селото Смрдеш и од другите околни села.

Во втората половина на август истата година, другарите Атанас Коровешов, Ламбро Чолаков, Ристо Шамандуров, Васил Макриевски, Пандо Шиперков, Тодор Коровешов, Мичо Коровешов, Перикли Коровешов, Перикли Ковачевски, Милтијади Ковачевски и Мичо Гаљовски, заминуваат во партизани. [89]

Од споменатата група партизани и од другие борци од околните села, во есента 1943 година беше формиран одредот "Лазо Трповски". Атанас Коровешов учествува во сите борбени акции на одредот се до неговото расформирање. [90]

Во ноември-декември 1943 година, односно со формирањето на македонската антифашистичка организација СНОФ за Костурско, се појавија некои членови и партиски раководители на КПГ во Костурско, кои уште од самиот почеток систематски работеа за ограничување на дејноста на СНОФ, сметајќи дека со самото формирање на македонската организација проблемот на Македонците е решен. Дури имаше и такви алтернативи во дискусиите на раководството на КПГ, на чело на организацијата СНОФ во с. Смрдеш да се постави еден од неговите членови, по народност Грк. [91]

---

[88] Истото.
[89] Според сеќавањата на Мичо Каранџовски, Ламбро Чолаков и Васко Макриевски...
[90] Според сеќавањата на Милтијади Ковачевски, од село Смрдеш; активен учесник во НОБ и ДАГ. Истото: Според сеќавањата на Васко Макриевски, Ламбро Чолаков и Мичо Каранџовски...
[91] Истото.

Вреди да се подвлече дека СНОФ во македонските села во Костурско скоро во целост ги замени организациите на ЕАМ. Тоа беше една од главните причини што Окружното раководство на КПГ не бираше начини и средства да го запре подемот на СНОФ. Раководството на КПГ често пати ги повикуваше македонските раководители на СНОФ на партиска одговорност, ги застрашуваше /особено најактивните членови/, ја омаловажуваше организацијата СНОФ итн. [92]

Во ваквата политичка напнатост, кон крајот на ноември 1943 година во с. Смрдеш беше одржан состанок на активистите на отпорот во селото: Атанас Коровешов, Ламбро Чолаков, Пандо Шиперков, Васил Макриевски /партизани во одредот "Лазо Трповски"/, Ламбро Митанов, Ѓорѓи Папајанов, Сократи Папајанов, Ванкето Шамандуров и Мичо Каранџовски /членови на реонскиот комитет на КПГ/. На состанокот главно се расправаше за односот на повисоките раководства на КПГ спрема македонските активисти на КПГ и СНОФ и беше осуден предлогот на чело на организацијата СНОФ во Смрдеш да биде поставен Грк. За одржаниот состанок, веднаш беше информиран секретарот на Окружниот комитет на КПГ за Кострушко Андонис Андонопулос-Периклис. Тој го оцени состанокот како нелегален /иако официјално бше информиран/. Во Врска со тоа во седиштето на 28-от полк на ЕЛАС беа сослушани борците на одредот "Лазо Трповски" и членовите на Реонскиот комитет на КПГ од с. Смрдеш, учесници на состанокот, а потоа партиски опоменети. [93] Овој настан, во иднина беше искористен од секретарот на Окружниот комитет на КПГ за Костурско да "докажува" како Македонците во Костурско не биле сосема проверени сојузници на КПГ.

Подоцна, односно во пролетта 1944 година, борците на одредот "Лазо Трповски" беа вклучени во баталјонот "Вичо", кој влегуваше во составот на 28-от полк на ЕЛАС. Атанас Коровешов беше именуван командир на првиот вод од втората чета на овој баталјон. [94] Тој учествува во сите борби што ги

[92] Истото.
[93] Истото.
[94] Танас Вражански и Мичо Каранџовски, Смрдеш. Организационен одбор на "Првата Смрдешка средба". Скопје, 1976, с. 13. Истото: Според

водеше баталјонот “Вичо” на теренот на истоимената планина. Од најзначајните можат да се истакнат борбите за разоружување на контрачетниците, нападот на германските позиции на планините Бигла и Вичо, прифаќање и разоружување на ерменските единици кои беа вооружени од Германците и распоредени на теренот Лерин – Корча и други. Насо за својата храброст и решителност беше ценет во баталјонот, а често пати и пофалуван. [95]

Но и покрај искреното настојување на македонските партизани, по пат на заедничка борба против окупаторот и домашните предавници да докажат дека се за заедничко и рамноправно живеење со Грците во овој дел на Македонија, раководството на КПГ и ЕЛАС во Костурско продолжи да води политика на сомневање и недоверба спрема македонските партизани. Тоа се чувствуваше во секојдневниот живот кај македонските борци и во организациите на СНОФ. Македонскиот патриотизам кај македонските партизани во ЕЛАС беше особено поттикнат и од престојот во април 1944 година на македонските единици и делови на Главниот штаб на Вардарска Македонија во Корештата. Во контактите со македонските партизани од Вардарска Македонија се разгоруваше желбата за формирање на посебни македонски единици во егејскиот дел на Македонија. Голем број македонски партизани кои се наоѓаа во составот на единиците на ЕЛАС, се распрашуваа за можноста да преминат во македонските партизански единици од Вардарска Македонија. Подоцна тоа и се случи. Кога македонските партизански единици од Вардарска Македонија

сеќавањата на Минчо Фотев, од Рупишта; политички комесар на III-та чета во баталјонот “Гоце”. Од ноември 1944 година беше секретар на СКОЈ во Првата ударна бригада на Македонците од Грција, а од април 1945 година беше член на организационото раководство, односно потесното раководство /Главен одбор/ на НОФ и одговорен на НОМС за Егејска Македонија. Во ноември 1946 година, односно по обединувањето на македонските и грчките партизански единици, стана член на Секретаријатот на Покраинскиот комитет на ЕПОН за Егејска Македонија и Тракија. На Вториот конгрес на НОФ, одржан во март 1949 година беше избран за член на Извршниот одбор на НОФ и претседател на Главниот одбор на НОМС за Егејска Македонија.

[95] Истото.

го продолжија патот кон Преспа и Караорман, со нив отидоа и неколку младинци од селата под Вичо. [96]

Во почетокот на мај 1944 година, во знак на протест поради опортунистичкиот став на КПГ и ЕЛАС спрема македонското национално прашање, Атанас Коровешов, со група македонски партизани од составот на баталјонот "Вичо", ги напушти единиците на ЕЛАС и се приклучи во единиците на Главниот штаб на Македонија, односно во Првата македонско-косовска ударна бригада која стационираше на планината Караорман. [97]

Групата македонски партизани од Костурско, во почетокот беше распоредена во првиот баталјон на Првата македонско-косовска ударна бригада. Подоцна беше формирана посебна чета за чии командир беше именуван Атанас Коровешов. [98]

Во јуни 1944 година, во составот на Првата македонска ударна бригада се приклучи уште една група македонски партизани од Костурско. Кон крајот на јуни истата година, борците од Костурско, кои влегуваа во составот на Првата македонска ударна бригада формираа посебен баталјон. Овој баталјон, за чии комнадант беше назначен Атанас Коровешов беше и првата поголема македонска партизанска единица составена од борци од делот на Македонија под Грција. [99] До првата половина на јули, баталјонот дејствуваше во составот на Првата македонска ударна бригада.

---

[96] Истото.

[97] "Егејска Македонија во НОБ, 1944-1945", Т.I. Архив на Македонија, Скопје, 1971, док. 108, стр. 122-123. Истото: Според сеќавањата на Васко Макриевски...

[98] Според сеќавањата на Евдокија Баљова /Фотева/ - Вера, од село Д'мбени, Костурско; член на Околискиот одбор на СНОФ за Костурско, односно секретар на Македонките во Костурска околија. Од мај 1944 година беше заменик политички комесар на чета во Првата македонско-косовска ударна бригада, а од ноември истата година заменик политички комесар на Втората чета во IV-от баталјон на Првата ударна бригада на Македонците од Грција. Од јули 1945 година беше секретар на Околискиот одбор на НОФ за Соровичка и Кајларска околија. Од мај 1946 година беше секретар на АФЖ за Леринско, а од ноември истата годна секретар на АФЖ за Егејска Македонија. Од 1949 година стана потпретседател на Сегрчкиот сојуз на жените на Грција.

[99] Според сеќавањата на Васко Макриевски и Евдокија Баљова-Вера.

Во втората половина на јули 1944 година, односно по постигнатиот договор помеѓу КПГ и КПМ, баталјонот, добро опремен со оружје и муниција се враќа во редовите на ЕЛАС. [100] По пристигнувањето на борците на теренот Вичо, македонското население им приреди одушевен пречек. Многу младинци доброволно стапија во неговите редови.

На 2 август 1944 година, во селото Поздивишта, Костурско, македонскиот баталјон беше преформиран и го доби името "Гоце". Командниот состав на штабот на баталјонот го сочинуваа Атанас Коровешов, командант; Илија Димовски-Гоче, [101] капетаниос [102] и Ристо Коленцев-Кокинос, како политички комесар. Ваквиот состав на штабот на баталјонот не траеше долго. По неколку дена беше извршен нов распоред, за началник на Баталјонот беше избран Димитар Тупурковски, командант Илија Димовски-Гоче, политички комесар беше Ристо Коленцев-Кокинос, а Атанас Коровешов остана како член на Штабот. [103]

---

[100] Писмо од Благоја Талески, секретар на Вториот областен комитет на КПМ од 30 јули 1944 година, до ополномоштвото на ЦК на КПМ во Скопје. Извори за ослободителната војна и револуцијата во Македонија 1941-1944. Т. I, кн. 5. ИНИ, Скопје, 1975, док. 26, стр. 102.

[101] Илија Димовски-Гоце е роден во село Статица, Костурско. Во времето на НОБ беше меѓу првите партизани и раководители на движењето на отпорот. Во октомври 1944 година, на чело на Леринско-костурскиот баталјон "Гоце", по судирот со КПГ и ЕЛАС преминува во вардарскиот дел на Македонија, а со формирањето на Првата ударна бригада на Македонците од Грција стана нејзин командант. Исто така и за времето на Граѓанската војна во Грција тој раководеше со поголема единица на ДАГ. Почина во Скопје, во јуни 1961 година.

[102] Капетаниос – Во грчката воена структура на ЕЛАС овој збор значеше политички комесар на дадената единица.

[103] Според сеќавањата на Уранија Јурукова-Пировска, од село Изглибе, Костурско. Во текот на НОБ беше реонски активист на младинската организација ЕПОН за реонот Пополе, Костурско, а потоа борец во баталјонот "Гоце" и во Првата ударна бригада на Македонците од Грција. Од август 1945 година се вклучува во редовите на НОФ-АФЖ и работи како реонски и окружен активист, односно член на Главниот одбор на АФЖ за Егејска Македонија. Подоцна стана член на Организациониот комитет и на раководството на КОЕМ. Во редовите на ДАГ беше произведена во чин капетан. Истото: Според сеќавањата на Евдокија Баљова-Вера, Васко Макриевски и Минчо Фотев...

Но, и покрај постигнатиот договор помеѓу КПГ и КПМ, раководството на КПГ и ЕЛАС во Костурско и Леринско, настојуваше по секоја цена да го расформира баталјонот "Гоце". Во почетокот, тоа побара од поранешните македонски членови на КПГ и борци на ЕЛАС да потпишат документ со кој ќе го осудат преминувањето на македонските партизани во единиците на Вардарска Македонија. Исто така со истиот документ им се забрануваше на македонските борци да носат петокрака и црвена шамија околу вратот; да не се поздравуваат со стегната тупаница, да се избегнуваат командите на македонски јазик и да не се примаат нови борци во Баталјонот без одобрување на раководството на КПГ и ЕЛАС. Често пати функционерите на КПГ одржуваа состаноци со најактивните македонски борци и командири на чети и водови и ги "убедуваа" дека тие се на погрешен пат. [104]

Брзото зголемување на бројот на борците во Баталјонот, сериозно го загрижи партиското и военото раководство на КПГ и ЕЛАС. Грчките раководители почнаа со инфилтрација на свои луѓе во Баталјонот и тоа од редовите на македонските партизани кои влегуваа во составот на единиците на ЕЛАС. Но македонските борци како да чекаа да дојдат во македноскиот Баталјон. Тие "откажуваа" послушност, а со тоа го афирмираа македонскиот патриотизам. [105]

Во октомври 1944 година, раководството на КПГ и ЕЛАС даде наредба за спојување на четите на Баталјонот во другите единици на ЕЛАС, односно за нивно префрлување во внатрешноста на Грција, наводно за да се зајакнат единиците на ЕЛАС на овој терен. Целта беше јасна... Се работеше за расформирање на Баталјонот. Борците на Баталјонот енергично им се спротивставија на оваа неоправдана одлука на КПГ и ЕЛАС и, во знак на протест, повторно преминаа на територијата на Вардарска Македонија. [106] Во селото Драгош, Битолско,

---

[104] Истото.
[105] Истото.
[106] Незадоволството на Македонците дојде поради готовноста на КПГ и ЕАМ да учествува на Либанската конференција за формирање на

беше формиран специјален баталјон, со задача илегално да се врати на теренот на Вичо и Коструско, односно да учествува во операциите за ликвидирање на германските единици, кои се повлекуваа во Албанија, а потоа да ги посети македонските села во Костурско и да одржува манифестации во кои ќе се зборува за правата на македонскиот народ за својата самобитност во рамките на грчката држава. Командант на овој баталјон беше Атанас Коровешов. Баталјонот одржа неколку митинзи и манифестации во селата од Корештата, а потоа во селото Желево, Леринско, селата Брезница, Косинец, Лобаница, Вмбел, Смрдеш, Коструско и други. [107]

Но, уште од самиот премин на Баталјонот на територијата на Костурско и Леринско, раководството на КПГ и ЕЛАС ги мобилизира своите единици за неговото спречување. Првата средба на Баталјонот со една единица на ЕЛАС се случи на Бела Вода, над селото Желево. Таму се сретнаа штабовите на двете единици и се се заврши без инциденти. По завршувањето на првиот ден од маршот, односно пред заминувањето на теренот на Корештата, борците на Баталјонот се наоѓаа на одмор во селото Смрдеш. Вториот ден од одморот, односно на 29 ноември 1944 година, Баталјонот беше изненадено нападнат со минофрлачки и митралески оган од една поголема единица на ЕЛАС. [108] По овој судир, Атанас со својот баталјон преминува на територијата на Албанија и преку селата Врбник, Битинско, Трени, Sвезда и Пустец, пристигна во слободна Битола каде се вклучува во штотуку формираната Прва ударна бригада на Македонците од Грција составена од борци од Леринско, Костурско, Воденско, Кајларско и други места на чело со Илија Димовски-Гоце како командант и Михајло Керамитчиев како политички комесар на Бригадата [109] Атанас

коалициона влада, поради и што следеше забрана на македонските организации и на нивниот македонски револуционерен печат. Христо Андоновски, Македонците под Грција во борбата против фашизмот /1940-1944/. ИНИ, Скопје, 1968, глава осма, с. 190-197.

[107] Според сеќавањата на Васко Макриевски и Мичо Карнџовски...

[108] Истото.

[109] .Програма за споменично одбележување на настаните и ликовите од револуционерното минато на македонскиот народ во Скопје. Скопје, 1973, дел III /бисти/, с. 10. Ракопис, се чува во ИНИ. Истото: Според сеќавањата на Михајло Керамитчиев, од село Габреш, Костурско. Се капитулацијата на

Коровешов и понатаму останува како командант на поранешниот свој баталјон. А кога Првата ударна бригада на Македонците од Грција замина за Западна Македонија, тој со успех го водеше својот баталјон против остатоците на балистичките банди на овој терен.

По расформирањето на Првата егејска ударна бригада, односно со формирањето на НОФ за Егејска Македонија, Атанас Коровешов се јавува како еден од основачите на организацијата НОФ и веднаш потоа станува член на нејзиното потесно раководство /Главен одбор/. [110]

Кон крајот на јули 1945 година, Атанас Коровешов, како член на потесното раководство /Главен одбор/ на НОФ за Егејска Македонија, заедно со други активисти на НОФ, заминува за Гуменџиска и Енице-вардарска околија со цел да укаже помош во омасовувањето на НОФ во овие околии.

Во првата половина на август истата година, Атанас Коровешов, предводен од курирот Трајан Ајтов, роден од селото Баровица, Гуменџиско, откако пристигна на планината

Грција се активира и беше назначен за одговорен по оружјето во Корештата. Во 1943 година беше назначен за командант на резервната единица на СНОВ во Корештата. Во ноември 1944 година беше назначен за политички комесар на Првата ударна бригада на Македонците од Грција, беше член на Политичката комисија на Македонците под Грција, потоа член на потесното раководство /Главен одбор/ на НОФ, претседател на НОФ. Во ДАГ беше произведен во чин потполковник. Почина во Скопје во 1981 година. Истото: Според сеќавањата на Уранија Јурукова-Пировска...

[110] Записник од седницата на секретаријатот на Главното раководство на НОФ од 19 јули 1945 година. "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II. Архив на Македонија, Скопје, 1973, док. 90, с. 167-172. Истото: В., М., Атанас Коровешовски. Ликови на наши револуционери. Нова Македонија, Скопје, 1971, септември 6. Истото: според сеќавањата на покојниот Паскал Митровски, од село Чука, Костурско. Од јули до декември 1943 година беше командир на Специјална македонска партизанска единица во Костурско. Од декември истата година до мај 1944 година беше секретар на СНОФ во Костурско, а во декември 1944 година секретар на Политичката комисија на Македонците под Грција. Од април 1945 година беше секретар на НОФ на Македонците од Егејска Македонија. Од ноември 1946 година беше член на Македонското биро на КПГ. На првиот конгрес на НОФ беше избран за секретар на НОФ на Македонците од Егејска Македонија. Од април 1949 година стана министер во Привремената демократска влада на Грција.

Пајак, односно во јавката над селото Баровица, веднаш се зафати со работа. [111] Подоцна, тој заедно со другарите Тодор Анастасов, Ристо Крлев и Божин Каранфилов, со една група борци од околу 10 члена, замина за Ениџе-вардарско, односно за селото Корнишор, додека другите другари Иван Ничев, Иван Ковачев-Орфас и Кочо Хаџигеоргиев – членови на Околискиот одбор на НОФ за Гумендиско – останаа во Гумендиска околија. [112]

Атанас Коровешов и неговите другари, откако пристигнале во селото Корнишор, веднаш се поврзале со стариот македонски активист дедо Иван Богданов. Тој им нашол место за јавка. По два, три дена тие се поврзале со селото Крушари, близу до Ениџе Вардар. Дедо Иван Богданов, веднаш им забележал на илегалците дека јавката во селото Корнишор не била сигурна и дека требало тие што поскоро да се префрлат на друго посигурно место. Многу селани од Корнишор и Крушари знаеле за нивното доаѓање. А имало и лица кои биле непријателски настроени спрема македонското ослободително движење. И затоа дедо Иван Богданов, правилно им сугерирал на другарите, тие да си одат што побрзо од тоа место за да не паднат во рацете на монархофашистите. Но илегалците не му обрнаа внимание на неговото предупредување. Тие влегоа во селото Крушари и извршија организациона задача. По нивното враќање во јавката, неколку илегалци, на чело со Ристо Пучепов, беа испратени во околните места за да соберат храна. [113] Групата илегалци, одејќи по пат за храна, забележала една монархофашистичка единица, но не и обрнала никакво внимание и, заобиколувајќи ја војската, таа го продолжила патот по определениот правец. Илегалците најверојатно не знаеле дека потерата на монархофашистите била организирана баш против нив.

---

[111] Извештај од Танас Коровешов до Главното раководство на НОФ за воено-политичката ситуација и дејноста на НОФ во Гумендиско и Ениџевардарско. "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II. док. 116, с. 222-224

[112] Според сеќавањата на Иван Ничев, од градот Гумеџа; активен учесник во НОБ. Од 1945 година работи во НОФ на Македонците од Егејска Македонија. Истовремено беше избран за секретар на Окружниот одбор на НОФ за Гумендиско и Ениџевардарско.

[113] Според сеќавањата на Ристо Крлев, од село Баровица, Гумендиско, учесник во НОБ; подоцна активист на НОФ во Гумендиско.

Во јавката се наоѓаа другарите Атанас Коровешов, Коста Џинов-Бабјанчето

Коста Џинов-Бабјанчето роден е во 1916 година, во село Бабјани, Ениџевардарско. Организиран беше во ЕАМ во јули 1943 година. Истата година стана член на КПГ. Во април 1944 година стана член на Реонскиот комитет на КПГ на Калиница, Ениџевардарско. Беше партиски организатор во селата Бабјани, Мавреjново, Мандалево и Дреново. Во септември истата година беше исфрлен од својата функција, најверојатно за македонофилство. Кон крајот на март 1945 година влезе во редовите на македонското народноослободително движење. Подоцна стана член на Околискиот одбор на НОФ за Ениџевардарско. На 2 септември 1945 година беше предаден заедно со другите другари, близу селото Корнишор. Падна херојски во борбата против монархофашистите. [114] Тодор Анастасов, Ристо Крлев, Божин Каранфилов и Атанас Љувчев.

Атанас Љувчев, роден е во 1921 година, во село Баровица, Гуменџиско. Во октомври 1942 година беше организиран во КПГ. Во 1943 година работеше како одговорен на ЕТА во своето родно село. Во април 1945 година влезе во редовите на македонското народноослободително движење. Во мај истата година влезе во воената група на НОФ на планината Пајак. На 2 септември 1945 година беше предаден заедно со другите другари. Загина херојски близу селото Корнишор. [115]

На 2 септември 1945 година, ноќта монархофашистите пристигнале близу до скривалиштето на илегалците и веднаш го обиколиле. Другарите не знаеле за нивната опасност. Прв стражарел Атанас Коровешов. Долго време тој стражарел, но ништо не забележал. Него го заменил Атанас Љувчев. Кога почнало да се разденува, Атанас Љувчев, трчајќи, почнал да вика: “Другари, сме сардисани!...” Илегалците изненадени,

[114] Види: Извештај од Лазо Поплазаров до Главното раководство на НОФ од 14 септември 1945 година, за дејноста на организацијата НОФ и ситуацијата во Гуменџиско и Ениџевардарско. “Егејска Македонија во НОФ, 1945”, Т. II. док. 145, с. 273-274.
[115] Истото.

веднаш го фатиле правецот кон селото Корнишор. Атанас Љувчев, како најмлад во групата, прв се упатил кон една височинка. Но монархофашистите, пукајќи по него, смртно го погодиле. Но и Божин Каранфилов, кој држел автомат, исто така отворил оган против непријателот. Во нерамната борба погинаа уште двајца раководители на НОФ: Атанас Коровешов и Коста Џинов-Бабјанчето. Тодор Анастасов успеал да се засолни под една густа капина. [116] Исто така успеале да се спасат Ристо Крлев и Божин Каранфилов.

По кратко време, Ристо Крлев, откако се извлекол од опасноста, пристигнал во главната јавка на раководството на НОФ, на височината Гандач. Таму го сретнал Лазо Поплазаров, функционер на НОФ и подробно му раскажал за трагедијата на своите другари. [117]

Наскоро, на височината Гандач пристигнале и другарите Тодор Анастасов и Божин Каранфилов.

Истиот ден, односно на септември, монархофашистите ги натоварile на коњ погинатите раководители на НОФ и ги спровеле во Енице Вардар за да го застрашат народот.

Така загина Атанас Коровешов, еден од најверните синови на македонскиот народ, а заедно со него и Коста Џинов-Бабјанчето и Атанас Љувчев, одани борци на македонското ослободително движење во времето кога му биле најпотребни на својот народ.

[116] Т. Анастасов, Првото крварење на НОФ... Глас на Егејците, Скопје, 1951, септември 4, II, 14, с. 4. Истото: Христо Андоновски, Збогум Насо и Коста. Иселенички календар, Скопје, 1969, с. 158-160.
[117] "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II, док. 145, с. 272-272.

ВАНГЕЛ ШАМАРДАНОВ – ИЛИНДЕНСКИ (1921-1948)

Со духот на Илинден, Македонците ја продолжија својата националноослободителна борба во Втората светска војна. Тој континуитет на македонската борба се симболизираше и со давањето имиња на воените единици на видни македонски илинденски дејци. Револуционерот Вангел Шамарданов [118] ја имаше ретката чест – го носеше псевдонимот "Илинденски."

Вангел Шамарданов е роден во 1921 година, во с. Кронцелово, Воденско, во сиромашно земјоделско семејство но со богати револуционерни традиции. Уште како едногодишно дете останува сирак. Неговиот татко, Вани, бил убиен во 1922 година од непозната арамиска банда. [119] Но благодарејќи на неговата мајка, тој можеше да расте и да се школува. Основното училиште го заврши во своето родно село. Според кажувањата на неговите роднини и пријатели, тој уште како мало дете бил многу бистар, умен и трудољубив. Секогаш по наставата во училиштето многу им помагал на домашните во полските работи за да можат да си обезбедат егзистенција.

Вангел често пати доаѓаше во градот Воден, каде се дружеше со напредни младинци и со тоа си ги збогатуваше своите знаења за тешкиот и огорчениот живот на македонскиот народ. Имаше голема желба да го продолжи своето школување во воденската гимназија, но поради немање на материјални средства за живеење, тој не можеше да ги реализира своите желби.

Во времето на германската окупација Вангел Шамарданов, како и многу други Македонци од Воденско, беше организиран во КПГ и ЕАМ. Но, поучен од дискриминаторската политика на грчките власти спрема македонскиот народ и поради неправилниот став на раководството на КПГ и ЕАМ во однос на

---

[118] Овој прилог, од истиот автор е објавен и во Гласникот на ИНИ, Скопје, 1979, XXIII, бр. 1, стр. 263-269, Тука го даваме со некои мали измени и дополнувања.

[119] Програма за споменично одбележување на настаните и ликовите од револуционерното минато на македонскиот народ од Скопје, Скопје, 1973, дел III, /бисти/, стр. 39-40. Ракопис, се чува во ИНИ.

македонското национално прашање, тогаш тој не пројавува некоја посебна активност. [120]

Присуството на македонската национална свест и љубовта кон својот народ дојдоа до полн израз во летото 1944 година кога дојде до формирање на Македонскиот партизански баталјон на Кајмакчалан. Уште од почетокот на неговото формирање, Вангел Шамарданов, иако не беше директен учесник во редовите на Баталјонот, со голема радост и воодушевување ја прими таа вест.

Во почетокот на 1945 година, со формирањето на македонската ослободителна организација ТОМО, Вангел Шамарданов со уште поголема љубов се вклучува во борбата против грчките монархофашисти и поради неговата активност во борбата за ослободување на македонскиот народ, тој стана и член на Окружниот одбор на ТОМО за Воденско.

Организацијата ТОМО на планината Кајмакчалан формира и свој партизански одред од македонски активисти на ЕАМ и ЕЛАС, кои по капитулантскиот договор во Варкиза беа прогонувани од страна на грчката полиција и жандармерија. [121]

Со цел да се синхронизира и организира дејноста на македонското национално-ослободително движење во егејскиот дел на Македонија против теророт на грчката реакција, како што е споменато е во друга прилика, на 23 април 1945 година беше формирана организацијата НОФ за Егејска Македонија. На 20 јуни истата година, на неколку километри надвор од Воден, меѓу селата Кронцелово и Влкојанево беше одржана Окружна конференција на организацијата ТОМО. На конференцијата беше анализирана дотогашната работа на формираните месни и селски организации на ТОМО и се донесе решение за преименување на организацијата ТОМО во НОФ за Воденскиот округ. Во новиот Окружен одбор на НОФ за Воденско во својство на член меѓу другите беше избран и Вангел Шамарданов.

[120] Истото.
[121] Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури. ИНИ, Скопје, 1975, стр.163.

Вангел Шамарданов, познат веќе и со псевдонимот Илинденски, со уште поголема љубов и пожртвуваност се зафати да ги извршува своите задачи. Од крајот на октомври 1945 година беше одговорен по финансиите во Окружниот одбор на НОФ за Воденско. [122] Од ноември истата година беше одговорен за печатот и заедно со Мирка Гинова беше задолжен да формира месни организации на НОФ во Мегленска околија. [123] Од втората половина на февруари 1946 година тој заедно со Петре Попов од село Долно Родиво, по одлука на Окружното раководство на НОФ за Воденско, беше испратен во Островска околија да организира месни организации на НОФ, НОМС и АФЖ на овој терен, [124] а од април истата година стана одговорен за идеолошка работа во Окружниот одбор на НОФ за Воденско. [125]

Кон крајот на 1946 година [126] Нивна цел беше да ја реализираат спогодбата на НОФ со КПГ и во Воденско, бидејќи тоа тие претходно го направиле во Костурско и Леринско. На активот на кадрите на НОФ од Воденско, на кој присуствуваа и претставници на КПГ, Паскал Митревски ги изнесе начелата на таа спогодба, убедувајќи го кадарот на НОФ дека таквата спогодба е неопходна, дека НОФ ќе остане и понатаму како посебна организација, но дека таа ќе се раководела од КПГ. [127]

На состанокот на активот на НОФ беа извршени нови промени во Окружниот одбор на НОФ за Воденско и за политички

[122] "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II, док. 179, стр. 341.
[123] Истото: док 197, стр. 372)
[124] "Егејска Македонија во НОБ, 1946", Т. III, док. 44, с. 110.
[125] Истото: док. 116, стр. 268.)
[126] Не е позната точната дата. Според Вангел Ајановски-Оче, тие пристигнале во Воденско во ноември 1946 година /Вангел Ајановски-Оче, "Егејски бури..., стр. 232/, а пак според искажувањата на покојниот Михајло Керамитчиев, кој по спогодбата на НОФ со КПГ, стана секретар на Главниот одбор на НОФ за Егејска Македонија, тие пристигнале кон крајот на декември истата година.), во Окружниот одбор на НОФ за Воденско пристигна дотогашниот секретар на Главниот одбор на НОФ Паскал Митревски заедно со други членови на раководството на НОФ. Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури..., стр. 232.
[127] Истото.

секретар беше поставен Вангел Шамарданов-Илинденски. Тој на таа должност остана се до мај 1947 година. [128]

По спогодбата на НОФ со КПГ се појавија меѓу нив некои нерасчистени организациони и политички прашања, и, имајќи го предвид теророт на монархофашистите против демократското движење кој уште повеќе се засили, беше неопходно да се расчистат тие прашања и да се синхронизира борбата против заедничкиот непријател. За таа цел, Главниот одбор на НОФ, на 20 мај 1947 година, на месноста "Мишови Колиби" на Кајмакчалан свика т.н. Земска конференција на НОФ за Егејска Македонија. [129] На оваа конференција /собир/ секретарот на Главниот одбор на НОФ за Егејска Македонија, Михаило Керамитчиев, поднесе реферат за внатрешната и надворешната ситуација во земјата, за успесите, односно слабостите и за натамошните задачи на НОФ. [130] На овој собир организациите на НОФ од Гумендиско и Енидевардарско беа обединети со организацијата на НОФ за Воденско и од тогаш тие се раководеа од Окружниот одбор на НОФ за Воденско. За политички секретар во новиот Окружен одбор на НОФ за Воденско беше избран Лазо Поплазаров, од с. Добролишта, Костурско, а дотогашниот секретар на НОФ за Воденско, Вангел Шамарданов-Илинденски, по одлука на Главниот одбор на НОФ и во согласност на Покраинскиот комитет на КПГ беше поставен за политички комесар на поголема единица на ДАГ на Кајмакчалан, [131]составена од околу 800 борци, предимно Македонци. [132]

Вангел Шамарданов-Илинденски уште од првите денови на борбата се соочува со националистичката и дискриминаторската политика на дел од раководството на КПГ и ДАГ што ја спроведуваа спрема политичкиот кадар на НОФ и македонските борци на овој терен. Тој со сите сили им се

[128] Истото: стр. 243.
[129] АМ, Збирка: Егејска Македонија во НОБ, 1945-1949, АЕ: 142. Истото: Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури..., 236-242.
[130] Истото: АМ, Збирка: Егејска Македонија во НОБ, 1945-1949, АЕ: 142.
[131] Позната од документите како 576-ти баталјон на ДАГ.
[132] Програма за споменично одбележување на настаните и ликовите од револуционерното минато на македонскиот народ..., с. 40.

спротивставуваше на погрешните тези на раководството на КПГ и цврсто ги бранеше целите и принципите на македонското национално-ослободително движење, но не најде разбирање кај старешинскиот кадар на ДАГ.

Во еден негов извештај, од 30 јули 1947 година, испратен до Главното раководство на НОФ, тој ја изнесува лошата состојба во ДАГ и бара да се преземат итни мерки за отстранување и сузбивање на неправилната политика на раководството на КПГ и ДАГ, истакнувајќи дека во спротивно оваа штетна политика ќе доведе до катастрофални последици за движењето. Во извештајот меѓу другото се вели:

"...Покрај масовното учество во борбата на Славеномакедонците со 70 до 75 отсто и покрај воената, материјалната и економската помош на ДАГ и покрај големиот развиток на ДАГ во нашиот окург, кој се должи на Славомакедонците и на нивната организација НОФ, постои сериозна болест кај грчките соборци. Никаква доверба и почит немаат кон Славомакедонците иако се овие поборбени, поеднодушни, пореволуционерни, политички и идеолошки поизградени, без никакви двоумења во споредба со грчкиот елемент кај кого постои обратното. За пример може да служат дезертерствата на Грците, додека од страна на Македонците нема такви појави, и доколку ги има тие се безначајни и веројатно се должат на лошиот однос на кадрите спрема партизаните, а кои и вам ви се познати..."

"...Нашиот народ во текот на двегодишната борба против монархофашизмот раководен од својата организација НОФ идејно и политички се изгради и ја издигна својата национална свест и низ друга призма ја гледа ситуацијата. Најголемо барање му е да се издигнат кадрите во ДАГ и сака да гледа во раководството Славомакедонците, а ова нешто денес не се прави онака како што требаше да се направи. Сето тоа човек може да го види само тогаш кога живее во редовите на ДАГ каде што постојано се коментира меѓу македонските партизани. Постои голем шовинизам кај грчкиот елемент, а тоа е резултат што раководството не се зафати колку што требаше тоа да го искорени. Кај македонскиот елемент не постои шовинизам, тој

е исчезнат и доколку постои тој е незначителен. Конкретно сакам да изнесам за мојата функција. За многу работи не ме запознаваат моите колеги-старешини, но тие работи едностранo го интересираат само мојот колега воениот командир Андреа.[133] Многу работи се вршат скришум од мене, а кореспонденцијата на баталјонот многу пати оди лично на командантот, без да се запознаам и јас со содржината".

"...Го молам раководството да посвети посебно внимание, бидејќи главната тежина и одговорност ја сноси тоа, бидејќи таквите односи можат да и нанесат големи штети на општата борба. Во оваа критична ситуација наместо да правиме чекори напред ние правиме чекори назад. Ова егоистично, недругарско, ненародно однесување и недобро оценување на ситуацијата ни штети и ќе се раскинува братството и единството на двата народа кое денес е фактор и првенствена задача за конечна победа. Таквите односи не се оправдани во никој случај...". [134]

Во есента 1947 годниа Вангел Шамарданов добива наредба од Главниот штаб на ДАГ, заедно со својот баталјон, да замине од Кајмакчалан за Југозападна Егејска Македонија и Епир. Во тоа време ДАГ имаше заземен став да води фронтална борба против монархофашистичките единици на секторот на планината Грамос и за таа цел таму ги концентрираше своите единици.

На 25 декември 1947 година Штабот на 670-та единица на ДАГ даде наредба да се нападне и преземе гратчето Коница, во Епир.[135] [136] Преземањето на Коница од страна на единиците на ДАГ претставуваше акција од големо значење, бидејќи Коница го спречуваше слободното движење и обединување на силите

[133] Андреас Андонакис-Орестис.
[134] Види: извештај од Вангел Шамарданов-Илинденски, политички комесар на 576-тиот баталјон на штабот на ДАГ Пајак-Кајмакчалан. АМ, Збирка: Егејска Македонија во НОБ, 1945-1949, АЕ: 170; Истото: Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури..., стр. 245-249.
[135] Иљо Димовски-Гоче, Акцијата за преземањето на Коница. Глас на Егејците, Скопје, 1950, декември 1, I, бр. 4.
[136] Овој прилог, од истиот автор, со мали измени е објавен и во Гласникот на ИНИ, Скопје, 1979, XXIII, бр. 2-3, с. 247-250.

на ДАГ што се наоѓаа на подрачјето т.н. Загорија со силите на ДАГ на планините Грамос и Вичо. [137]

Во огорчените борби за Коница, заедно со својот баталјон учествуваше и Вангел Шамарданов. [138] По завршувањето на борбите се дознало дека тој загинал на мистериозен начин. [139] Но до денес не е пронајден ниту еден документ во кој се тврди за местото и денот на неговото убиство. [140] Од некои искажувања на негови соборци се тврди дека тој загинал во борбите на Грамос 1948 година како офицер на ДАГ. [141] Но и тоа не е сигурно. Постои сомневање дека убиството на Илинденски беше извршено подло. Тоа произлегува од разговорот што го водел тој неколку месеци пред неговото убиство со Павле Раковски, член на потесното раководство на НОФ за Егејска Македонија, односно одговорен по агитација и пропаганда во Главниот одбор на НОФ. Раковски во своите сеќавања пишува: "...Малку време пред да се случи тоа, Шамарданов доверливо ми беше признал дека многу се плаши од грчките "другари" околу него, дека еден ден ќе го "спастрат". Тоа се случи под овие околности: Минував по Кајмакчалан некаде во април-мај 1947 година, [142] па сретнав една група борци-Македонци. Читаа еден леток. Овде постоеше клон од Главниот штаб на ДАГ – негов беше летокот. Грчки

---

[137] Истото.

[138] Програма за споменично одбележување на настаните и ликовите од револуционерното минато на македонскиот народ..., стр. 40; Истото: Вангел Шамарданов-Илинденски. Глас на Егејците, Скопје, 1952, ноември 13, III, бр. 28.

[139] Истото.

[140] Борбите на единиците на ДАГ за заземањето на градот Коница траеја од 25 декември 1947 година до 10 јануари 1948 година /Види: Иљо Димовски-Гоче, Акцијата на ДАГ за заземањето на Коница.../, а Првиот конгрес на НОФ за Егејска Македонија беше одржан на 13 јануари 1948 година на кој Вангел Шамарданов бил предложен во кандидационата листа за избор на новото централно раководство на НОФ /Види: Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури..., стр. 256/, следствено Шамарданов не можеше да загине во борбите за Коница.

[141] Ајановски, Вангел-Оче, Сеќавања и критички осврт за развојот на работничкото, комунистичкото и националното движење на Македонците во Воден и Воденско, дел II, стр. 370. Ракопис, се чува во ИНИ.

[142] Средбата, за која зборува Павле Раковски, не би можела да се случи пред 20 мај 1947 година бидејќи до тогаш Шамарданов не беше политички комесар на баталјонот.

леток на грчки јазик. Се обраќаше исклучиво до грчкиот народ. Ни збор за македонскиот народ, за македонските борци, за овие пред мене што ги затекнав да го читаат. А Македонците овде ја претставуваа основната сила на единиците на ДАГ, во некои, Македонците беа 80-85%. И не само тоа. Од борците дознав дека тие самите биле регистрирани како Грци. Имено, членовите на командата и штабот на клонот од Главниот штаб на ДАГ не го признавале националното постоење на македонскиот народ. Македонците ги сметале за Грци...” “Ме изненади и тоа што комесар на баталјонот, чии припадници беа оваа група борци, беше бившиот претседател на Окружниот одбор на НОФ за Воденско, Вангел Шамарданов. Останавме сами. На прашањето: како тој може и ја трпи ваквата ситуација? Долго време молчеше, не одговараше. Неговото лице потемне, изразувајќи длабока болка. На крајот, кратко ми одговори: “Ми е страв... Тие и така еден ден ќе ме “спастрат” “...Не помина многу време потоа, комесарот на баталјонот, Вангел Шамарданов доби куршум во грб, а масата македонски борци беа испратени на кланица на грчкиот Југ...” [143]

Интересно е, а секако не е случајно и тоа што неговото име не се споменува во книгата “Ироес ќе мартирес” /Херои и маченици/, во издание на раководството на КПГ во емиграција, 1954 година, иако таму се споменуваат и обични борци. Неговото име не се споменува ни во книгата “За света народна слобода”. Ликови на паднати народни борци. Политички и литературни изданија, издадена во 1968 година на македонски јазик, а во издание на истото раководство, која содржи ликови и биографии на македонски активисти и борци од Егејска Македонија.

На крајот да заклучиме дека со смртта на Вангел Шамарданов-Илинденски како и на многу други истакнати борци од егејскиот дел на Македонија не беше спречен револуционерниот бран на македонскиот народ во борбата за извојување на неговите национални и социјални права, туку напротив, таквите стремежи и тенденции се движеа по една

[143] Цитирано од Павле Раковски: “Во длабоката ноќ зората се раѓа”. /Сеќавања, размислувања, сознанија/, Скопје, 1973, стр. 140-141. Се чуваат во ИНИ.

нагорна линија, за да добијат во текот на Граѓанската војна во Грција еден помасовен карактер. За тие права и идеали Илинденски го жртвуваше и сопствениот живот.

ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ (1925-1948)

"…Драги чичко, ако дојде време Лерин да го ослободите дојди и ти, донеси ја мојата мајка и двете сестри, побарај ја мојата гробница за да сронат солзи крвави, за моите коски да се накиснат и мене да ме разбудат..."
Лазо Ангеловски

Ретки се револуционерите од типот на Лазо Ангеловски [144] кои за доброто на својот народ, рано го положија својот живот во олтарот на македонската слобода. Како учител во слободната и полуслободната територија на ДАГ, се настојуваше и тој да замине со евакуираните деца од Егејска Македонија во народните републики. "...Не сакам одговори Лазо, да заминам преку граница за да живеам слободен живот. Ако загинам, нека загинам барем во родното место..., заедно со својот народ." [145]

Лазо Ангеловски е роден на 10 август 1925 година во селото Граждано, /Преспа/, Леринско, во печалбарска сиромашна фамилија, но со богати револуционерни традиции. [146] [147]

Веднаш по Балканските војни /1912-1913/, неговиот татко Филип беше принуден да замине на печалба во Америка. Во 1920 година тој се враќа во родното село и продолжува да се занимава со земјоделска работа. Во 1927 година, Филип повторно оди во Америка на печалба. По десет години пак се враќа во родното село. По извесно време заминува за Америка и повеќе не се враќа дома. [148]

---

[144] За револуционерната и просветната дејност на Лазо Ангеловски исто види Христо Ристовски, Некои нови сонанија за просветната и револуционерната дејност на Лазо Ангеловски. Историја, Скопје, 1983, XIX, бр. 2, стр. 219-235

[145] Од приватната архива на Веза Ангеловска, сестра на Лазо.

[146] Дедо му на Лазо Ангеловски, Ангеле, како учесник во Илинденското востание беше затворен од турските власти во Солун, каде што почина во злогласниот затвор Еди-Куле.

[147] Чичко му на Лазо, Петре Ангелов, беше познат како истакнат преспанско-ресенски војвода. Поради неговото спротивставување на бугарскиот двор, во 1933 година беше ликвидиран од врховистичките платеници во градот Хасково, Бугарија.

[148] Од приватната архива на Веза Ангеловска...

Во периодот 1931-1937 година, Лазо Ангеловски го посетуваше грчкото основно училиште во родното село. За време на наставата тој често пати беше пофалуван од наставниците за добрите успеси во учењето.

Во есента 1937 година, односно по завршувањето на основното училиште, Лазо се запишува во леринската гимназија. Уште по првото полугодие, тој беше пофален од школските власти за неговото примерно учење.

Кон крајот на октомври 1940 година, односно со нападот на фашистичка Италија на Грција, Лазо, како и другите ученици во гимназијата беше принуден да го прекине своето школување. Но школските власти им дадоа на учениците од последната година уверение за завршено школување.

За времето на германско-италијанската окупација во земјата /првите две години/, Лазо му помагаше на стрико му Атанас во земјоделските работи.

Во втората половина на 1942 година, по селата на Преспанска околија почнаа да се движат прогресивни илегалци со цел да го запознаваат народот со воено-политичката ситуација во земјата и да го организираат за отпор против окупаторот. Во Граждано, тие се појавиле прво во куќата на селскиот поп. Тука беше одржан првиот состанок со видните селани во Граждано. Тие дискутирале за политичката ситуација во околијата и за задачите на селаните во борба против фашистичките окупатори. Лазо Ангеловски, иако уште млад, беше задолжен да врши позадински задачи. Подоцна тој стана главна врска на селаните со партизанските единици на ЕЛАС и одредите од Вардарска Македонија кои често пати престојуваа во Преспанска околија. Со оваа работа тој се занимавал се до крајот на 1944 година, односно до прогонувањето на германско-италијанските и бугарските окупатори од Грција. [149]

[149] Истото.

Во ноември 1944 година, во Преспанско беше најавена вест дека младинците кои имаат завршено гимназија и сакаат да се запишат на курсот за народни учители и тоа на македонски јазик, веднаш да се пријават во Костур. Лазо со голема радост и воодушевување ја прими оваа вест. Тој веднаш пристигнал во Костур каде се очекувало да се отвори најавениот курс. Тука беа дојдени младинци и од другите македонски села. Но какво беше изненадувањето на Лазо и на другите младинци кога се дозна на другиот ден од управникот на курсот дека тука нема да се учи на македонски јазик. [150] По упорното настојување на младинците, управникот на курсот, кој беше познат како закоравен антимакедонец, беше принуден да им ги најави "вистинските" причини за да не се учат на македонски јазик. Тој буквално им рекол: "...Нема да се учи на македонски јазик… Кој сака да се учи на грчки јазик и да стане грчки учител, нека остане... Други училишта нам не ни се потребни... Кои се Вулгарофони, а сакаат да го напуштат училиштето, нека дојдат во канцеларијата да си ги земат документите..." [151]

Лазо Ангеловски, со нажалено срце, заедно со двајца другари отиде кај управникот за да си ги повлече своите документи. Но управникот упорно настојувал тие да останат во училиштето. Тој им ветувал дека по завршувањето на учителскиот курс, тие ќе можеле да работат како наставници на грчки јазик и тоа не во селата, тука во градовите. Лазо, разочаран од ваквата одлука на грчкиот управник, се вратил во родното село.

По неколку дена, Лазо добива писмо од стрико му Атанас, кој како припадник на Првата ударна бригада на Македонците под Грција престојувал во Битола. Во писмото тој го молеше Лазо да дојде што побрзо во Битола за да се запише на семинарот за македонски народни учители. Пријатно изненаден, по три дена тој пристигна во Битола и веднаш се пријави во Битолската гимназија каде се одржуваше курсот за македонски учители. [152]

---

[150] Ристо Кирјазовски, Животниот пат на учителот Лазо Ангеловски и неговата трагична смрт. Просветно дело, Скопје, 1972, бр. 10, стр. 639-640.
[151] Христо Ристовски, Некои нови сознанија за просветната и револуционерната дејност на Лазо Ангеловски..., с. 224.
[152] Истото: стр. 225.

На 15 јануари 1945 година, Лазо Ангеловски, откако успешно ги положи испитите, веднаш беше назначен како прв македонски учител во селото Брајчино, Ресенско. Може слободно да се подвлече дека со тоа се исполни најголемата желба на Лазо. Во Брајчино се покажа како вистински народен учител. Неуморно и со голем елан работеше за да ги просвети Македонците од овој крај на својот мајчин јазик.

За време на летниот распуст истата година, Лазо го посетуваше вториот, односно вишиот учителски курс во Битола. По неговото завршување тој беше назначен за управник на основното училиште во с. Смилево, Битолско. [153] Тука тој имаше можност да се запознае и со истакнати македонски револуционери од времето на Илинденското востание. Покрај своите секојдневни службени задачи, Лазо често пати учествуваше и во организираните потери против балистичките банди кои дејствувале на овој терен.

Во 1946 година, за време на летниот распуст, Лазо Ангеловски полага испит по марксизам-ленинизам и по политичка економија во Скопје. Благодарејќи на неговото просветно-политичко изградување, Министерството за просвета на НР Македонија, со указ број 273/1946 година, кон крајот на 1946 година го назначува за управник на детскиот дом "Мерџан", во Тетово. Подоцна беше назначен за управник во детскиот дом за сирачиња во Скопје. [154] Покрај својата секојдневна работа како управник во детскиот дом во Скопје, тој предаваше марксизам и политичка економија при партиските курсеви кои беа организирани еднаш неделно.

Лазо Ангеловски беше неуморен просветен и општествен работник. Благодарејќи на неговото политичко изградување, тој беше избран за секретар на КПМ на Вториот реон во Скопје, а потоа началник на пионерскиот одред во Скопје. Сите задачи совесно и навреме ги извршуваше. И затоа беше многу сакан и почитуван од сите. Вреди да се подвлече дека поради ваквите просветно-општествени квалитети, подоцна тој беше избран за

[153] Ристо Кирјазовски, Животниот пат на учителот Лазо Ангеловски и неговата трагична смрт..., стр. 641.
[154] Од приватната архива на Веза Ангеловска...

член во одборот за Народна просвета при Министерството за просвета на НР Македонија. [155]

Кон крајот на 1946 година, Министерството за просвета на НР Македонија донесе решение да се подготват, а потоа да се испратат по сите краишта на Македонија наставници кои ќе отворат училишта со македонски наставен јазик. Врз основа на оваа одлука и по лична желба, Лазо се реши да оди во Егејска Македонија, односно во слободната територија на ДАГ. Претходно, откако се снабди со потребни материјали натоварени на камион кој му беше даден на располагање, на 8 март 1947 година, преку Битола и Љубојно пристигна во слободното село Герман, Преспанско. Како член на Комисијата за просвета при Главниот одбор на НОФ, подоцна тој добива задача да подготви на слободната територија наставници по македонски јазик. За исполнување на таа цел, на 1 ноември 1947 година, во с. Герман беше отворен Курс за македонски народни учители "Гоце Делчев". На овој курс Лазо предаваше македонски јазик. [156] Подоцна, односно во јануари 1948 година, сличен ваков курс беше одржан во с. Желево, Леринско. На курсот во Желево, Лазо беше назначен за управник. [157] Паралелно со овие задачи, Лазо ја вршеше функцијата инспектор за просвета на слободната територија на Егејска Македонија. [158]

Со просветната дејност во овој дел на Македонија Лазо Ангеловски се занимаваше се до крајот на пролетта 1948 година. Во тоа време, грчките монархофашисти со помошта на англоамериканските интервенционисти организираа секојдневни истребувачки воени акции со цел потполно да го уништат прогресивното македонско и грчко население. Во ваквите тешки услови на борбата, Привремената демократска влада на Грција, во март 1948 година донесе решение сите

[155] Истото.
[156] Уверение од Курсот за македонски народни учители од 20 декември 1947 година, на Архир Костов Цанѕовски, дека го завршил курсот со успех, "Егејска Македонија во НОБ, 1947", Т. IV. Архив на Македонија, Скопје, 1980, док. 109, стр. 370. Истото: док. 110, стр. 371.
[157] Истото: док. 110, с. 371, фуснота 3.
[158] Истото.

малолетни деца кои се наоѓаат на слободната и полуслободната територија на ДАГ да се префрлат преку граница за да се спасат од ужасот на војната.

Лазо Ангеловски добива задача да подготви список на сите деца кои требаше да се евакуираат, односно по групи да ги испраќа до грчко-југославенската граница. Неколку дена по ред, тој во својство на водич, децата кои доаѓаа од внатрешноста на слободната и полуслободната територија ги префрлуваше во с. Љубојно.

Последната група малолетни деца беше испратена од селата: Граждано, Орово, Трно, Дробитишта и Нивици, Преспанско. Заедно со оваа група деца замина и малолетната сестра на Лазо, Веза, преку која испратил и едно писмо до стрико му Атанас. Во писмото тој пишуваше: "Драги чичко!... Денес за последен пат се поздравив со сите наши деца како и со помалата моја сестра Веза. Ти ги испраќам тебе за да ги пречекаш. Јас ќе останам со народот за да ја продолжам борбата. Тука сите настојуваа да заминам и јас со децата. Но јас не се согласив..." [159]

Од овој момент Лазо почнал да се движи по сите борбени позиции на ДАГ. Во својство на секретар на Окуржниот одбор на Народната власт во Леринско, тој ги обиколуваше сите села на слободната и полуслободната територија и го повикуваше народот во борба против реакцијата.

Во првите денови на август 1948 година, Лазо Ангеловски, враќајќи се од селото Света Петка, каде престојуваше по организациона задача, пристигна во селото Буф, Леринско. Тука тој свика состанок со определени лица, а потоа одржа опширна конференција со селаните од Буф и од другите соседни села. На конференцијата тој им зборуваше на селаните тие да ја продолжат борбата за извојување на својата слобода. Меѓутоа, некои од селаните кои присуствуваа на конференцијата забележале една грчка монархофашистичка патрола која се движела кон планината над селото Буф. Но Лазо

[159] Христо Ристовски, Некои нови сознанија за просветната и револуционерната дејност на Лазо Ангеловски..., стр. 230

иако ја чувствуваше опасноста, со еден свој другар се решил да ноќева во една селска племна.

На другиот ден, Лазо долго ја чекал врската, но таа не доаѓала. Еден од селаните им рекол на двајцата другари дека патот е слободен и дека тие можеле да си одат. Непречувствувајќи ја опасноста, Лазо сакаше да тргне. Неговиот другар го убедувал тие да не одат. Но Лазо беше категоричен и тие тргнале. Прв одеше Лазо, а по него, на растојание од околу 50 метри чекореше неговиот другар. Но одејќи така, изненадено паднаа на заседа. Со еден рафал од автомат, монархофашистите го ранија Лазо во десната нога. [160] Неговиот другар успеал да се спаси. Лазо беше заробен и врзан спроведен во селото Буф за да го идентификуваат селаните. Но тие не го предадоа. Од Буф беше префрлен во леринскиот затвор. Тој тука беше предаден од отпадникот на македонскиот народ, Сотиракис. Но Лазо, иако беше sверски мачен, ништо не призна за неговата револуционерна активност.

По петдневни долги мачења, Лазо беше фрлен во ќелијата полумртов. Тројца затвореници дојдоа да го земаат за да го закопаат бидејќи се претпоставувало дека е мртов. Но какво беше изненадувањето на началникот на затворот, кога го видел дека се уште е жив! Началникот го прашал дали сака тој да се спаси, односно да се откаже од борбата. Ако сака да се спаси, му рече началникот, ќе треба да подготви еден говор кој ќе го одржи пред затворениците. Во својот говор, Лазо требаше да го нападне Народноослободителното движење на македонскиот и грчкиот народ. Но Лазо место говор, скришум од жандармите го пишува последното свое писмо до својот сакан и незаборавен стрико Атанас:

“Незаборавен чичко Атанас!

Со тебе сме делеле добро и зло. Не знам дали научи за нашето нештастие. Фатен сум од страна на грчките монархофашисти. Во затвор сум, во темница, во Лерин. Нема ништо до мене, сал тиранин стражар на брата стои и мене ме чува, со мене не

[160] Од приватната архива на Веза Ангеловска...

зборува. Распарчен сум во устата со куршум. Левата рака ме боли, сум тепан со кондак. Чичко, знам дека веданаш ќе се лутиш ти на мене и ќе плачеш за мене... Знам, највеќе ќе се лутиш за тоа што не те послушав тебе, ама се е свршено, судбината таква била. Знај, зборовите твои ме душат, ама сега се е празно. Јас немам поблизок од тебе. Јас памтам како заедно живеевме и зборувавме по цели ноќи. Затоа прости се засекогаш.

Знам, што те кладов во големо нештастие... Се, оставам на тебе. Ако го земеш ова писмо па ти извести ги моите роднини: татко, мајка и другите мои. Јас и порано ти пишав за се, оставам топли засекогаш поздрави до сите мои: мајка и сестри. Но, сакам да речам Вие сите заради мене ќе плачете, зошто – кога си ти...

Чичко, ако го земеш писмото бездруго знај за последното ова: оставам мајка, татко и сестри две на тебе. Засекогаш ти да ги гледаш. Да не ти зборувам како отсекогаш што сме зборувале. Јас нема друго што да ти пишувам. Ти знаеш, затоа што ти мене ме советуваше. Затоа, од тебе сум крајно благодарен.

Секогаш очекувам да умрам... Мачен сум по казна, тепан, да не ти пишувам, ме тераат да зборувам за движењето, против ДАГ па потоа да бидам ослободен. Јас избрав смрт, не, нема да зборувам по никоја цена.

Ранет сум во уста, секој ден пред мене богат наши другари на стрелање. Тие збогум од сите нас земаат. Едни ги бесат, други ги стрелаат... Вратата се отвора, до мене таков глас се слуша: пискања и врескања, па и јас на исто чекам, што друго да чекам?

Сите викаат, плачат, збогум земаат од мила мајка Македонија. “Збогум мои другари, јас немам никој на овој свет”, пак се слуша. Сакам некогаш сам да заплачам затоа ти пишувам при памет и една рака а овој што шепоти шпион ќе не прати осудени до крај.

Драги чичко, ако дојде време Лерин да го ослободите, дојди и ти донеси ја мајка ми и сестри ми па побарај ја мојата гробница,

за да сронат солзи крвави за моите коски да се накиснат и мене да ме разбудат.

Писмото го пишувам по ноќи и денови, во секое време проверки вршат тирани грчки, корофилаци клети. Вака било и живот за мене не чекај. Сам на таква одлука се одлучив.

Денес на говорница ќе ме избедат да говорам против организацијата и партизаните на Маркос. [161] Да, смрт ме чека. Но секој кој овде влезе сал мртов излегува. Па затоа јас не се откажувам.

Речено ми е пред другите затвореници говор утре да одржам или смрт да изберам. Некои мене ме охрабруваат, други пак ме кандисуваат да зборувам, ами против кого да зборувам? Јас немам поблизок и свој да ме разбере поарно од тебе. Затоа јас пред крај, тебе ти го пишувам писмото. Да знаеш, јас не се покорив, јас ја избрав смртта. Така, знај дека деновите се проодливи, мене смрт ме чека.

Мене, не ме страши смртта, не, ништо нема да зборувам. Нека знае целиот свет, мајка, татко и двете сестри...

За последен пат, збогум најпрвин со тебе и со моите најблиски земам. Поздрав на секој носи, за последен пат од твојот внук Лазо.

Смрт на ф...
Лерин 18 08. 1948 год. [162]

На другиот ден, Лазо, врзан за воен џип, беше влечен по улиците на градот Лерин дури не згасна неговиот живот. [163]

---

[161] Вафијадис Маркос, за времето на Граѓанската војна во Грција извесно време беше воен командант на ДАГ и претседател на Привремената демократска влада на Грција.
[162] Цитирано од Христо Ристовски, Некои нови сознанија за просветната и револуционерната дејност на Лазо Ангеловски..., стр. 232-233.
[163] Јордан Конев, Порака пред смртта. Нова Македонија, Скопје, 1981, јануари 10 стр. 4.

Така загина Лазо Ангеловски, племенит и истакнат македонски просветен работник, борец и револуционер чии заслуги ќе служат како пример за идните македонски поколенија.

КРСТО МАНГОВ (1912-1949)

Револуционерното костурско село Дмбени даде огромен број борци во македонската национално-ослободителна борба, меѓу кои потесно место заземаат: Нољо Бриченко, Лазо Поптрајков, Лазо Москов, Лазо Трповски и други. За време на Граѓанската војна во Грција, поради масовното учество на неговите жители во движењето на отпорот, во 1948 година до темел беше уништено од грчките монархофашисти. [164] Во периодот 1945-1949 година, селото Дмбени изгуби и голем број свои верни синови и ќерки. Еден од најистакнатите е и Крсто Мангов. Тој е роден во 1912 година, во сиромашно земјоделско семејство. Уште од најмлади години тој ги следи револуционерните традиции на своите претци и со голема љубов се вклучува во борбата на национално и социјално ослободување на македонскиот народ.

По окупирањето на грција од страна на германско-италијанските фашистички агресори, Крсто Мангов меѓу првите во селото се вклучува во борбата против туѓите поробувачи. Во 1943 година, поради неговата активност во ослободувањето на македонскиот и грчкиот народ стана член на Околискиот комитет на КПГ за Костурска околија. Истовремено во редовите на СНОФ, тој неуморно го агитираше македонскиот народ во борба против туѓите агресори и домашните предавници. [165]

Неговата револуционерна активност посебно беше забележана во борбата против бугарската фашистичка пропаганда која во тесна соработка со германско-италијанските окупатори и со грчката квислиншка власт ги вооружуваше заведените од бугарската пропаганда елементи во Костурско во борба против Народноослободителното движење на македонскиот и грчкиот народ. [166]

---

[164] Атанас Близнаков, Д'мбени и револуционерното минато во Костурско. Мисла, Скопје, 1982, стр. 196-198.
[165] Евдокија Фотева-Вера, Крсто Мангов. Нова Македонија, Скопје, 1971, август, XXVII, 8819, стр. 5.
[166] Истото.

Со формирањето на Првата ударна бригада на Македонците под Грција во ноември 1944 година, Крсто Мангов стана политички комесар на баталјон во Бригадата, [167] до крајот на Втората светска војна се бореше во таа должност.

По потпишувањето на капитулантскиот договор во Варкиза, Крсто Мангов доброволно се враќа во родниот крај и, како искусен раководител, подоцна меѓу првите се вклучува во организирањето и омасовувањето на македонскиот народ во редовите на организацијата НОФ во Костурска околија. [168] Спроведувајќи ја програмата и директивите на Главното раководство на НОФ, тој неуморно и пожртвувано работи за зацврстување и проширување на македонското народноослободително движење во својата околија. Често пати организираше и протестни акции против нечуениот терор на грчките вооружени банди и, заедно со прогресивните Грци, се бореше против крвавиот терор што го наметна грчката реакционерна влада.

На 20 мај 1947 година, на Земската конференција на НОФ, одржана во месноста "Мишови Колиби" на Кајмакчалан, Крсто Мангов беше избран за прв секретар на Околискиот одбор на НОФ за Костурска околија. [169] Уште од првите денови на таа должност, тој со љубов и пожртвуваност се вклучува во борбата против бесот на грчките вооружени владини војски. Водејќи секојдневни борби тој херојски се бореше против грчките монархофашисти и два пати беше ранет.

Во еден свој извештај од ноември 1947 година, кој го испратил до раководството на Главниот одбор на НОФ во врска со воено-политичката ситуација во Костурска околија го пишува следното:

"...Монархофашизмот повторно ја почна својата стара тактика и почна да употребува поварварски средства, мислејќи дека на тој

[167] Според сеќавањата на Васко Макриевски, од село Смрдеш, Костурско и Минчо Фотев, од гратчето Рупишта.
[168] Атанас Близнаков, Д'мбени и револуционерното минато во Костурско..., стр. 182.
[169] Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури..., стр. 242.

начин ќе ја постигне својата цел, со блокадите, со кои не му дозволуваше на населението ништо да изнесува од градот...”

На последниот состанок на Окружниот одбор го констатиравме следното:

1/ убиени 5; 2/ тепани 6; 3/ обесчестени жени 7; 4; уапсени 37; 5/ ограбени овци 1.450; 6/ опљачкани куќи 47; 7/ изгорени куќи 5; 8/ изгорени плевни 50 и многу други лошотии за кои немаме податоци...”

Пропагандните напори на монархофашистите се насочени кон тоа како и на кој начин да влезат во редовите на демократското движење. Настојувајќи да уфрлат разни агенти во нашите редови, шират разни пароли дека ги разбиле партизаните, дека партизаните нема каде да се потпрат, дека се борат за странски интереси, за интересите на Тито и Димитров, дека ги земаат на сила вашите девојки за да им мине времето, дека НОФ е контрачетничка организација, а неговите раководители се вемеровци, дека на оној што ќе се фати да е организиран во НОФ ќе му биде судено и ќе биде осуден на смрт. Од лошотиите што ги изнесовме погоре, тие, главно, се вршат против словеномакедонскиот елемент, бидејќи оттаму тие ја гледаат опасноста. Увидувајќи дека словеномакедонскиот народ зеде најактивно учество и во вооружената и во невооружената борба, непријателот ги впрегна сите сили да го уништи.

Покрај сите страшни и нечесни средства што ги применува, тој сепак не успеа да го поколеба нашиот народ. Иако во времето на операциите успеа да создаде една збрка, сега народот го расчисти својот став и неговиот морал почна да се издига на висок степен и да се воодушевува со демократското движење и да дава се за борбата. Вербата на нашиот народ произлегува од следново: 1/ што нашиот народ е поврзан душевно со борбата; 2/ што на политичко-идеолошкиот сектор се разви до поголем степен и е во состојба да расчисти и да разбере каква е политиката на демократското движење, а каква на империјалистите и 3/ што ги гледа успешните удири и тактика на ДАГ и неуспесите на монархофашизмот...”

“Нашиот народ, организиран во НОФ, чувствува едно олеснување и му верува на НОФ. Тој разбра дека раководен од НОФ ќе успее да ја зајакне својата борба и да го уништи непријателот...”

“...Словеномакедонецот организиран во НОФ, раководен од НОФ, почнува да чувствува дека е Македонец, неговото национално сознание да се наоѓа на многу високо ниво, така што ако некој му прозбори нешто што е спротивно на словеномакедонската реалност ќе му ги извади очите. Тој е горд што е Македонец и дека се бори за да ги добие националните права...” [170]

На Првиот конгрес на НОФ за Егејска Македонија кој беше одржан на 13 јануари 1948 година, во селото Вмбел, Костурско, Крсто Мангов беше избран за член на Главниот одбор на НОФ, [171] а на Вториот конгрес на НОФ, кој се одржа на 25-26 март 1949 година, во селото Нивици, односно во месноста “Африка”, Преспанско, беше избран за член на Извршниот комитет на Главниот одбор на НОФ за Егејска Македонија. [172] Претходно беше избран за претседател на Околискиот одбор на Народната власт за Костурска околија. [173]

Од овој момент Крсто Мангов, со уште поголема љубов и пожртвуваност се бори и работи за спроведување на линијата на НОФ – како политички носител на народната власт – за организирање проширување и зацврстување на локалната народна власт, за отварање на македонски народни училишта итн. Но таа негова патриотска активност беше прекината на 11

[170] Извештај од Крсто Мангов, секретар на Окружниот одбор на НОФ за Кострушко, до Главното раководство на НОФ за дејноста на НОФ во месец октомври 1947 година. “Егејска Македонија во НОБ, 1947”, Т. IV, док. 117, стр. 379-383.
[171] Именичен список на членовите на Главниот одбор на НОФ на Македонците од егејскиот дел на Македонија избрани на Првиот конгрес на НОФ. “Егејска Македонија во НОБ, 1948”, Т. V, док. 16, стр. 45.
[172] Истото: док. 185, стр. 347.
[173] “Егејска Македонија во НОБ, 1949”, Т. VI, док. 129, с. 265. Истото: “За света народна слобода”. Ликови на паднати народни борци. Политички и литературни изданија, 1962, стр. 153.

август 1949 година, односно неколку дена пред завршувањето на Граѓанската војна во Грција. Имено на тој ден, во непосредна близина на селото Брезница, Костурско, односно на линијата на фронтот, во моментот кога се водеа жестоки борби помеѓу единиците на ДАГ и единиците на грчката кралска армија, една непријателска артилериска граната смртно го погоди и стави крај на неговиот револуционерен живот. Од истата граната погина и генералот Никос Теохаропулос-Скотидас, командант на X дивизија на ДАГ. [174]

Крсто Мангов како и десетици Македонци од егејскиот дел на Македонија целиот свој живот го посвети во борбата на национално и социјално ослободување на македонскиот народ, и како таков за секогаш ќе си остане во мислите на својот народ.

[174] Евдокија Фотева-Вера, Крсто Мангов. Нова Македонија, Скопје, 1971, август 11, XXVII, 8819, стр. 5.

ПАНДО ШИПЕРКОВ (1921-1948)

"...Ако имав и пет такви синови не ќе ми беше жал ако ги дадев за делото на слободата на македонскиот и грчкиот народ...", [175] вака рече Никола Шиперков на погребот на својот син Пандо. [176] Тој е роден на 10 јануари 1921 година, во с. Смрдеш, Костурско, во сиромашно земјоделско семејство. По завршувањето на основното училиште во родното село, продолжи да учи и да работи шивачки занает кај селскиот шивач Христо Калеа. [177] Учењето на шивачкиот занает му овозможи поблиско да се запознае со прогресивните идеи што ги шириа напредните младинци во шивачката работилница на неговиот мајстор.

Окупацијата на Грција од страна на германските, италијанските и бугарските фашистички војски, Пандо го затекна како шивачки работник. Но тој, уште претходно напоен со прогресивни идеи, веднаш се определува за борба против окупаторот.

Во јуни 1941 година, Пандо учествува на собирот кој беше организиран по повод одбележувањето на годишнината на битката кај месноста Локвата каде што во 1903 година, во нерамна борба со турскиот аскер загинаа 13 востаници од селските чети, меѓу кои и од с. Смрдеш. [178]

На 1 јули истата година, група антифашисти од селото го искористила традиционалниот селски собир, кој се одржувал секоја година на месноста Св. Врач, за да го манифестира отпорот спрема окупаторот и да ги сузбие почетоците на бугарската фашистичка пропаганда во Костурско. На собирот дојде дури до физичко пресметување со бугарските емисари

---

[175] Програма за споменично одбележување на настаните и ликовите од револуционерното минато на македонскиот народ во Скопје. Скопје, 1973, дел III /бисти/, стр. 165. Ракопис, се чува во ИНИ.

[176] Овој прилог, од истиот автор е објавен и во Гласникот на ИНИ, Скопје, 1982, XXVI, бр. 2-3, стр. 279-284. Тука го даваме со некои мали измени и дополнувања.

[177] Според сеќавањата на Коста Шиперков, од село Смрдеш; борец во НОБ.

[178] Според сеќавањата на Васко Макриевски, од истото село.

каде што италијанските карабинери употребија и воено оружје. Во овој судир Пандо покажа голема храброст. [179]

Во есента 1941 година, во родното село на Пандо Шиперков беше формирана првата комунистичка ќелија на КПГ. Пандо како член на таа организација активно се вклучува во борбата против окупаторот. Таа негова активност без прекин ќе трае се до неговата смрт.

Во почетокот на 1943 година, во с. Смрдеш почнуваат подготовките за формирање на партизански одред кој би го составувале партизани од родното село на Пандо Шиперков и од другите околни села.

Во доцното лето истата година, Пандо Шиперков со група истакнати истомисленици од селото Смрдеш и од другите околни села одат во партизани. [180] Од овие и од други македонски борци формиран е одредот "Лазо Трповски". [181] За прв командант на одредот е именуван Наум Пејов, а за политички комесар Димитар Шишковски. Подоцна, односно во пролетта 1944 година, борците на одредот "Лазо Трповски" беа вклучени во составот на втората чета, во втроиот баталјон на 28-от полк на ЕЛАС.

Пандо Шиперков учествува во сите борби што ги водеше вториот баталјон на 28-от полк на ЕЛАС на теренот Вичо [182] под команда на Аристотелис Хутурас-Аријанос. Од најзначајните борби можат да се истакнат борбите за разоружување на контрачетите, нападот на германските позиции на планините Бигла и Вичо, прифаќањето и разоружувањето на ерменските единици кои беа вооружени од Германците и распоредени на теренот Лерин – Корча и други. [183]

[179] Според сеќавањата на Мичо Каранџовски, од истото село.
[180] Според сеќавањата на Васко Макриевски и Мичо Каранџовски...
[181] Според сеќавањата на Минчо Фотев, од гратчето Рупишта.
[182] Истото.
[183] Истото.

Но, и покрај искреното настојување на македонските партизани, по пат на заедничка борба против окупаторот и домашните предавници да докажат дека се за заедничко и рамноправно живеење со Грците во егејскиот дел на Македонија, раководството на КПГи ЕЛАС во Костурско продолжуваше да води политика на сомневање и недоверба спрема македонските партизани. Во знак на протест, една група борци, која служеше во вториот баталјон на 28-от полк на ЕЛАС, согледувајќи го опортунистичкиот и шовинистичкиот став на грчкото раководство на отпорот спрема Македонците од овој дел на Македонија во почетокот на мај 1944 година ги напушти единиците на ЕЛАС и премина во Вардарска Македонија каде во составот на Првата македонско-косовска ударна бригада ја продолжи борбата против окупаторот на планината Караорман.[184] Заедно со групата македонски партизани во вардарскиот дел на Македонија премина и Пандо Шиперков.

Споменатата група македонски партизани од Костурско, во состав од околу 30 борци, во почетокот беше распредена во првиот баталјон на македонско-косовската бригада. Подоцна од истите партизани беше формирана посебна чета.

На 20 мај 1944 година, во селото Селце, под Карорман беше формирана првата партиска организација составена исклучиво од Македонци од Костурско, во чиј состав меѓу другите влегуваше и Пандо Шиперков. [185]

На 8 јуни истата година, во селото Локов дојде до формирањето на Првата македонска ударна бригада, во чиј состав влегоа сите борци дојдени од Костурско и Леринско. Тие претставуваа посебна воена единица. За командант на Првата македонска ударна бригада беше именуван Вангел Чукаловски, а за политички комесар Никола Тодоровски-Канински.

Во втората половина на јуни 1944 година, во составот на Првата македонска ударна бригада се приклучи уште една група

[184] "Егејска Македонија во НОБ, 1944-1945", Т. I, Ахрив на Македонија Скопје, 1971, док. 105, стр. 118-119, док. 106, стр. 119-121, док. 107, стр. 121-122, док. 112, стр. 126-128 и док. 116, стр. 130-133.
[185] Според сеќавањата на Васко Макриевски и Мичо Каранџовски...

Македонци од Костурско – борци на ЕЛАС и активисти на организацијата СНОФ во состав од околу 45 лица.

Кон крајот на јуни, борците од Костурско формираа посебен баталјон. Овој баталјон беше прва поголема македонска партизанска единица во вардарскиот дел на Македонија, составена од борци од делот на Македонија под Грција. Командант на баталјонот беше именуван Атанас Коровешов. Пандо Шиперков беше назначен за политички комесар на втората чета во Баталјонот. [186]

Во првата половина на јули 1944 година, по спогодбата на КПГ и КПМ, Костурскиот македонски баталјон добро опремен со оружје се врати во Костурско со цел да ја продолжи борбата до конечното прогонување на окупаторот. [187] Шиперков и неговите другари требаше единствено со борба да докажат дека Македонците од Егејска Македонија во ништо не заостануваат во борбата на народите на Балканот за конечно прогонување на окупаторот и за извојување на своите национални и социјални права.

На 2 август 1944 година, во слободното село Поздивишта, Костурско, беше формиран посебен македонски баталјон кој го доби името "Гоце". Основно јадро на македонскиот баталјон претставуваа борците кои дојдоа од Караорман, и кои биле напоени со офанзивниот борбен дух на југословенската партизанска војска. [188] Баталјонот влезе во составот на 18-от полк, односно во IX-та дивизија на ЕЛАС. Во овој баталјон, Пандо Шиперков беше назначен за политички комесар на чета. Тој учествуваше во сите борби кои ги водеше баталјонот "Гоце"

[186] Според сеќавањата на Евдокија Бањова-Николова /Вера/, од село Дмбени...
[187] Писмо од Благоја Талески, секретар на Вториот областен комитет на КПМ од 30 јули 1944 година, до ополномоштвото на ЦК на КПМ во Скопје. Извори за ослободителната војна и револуцијата во Македонија 1941-1945. Т. I. Кн. 5 ИНИ, Скопје, 1975, док. 26, стр. 102.
[188] Извештај од Трајче Грујовски, член на Вториот областен комитет на КПМ, од 3 август 1944 година, до Благоја Талески, секретар на Вториот областен комитет и до Лазо Хаџи Поповски, член на Вториот областен комитет. Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941-1945. Т. I., кн. 5. ИНИ, Скопје, 1975, док. 36, стр. 138.

против окупаторот и домашните предавници, и во една битка, во с. Зеленич беше ранет во ногата.

Кон крајот на септември и почетокот на октомври 1944 година дојде до повторно недоразбирање помеѓу македонските партизани во Костурско и Леринско и раководството на КПГ и ЕЛАС. Командата на ЕЛАС со наредба одлучува да го расформира баталјонот "Гоце". Борците на баталјонот енергично и се спротивставуваат на оваа опортунистичка одлука на КПГ и ЕЛАС и повторно преминуваат во вардарскиот дел на Македонија. [189] Тие се приклучуваат во редовите на македонската војска, и влегуваат како посебна единица во составот на 49-та дивизија на НОВ на Македонија.

Од новопристигнатите борци од Костурско и Леринско и од редовните борци на македонскиот костурски баталјон, во с. Граешница, Битолско се формира посебен баталјон. За командант на баталјонот бил именуван Атанас Коровешов, а за политички комесар Пандо Шиперков. Пандо, со баталјонот кој го сочинуваа Македонци од Костурско и Леринско се врати на теренот во Костурско за да учествува во борбите со окупаторот кој се повлекуваше од овој терен и да го подигне моралот и духот на македонското население кој беше сега двојно нападнат, т.е. и од окупаторот и од раководството на ЕЛАС. Тој во својство на политички комесар на Баталјонот успешно им се спротивстави на окупаторите, а воедно водеше и морална борба со единиците на ЕЛАС, односно со своите поранешни другари и секогаш им докажуваше дека никој нема право да ја оспорува самобитноста на македонскиот народ во рамките на грчката држава. За жал, баталјонот беше нападнат од една единица на ЕЛАС на планината близу до неговото родно село и, за да се избегне крвопролевањето, Пандо со баталјонот, преку Албанија, по трет пат преминува во вардарскиот дел на Македонија, односно во слободна Битола каде се вклучува во штотуку формираната Прва ударна бригада на Македонците под Грција составена од борци од Леринско, Костурско, Воденско, Кајларско и други.

[189] Според сеќавањата на Васко Макриевски и Мичо Каранџовски...

Во својство на политички комесар на баталјон во Првата народноослободителна ударна бригада на Македонците под Грција, Пандо учествува во ликвидацијата на балистичките банди во Гостиварско, Тетовско, Кичевско итн.

Во мај 1945 година, односно по расформирањето на Првата ударна бригада на Македонците под Грција, Пандо Шиперков стана политички комесар на погранична единица на КНОЈ во Гевгелија, со чин капетан /прва класа/.

Во пролетта 1946 година, Пандо Шиперков, по свое лично барање беше ослободен од ЈНА и се стави на располагање на Главното раководство на НОФ за Егејска Македонија. Во јули истата година, по директива на НОФ заминува во егејскиот дел на Македонија на теренот Вичо каде беше поставен за командант на македонските партизански единици кои се бореа против новите грчки десноориентирани власти и англиските интервенционисти.

Во ноември 1946 година, со обединувањето на грчките и македонските партизански единици, Пандо беше поставен за командант на заедничкиот штаб на ДАГ во Вичо. [190]

Кога кон крајот на 1947 година партизанските штабови на ДАГ беа реорганизирани во редовни формации, односно баталјони, бригади итн. Пандо беше поставен за командант на баталјон. [191]

Пандо Шиперков на сите горенаведени должности покажа извонредни воени и организациони способности и храброст. Под негово лично раководство беа организирани и извршени многубројни воени операции на партизанските единици на ДАГ на секторот Вичо и Грамос како што беше битката на Невеска, Лерин, Лунѕер, Пресека, во Сорович, селото Емборе и други.

---

[190] Врз основа на постигнатата спогодба помеѓу претставниците на НОФ и претставниците на КПГ, од 21 ноември 1946 година беше формиран и Штаб на ДАГ "Вичо" во состав: Пандо Шиперков, командант; Козмас Спанос-Аминдас, комесар и Михали Апостоловски-Гранит, интендант. Програма за споменично одбележување на настаните и ликовите од револуционерното минато на македонскиот народ..., стр. 165.

[191] Истото: стр. 165.

Вреди да се нагласи дека Пандо се истакна и како верен активист на организацијата НОФ за Егејска Македонија. На Првиот конгрес на НОФ, на кој учествуваше како делегат, тој беше избран за редовен член на Главниот одбор на НОФ. [192]

На 8 март 1948 година, во месноста Св. Илија, меѓу селата Граче и Папрацко во Костурско, во една битка што ја водеше Пандо со својот баталјон, една непријателска топовска граната безмилосно го покоси и стави крај на неговиот борбен живот. [193]

За делото и личноста на Пандо Шиперков се искажаа многу личности од раководството на ДАГ меѓу кои и Ѓорѓис Кикидас, заменик командант на Главниот штаб на ДАГ. "... Пандо Шиперков, изјавил Кикидас, беше еден од најспособните, најдобрите и најхрабрите команданти на ДАГ. Главниот штаб на ДАГ, ценејќи ги тие квалитети на Пандо, имаше одлучено да го постави за командант на бригада и понатаму на дивизија. Неговата прерана смрт ја оневозможи реализацијата на оваа одлука на Штабот..." [194]

М. Царас, капетан на ДАГ, кој служеше во баталјонот на Пандо Шиперков, за неговата личност има речено: "...Тоа простодушно Македонче од Смрдеш ја владееше тајната која ги плениуваше срцата на борците... Неговиот збор беше закон за нас борците... Суров како Васил Чакаларов, скромен како Пандо Клјашев, мислиш дека беше надарен од природата со дарбите на двата легендарни војводи од неговото родно село... Калеш, со врзана снага, со широки плеќи. Кога газеше и скокаше ти ги носеше во паметта орлите со широки крилја на планините во

[192] "Егејска Македонија во НОБ, 1948", Т. V. Ахрив на Македонија, Скопје, 1981, док. 16 стр. 45.
[193] Пандо Шиперков. Чест и слава на паднатите борци. Глас на Егејците, Скопје, 1953, јуни, IV, бр. 35, стр. 3.
[194] Програма за споменично одбележување на настаните и ликовите од револуционерното минато на македонсиот народ..., стр. 165.

родниот крај... Тој што одеше во неговиот баталјон не сакаше да се оддели од него...” [195]

Пандо Шиперков, како капетан – прва класа – на ЈНА беше одликуван со Орден за заслуги на народ. Исто така и како командант на ДАГ тој имаше повеќе пофалби и одликувања.

Животниот пат на Пандо Шиперков, иако многу краток, ќе им служи како пример на младите генерации од неговата татковина Македонија, бидејќи тој пред себе си имаше поставено за цел – борба против окупаторот и домашните предавници, борба за национално и социјално ослободување на својот народ и борба за правото на македонскиот народ на своја самобитност и посебност.

[195] Н. Китопулос, Пандо Шиперков. Во кн. “За света народна слобода”. Ликови на паднати народни борци, 1962. Политички и литературни изданија, стр. 306.

МИХАЛИ АПОСТОЛОВ-ГРАНИТИ (1923-1948)

Во критичните моменти на борбата во својата единица Михали Апостолов покажуваше храброст, бесстрашност и решителност да го даде својот живот само за да ги спаси своите другари. Со својот пушкомитролез ги косеше непријателите и јуришаше на нив. Поради тоа неговите другари го нарекоа "Гранити". И со право го споредија со цврстата, непробојна гранитна карпа.

Михали Апостолов-Гранити е роден на 25 ноември 1923 година во селото Крчишта, Костурско. Потекнува од земјоделско-работничко семејство. По завршувањето на основното училиште во родното село, односно по смртта на неговиот татко Илија, тој и помагаше на својата мајка во земјоделските работи. Подоцна, еден краток период престојуваше во градот Лариса каде што учеше и работеше шивачки занает. [196]

По избувнувањето на грчко-италијанската војна, Михали, иако се уште млад, меѓу првите во родното село се вклучува во антифашистичкиот отпор. Заедно со своите соселани Лазо Порјазовски, Наум Порјазовски, Дафина Пановска, Донка Пурдовска и Коле Андоновски, тој го прибираше и складираше напуштеното оружје од грчката армија, која поради нападот на германските војски беше принудена да се повлече од Албанскиот фронт во внатрешноста на Грција. [197]

По дефинитивното окупирање на Грција и Егејска Македонија од страна на германско-италијанските и бугарските фашистички војски, Михали и понатаму ја продолжува својата патриотска и антифашистичка дејност. Како член на младинската комунистичка организација ОКНЕ, тој активно учествува на разни илегални состаноци на кои се дискутираше за формите и методите на вооружената борба против окупаторот и домашните предавници. Ваквата илегална дејност на Михали трае се до почетокот на 1943 година кога тој заедно со својот соселанец Трпе Михајлов стапува во партизанските единици на ЕЛАС.

---

[196] Според сеќавањата на Лефка Апостолова, од село Крчишта, сестра на Михали Апостолов; активен учесник во НОБ и ДАГ.
[197] Истото.

Во август истата година, со претходни консултации на партиската организација на КПГ во селата Косинец и Лабаница, Михали, заедно со една група партизани на чело со Паскал Митревски, активно учествува во разоружувањето на контрачетниците во споменатите села. [198]

Подоцна, во есента 1943 година, Михали Апостолов, заедно со други македонски борци се префрлува во македонскиот партизански одред "Лазо Трповски". [199] Истата година во борбите на одредот со Германците на планината Бигла, Михали, иако беше ранет, склонет зад една карпа, со својот пушкомитралез успеал да го задржи непријателот и да го натера на повлекување. Тоа се прочуло меѓу борците и тие поради тоа нему му го дале прекарот "Гранити".

Кон крајот на ноември истата година, Михали учествува во сите борби за разоружување на контрачетниците во селата Дреновени, Черновишта, Габреш, Поздивишта, Кономлати, Прекопана и други. Како борец во одредот "Лазо Трповски", тој со својот пушкомитралез, во секоја битка, херојски јуришаше против непријателот во борбите на планините Вичо и Бигла.

Во пролетта 1944 година, Михали учествуваше и во борбите за разоружувањето на германските гарнизони во селата Псодери, Руља, Смрдеш и мостот на раскрсницата меѓу селата Габреш и Брезница. Голема активност покажа и за време на разоружувањето на една ерменска единица, која беше вооружена од Германците во селата Брезница и Руља. [200]

Кон крајот на првата половина на мај исатата година, поради неправилниот став на раководството на КПГ и ЕЛАС во однос на македонското национално прашање, дојде до јавен расцеп помеѓу македонските и грчките партизани на ЕЛАС. Како што е

[198] Според сеќавањата на Донка Филипова, од село Крчишта. Во НОБ активно се вклучува од пролетта 1943 година. За време на Граѓанската војна во Грција беше член на Окружниот одбор на НОФ-АФЖ за Костурско и член на Главниот одбор на АФЖ за Егејска Македонија.
[199] Според сеќавањата на Васко Макриевски, од село Смрдеш...
[200] Истото.

нагласено и во друга прилика, во знак на протест, една група македонски борци во која се наоѓаше и Михали Апостолов, се отцепи од составот на единиците на ЕЛАС и премина на територијата на Вардарска Македонија. Во составот на југословенските партизански единици на планината Караорман, ја продолжи борбата против окупаторот и домашните предавници. [201]

Малку подоцна, кон крајот на јуни 1944 година од оваа група борци и од новодојдените партизани и активисти на организацијата СНОФ од Костурско, во составот на партизанските единици од Вадарска Македонија беше формирана прва посебна единица /баталјон/ од борци од делот на Македонија под Грција. [202] Командант на овој баталјон беше назначен Атанас Коровешов, а Михали Апостолов-Гранити беше именуван заменик политички комесар на Првата чета во баталјонот чиј командир беше Васко Макриевски. [203] Со борците на баталјонот, Михали учествуваше во борбите против Германците и балистите на теренот на планината Караорман и тоа во селата Елеваси, Коџаџин, во околината на градот Дебар, па дури до Охрид.

Во првата половина на јули 1944 година, по спогодбата на КПМ со КПГ, Михали, заедно со борците на баталјонот се враќа на теренот во Егејска Македонија и ја продолжува борбата против окупаторот.

Во почетокот на август истата година, со формирањето на Костурско-Леринскиот баталјон “Гоце”, Михали Апостолов, во својство на командир на вод во Третата чета чиј политички комесар беше Минчо Фотев, меѓу првите се вклучува во редовите на баталјонот “Гоце” и со уште поголема упорност и

[201] Писмо од одредот на ЕЛАС - “Вичо” до единицата на НОВ на Македонија во Преспа од 18 мај 1944 година со кое бара да ги врати 30-те борци кои се отцепија од ЕЛАС и минале во редовите на НОВ на Македонија. “Егејска Македонија во НОБ, 1944-1945”, Т. I, док. 108, стр. 123.
[202] Според сеќавањата на Евдокија Бањова-Вера и Васко Макриевски...
[203] Истото.

пожртвуваност ја продолжува борбата против странските окупатори и домашните предавници. [204]

Во текот на август и септември 1944 година, Михали Апостолов учествува во борбите за разоружувањето на контрашките села во Костурска околија. Заедно со борците на баталјонот "Гоце" тој поставува заседи на секторот Корча-Лерин против германските единици кои се повлекуваа од градот Корча кон Лерин. Посебно се истакна во борбата против една непријателска единица која имаше поставено заседа против баталјонот "Гоце". Во оваа жестока битка Михали беше претходница. Непријателските војски се распрснаа во панично бегство. [205]

На ова место потребно е да се нагласи дека Костурско-Леринскиот баталјон "Гоце". /кој влегуваше во составот на 28-от полк на ЕЛАС, односно IX-та дивизија на ЕЛАС/ израсна во бригада, а постоеше можност да се формираат и други покрупни македонски единици. Но раководството на КПГ и ЕЛАС мошне се вознемири и не даде согласност баталјонот "Гоце" да прерасне во бригада или во друга поголема единица. Малку подоцна, во октомври 1944 година пристигна и чудната наредба на КПГ и ЕЛАС. Имено, грчкото раководство на отпорот даде наредба да се префрлат борците на баталјонот "Гоце" во внатрешноста на Грција, наводно за да се зајакнат единиците на ЕЛАС на овој терен. Намерата беше откриена. Се работеше за расформирање на баталјонот. Се разбира, никој од македонските борци не сакаше да се согласи со оваа одлука на КПГ и ЕЛАС, и во знак на протест, тие повторно преминаа на територијата на Вардарска Македонија каде што ги продолжија борбите против германските единици кои отстапуваа од територијата на Грција кон Битола. [206] Вреди да се подвлече дека баталјонот "Гоце" претходно беше нападнат од една единица на ЕЛАС во моментот кога македонските борци имаа

[204] Според сеќавањата на Минчо Фотев, од Рупишта и Васко Макриевски.
[205] Според сеќавањата на Уранија Јурукова, од село Изглибе, Костурско; командир на независен вод во баталјонот "Гоце", составен исклучиво од девојки.
[206] Христо Андоновски, Македонците под Грција во борбата против фашизмот /1940-1944/. ИНИ, Скопје, 1968, глава осма, стр. 190-197.

заземено борбени позиции на планината Врба против германските војски и нивните слуги кои се повлекуваа од Солун и Корча.

Како посебна македонска единица, борците на баталјонот "Гоце" ги продолжија борбите на територијата на Вардарска Македонија против балистите и контрачетниците, кои заедно со Германците се повлекуваа во Битола за да се спасат.

Во ноември истата година, со формирањето на Првата егејска ударна бригада во слободна Битола, Гранити беше назначен за заменик политички комесар на Првиот баталјон чиј командант беше Атанас Коровешов. [207] Во составот на Првата ударна бригада на Македонците од Грција, Михали учествува во сите борби кои беа водени против остатоците и балистичките банди во Тетовско, Кичевско, Гостиварско и Шарпланина. [208]

По расформирањето на Првата ударна бригада на Македонците од Грција, нејзините борци и дел од командниот состав беа распоредени во југословенските единици на КНОЈ.

Во втората половина на мај 1945 година, неколку другари од командниот состав на бившата Прва ударна бригада на Македонците од Грција меѓу кои и Михали Апостолов, по предлог на Главното раководство на НОФ за Егејска Македонија, беа испратени на курс за политичко усовршување. [209]

По завршувањето на овој курс, Михали и неговите другари, по директива на раководството на НОФ, беа испратени и распоредени како организатори и раководители на НОФ во разни околии на територијата на Егејска Македонија. Тој заедно со Михајло Керамитчиев и Борис Мусманов, беше испратен илегално во Серско со цел да воспостават основни организации

[207] Според сеќавањата на Уранија Јурукова...
[208] Според сеќавањата на Уранија Јурукова и Васко Макриевски...
[209] Истото.

на НОФ и во овој окург. [210] И покрај тоа што владееше голем терор на овој терен од страна на грчката реакција, Михали и неговите другари успеале да воспостават врски и основи на организацијата НОФ во неколку села на овој округ. Треба да се нагласи дека тие неколку пати биле изложени на големи опасности и тешкотии, но благодарејќи на снаодливоста и присебноста на Михали, тие успеале да се исвлечат од опасноста.

Кон крајот на март 1946 година, по директива на Главното раководство на НОФ, Михали Апостолов беше вратен во Костурско каде веднаш беше избран за член на Окуржниот одбор на НОФ за Костурско /одговорен за НОМС/. [211]

Во ноември 1946 година, врз основа на обединувањето на македонските партизански единици на НОФ со грчките единици на КПГ на планината Вичо, Гранити беше поставен како трети член во Штабот на оперативната зона "Вичо", одговорен по интендантски служби. [212] Подоцна стана командант на баталјон во 14-та бригада на ДАГ.

Од крајот на 1946 година се до март 1948 година, Михали Апостолов активно учествува и се бори против владините војски во сите борби што ги водеше ДАГ на секторот на планината Вичо и Грамос, Малимади и Фалцата, Нестрамско и други места. Неговата храброст и неустрашливост беше прочуена насекаде. Како потврда за тоа може да ни послужи случајот кога со еден единствен пушкомитралез, тој цели два саати јуначки се борел со еден непријателски авион кој бил

[210] Извештај од Михајло Керамитчиев /Егејски/ од 11 август 1945 година до Главното раководство на НОФ, за воено-политичката ситуација во Серскиот округ. "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II, док. 120, стр. 229.
[211] Извештај од Ѓроѓи Јаковски, инструктор во Главното раководство на НОФ од 28 мај 1946 година, до Главното раководство на НОФ, за организационата структура и активноста на НОФ во Костурско. "Егејска Македонија во НОБ, 1946", Т. III, док. 132, стр. 294.
[212] Хронологија на Народноослободителната борба во егејскиот дел на Македонија /1945-1949/. Скопје, 1973, стр. 130.

спуштен скоро до земјата. И покрај големата опасност, тој не го напуштил местото. [213]

Покрај воените заслуги, Михали Апостолов-Гранити се истакна и како верен активист и организатор на организацијата НОФ за Егејска Македонија. Поради тоа на Првиот конгрес на НОФ тој беше избран за кандидат член во Главниот одбор на НОФ. [214] Во секојдневната своја патриотска дејност тој се одликуваше со голема скромност, чувство за одговорност, колективност и другарство. Беше голем револуционер, комунист и борец за слободата на Македонија.

Михали Апостолов загина на планината Грамос, во месноста Клепчево, на 31 март 1948 година, во моментот кога заедно со своите соборци како политички комесар на баталјон на ДАГ, јуначки се бореше и јуришаше во една од најтешките борби против грчките владини војски. [215] Беше погребан со сите воени почести пред голем број негови соборци и воени старешини на ДАГ. На неговиот закоп беа одржани проштални говори од повисоки воени и политички личности на КПГ и ДАГ.

Малку подоцна, Главниот штаб на ДАГ го прогласи за народен херој.

Вреди да се нагласи дека во редовите на ДАГ активно и пожртвувано се бореа и неговата сестра Лефка /ранета тешко на 27 јуни 1948 година/ и помалиот брат Апостол кој исто така херојски загина на 21 јуни 1948 година како истакнат борец во ДАГ. [216] Не можат да се заборават и заслугите на неговата мајка Јордана, која заедно со своите деца го жртвуваше својот живот за слободата на македонскиот народ.

---

[213] Според сеќавањата на Сотир Љамов, од село Поздивишта, Костурско; активен учесник во ДАГ; личен курир на Михали Апостолов. Истото: Според сеќавањата на Евдокија Баљова-Вера...

[214] Именичен список на членовите на Главниот одбор на НОФ избрани на Првиот конгрес на НОФ. "Егејска Македонија во НОБ, 1948", Т. V, док. 16, стр. 45.

[215] Според сеќавањата на Сотир Љамов...

[216] Според сеќавањата на Лефка Апостолова...

ПАНДО ТРПОВСКИ-БУНТОВСКИ (1907-1947)

Пандо Трповски-Бунтовски е предвоен комунист. Тој се бореше за националните, социјалните и демократските права на македонскиот народ. Поради тоа, подоцна го доби и псевдонимот Бунтовски. Активно се вклучува во народноослободителното движење во егејскиот дел на Македонија од 1941 година до крајот на својот живот. Тој е еден од првите организатори на НОФ во Костурско. [217] Роден е во с. Галишта, Костурско, во 1907 година, во работничко-печалбарска фамилија. Неговиот татко Тодор, за да му обезбеди егзистенција на семејството, беше принуден да оди на печалба во Америка. Пандо на единаесетгодишна возраст остана сирак од мајка, и оттогаш се пресели кај својот стрико Зисо Трповски. По завршувањето на основното шестгодишно училиште тој му помагаше на својот стрико во земјоделските работи за да си ја обезбеди својата егзистенција.

Во 1922 година Пандо, заедно со неколку соселани го напушти родното село и замина на печалба во градот Лариса. Тука тој работеше и учеше занает.

Во почетокот на 1934 година, Пандо, од Лариса се враќа во Галишта и оттаму, заедно со својата сопруга и детето се преселува во с. Чука, Костурско, при својот дедо Васил Митровски, како домазет.

Во јануари 1936 година, Пандо замина за град Костур каде под кирија отвори слаткарница, во западниот дел на градот. Тој уште од првите моменти од неговото организирање во Костурско им се придружува на прогресивните дејци на движењето меѓу нив и на Лазо Трповски и развива голема активност во пропагирањето на комунистичките идеи и во организацијата на масите во борбата против грчката буржоазија. [218]

---

[217] За револуционерната дејност на Пандо Трповски-Бунтовски, види: Ташко Мамуровски, Пандо Трповски-Бунтовски – револуционер и активист на НОФ. Гласник на ИНИ, Скопје, 1981, XXV, бр. 1, с. 293-310.

[218] Според сеќавањата на Лазо Поплазаров, од село Добролишта, Костурско; член на раководството на СНОФ во Костурско. Во 1945 година беше

За време на диктатурата на Метаксас /1936-1940/, во целата земја владееше терор, а на Македонците им беше забрането да го употребуваат дури во приватниот живот мајчиниот јазик. И во овие тешки услови, Бунтовски, заедно со други членови и симпатизери на КПГ агитираше сред народот за борба против фашистичкиот режим на диктаторот Метаксас.

По нападот на фашистичка Италија на Грција, Пандо беше мобилизиран во грчката армија, а потоа беше испратен во борбите на Албанскиот фронт.

По окупирањето на Грција и Егејска Македонија од страна на фашистичка Германија, Италија и Бугарија, на почетокот во Костурско не постоеше никаква власт. Комунистичката партија на Грција уште од порано беше разбиена. Голем број комунисти беа затворени. Во оваа хаотична ситуација, тие комунисти, кои се вратија од Албанскиот фронт и тие кои на некој начин успеале да го избегнат апсењето, се решиле самоиницијативно да го организираат народот во борба против окупаторот.

Една од основните задачи на членовите на КПГ беше лично да се ангажираат за собирање на оружјето и муницијата напуштен од грчката армија по нејзиното повлекување од Албанскиот фронт. Под лична контрола на Пандо Трповски, во март 1943 година, собраното оружје во селото Чука беше предадено на Првиот костурски партизански одред во селото Нестрам. [219]

Веднаш по окупирањето на земјата од туѓите поробувачи, односно во германско-италијанската окупациона зона, во која влегуваше и Костурска околија, од Софија пристигнаа бугарските врховистички агенти со цел да организираат пробугарско контрареволуционерно движење и со тоа да им помогнат на германско-италијанските окупатори да го уништата прогресивното народноослободително движење на грчкиот и македонскиот народ. Користејќи ја големата омраза

инструктор на НОФ за Костурско, Гуменциско и други реони, потоа секретар на Окружниот одбор на НОФ за Леринско и Воденско и член на Главното раководство на НОФ за Егејска Македонија.

[219] Според сеќавањата на Минчо Фотев...

на Македонците против грчката реакција, која го експлоатираше и национално го угнетуваше македонскиот народ, бугарските агенти, успеале да формираат во Костурско вооружени чети од самите Македонци.

Пандо Трповски решително им се спротивстави на великобугарските аспирации во Четироскиот и Нестрамскиот реон. Тој заедно со своите другари, во голема мера успеа да ги саботира акциите на бугарските емисарии во с. Галишта, Граче, Драничево, Чука, Парацко и други. [220]

Во мај 1943 година, Околискиот комитет на КПГ за Костурско формира посебна партизанска група, составена предимно од македонски борци со цел да ги обезоружи наоружените македонски села од страна на окупаторот. Групата употребуваше разни форми и методи за успешното извршување на своите акции. Таа растураше летоци и повици, одржуваше контакти со заведените Македонци и на крајот вршеше дури вооружени акции организирани против окупаторот и домашните слуги.

Групата, во која служеше и Пандо Трповски, успеа да ги обезоружи околу 30 селани, кои дејствуваа во контрашките чети на селата: Четирок, Добролишта и гратчето Рупишта. По пат на убедување, другите селани го напуштија окупаторот и се вратија по своите домови. [221]

Во август 1943 година, Германците и нивните слуги го нападнаа селото Чука. Најмногу настрада манастирот Св. Архангел, кој претставуваше историска вредност. Групата не беше во можност да го издржи притисокот на непријателот и по двочасовна крвава борба се повлече. Манастирот беше темелно изгорен од германските окупатори. [222]

[220] Според ракописот на Минчо Фотев под наслов: Политиката на контрачетниците во Костурска околија во периодот на НОБ. Се чува во приватната архива на авторот.
[221] Истото.
[222] Истото.

Во октомври 1943 година, во с. Дмбени, беа поставени темелите на македонската антифашистичка организација СНОФ /Словеномакедонски народноослободителен фронт/ за Костурско. Пандо, познат сега со псевдонимот Бунтовски, беше именуван раководител на СНОФ за Нестрамскиот реон. Тој како член и одговорен на СНОФ покажа посебна активност. Во сите села на својот реон тој формира селски организации на СНОФ и го агитираше македонскиот народ во борба против окупаторот. [223]

Во мај 1944 година, раководството на КПГ и ЕЛАС на најбрутален начин ја расформира организацијата СНОФ во Костурско. Една партизанска единица на ЕЛАС пристигна во седиштето на окружното раководство на СНОФ во село Крчишта и веднаш ги уапси членовите на окружното раководство Паскал Митревски, Лазо Поплазаров, Лазо Дамовски-Ошенски и други. Подоцна беше уапсен и организаторот на отцепените Македонци од составот на ЕЛАС, Наум Пејов.

Благодарејќи на протесните акции, кои беа организирани од страна на македонското население во Костурско, кон средината на август 1944 година, раководителите на СНОФ беа целосно ослободени. Тие се вратија во Костурско и веднаш стапија во редовите на новоформираниот македонски баталјон на планината Вичо, во составот на 28-от полк на ЕЛАС. [224]

Во почетокот на октомври 1944 година, раководството на КПГ и ЕЛАС побара македонскиот костурско-леринси баталјон да биде расформиран, а македонските борци да се вклучат во другите единици на ЕЛАС. Никој од борците на македонскиот баталјон не сакаше да го прифати барањето на раководството на КПГ. За да се избегне судирот меѓу грчките единици на ЕЛАС и македонските борци, во средината на октомври 1944 година македонскиот баталјон премина во Вардарска Македонија. Заедно со баталјонот во Вардарска Македонија премина и Пандо Трповски.

---

[223] Според сеќавањата на Лазо Поплазаров и Минчо Фотев...
[224] Според ракописот на Минчо Фотев, Политиката на контрачетниите во Костурска околија во периодот на НОБ...

Со формирањето на Првата ударна бригада на Македонците под Грција Пандо Трповски беше поставен за политички комесар на IV-от баталјон /тешкото оружје/. На таа должност остана се до мај 1945 година, односно до раформирањето на Бригадата. [225]

Веднаш по расформирањето на Првата егејска ударна бригада, Пандо Трповски-Бунтовски, заедно со група Македонци од составот на военополитичкиот кадар на бившата егејска бригада меѓу кои Евдокија Балева-Вера, Лазо Поплазаров, Аргир Кузовски, Михали Апостоловски-Гранит, Уранија Јурукова, Тане Наумов, Ѓорѓи Јаката и други, беше повикан од раководството на НОФ да го посетува курсот за политичко усовршување кој траеше од мај до крајот на јули 1945 година. По завршувањето на курсот тој беше даден на располагање на НОФ за Егејска Македонија. Подоцна, заедно со други другари, Пандо од Раководството беше испратен на теренот и беше поставен како секретар на НОФ во Костурско, во реонот Полето. [226]

Во септември 1945 година, во с. Жупаништа, беше организирана средба меѓу секретарот на НОМС за Полето, Сотир Тимиовски, од с. Добролишта и секретарот на НОФ, Пандо Трповски. Пандо беше запознат со целокупната организациона структура на НОМС, со новоформираните јавки на илегалците и со политичката ситуација во селата: Четирок, Нестрам, Добролишта, Тиквени, Изглибе и други. Почнувајќи од оваа средба, двајцата другари постојано ќе се движат по селата на Полето со цел да се запознаваат со организационата структура на организациите НОФ; НОМС и АФЖ. [227]

---

[225] Според сеќавањата на Милтијади Попниколовски-Цветко, од град Лерин; еден од првите учесници во НОБ и ДАГ. Во Првата ударна бригада на Македонците под Грција беше командант на IV-от баталјон /тешкото оружје/. Истото: Според сеќавањата на Васко Макриевски...

[226] "Егејска Македонија во НОБ, 1946", Т. III, док. 9, с. 23.

[227] Според сеќавањата на Сотир Тимиовски, од село Добролишта; секретар на НОМС за Полето, Костурско во периодот 1945-1947 година. Од мај 1947 година учествува во редовите на ДАГ. Во јануари 1948 година стана член на Народниот одбор во Костурско.

Во текот на 1945 година, грчката влада на сила ги мобилизираше младите регрути за отслужување на воената обврска. КПГ и ЕАМ, имаа заземен став сите регрути да стапат во грчката монархофашистичка армија, додека организацијата НОФ зазеде спротивен став и апелираше посебно до македонската младина таа да не стапува во грчката армија. Тоа беше направено поради следните причини; По воспоставувањето во земјата на стариот буржуаски режим како резултат на предавничкиот договор во Варкиза, грчката монархофашистичка влада почна да организира масовен терор и геноцид против македонското население. Во тој терор учествуваа и единиците на грчката армија. Во ваквата ситуација, организацијата НОФ не можеше да дозволи, македонската младина, во составот на грчката монархофашиситичка армија да се бори против својот народ. Пандо Трповски доследно и со голем успех ги извршуваше како поранешните, така и оваа задача на организацијата НОФ.

На 31 март 1946 година во Грција беа одржани првите повоени парламентарни избори. КПГ и ЕАМ не зедоа учество во нив. Исто така и организацијата НОФ се солидаризира со ставот на КПГ и апстинира на изборите. Пандо Трповски и тука покажа голема активност. Тој одеше по селата на Полето и го агитираше народот да не гласа. Благодарејќи на неговата неуморна агитација мнозинството од македонското население во неговата околија не се јави на гласање.

Во почетокот на јуни 1946 година, Пандо Трповски и Сотир Тимиовски добија задача да подготват услови за формирање на поширок партизански групи на НОФ. За успешното извршување на таа задача, од главната јавка на НОФ на планината Малимади, пристигнаа во Полето другарите Васил Христовски од с. Добролишта и Сотир Костовски-Дирекот од с. Стенско. На заедничкиот состанок, одржан во месноста “Слабишта”, близу с. Чука, тие решиле командир на партизанскиот одред на НОФ да биде именуван Васил Христовкски, а политички комесар, Сотир Костовски-Дирекот.

Пандо Трповски и Сотир Тимиовски ги запознаа другарите Васил Христовски и Сотир Костовски-Дирекот со селските

раководни лица на нивната територија, кои ќе му помогнат на одредот во снабдувањето со храна. Исто така тие ги запознаа своите другари и со тешката положба на народот во Полето. А каква беше таа во тоа време, најдобро може да се види и од извештајот на Пандо Трповски, испратен до главното раководство на НОФ. Во него меѓу другото се вели:

"...Нашиот народ, со исклучок на шпионите, во целост е на наша страна. Тој и верува на нашата организација НОФ, а организации имаме во повеќето села: Жупаништа, Тиквени, Манјак, Изглибе, Рупишта, Желегоже, Желин, Брештени, Галишта, Четирок, Нестрам, Стенско, Радигоже, Чука, Граче, Дреновени, Доборлишта, Света Недела, Лудово, Езерец, Оловради, Марчишта, Мангила, Долени, Бухин, Нестим, Жужелци, Либишево, Шкрапари, Семаси, Бела Црква, Марковени и Песјак..."

"...Вооружена реакција има во околијата: Четирок 35 пушки, Добролишта 24 пушки, Дреничево 7 пушки, Желегоже 25 пушки, Желин 10, Цакони 12, Забрдени 40 пушки и еден пушкомитралез, Вичишта 25, Љанга 30, Шкрапари 3 пушки, Рупишта 12 томсони и 6 пушкомитралези, Света Недела 12, Горно Папрацко 25 пушки, Трстка 7, Шак 25 пушки, Ревани сите /се вооружени/, Грлени 35, Калевишта 15, Чарчишта 7 пушки..."

"...Гонењето на демократскиот народ од бурандарите го достигна својот врв, посебно против словенскиот елемент. Пример, во селото Граче се фатени тројца, на 4 и 5 јуни, и се држат во костурските затвори. Се гонат уште девет лица кои се кријат по планините. Во селото Шкрапари се затворени две жени, во селото Тиквени тие ја остригле Евергенија, член на НОМС. Во селото Дреничево се натепани четири лица, затоа што не гласале. Во селото Доболишта бараат дванаесет лица, за кои не знам дали избегале во планините. Се гонат еласовци и комити. Во селото Желин го натепале Христо, неговиот брат Томе и сестра му, како и други четворица. Од селото Брештени

сите од 14-годишна до 90-годишна возраст се отерани во Костур, каде што ги испитуваат дали соработуваат со НОФ. [228]

На 1 септември 1946 година во Грција беше одржан плебисцит, во кој народот требаше да се изјасни по пат на гласање за државното уредување на Грција, односно за република или за монархија. Атинската влада, сакајќи да ја врати монархијата во Грција, со помошта на англоамериканските империјалисти и својата жандармерија, настојуваше да ги принуди Македонците да гласаат за монархијата. Но благодарејќи на активноста на НОФ, мнозинството од населението во околијата со која раководеше Пандо Трповски се определи за демократијата.

За сето време се до 5 октомври 1946 година Пандо Трповски-Бунтовски е неуморен и со самопрегор го организира населението во НОФ, го поднесува суровиот режим на терор, мобилизира борци за оружените групи на НОФ, го бодри народот и му го покажува патот на слободата преку борба.

На 5 октомври 1946 година Пандо Трповски заедно со Ташко Ивановски од с. Рупишта и Вангел Делевски од с. Чука, се најдоа по борбена задача близу селото Реван, и на албанската граница. Тука тие беа забележани од селскиот говедар и предадени. По кратко време беа обиколени и заробени од грчките граничари, а потоа одведени во пограничната караула. Тука Пандо беше мачен на sверски начин. Џелатите со кундаци и војнички чизми го тепаа по главата за да ја предаде оргаинизацијата. Но и покрај мачењата, монархофашистите не успеаја да извлечат ниту еден збор од Пандо. [229]

Истиот ден, попладне, заробениците беа доведени во монархофашистичкиот штаб во с. Нестрам. Наредниот ден тие беа префрлени во Костур. Пандо Трповски-Бунтовски и неговите другари беа осудени на смрт. Ташко Ивановски,

---

[228] Езвештај од Пандо Трповски, до Главното раководство на НОФ, во кој се изнесува политичката ситуација на теренот во Костурско и активноста на организацијата НОФ. "Егејска Македонија во НОБ, 1946", Т. III, док. 143, с. 324-326.

[229] Според сеќавањата на Агнула Фотева-Атанасопулу, која заедно со Пандо Трповски исто беше заробена од грчките граничари.

најверојатно беше стрелан во Костур, а Пандо, заедно со други другари, по месец и пол беше пренесен во Кожани. По неколку дена, од Кожани беше префрлен во Солун во затворот Еди Куле. Тука престојуваше скоро еден месец. Од Солун беше однесен во островот Ѓура каде повторно беше sверски измачуван.

Пред да биде стрелан, Пандо ги охрабруваше своите другари да не се плашат... Еден од очевидците на неговото херојско држење, пишува: "...Тогаш дојде едно младо момче од другарите на Пандо и ми рече: Киро, ние утре се делиме... Ќе не носат во Атина на стрелање... Јас веднаш отидов во шаторот на Пандо и таму ги најдов другарите како разговараа за нивното заминување... Пандо ми се доближи и ми рече: "Дојди Киро, за последен ден..." Во тој момент телото ми се стресе, а очите ми се наполнија со солзи... Пандо продожи: "Киро, ние овде во затворов сме најблиски, но сега се делиме засекогаш... Те молам многу, ако некој од вас остане жив, нека се загрижи за моите деца сирачиња. Кажете им дека нивниот татко го стрелаа затоа што веруваше во идеалите на револуцијата... Сакам тие да бидат горди со мене и да не ме жалат..." На овие трогателни зборови не можев да останам рамнодушен... Почнаа солзи да ми течат од очите..."

"...Следниот ден рано повторно отидов кај Пандо. Тој и неговите другари вишокот на алишта им даваа на оние затвореници што останаа во заробеништво. Истовремено се облекоа оние што одеа на стрелање и се поздравивме за последен пат... Тогаш Пандо ја дигна тупаницата и викна: "Да живее народната демократија", "Смрт на фашистите..." Во тој момент дојдоа полицајците и со синџири веднаш ги врзаа другарите. Ги однесоа засекогаш... " [230]

Ни ден денес не е позната точната дата кога беше стрелан Пандо Трповски. Од досегашните истражувања и од искажувањата на неговите соборци се претпоставува дека тој

[230] Според сеќавањата на Киро Талев, од село Кономлади, Костурско; учесник во НОБ. Истиот има одлежано 12 години по грчките затвори.

беше стрелан кон крајот на 1947 година, во затворот Авероф, во Атина. [231]

Револуционерното дело на Пандо Трповски не треба да се цени само по тоа што тој преставуваше еден од организаторите и носителите на македонското антифашистичко и демократско движење во егејскиот дел на Македонија, туку и посебно го истакнуваме неговото херојско држење во време на судењето во Костур. Имено, тој ја покажа својата храброст и хероизам непосредно во затворите и за време на стрелањето, одбивајќи дури да му се врзат очите.

Пандо Трповски-Бунтовски со своето дело како голем патриот и како македонски активист на НОФ спаѓа во плејадата на најистакнатите револуционери Македонци кои го дадоа својот живот за национално и социјално ослободување на македонскиот народ.

[231] Според сеќавањата на Мајо Ламби,од гратчето Рупишта, еден од осудените на смрт на островот Ѓура. Според неговото тврдење, Пандо бил стрелан на 19 февруари 1948 година.

ТОДОРА АНАСТАСОВА-СКОРНА (1922-1948)

Една од видните Македонки од егејскиот дел на Македонија кои го положија својот живот во борбата за слободата на македонскиот народ е и Тодора Анастасова Паскалова-Скорна. Таа е родена во 1922 година во с. Нестрам, Костурско, во сиромашно работничко семејство.

Во 1938 година Дорка, заедно со своите соселанки Евгенија Кирјакова, Тинка Филовска /Калојанова/, Махи Филовска /Папатерпова/ и Александра Кировска /Папатерпова/, поради нејзините напредни идеи, беше примена во младинската организација. ОКНЕ. [232]

Под раководство на организацијата ОКНЕ Дорка, заедно со другите прогресивни младинки од родното село, собираше материјална помош за потребите на политичките затвореници. Таа беше една од најактивните во извршувањето на оваа задача.

По окупирањето на земјата од страна на германско-италијанските фашистички војски партиската организација на КПГ во Нестрам на своите младинци им постави задача да го собираат и складираат напуштеното оружје од грчката армија по нејзиното повлекување од Албанскиот фронт. Дорка Анастасова-Скорна, Евгенија Кирјакова и Александра Кировска /Папатерпова/, под раководство на Махи Филовска /Папатерпова/, собрале 11 пушки, неколку рачни бомби и муниција. Собраното оружје младинките го предадоа на партиската организација во Нестрам за потребите на движењето. Тодорка една пушка задржа за себе. [233]

Споменатите другарки, како организирана младинска група на ОКНЕ, често пати одржуваа илегални состаноци на кои се запознаваа со военополитичката ситуација во земјата. На овие состаноци тие добиваа разни задачи кои требаше да ги вршат во корист на движењето, како на пример вршење агитација за

[232] Според сеќавањата на Александра Кировска /Папатерпова/, од село Нестрам; активен учесник во НОБ, член на селската партиска организација на КПГ во Нестрам.
[233] Истото.

прием на нови членови во ОКНЕ; растурање на пропаганден материјал /летоци, повици/ итн.

На 22 март 1942 годниа еден италијански експедиционен баталјон, т.н. баталјон за претреси и прогонства на комунистите, го блокира селето Нестрам и со помошта на домашните предавници Ставро Ѓурѓушев, Кузе Кирјазовски, Ташо Калапутов и други ги собраа сите возрасни селани на средсело и со вперени митралези и пушки во нив бараа да го предадат сокриеното оружје. Меѓутоа, селаните по никоја цена не сакаа да го предадат сокриеното оружје. Тогаш споменатите шпиони почнаа да им ги поткажуваат на Италијанците лицата кои требало да бидат уапсени. Така италијанските војници уапсиле околу 100 лица /мажи и жени/ меѓу кои Хрисостомо Папатерков, Васил Маџаров, Харито Галов, Леонид Дувалевски, Пандо Дувалевски, Махи Папатерпова, Атина Калојанова, Александра Кировска /Папатерпова/, Тодора Анастасова-Скорна, Евгенија Кирјакова, Поликсена Калојанова и други. [234] Уапсените лица беа ужасно малтретирани и свирепо тепани, а најмногу настрадаа Тодора Анастасова-Скорна, Евгенија Кирјакова и Поликсена Калојанова. Но тие херојски се држеа и ништо не предадоа. Истиот ден 12-те лица /жени и девојки/ од селото Нестрам беа одведени во атинскиот затвор "Авероф". Но бидејќи немаше конкретни податоци за нивната антифашистичка активност, окупаторските власти ја ослободија Тодора Анастасова-Скорна, заедно со својата другарка Евгенија Кирјакова. Подоцна беа ослободени и останатите соселаници. По нивното враќање во родното село, веднаш се вклучија во антифашистичкото движење и ја продолжија борбата против окупаторот. [235]

Во јануари 1943 година една група партизани од Првиот коструски одред на ЕЛАС се наоѓаше во непосредна близина на селото Нестрам, во месноста "Копанче". Во самото село истовремено беше стационирана една италијанска чета со грчка квислиншка жандармерија. Партизаните откако се поврзаа со партиската организација во Нестрам, побараа од селаните да им дадат точни информации за движењето на непријателот и да ги

[234] Според сеќавањата на Минчо Фотев и Александра Кировска...
[235] Според сеќавањата на Александра Кировска...

снабдат со храна и топла облека. Во одредениот ден, во утринските часови, во месноста "Копанче" пристигнаа девојките Тодора Анастасова-Скорна и Евгенија Кирјакова. Тие беа пријатно изненадени и мошне воодушевени, бидејќи за прв пат се сретнаа со вооружена група партизани. Со групата борци раководеше Ѓорѓис Ризопулос, од селото Ланга, Грамос. Тој разговараше со девојките за животот на селаните, односно за теророт и грабежот на италијанскиот окупатор итн. Партизаните дознале дека девојките уште од порано биле организирани во комунистичката партија и дека младината во Нестрам масовно се вклучила во младинската организација ОКНЕ и во нејзините редови се бори против окупаторот и домашните предавници. [236]

На 4 март истата година Првиот партизански одред во Костурско, водејќи жестоки борби со окупаторот, го ослободи селото Нестрам. Селската младина, а и целото население, со нескриена радост, со солзи во очите, песни и ора ги пречекаа партизаните. Се разбира, тука беше и Тодора Скорнова, која целосно се ангажира во работата за сместување на борците по куќите. По неколку дена партизаните се повлекоа од селото Нестрам за да водат понатамошни акции против непријателот. Тодора Скорнова ја искористува оваа прилика и заедно со своите другарки Евгенија Кирјакова, Поликсена Калојанова и Махи Папатерпова доброволно стапува во редовите на Првиот партизански одред од Костурско. [237]

Кон крајот на март 1943 година речиси сите села од Нестрамскиот реон ги ослободија партизаните на ЕЛАС. Во истиот период беше извршена реорганизација на младинските организации во реонот. Врз основа на кадровската реорганизација, Тодора Скорнова беше избрана за член на Нестрамскиот реонски комитет на ЕПОН. Во својство на активен член на оваа организација, подоцна таа се истакна како неуморен агитатор и организатор на младината во борбата против окупаторот. [238]

---

[236] Според сеќавањата на Минчо Фотев...
[237] Истото.
[238] Според сеќавањата на Евдокија Баљова-Вера и Минчо Фотев...

Кон крајот на април истата година два италијански баталјони потпомогнати од околу 300 контрачетници и други воени единици ги нападнаа позициите на ЕЛАС во селата Нестрам, Стенско, Чука, Чивлик и други. Дорка меѓу првите со пушка в раце активно се вклучува во борбите на ЕЛАС против италијанските окупатори и домашните предавници. По четиридневни тешки борби кои се одвиваа под силен притисок на непријателот, партизаните беа принудени да се повлечат во правец кон Костенаријата, односно во реонот Ланга.

Во текот на летото 1943 година, Тодора Анастасова-Скорна служеше во редовите на младинскиот партизански вод при штабот на 28-та бригада на ЕЛАС. Кон крајот на есента истата година, по предлог на членот на Околискиот комитет на КПГ за Костурско, Христина Пупти, која истовремено беше и секретар на женската партиска организација на КПГ за Костурско, Тодорка беше префрлена во Околискиот комитет на КПГ и беше задолжена да работи по партиска линија за омасовувањето на женската партиска организација во Костурско. Привремено таа ја вршеше функцијата и како секретар на партиската организација на КПГ по прашања за жените во реоните Д'мбени, Нестрам и Брештени. [239]

Сите задачи што и ги поставуваше Околискиот комитет на КПГ таа со задоволство ги прифаќаше и со успех ги извршуваше, а самата нејзина појава на состаноците со својот настап, влеваше доверба и ентузијазам кон жените и девојките. Така за прв пат се изрази рамноправноста на жените со мажите и нивниот придонес во заедничката борба.

Во ноември 1943 година, Тодорка која ја вршеше функцијата секретар на Нестрамскиот реонски комитет на КПГ по прашања за жените беше избрана за делегат на Првата партиска конференција на КПГ за Костурско, која се одржа во селското училиште во Сничени. [240]

Во текот на 1944 година се до прогонувањето на фашистичките окупатори од земјата, Тодорка активно и пожртвувано се бори

[239] Истото.
[240] Според сеќавањата на Евдокија Бањова-Вера и Минчо Фотев.

за слободата на својот народ. Како политички организатор и раководител на движењето таа даде се за борбата: својот имот, својата куќа, своите најблиски. Но таа не губи надеж. И во втората фаза на Револуцијата ја продожува својата патриотска борба.

Во јануари 1945 година како делегатка на костурската младина Дорка учествува на Сегрчката конференција на ЕПОН во Солун. [241]

Веднаш по договорот во Варкиза, Тодора Анастасова, како организатор на младината, учествува во сите протесни акции кои беа организирани од страна на КПГ и ЕАМ против теророт што го наметна грчката десница. Таа на чело на нестрамските жени ги водеше во Костур за да протестираат против теророт на грчките банди кои беснееа во Костурско. Поради ваквата нејзина активност, таа повеќе пати беше затворена и малтретирана во нестрамската жандармериска станица, Костур и Кожани. [242]

Во март 1946 година, за секретар на Нестрамскиот реонски одбор на НОФ беше поставен истакнатиот првоборец и комунист од селото Нестрам Кузма Калојанев. Благодарејќи на неговата помош и со помошта на Тодора Анастасова /по нејзиното излегување од затворот/, во Нестрам беше формирана и женската организација АФЖ.

Во септември истата година Тодора меѓу првите жени во Костурско доброволно стапува во партизани. Таа заедно со своите другарки Афродита Дувалевска, Евгенија Кирјакова, Махи Пекарова, Василка Петлиганова и други се појавува на планината Грамос, во месноста "Котелските ливади". Веднаш по нивното доаѓање сите до еден беа распоредени по партизанските одреди. Тодора Анастасова-Скорна, заедно со Афродита Дувалевска беше распоредена во одредот со кој раководеше Ахилеја Папајоану, од селото Калевишта,

---

[241] Тодора Анастасова Паскалова /Скорна/. Нашите паднати борци. Глас на Егејците, 1951, октомври 6, II, 15.

[242] Х. Скорну, Скорну Теодора, Во кн. "За света народна слобода". Ликови на паднати народни борци..., с. 243.

Костурско. [243] Командант на сите заеднички одреди на планината Грамос беше Ѓорѓис Ѓанулис, од селото Борбоцко, Костурско.

Во периодот од втората половина на 1946 година се до почетокот на 1947 година, партизанските одреди на планината Грамос нападнаа голем број села каде стационираше жандармериска војска. Целта на овие акции беше да се прошири слободната територија на партизаните на тоа подрачје. Меѓу најзначајните можат да се истакнат борбите за заземањето на селата Шак, Ревани, Омоцко и на пограничните караули со Албанија, близу до селото Калевишта. Исто така тие нападнаа и неколку села во други околии на Костурско како на пример Четирок, Добролишта, Крчишта и други.

Во сите горенаведени борби Дорка Анастасова покажа голема активност и херојство. На ова место вреди да се подвлече дека во борбата која се водеше меѓу селата Шак и Ревани, за прв пат во историјата на ДАГ на тоа подрачје беше заробена од страна на владините војски првата жена партизанка од Костурско по име Махи.

Во јануари 1947 година Тодора Анастасова-Скорна, заедно со други борци на ДАГ меѓу кои и Ана Мангова, од селото Жупаништа, Костурско, беше испратена во селото Сничени, со цел да ја апсолвира партизанската школа за десетари. [244]

Во март истата година на планината Грамос пристигна комисија од Обединетите нации со цел да ја испита ситуацијата во врска со теророт што го вршеше грчката десница по македонските села. Членовите на Комисијата ја посетија и школата за десетари во која се обучуваше и Тодора Анастасова. Тие извршиле интервју со Дорка и Ана Мангова и подробно се запознале со причините што ги натерало да излезат партизанки. Членовите на Анкетната комисија на Обединетите нации со помошта на слушателите на школата за десетари беа префрлени во месноста Кипурје, Гревенско, со цел да се сретнат лично со командантот на Главниот штаб на ДАГ, Маркос Вафијадис. По

[243] Според сеќавањата на Ана Мангова, од село Жупаништа, Костурско...
[244] Истото.

успешното извршување на оваа задача Тодора Анастасова и Ана Мангова, заедно со другите десетари се вратија во селата Калони и Дасилјо, Гревенско. [245] Тука заврши нивната обука. Двете другарки беа вклучени во единиците на 588-от баталјон на ДАГ со кој раководеше Ахилеја Папајоану. [246]Дорка беше распоредена како десетар во четата на Васил Христовски, од селото Добролишта, Костурско, а Ана Мангова во артилериската единица во водот на Сотир Аго, од село Јановени, Костурско, исто како десетар. Командир на нејзината чета беше Костандин Караиско /Караџа/, од Рупишта.

Тодора Анастасова, во својство на десетар во четата на Васил Христовски, активно се бори против владините војски за време на нивната прва непријателска офанзива која беше организирана во мај-јуни 1947 година на планината Грамос. Со операциите на Грамос против грчките владини војски раководеше командантот на Штабот на ДАГ за Грамос Ѓорѓис Ѓанулис.

Во оваа прва непријателска офанзива владините војски претрпеа голем пораз, а единиците на ДАГ постигнаа значаен успех. Се прошири слободната територија на ДАГ на тоа подрачје, а со тоа уште повеќе со подигна борбениот морал кај борците. Голем број доброволци стапија во редовите на ДАГ.

Веднаш по завршувањето на неуспешната офанзива на владините војски, единицата на Тодора Анастасова, која го држеше местото наречено “Праса”, при самата Котелска височина, беше префрлена на планината Вичо. На 14 јули истата година единицата на Дорка заедно со другите единици на ДАГ го нападнаа гратчето Сорович. Партизаните не успеале да го заземат градот. По завршувањето на борбата тие повторно се вратија на планината Грамос. [247]

Во август 1947 година на предлог на Штабот на ДАГ за Грамос, Тодора Анастасова заедно со Ана Мангова беше испратена во селото Денско /Централен Грамос/ со цел да ја посетува

[245] Според сеќавањата на Ахилеја Папајоану и Ана Мангова...
[246] Истото.
[247] Истото.

офицерската школа на ДАГ. Школувањето траеше 6 месеци. Но покрај секојдневното школување во офицерската школа, тие истовремено учетвуваа во голем број борби кои ги водеше ДАГ на тоа подрачје. [248]

Во декември истата година слушачите на офицерската школа добија наредба од Главниот штаб на ДАГ да ја префрлат целокупната печатарска техника на ДАГ од селото Денско во селото Орово, Преспанско. Тука тие ги положија последните испити, и откако дадоа заклетва, веднаш беа префрлени во селото Кидониес, Гревенско, при Штабот на ДАГ за Западна Македонија, Другарките Дорка и Ана со писмо се јавија кај командантот на ДАГ за Западна Македонија, Никос Теохаропулос-Скотидас. Тодора беше распоредена како командир на вод во една единица на ДАГ која дејствуваше на тоа подрачје. Во понатамошните борби што ги водеше ДАГ во Епир, Грамос, Вичо итн., таа активно и пожртвувано се бори се до средината на јули 1948 година кога падна погодена од една мина кај месноста Копанче /Горуша/, на планината Грамос. [249]

Така заврши животот на храбрата Македонка, Тодора Анастасова-Скорна.

[248] Истото.
[249] Тодора Анастасова Паскалова /Скорна/. Нашите паднати борци...

ТИНА АНДРЕЕВА-ЦВЕТА (1928-1949)

Меѓу најистакнатите македонски жени борци на ДАГ кои јуначки се бореа и го жртвуваа својот живот за слободата на македонскиот народ е и хероињката на Грамос и Вичо, Тина Андреева-Цвета. [250] Таа е родена во убавото костурско село Мокрени, во 1928 година во семејство познато со своите револуционерни традиции. [251] Уште од најмлади години Цвета [252] беше напоена со македонски револуционерни идеи. За време на диктатурата на Метаксас во Грција нејзиниот татко Кузман Андреев беше затворен од грчките власти под обвинение дека наводно вршел во родното село пробугарска пропаганда. Но Тинка, иако беше мало девојче, најде сили и смелост да им докаже на грчките џандари дека нивните обвинениј се лажни и дека тоа е измислена провокација за да го оправдаат судењето на Кузман. [253]

За време на фашистичката окупација, Тинка бидејќи беше млада девојка, не пројавила некоја посебна активност.

Љубовта кон ослободувањето на македонскиот народ дојде до полн израз летото 1945 година кога и во селото Мокрени беа поставени основите на македонската ослободителна организација НОФ во чиј состав делува Антифашистичкиот фронт на жените /АФЖ/ и младинската организација НОМС. Цвета меѓу првите во селото се вклучува во редовите на НОМС и заедно со своите соселанки Ленка, Дота, Анета и други со љубов и патриотско чувство се ангажира во собирањето на

[250] За борбената активност на Тина Андреева-Цвета во редовите на Даг види и: Фани Буцкова, Хероињата на Вичо и Грамос Тина Андреева-Цвета. Историја, Скопје, 1975, IX, бр. 2. с. 34-42.
[251] Стрико и на Тина Андреева, Никола Андреев, беше познат како истакнат револуционер и војвода за времето на турското ропство.
[252] Тина Андреева, псевдонимот "Цвета" го доби врз основа на толкувањето на ликот на Цвета во претставата од Војдан Чернодрински, "Македонска крвава свадба" која за прв пат беше изведена во селото Емборе, Кајларско во 1944 година.
[253] Андреева Катина /Цвета/. Во кн. "За света народна слобода"..., с. 31-32. Истото: И ироида ту Славомакедонику лау. Цвета. Весн. Прос ти ники, ДАГ, год. I, август 3, 1949, с. 3.

храна и облека за потребите на прогонуваните илегалци. [254] Поради ваквата активност, таа беше уапсена од грчката полиција. Но и покрај тоа што беше sверски мачена, таа ништо не призна. [255]

По ослободувањето од затворот Тинка беше принудена да премине во илегалство. Подоцна доброволно се вклучува во партизанските групи и со пушка в раце ја продолжува својата борба против грчките банди. [256] Во многу кратко време во редовите на ДАГ таа се истакнува со своето херојство.

Согледувајќи ги нејзините воени способности и активноста во борбата против ненародниот режим, раководството на КПГ во почетокот на 1947 година ја испрати да го посетува курсот за подофицери кој се одржа во селото Котелци, на планината Грамос. [257]

По завршувањето на курсот како командир на вод храбро се бореше на планините Вичо, Грамос, Синьачко, Коница и на други места. За својата храброст, смелост, решителност и пожртвуваност, често пати беше пофалувана и одликувана. Но Цвета не беше само храбра девојка. Исто така таа беше многу весела и распеана партизанка. Благодарение на овие одлики, за многу кратко време таа стана љубимка на борците на ДАГ и прочуена насекаде.

Како пример за нејзиното херојство може да ни послужи следниот случај. Во 1948 година, за време на летната непријателска офанзива на планината Грамос, единиците на ДАГ ги држеа позициите кај воденицата над селото Омоцко. Цвета со својот вод ги држеше позициите по десната страна на патот каде имаше поставено заседа. Утрото, в зори, една

---

[254] Фани Буцкова, Хероињата на Вичо и Грамос Тина Андреева-Цвета... с. 38.
[255] Истото.
[256] Не се знае точно кога Цвета стапила во партизанските единици. Според едни податоци се вели дека таа стапила во партизани на 6 септември 1946 година. Види: Ироес ќе мартирес /Херои и маченици/. Издание на "Нова Грција", 1954, а пак според други, Цвета стапила во ДАГ во почетокот на 1947 година. Види: Спис. "Нова Македонка", орган на Главниот одбор на АФЖ за Егејска Македонија, 1949, бр. 2.
[257] Тина Андреева-Цвета, спис. "Нова Македонка", февруари, 1949, с. 11.

владина единица го обиколила водот на Цвета. Во моментот кога таа се исправила за да ја испита ситуацијата, еден војник зад неа се нафрлил за да ја зароби. Тој успеал да ја фати за шинелот. Но благодарејќи на својата ладнокрвност, снаодливост и умешност, Цвета успеала да се извлече од шинелот и, откако се свртила, со еден рафал од автоматот го покосила војникот, оставајќи го на местото мртов со нејзиниот шинел во рацете. Веднаш по рафалот на Цвета, од двете страни се отвори оган и почна жестока борба, во која владините војски претрпеа голем пораз и се дадоа во панично бегство. [258]

Благодарејќи на нејзината примерна борба и пожртвуваност, во 1949 година беше испратена за делегат на Првата конференција на Сегрчкиот сојуз на демократските жени од Грција. На оваа конференција Цвета беше претставник на жените-борци од 18-та бригада на ДАГ и беше избрана во нејзиното работно претседателство. [259] Исто така и на Вториот конгрес на НОФ таа ги претставуваше партизанките од Вичо. [260]

За херојството и храброста на Цвета се искажаа голем број борци и старешини на ДАГ меѓу кои и писателот А. Пинду. Тој во своите сеќавања за неа меѓу другото пишува:

"Во едно ведро попладне со пушка на десното рамо, се јави во дивиот Вичо и рече: "Дојдов да се борам во вашата бригада другари". И, оттогаш како пролет да се пресели во бригадата. Каде е Катина таму е песната, таму е радоста. За кратко време разбра цела бригада, од каде е, како се борела, хероизам и пожртвуваност – цела историја на нашиот народ. Кога влегуваше во бој, огин и молња стануваше, што гори и пламти. Јуришаше храбро и се слушаше нејзиниот глас: "Удрете другари, Ура!..." [261]

---

[258] Според сеќавањата на Ана Мангова, од село Жупаништа, Костурско; активен учесник во НОБ и ДАГ.
[259] "Махитрија", весн. на ДАГ од 15 март 1949 година. Истото: Фани Буцкова, Хероињата на Вичо и Грамос Тина Андреева-Цвета..., с. 41.
[260] "Махитрија", од 5 април 1949 година.
[261] Цитирано според Фани Буцкова, Хероињата на Вичо и Грамос Тина Андреева-Цвета..., с. 41.

Тина Андреева-Цвета, храбрата љубимка на борците од 18-та бригада на ДАГ, херојски загина на 13 мај 1949 година во крвавата битка за заземањето на врвот Кулкутурје, над Црноглава падина, меѓу селата Нерет и Трсје, на Неретската планина. [262]

Во врска со нејзината херојска смрт А. Пинду, во продолжение на своите сеќавања пишува:

"...И таму на врвот одеднаш татнеж, чад, потоа молк. Нејзиниот глас не се слушаше повеќе. Ја дигнаа другарите. Само очите по нешто и зборуваа и чиниш тих шепот се шири: "Ме отргнаа од вас другари, но не ми го откорнаа срцето и омразата кон нив. Земете ја таа омраза и ставете ја на вашите оружја за да бидам и понатаму присутна меѓу вас и удрите, удрите, другари..." [263]

Оваа последна борба на Цвета беше 90-та по ред во која таа учествуваше до последниот здив. За нејзиното херојско држење во оваа борба како и во поранешните крвави битки и беше доделен посмртно втор орден за храброст, а во знак на признание за нејзината храброст, партизаните од 18-та бригада на ДАГ во која Цвета се бореше издадоа весник "ЦВЕТА". [264]

[262] Истото: с. 42.
[263] Истото: Цитирано според Фани Буцкова..., с. 41-42.
[264] Истото: с. 42.

ДИНО БИНЧЕВ (1916-1948)

Револуционерното македонско село Крива, Гуменџиско, има дадено голем број жртви за слободата на македонскиот народ.[265] Меѓу најистакнатите спаѓа и Дино Бинчев. Тој е роден во 1916 година, во сиромашно земјоделско семејство, но богато со револуционерни традиции. По завршувањето на основното училиште во родното село, тој им помага на своите родители во земјоделските работи.

Со нападот на фашистичка Италија на Грција Дино Бинчев, заедно со други свои соселани, беше мобилизиран во грчката армија и веднаш потоа беше испратен на Албанскиот фронт за да се бори против италијанскиот агресор.

Уште од првите денови на германско-италијанската и бугарската окупација на земјата Дино меѓу првите во селото Крива се вклучува во борбата против фашистичките завојувачи.

Во 1942 година Дино Бинчев, заедно со своите соселани Атанас Јанаков, Димитар Лититаров, Пено Карамуткин, Пано Митков и Димитрак Златкин во Крива ја формираат основната организација на КПГ. [266] Во селскиот секретаријат на КПГ Дино беше одговорен по финансиски прашања. На таа должност тој работи се до крајот на 1944 година, односно до прогонувањето на фашистичките окупатори од земјата.

Со воведувањето на проанглиската власт во Грција како резултат на договорот во Варкиза, Дино, заедно со други прогресивни Македонци од родното село, беше прогонуван од страна на грчката полиција и жандармерија и поради тоа тој беше принуден да премине во илегалство. Еден краток период престојувал во слободниот дел на Македонија.

Пролетта 1945 година, по претходни консултации со раководството на НОФ за Егејска Македонија, Дино заедно со други македонски патриоти се враќа во родниот крај и веднаш

[265] Сеќавања на Димитар Лититаров, од село Крива, за неговата револуционерна дејност во периодот 1942-1942 година. Се чуваат во ИНИ.
[266] Истото.

се вклучува во борбата против новите реакционерни власти во Грција. [267] Во редовите на НОФ за Гуменџиско во својство на курир ги обиколува речиси сите македонски села и го агитира народот за борба против разбеснетите грчки банди кои со фанатизам го тероризираа голоракиот македонски народ. Благодарејќи на ваквата негова активност, подоцна тој стана член на Околискиот одбор на НОФ за Гуменџиско, одговорен по финансиски прашања и секретар на Реонскиот одбор на НОФ за селата Крива, Баровица, Петгас и други. Ваквата одговорна задача Дино ја врши се до крајот на мај 1947 година кога со пушка в раце се вклучува во редовите на 24-та бригада на ДАГ, во 519-от баталјон. [268]

Во текот на летото 1948 година, поради физичка истоштеност од секојдневните борби и маршови, Дино Бинчев извесно време бил неспособен за борба. Чувствувал силни болки во нозете и немал сили да учествува во подалечни акции. Но и покрај тоа тој не се откажа од борбата.

Во почетокот на октомври истата година 519-от баталјон кој влегуваше во составот на 24-та бригада на ДАГ, доби наредба да изврши една многу важна борбена задача. Во извршувањето на таа задача се разбира требаше да учествува и Дино Бинчев. Но на сретпат, исцрпен од големиот напор, тој немал сили да го продолжи патот. Во оваа тешка ситуација, бил принуден да се задржи до една пригранична караула, близу до селото Љумница, Гуменџиско. Таму беше заробен од службата на караулата и по два дена му беше предаден на штабот на 24-та бригада на ДАГ. Се разбира, командата на бригадата веднаш го оквалификува како дезертер. Тој врзан, веднаш беше спроведен во селото Нотија, Мегленско и му беше предаден од страна на штабот на бригадата на борецот Алеко Пулков, како доверливо лице, со задача тој да го чува. [269] Но Алеко Пулков, кој претходно дознал дека командата на штабот на 24-та бригада дала наредба за негово ликвидирање, упорно го советувал својот другар тие двајцата да преземат соодветни мерки за

[267] Според сеќавањата на Иван Ничев, од град Гумеџе...
[268] Според сеќавањата на Алеко Пулков, од град Гуменџе; активен учесник во НОБ и ДАГ.
[269] Истото.

негово спасување. Меѓутоа Дино Бинчев не му поверувал на неговите предупредувања. Тој знал дека целиот свој живот чесно и служел на револуцијата, ништо лошо не направил, па и затоа немало потреба да побегне. Неговата трагедија уште повеќе се зголеми вечерта на 13 октомври 1948 година, кога тој ја добил жалната вест за херојската смрт на неговиот брат Ристо Бинчев во борбата за заземањето на селото Страишта, Мегленско. Ристо уште од порано беше истакнат борец против странските окупатори, а за време на граѓанската војна служеше во диверзантската група за Гуменџиска околија која се раководеше од штабот на 24-от бригада на ДАГ. [270]

Како што и се очекуваше, кон крајот на октомври 1948 година, со наредба на командата на 24-та бригада на ДАГ, Дино Бинчев беше ликвидиран со стрелање.

Можеби навистина прекршокот на Дино Бинчев заслужувал да биде оквалификуван од страна на штабот на 24-та бригада на ДАГ како дезертерство и за ова тој да биде казнет, но штабот требаше да го повика Дино Бинчев пред воениот суд, да му ја докаже вината и официјално да му ја соопшти пресудата. А штабот тоа не го сторил. Ако штабот на спеменатата бригада бил навистина убеден во дезертерството на Дино Бинчев, тогаш зошто официјално не му судел пред воен суд и зошто не му била официјално изречена казната? Најверојатно немало докази, па решението за ликвидирањето на Дино Бинчев било донесено тајно од страна на група луѓе кои беа антимакедонски настроени. Ова го потврдува фактот не само несудењето на Дино Бинчев пред воениот суд, туку и долгото негово држење во логорот за прекршители на воената дисциплина.

Така ли казна заслужува борец кој во еден момент од својата долгогодишна борба против странските окупатори и грчките реакционерни власти појавил слабост и неспособност за борба поради физичка исцрпеност? Колку и да е оправдана наредбата на штабот на 24-та бригада на ДАГ за ликвидирањето на Дино Бинчев, самото несудење пред воен суд на овој револуционер го

[270] Истото.

квалификува како заговор против заслужениот македонски деец и активист на НОФ.

ПАНАЈОТ БОЖИНОВ-ЛЕФТЕР (1918-1946)

Панајот Божинов-Лефтер е првоборец од село Месимер, Воденско. Роден е во 1918 година, во сиромашно земјоделско семејство. По завршувањето на основното училиште во родното село тој продолжи да се школува во Воденската гимназија, но поради немање на материјални средства, беше принуден да го прекине своето понатамошно школување. Во родното село продолжи да им помага на своите родители во земјоделските работи.

По нападот на фашистичка Италија на Грција, Панајот Божинов, заедно со други свои соселани, беше мобилизиран во грчката армија, а потоа беше испратен на Албанскиот фронт за да се бори против италијанскиот агресор.

По капитулацијата на Грција извршена од страна на хитлерова Германија, Панајот се враќа од фронтот во родното село и продолжува да се занимава со земјоделски работи.

Во првата половина на 1942 година, Панајот Божинов се поврзува со истакнатиот македонски револуционер од неговото родно село, Вангел Чобанов и под негово раководство со елан се вклучува во борбата против окупаторот и домашните предавници. [271]

Подоцна, во мај 1943 година, младинците од селото Месимер, со помошта на Вангел Чобанов, ја формираат во родното село младинската организација ЕПОН. Во почетната фаза нејзиното раководство го сочинуваа: Вангел Чобанов /секретар/, Гели Гавранов, Софија Алибакова-Лефка, Вани Индинаков и Панајот Божинов. [272]

Членовите на младинската организација ЕПОН во селото Месимер, уште од првите денови на нејзиното формирање со

[271] Според сеќавањата на Ристо Буковалов-Жуков, од село Теово...
[272] Според сеќавањата на Вангел Чобанов, од село Месимер; еден од првите борци во НОБ во Островска околија. Во пролетта 1946 година, поради својата револуционерна дејност беше уапсен од грчките власти и беше ставен во злогласните затвори и логори каде има одлежано 25 години затвор.

голема верба и пожртвуваност се вклучуваат во борбата против окупаторот. Голема активност во организирањето на селаните во борба против странските поробувачи покажа и Панајот Божинов.

Во првата половина на септември 1944 година, единиците на 30-та бригада на ЕЛАС, во чии состав влегуваше и Воденскиот македонски баталјон, го нападнаа градот Воден. [273] Панајот Божинов, заедно со Гели Гавранов, во својство на курири, меѓу првите се вклучи во борбата. Благодарејќи на тоа што селото Месимер се наоѓа во непосредна близина на градот Воден, тоа им помогна на двајцата другари во успешното извршување на своите задачи. Поради успехот на партизаните во Воден, во знак на одмазда, непријателот потполно го изгоре селото Месимер, а неговите жители ги пресели во Воден и околните села. Но и покрај тоа што селото Месимер беше потполно растурено, младинците на чело со Панајот не ја прекинаа својата борба против окупаторот.

Во втората половина на октомври истата година, односно кога дојде до отцепување на македонските партизани од составот на единиците на ЕЛАС поради спомнатиот став на раководството на КПГ и ЕЛАС во однос на македонското национално прашање, на состаноците кои беа организирани од македонски активисти и борци од Воденско, а кои што подоцна се вратиле од Вардарска Македонија во родниот крај, Панајот Божинов подробно се запознаваше со причините на расцепот меѓу Македонците и раководството на КПГ и ЕЛАС. [274]

Кон крајот на февруари 1945 година, со формирањето на македонската ослободителна организација ТОМО, Панајот меѓу првите во родното село се вклучува во нејзините редови и со уште поголема пожртвуваност се фрли во борбата против бесот на грчката десница. Заедно со своите соселани Кољо Ќорташов

[273] Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури..., с. 120. Истото: Христо Андоновски, Македонците под Грција во борбата против фашизмот..., с. 185-186.
[274] Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури..., с. 159-160.

и Вангел Чобанов го формира во Месимер селскиот одбор на ТОМО [275]

Во јуни истата година, со формирањето на организацијата НОФ за Воденско, Панајот, познат сега и со името Лефтер, беше избран за член на Окружниот одбор на НОФ за Воденско. [276] По неколку дена беше назначен за секретар на НОФ за реонот Месимер. [277]

Во втората половина на 1945 година, по директива на Окружниот одбор на НОФ, Лефтер добива задача да врши поверливи задачи, односно да врши курирска дејност на релацијата помеѓу градот Воден и селата Кронцелово, Теово, Острово и Месимер. Поставените задачи тој секогаш совесно и навреме ги извршуваше.

Малку подоцна, во почетокот на 1946 година, Лефтер беше избран за секретар на Островскиот реонски одбор на НОФ. [278]

Како што е нагласено и во друга прилика, во тоа време организацијата НОФ беше изложена на секојдневни тешкотии не само од страна на грчката реакција, туку и од некои раководители на КПГ и АКЕ кои што ги клеветеа членовите на НОФ како “предавници”, “охранисти”, “автономисти”, “сепаратисти” итн. [279] Во овие тешки моменти што ги минуваше НОФ, Панајот Божинов го убедуваше македонското население од својот реон дека Македонците мораат единствено со сопствени сили да ја бранат својата чест и слобода. Но таа негова дејност беше прекината во селото Јаворјани од предавникот Стерио Влаот кога грчките жандарми на 23 март 1946 година ја опколија јавката на Околискиот одбор на НОФ

[275] Истото: с. 162.
[276] Истото: с. 169.
[277] Истото: с. 170.
[278] Истото: с. 218.
[279] Извештај од Панајот Божинов, односно од Околискиот одбор на НОФ за Острово, испратен до Окружното раководство на НОФ за Воденско, за организационата и политичката ситуација во околијата. “Егејска Македонија во НОБ, 1946”, Т. III, док. 20, с. 49-50.

во селото Јаворјани. [280] Во почетокот тој некако успеал да се оддалечи од непријателот и, за да ги заблуди жандармите, влезе во поблиската река. Но беше забележан и обиколен од сите страни. Жандармите му викаа да се предаде. "На вас продадени кучиња не се предавам", се слушна гласот на Лефтер. Непријателски пушки почнаа да грмат насекаде. Еден од фашистичките куршуми смртно го погодил. Водите на Подеската река почнаа да го влечат по својот тек мртвото тело на Лефтер. Жандармите, откако се уверија дека Лефтер е мртов, се доближија до него. [281] Тие го однесоа во градот Воден за да го плашат народот.

Наредната година, во почетокот на февруари, во близината на споменатата јавка, беше фатен од партизаните соработникот на десницата Стерио Влаот со своите 200 овци. Претходно тој успеал да изврши уште едно предавство. Но раководството на движењето остро го казни. Беше физички ликвидиран како предавник на македонскиот народ. [282]

[280] Извештај од Окружното раководство на НОФ за Воденско, од 24 март 1946 година, по Главното раководство на НОФ за политичката ситуација и активноста на организацијата НОФ во округот. "Егејска Македонија во НОБ, 1946", Т. III, док. 86, с. 207. Истото: Проглас од Окружниот одбор на НОФ за Воденско до Македонците, Грците, Власите и Албанците, со кој ги повикува да се обединат и заеднички да му се спротивстават на монархофашистичкиот терор врз Македонците. "Егејска Македонија во НОБ, 1946", Т. III, док. 87, с. 208.

[281] Според сеќавањата на Ристо Буковалов-Жуков...

[282] Истото.

МАТИ /МАТЕЈА/ БУЛЕВ (1904-1949)

Еден од предвоените комунисти и активни борци во македонското националноослободително движење е и Мати Булев. [283] Тој е роден во 1904 година во револуционерното македонско село Екши-Су, Леринска околија, во сиромашно земјоделско семејство.

Уште од најмлади години кај него се појавува буен револуционерен карактер. Со пролетерските идеи Мати се запознава во 1926 година, кога на парламентарните избори во Грција ги бранеше правата и интересите на кандидатите од "Единствениот фронт на работниците, земјоделци и емигрантите". [284] Од тогаш активно учествува во сите парламентарни избори во Грција се до 1932 година кога се зачленува во Комунистичката партија на Грција и, наоѓајќи се во тесен контакт со илегалните инструктори на КПГ, извршуваше разни партиски задачи.

Со формирањето на ВМРО /Об./ за Егејска Македонија, Мати Булев станува еден од најверните нејзини симпатизери и работи со сите сили за омасовување и засилување на организацијата. Тој често пати активно учествуваше во судирите со грчката реакција и полиција и на неколку пати беше затворен. Во неговата куќа наоѓаа засолниште прогонуваните членови на КПГ и на ВМРО /Об./, а неретко во неа се одржуваа состаноци и советувања на селските партиски организации на КПГ и на ВМРО /Об./. [285]

На парламентарните избори во Грција во јануари 1936 година, Мати Булев, заедно со уште триесетина негови соселани – членови и симпатизери на КПГ, придружувајќи ги кандидатите на Народниот фронт ги посетија селата во Соровичко и помогнаа во распространувањето на програмата на Народниот

---

[283] Овој прилог, од истиот автор е објавен и во спис. "Културен живот", Скопје, 1982, септември-октомври, XXVII, бр. 7-8, с. 57-59. Тука го даваме со некои мали измени и дополнувања.

[284] Матеја Булев /Мати/. Оние што ги дадоа своите животи. Глас на Егејците, Скопје, 1951, јуни 2, бр. 10, с. 3.

[285] Хрисафов, К., Булев Мати. во кн. "За света народна слобода"... с. 57.

фронт. Благодарејќи на упорноста и решителноста на комунистите од Екши-Су, Народниот фронт на изборите во селото добил голем број гласови. [286]

За време на Метаксасовата диктатура во Грција, Мати Булев, на извесно време се префрли во Нигритска околија каде што наскоро беше уапсен и интерниран на островот Хиос. [287]

По окупацијата на Грција и Егејска Македонија од страна на германско-италијанските и бугарските окупатори, Мати беше ослободен од затворот и веднаш стапува во формираните партизански единици на ЕЛАС.

Многубројни се неговите акции особено во минирањето на патиштата, мостовите, железничките пруги, а крена во воздух десетици германски и италијански камиони, возови и други возила.

По прогонувањето на германските, италијанските и бугарските фашистички окупатори од Грција и Егејска Македонија, по договорот во Варкиза, Мати Булев беше принуден да премине во илегалство. А кога раководството на КПГ ја исфрли фамозната парола за "политичка невооружена борба", тој не само што не го положи оружјето, туку стана еден од најактивните организатори на невооружената борба против новите десничарски власти во Грција.

Мати Булев беше еден од доследните македонски револуционери кои не се согласуваа со непринципиелниот став на раководството на КПГ и ЕАМ по македонското национално прашање и затоа уште од првите денови, со формирањето на македонската ослободителна организација НОФ, тој стана пламенен нејзин член и активист.

Во есента 1946 година, кога се разгоре граѓанската војна во Грција, Мати стапува меѓу првите во вооружената борба на планината Радуш. Таму се сретнува и со други прогонувани Македонци од селата Ајтос, Екши-Су, Сребрено, Баница,

[286] Истото.
[287] Матеја Булев /Мати/. Глас на Егејците, 1951, јуни 2, бр. 10.

Зеленич, и заедно со нив ја формира својата саботерска група.[288] Брзс им покажува на монархофашистите од Соровичка околија, дека тие не можат така лесно да го мачат и тероризираат македонскиот народ. Со првите напади тој ја вооружи својата група со бренди, томсони, пиштоли и рачни бомби кои ги заплени од непријателот. Неговата храброст и неустрашливост ги принудуваше монахофашистите да треперат кога ќе го слушнеа неговото име. Од него се плашеа и трепереа сите предавници и непријатели на македонскиот народ. А бурандарите за да му се одмаздат му ја изгореа куќата. [289]

Безброј се борбените акции на бај-Мати /како што популарно го викаа неговите соборци/. Десетици камиони, тенкови, мостови и локомотиви крена во воздух. Многу непријатели со својот живот платија за убиствата на старците и децата, за горење и палење на македонските села. За подобра илустрација на неговите херојски акции ќе наведеме неколку од нив. [290]

Во ноември 1948 година, односно по големите загуби што ги претрпе непријателот од страна на партизанските единици на ДАГ со нивните секојдневни заседи, со сечење а телефонските жици и столбови, со минирањето на теренот и со ненадејните удари против монархофашистичките населени места и упоришта во селата Баница, Екши-Су, Елевиш итн., владините единици во состав од една бригада, решија дефинитивно да ги уништат партизанските позиции на тоа подрачје. Тие тргнаа од селото Баница во три правци. Еден баталјон, тргна десно од селото Негован, односно од кај селата Кучковени и Котори. Вториот баталјон тргна за селото Негован. Третиот баталјон го фати правецот кон стариот пат кој води кон селото Невеска. На овој непријателски предизвик, саботерскиот одред на Мати Булев и Коста Хрисафов, од село Баница, Леринско, политички комесар на одредот, заедно со едно одделение на Народната

[288] Според сеќавањата на Михали Јотев-Бицан, од село Екши-Су, Леринско-учесник во НОБ и ДАГ. Се чуваат во ИНИ.
[289] Матеја Булев /Мати/, Глас на Егејците, 1951, јуни 2, бр. 10.
[290] Опишаните акции не ја опфаќаат целосната дејност на Мати Булев и неговата саботерска група. Тука ги опишавме само најважните и тоа од двете последни години на Граѓанската војна во Грција кои на непријателот им нанесоа големи загуби.

милиција тргна да им ги расипе плановите на владините војски. Мати, заедно со својата саботерска група изненадено од грб ги нападна владините војски. Тие беа толку изненадени, што почнаа панично да се повлекуваат, имајќи притоа големи загуби. [291]

Во првата половина на декември истата година, еден владин баталјон кој стационираше во селото Невеска ги нападна партизанските единици на ДАГ близу селото Зеленич. Во тоа време во Зеленич престојуваше и саботерската група на Мати Булев . Водејќи жестока борба, саботерите на Мати не им дозволија на владините војски да го заземат селото Зеленич.

Кон средината на декември 1948 година, монархофашистичкиот баталјон стациониран во селото Невеска ги засегна сите позиции меѓу селата Невеска и Ајтос. Друга колона војници, составена од монархофашистички камиони, натоварени со стока и муниција и придружувани од еден баталјон од Сорович исто пристигна во селото Ајтос. Една десетина борци од составот на Народната милиција на ДАГ, која беше стационирана во соровичките села, со еден пушкомитралезец, ненадејно ги нападна владините војски во месноста "Ајтошка Корија". Друга десетина борци од составот на групата на Мати, истите војници ги нападна кај месноста "Љуботински трап". Двата ненадејни напади предизвикаа кај непријателот вистинска паника. Монархофашистите набрзина ја натоварија стоката и муницијата на маските и панично се повлекоа од селото Ајтос. [292] Борците од Народната милиција и од саботерската група на Мати се впуштија во полето и веднаш стапија во борба со владините војски. И баталјонот кој беше дојден од Сорович, мислејќи дека партизаните настапуваат со големи сили, панично се распрснаа по полето. Борбата траеше цел ден. Борците на ДАГ заробиле 17 војници со нивното оружје од кои двајца подофицери, два минофрлачи и два пушкомитралези. Другиот монархофашистички баталјон кој ги држеше височините меѓу селата Ајтос и Невеска, уплашен од

[291] Сеќавања на Ставре Попилиев, од село Ајтос, Леринско, за дејноста и структурата на Народната милиција создадена на слободната територија на ДАГ во периодот 1947-1949 година, с. 50. Се чуваат во ИНИ.
[292] Истото.

ваквата ситуација, заедно со шпионите од селата Ајтос и Зеленич се повлече во својата база во селото Невеска. [293]

Монархофашистичките власти согледувајќи дека секој ден ги губат своите позиции и сакајќи да го подигнат војничкиот борбен морал, во првата половина на јануари 1949 година, наредиле да ги евакуираат сите села од Соровичка околија, односно селата кои се наоѓале во т.н. "мртва зона" на монархофашистичките центри, каде имаа своја војска и полиција, а со тоа потполно да ја изолираат ДАГ од населението. Тоа настана веднаш по успешните борби на 10-та Дивизија на ДАГ, кога истата го зазеде градот Негуш. Но при повлекувањето од Негуш, борците на споменатата дивизија претрпеа големи загуби од страна на монархофашистичките војски во близината на Сорович, Екши-Су, Спанци, односно полето каде непријателот имаше поставено заседи со големи воени сили.

На 10 јануари 1949 година, една моторизирана владина бригада веднаш се лоцира во селото Ајтос и почна на сила да го евакуира населението од селата Спанци, Гулунци, Љубетина, Ајтос, Неволјани, Горско, Сребрено, Илео и други. Ова принудно иселување на селаните од споменатите села траеше околу десетина дена.

Присуството на владините единици на овој терен на единиците на ДАГ им создаде големи проблеми. Во оваа ситуација, Штабот на ДАГ донесе наредба еден дел од диверзантската група на Мати Булев и на Народната милиција да се префрли во селото Сетина, на планината Кајмакчалан. Другите две групи партизани кои останаа во Соровичка околија, односно дел од борците на Народната милиција и од одредот на Мати Булев самоиницијативно продолжија да изведуваат секојдневни разни саботерски акции против непријателот. [294] Тие го минираа патот меѓу селата Сотир-Зеленич, на растојание околу 16 километри и патиштата кои водеа од селото Ајтос за Невеска и од Зеленич за Невеска; ги сечеа телефонските жици и нивните столбови;

[293] Сеќавања на Ставре Попилиев, за учеството на селото Ајтос, Леринско.
[294] Сеќавања на Ставре Попилиев за дејноста и структурата на Народната милиција создадена на слободната територија на ДАГ..., с. 25.

често влегуваа во селото Екши-Су и пред носот на владините војски вршеа мобилизација на нови борци во редовите на ДАГ. Се разбира дека ваквата ситуација властите не можеа да ја поднесуваат и затоа во втората половина на јануари 1949 година тие повторно ги нападнаа партизанските единици. Еден баталјон со неколку блиндирани коли тргна во правец кон селото Зеленич. Други непријателски единици од селото Клисура ги фатија ридовите меѓу селата Илео и Ракита. Но партизаните, водејќи упорна и жестока борба, не им дозволија на владините војски да влезат во Зеленич. Групите на ДАГ и саботерите на Мати, со силен митралески оган, успеале да го одбијат непријателот нанесувајќи му големи загуби.

По оваа неуспешна акција на владините војски, монархофашистичкиот баталјон стациониран во Невеска се реши сам да ги уништи малите групи на ДАГ. За исполнување на оваа акција властите го мобилизираа целото машко население од селото Невеска и еден февруарски ден 1949 година ненадејно го нападнаа селото Зеленич. На помош му пристигна една единица од селото Клисура. Но, благодарејќи на будноста на борците од Народната милиција и на слободните стрелци на Мати Булев, непријателот пак не успеа да влезе во Зеленич. Една група борци ја држеше височината над Зеленич, наречена "Градиште"; другата група ги држеше позициите надвор од селото и кога владините војски се доближија на растојание околу 250 метри, храбрите борци на Мати, од сите страни со шмајзери и митралески оган ја принудија војската во панично бегство. [295]

Во тоа време, селото Елевиш, Соровичко беше познато како страшилиште за сите жители од околните села. Наоружени предавници и терористи од тоа село секојдневно го тероризираа и пљачкаа невиното население во околијата. Мати Булев се реши да ги казни пушкарите. Тој знаеше дека преку ноќта терористите позасилено го чуваат селото и не би можел со својата група да влезе во него. Затоа тој натоварил една маска со дисаги во кои беа поместени две мини "телермаин", ги запали капсулите и ја упати маската кон окопите на

[295] Истото, с. 31.

терористите. Тие се втурнале кон нивната жртва. Во тој момент експлодираа мините. Наоколу се загрми. На местото останаа шест убиени и неколку ранети пушкари. [296] Така ги казни Мати Булев шпионите од селото Елевиш.

На 19 април 1949 година еден владин баталјон повторно ги нападна партизанските позиции над селото Зеленич. Мати, заедно со својата саботерска група од 16 борци херојски го бранеше тоа место и ги задржа позициите на партизаните. Водејќи шестчасовна крвава борба, тој успеа да му нанесе на непријателот огромни загуби. По завршувањето на својата задача Мати Булев им нареди на своите соборци да се повлечат. Во тој момент еден непријателски куршум смртно го погоди и стави крај на неговата револуционерна дејност. [297]

[296] Хрисафов, К., Булев Мати. во кн. "За света народна слобода"... с. 59.
[297] Матеја Булев /Мати/. Глас на Егејците, Скопје, 1951, јуни 2, бр 10.

ТОДОР ДОЈЧИНОВ-МОРАВА (1921-1947)

Со одлука на министерот за јавна безбедност на атинската влада под бр. 34/509/1 од 30 декември 1945 година, Тодор Дојчинов [298] и неговиот брат Александар беа прогласени за разбојници. За нивните глави грчките власти определија награда по 200.000 драхми за секој од нив, ако на власта и бидат доведени живи или мртви. [299] Поради нив им настрада и фамилијата. Така, нивната мајка беше изложувана на малтретирања и понижувања, а постарите им браќа Ѓорѓи /34 години/, Константин /31 година/ и сестра им Марика /22 години/ беа осудени на по една година затвор. [300]

Грчката десница сите македонски борци за слобода и демократски живот ги нарекуваше туѓи агенти и разбојници. А Тодор Дојчинов беше еден од повидните револуционери од Енице-вардарско и член на раководството на НОФ. Затоа грчките власти распишаа потера по него и ја уценија неговата глава, само да го ликвидираат. Преку народните изроди му појдоа во потрага, но револуционерот жив не им се предаде.

Тодор Дојчинов-Морава [301] роден е во 1921 година во градот Енице Вардар. Основното училиште го заврши во своето родно

---

[298] Овој прилог, од истиот автор, со мали измени е објавен и во Гласникот на ИНИ, Скопје, 1979, XXIII, бр. 2-3, с. 247-250.

[299] Види: Соопштение од командантот на грчката жандармерија во Воден, жандармерискиот потполковник И. Н. Бафас, од 26 февруари 1946 година, за прогласувањето за разбојници на повеќе Македонци активисти и борци. "Егејска Македонија во НОБ, 1946", Т. III, док. 59, с. 133.

[300] Види: Меморандум од Окружниот комитет на ЕАМ за Воденско до Анкетната комисија на ООН, за теророт на монархофашистичката десница во Воденско: Прилог бр. 1. Именичен список на интернираните од Воденскиот округ. "Егејска Македонија во НОБ, 1947", т. IV, док. 25, с. 101.

[301] Псевдонимот на Тодор Дојчинов; "Морава", е од истоимената планина во Албанија. Таа планина, за време на грчко-италијанската војна, 1940 година, се наоѓаше во рацете на италијанската војска, и заедно со Иван Планина претставуваше важен стратегиски пункт. По паѓањето на планината Морава падна и Иван Планина, а со тоа, на грчката војска и се отвори патот за Корча. Овој значаен настан се озва со широк ек во цела Грција, а Тодор Дојчинов името на планината Морава го зел како свој псевдоним. Според личните сеќавања на Иван Ничев-Мирче, од град Гуменџе, секретар на Окружниот одбор на НОФ за Гуменџиска и Енџевардарска околија.

место. Уште од млади години работи како наемен работник кај побогатите граѓани, и како таков имал прилика лично да ја почувствува експлоатацијата над работничката класа и сиромашните слоеви на населението. [302]

За време на диктатурата на Јоанис Метаксас во Грција, тој е сведок на дискриминаторската и асимилаторската политика на грчките фашистички власти спрема Македонците, на кои им беше забранет дури и нивниот мајчин јазик. Токму затоа, Тодор, уште од млади години, се дружи со прогресивни луѓе и ги шири нивните револуционерни идеи.

Кога германските фашистички окупатори ја нападнаа Грција и Егејска Македонија, Тодор Дојчинов се организира во грчката младинска организација ОКНЕ, [303] а од 1942 година [304] станува член на КПГ и ЕАМ, работејќи на организирањето и раководењето со градските и селските партиски организации. Заедно со други активисти од околијата, работи и во организацијата ОПЛА [305] се до спогодбата во Варкиза, односно до капитулацијата на ЕЛАС.

Како примерен член на Партијата тој ужива авторитет особено меѓу македонската младина. Дојчинов никогаш не заборава на своите сонародници да им ја подвлечува потребата за нивното активно учество во антифашистичкото движење на Грција и Егејска Македонија кое, според неговото мислење, претставуваше единствена гаранција за национално и социјално ослободување на Македонците.

Поради теророт спроведен врз македонското население по Варкиза, во март 1945 година тој преминува во илегалност. Принудно ја напушта земјата и заминува, прво во Тетово и

---

[302] Програма за споменично одбележување на настаните и ликовите од револуционерното минато на македонскиот народ во Скопје. Скопје, 1973, дел III, /бисти/, с. 197. Се чува во ИНИ.
[303] Според сеќавањата на Иван Ничев-Мирче...
[304] Види: Кратки биографски карактеристики за активистите на НОФ во Гуменџиско и Ениџевардарско, поднесени од Иван Ничев-Мирче, до Главното раководство на НОФ. "Егејска Македонија во НОБ, 1946", Т. III, док. 134, с. 299.
[305] Истото.

оттаму во Булкес /Војводина/. [306] По доаѓањето во Булкес се вклучува во политичкиот живот меѓу бегалците од Егејска Македонија и неуморно работи во ширењето на нивните национални идеи.

Во ноември истата година, Морава, согледувајќи ја тешката положба на Македонците од егејскиот дел на Македонија, преку Гевгелија се враќа во родниот крај и веднаш стапува во редовите на организацијата НОФ.

Во почетокот на март 1946 година Тодор беше одреден за секретар на Околискиот одбор на НОФ за Енидевардарска околија со која раководи се до март 1947 година. [307] Во Енидже Вардар и околијата, покрај некои слабости, тој формира основни организации на НОФ и во сите критични моменти не ги напушти своите позиции. [308] Особено беше активен во агитацијата меѓу младината.Ваквата негова активност, се разбира, не останува незабележана од тогашните грчки реакционерни власти во околијата. Монархофашистите беснееа во Енидже Вардар. Нивните злодела спрема голоракиот македонски народ ги надминаа сите граници. Тоа се гледа и од извештајот на Тодор Дојчинов, испратен до Главното раководство на НОФ, од 7 март 1946 година, во кое меѓу другото се вели: "...Теророт врз Македонците ја достигна кулминационата точка. Тепањата, конфискациите на добитокот и имотите, и отпуштањата на демократски настроените војници се зголемуваат и наполно економски го исцрпуваат нашиот елемент.

Уапсените и понатаму остануваат во затворите, без да се ослободува ниеден од нив..." "...На 7 март пристигна малобројна жандармериска сила за одржување на редот.

---

[306] Истото.

[307] Христо Андоновски, "Смртта на капетан Морава", Списание "Иднина", Скопје, 1950, март-април, II, бр. 2, с. 59-60. Истото: Програма за споменично одбележување на настаните и ликовите..., с. 197.

[308] Извештај од Вангел Ничев-Ориватис, од град Гуменце, секретар на Околискиот одбор на НОФ за Гуменциска околија од 15 мај 1946 година, до Главното раководство на НОФ, за политичката ситуација во Гуменциско и активноста на организацијата НОФ. "Егејска Македонија во НОБ, 1946", Т. III, док. 129, с. 287.

Командант на полицијата е Контакос, монархофашист и терорист. Притисок често вршат врз народот следните лица: Змирниос Теодорос, учител; Адамакис Петрос, Хаџитимотијадис, Вузриздис Алекос...". [309]

Тодор Дојчинов цела една година раководи со организацијата НОФ во Енице-вардарска околија. Заедно со своите соработници, тој ја обиколува целата околија, агитирајќи и организирајќи го народот против грчката монархофашистичка реакција и нејзините агенти. Немаше партизанска акција во која не учествувал и Тодор.

По директива на Главниот одбор на НОФ за Егејска Македонија, во март 1947 година, раководството на НОФ за Енице-вардарска околија организира една акција врз основа на која требало да се соберат од месното население во градот Енице Вардар финансиски средства за потребите на организацијата НОФ. [310] За таа цел беа направени формулари со печат на организацијата и список на лицата кои би можеле да помогнат. Формуларите требало да се испратат во Енице Вардар. За исполнување на таа цел беа назначени: Тодор Дојчинов-Морава како околиски секретар, Крсте Рабушев, реонски секретар; Коста Попов, Ристо Вацуров и други.

Споменатите другари требало прво да слезат во селото Радомир и оттаму, обиколувајќи ги другите села, да вршат агитација кај населението. Но, од непознати причини, тие се симнале во селото Крушари и оттука, решиле формуларите да ги испратат во Енице Вардар. [311]

На 28 март, вечерта, другарите отишле во с. Крушари и се сместиле во куќата на селскиот кмет Петар Куртелев, како одговорно лице во селото да ја организира помошта. Пред полноќ, сите се разотишле. Коста Попов, со други двајца, се сместил во горното маало на селото. Тодор Дојчинов се сместил кај својот курир Крсте Рабушев. Двајцата другари се сокриле на

[309] Истото: док. 76, с. 174-175.
[310] Според сеќавањата на Вангел Ничев-Ориватис...
[311] Според сеќавањата на Атанас Мељов-Ацо, од село Куфалово, Солунско; секретар на НОФ за Куфалскиот реон.

таванот. Но таа ноќ не спиел само предавникот Петар Куртелев. Тој, преправајќи се дека е многу болен, побрза да им јави на монархофашистите во градот дека Морава и неговите другари се наоѓаат во селото. [312] Тие, претходно го очекувале предавникот Куртелев и дале сигнал за фаќањето на Морава.

Утрината, на 29 март, [313] од сите страни на селото се слушна гласот на фашистичките жандарми кои наскоро започнаа да го претресуваат селото, куќа по куќа. Се превртија, но ништо не најдоа. Илегалците беа добро скриени. Меѓутоа, еден од жандармите отиишол во куќата на Крсте Рабушев и се качил на таванот. Таму беа скриени Тодор и Крсте. Но, Морава, кој бил секогаш решителен и во најопасни ситуации, го убил жандарот со пиштол. Истрелот го издал местото и наскоро сите жандарми и бурандари ја обиколија куќата. Другарите скокнаа преку прозорецот, а формуларите што ги имаа со себе, за да не паднат во рацете на непријателот, беа сокриени од жените, а потоа, изгорени. [314] Во исто време, тие го пробија обрачот и се оддалечија неколку метри. Крсте ранет во ногата падна жив во рацете на бурандарите.Тие го донесоа во Ениџе Вардар, и таму го дотепаа на смрт. Жандармите го убија во дворот и брат му на Крсте, Иван Рабушев, кој што туку се вратил од Атина, каде служел војник. [315] Меѓутоа, Тодор го грабнал автоматот на Крсте и, пукајќи во непријателот, успеал да се оддалечи околу 500 метри. Но, изрешетен од куршумите, тој многу крвавел и, губејќи ја постепено свеста, клекнал на земја. За да не падне жив во рацете на непријателот, ја извадил последната рачна бомба и ја ставил на земја. Потоа легнал над неа и јуначки се самоубива.

[312] Христо Андоновски, “Смртта на капетан Морава”. По повод 5-годишнината од смртта на Тодор Дојчинов-Морава. Глас на Егејците, Скопје, 1952, март 13, III, 20. Истото: Според сеќавањата на Атанас Мељов-Ацо...
[313] Извештај од Вангел Ничев-Ориватис, од мај 1947 година, до Главниот одбор на НОФ, за политичката и организационата ситуација во Ениџе-вардарска околија. “Егејска Македонија во НОБ, 1947”, Т. IV, док. 34, с. 192.
[314] Според сеќавањата на Иван Ничев-Мирче и Атанас Мељов-Ацо...
[315] Според сеќавањата на Вангел Ничев-Ориватис и Атанас Мељов-Ацо...

Жандармите го зеле телото на Морава и го поставиле пред плоштадот во Енице Вардар за да го плашат народот. [316]

По убиството на Тодор Дојчинов-Морава, во Енице-вардарска околија се создаде една неснослива ситуација. Цели села беа растурени. Многу беа егзекутирани, затворите беа преполнети, воените судови работеа секој ден, издавајќи смртни пресуди и на тој начин теророт ја достигна кулминацијата.

Потерни групи шетаа по селата заедно со коњаница пљачкајќи, убивајќи и силувајќи девојки и жени. [317] Но македонскиот народ не потклекна на тие злодела, туку напротив, тој уште позасилено и се предаде на борбата за извојување на своите национални и социјални права.

[316] "За света народна слобода". Ликови на паднати народни борци... 1968, с. 79-80.
[317] "Егејска Македонија во НОБ, 1947", Т. IV, док. 34, с. 189.

РИСТО ДОНЧЕВ (1921-1948)

Раководството на КПГ, ЕЛАС и ДАГ секогаш водеше сметка како Македонците јавно ја манифестираат својата национална свест, и поради тоа некои од нив беа дури подло ликвидирани како "опасни" елементи, прилепувајќи им ја етикетата на "автономисти", "сепаратисти", "дезертери", "предавници" и што не друго. Таков беше случајот и со Ристо Дончев. [318]

Ристо Дончев е роден во 1921 година, во убавото село Јаворјани, Воденско. Потекнува од сиромашна земјоделска фамилија, но со богати револуционерни традиции. Неговиот татко Ѓорѓи Дончев беше назначен како македонски учител во неговото родно село Пожарско, Мегленско. Но, со анексијата на Егејска Македонија од страна на Грција како резултат на Балканските војни, во 1912 година, Ѓорѓи Дончев, заедно со многу други соселани беше принуден да го напушти родното село Пожарско и да се пресели во селото Јаворјани каде почна да се занимава со земјоделска работа. [319]

Во 1924 година, Ѓорѓи Дончев беше принуден да го напушти и селото Јаворјани и да се пресели во градот Воден, бидејќи неговата фамилија беше многубројна и сиромашна, без доволно имот-земја. Таму како земјоделски работник веднаш се поврзува со напредни работници од градот како на пример Перикли Паскалов, Таши Кордалов, Дини Папајанков, Туши Колкотронов, Кољо Проев и други македонски членови на партиската организација на КПГ во Воден и, под нивно влијание и тој се зачленува во Партијата. [320] Со текот на времето Ѓорѓи Дончев сите свои деца ќе ги воспитува со револуционерни идеи. Неговите четири синови и ќерка подоцна ќе станат вистински комунисти и активисти на партиската организација на КПГ во Воден, а истовремено ќе вршат низа

[318] Овој прилог, од истиот автор е објавен и во спис. на Матицата на иселениците од Македонија "Иселенички календар", Скопје, 1983, стр. 130. Тука го даваме со некои мали измени и дополнувања.
[319] Вангел Ајановски-Оче, Сеќавања и критички осврт за развојот на работничкото, комунистичкото и националноослободителното движење на Македонците во Воден и Воденско, II дел, стр. 374. Се чуваат во ИНИ.
[320] Истото.

синдикални должности за која дејност често пати ќе бидат апсени и осудувани од страна на грчките реакционерни власти.

Во 1934 година, неговиот најмал син Ристо Дончев, иако малолетен се вработува како обичен работник во фабриката за јажиња во "Цицова фабрика". Тука тој веднаш се вклучува во синдикалното движење на текстилните работници и се бори за правата и интересите на работниците. [321]

Германската, италијанската и бугарската окупација на Грција и Егејска Македонија го затекнува како работник во текстилната фабрика "Естија" каде наскоро се зачленува во воденската младинска организација ОКНЕ и, како таков активно се вклучува во извршувањето на сите задачи што ги поставуваше организацијата против окупаторот. Ристо Дончев активно учествува во сите организирани политички манифестации, во разни штрајкови, митинзи итн. Поради неговата неуморна активност, кон крајот на 1941 година станува член на КПГ, а во наредната година и член на македонската ослободителна организација МАО. Тој неуморно работи за омасовувањето и проширувањето на МАО во градот Воден, а пред се во фабриките. [322]

Во 1943 година Ристо Дончев беше избран во раководството на Серабoтничкиот центар во Воден. Тој се солидаризира со другите македонски комунисти и антифашисти во барањата на своите национални и социјални права и истиот учествува на неколку илегални состаноци, кои без знаење на Окружното раководство на КПГ се одржуваа во градот. На состаноците, македонските комунисти се до говараа за поставувањето на дневен ред пред градското раководство на КПГ на македонското национално прашање, односно за неговото позитивно решение.

Во текот на летото 1944 година, со формирањето на Воденскиот македонски баталјон на Кајмакчалан, Ристо Дончев постојано го агитираше македонското население, а особено македонската младина во Воден со цел што помасовно да стапува во

[321] Според усните искажувања на Вангел Ајановски-Оче...
[322] Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури..., стр. 100.

македонската војска. Благодарејќи на неговата агитација голем број Македонци со голем ентузијазам стапуваа во редовите на првата македонска војска во Мегленско и Воденско. Вреди да се нагласи дека по кратко време и самиот беше назначен за командир на вод во Баталјонот. [323]

Во октомври 1944 година, со отцепувањето на Воденскиот македонски баталјон од составот на единиците на ДАГ поради неправилниот став на раководството на КПГ и ЕЛАС во однос на македонското национално прашање, Ристо Дончев, заедно со Баталјонот преминува на територијата на Вардарска Македонија и во составот на македонските партизански единици од овој дел на Македонија, во својство на командир на вод ја продолжува борбата против окупаторот.

Во ноември истата година, со формирањето на Првата ударна бригада на Македонците од Грција, Ристо во својство на офицер во Третиот баталјон учествува во сите акции што ги вршеше Бригадата против балистите на Џемо и Мефаил во околината на Дебар, Кичево, Гостивар, Тетово итн.

Во мај 1945 година, по расформирањето на Првата ударна бригада на Македонците од Грција, Ристо Дончев, како офицер во ЈНА работи во пограничните сектори, а во почетокот на 1947 година по свое лично барање се вклучува во редовите на македонската ослободителна организација НОФ за Егејска Македонија. Веднаш потоа, односно со неговото враќање на теренот во родниот крај беш поставен за секретар на Градскиот одбор на НОФ за градот Воден. [324]

Како што е нагласено и во друга прилика, во тоа време грчките реакционерни власти вршеа секојдневни злосторства не само против членството на НОФ, туку и против целото македонско население во градот Воден и во воденските села. Но Ристо Дончев како и другите функционери на НОФ, не потклекнува. Тој во овие тешки услови и понатаму со голема одговорност и

[323] Истото: стр. 416.
[324] Вангел Ајановски-Оче, Сеќавања и критички осврт за развојот на работничкото, комунистичкото и националноослободителното движење на Македонците во Воден и Воденско..., стр. 375.

пожртвуваност ги исполнува сите задачи што ги поставуваше организацијата НОФ за Воденско.

Кон средината на 1947 година, согласно спогодбата постигната меѓу КПГ и НОФ на 20 мај истата година во месноста "Мишови колиби" на Кајмакчалан, Ристо Дончев беше мобилизиран од страна на ДАГ и беше даден на располагање на Штабот на ДАГ за Кајмакчалан. Тој во својство на командир на еден партизански одред на ДАГ дејствуваше во Западен Кајмакчалан, на секторот Баница-Сетина. [325]

Покрај воените акции што ги вршеше на тој терен, Ристо никогаш не престануваше да ја шири македонската национална свест сред македонските партизани во ДАГ и македонското население од овој крај. Но, тоа не им се допаѓаше на некои раководители на ДАГ и на 26 март 1948 година Ристо мистериозно загина. Беше стрелан од непознато лице во моментот кога неговиот одред на сред село во Сетина се веселеше и играше македонско оро на чие чело стоеше Ристо. [326]

Бидејќи раководството на ДАГ од тој терен до крај остана индиферентно за подлата смрт на Ристо Дончев, оттука можеме да заклучиме дека тоа злосторство беше дело на шовинистичките и националистичките елементи што беа присутни во ДАГ. Тие не можеа да трпат во нивните редови еден ваков храбар борец и пламенен Македонец.

[325] Истото.
[326] Истото.

ВАНЕ ДОРОВ /МАЛКОВ/ (1913-1947)

Името на Ване Доров /Малков/ е поврзано со еден негов херојски подвиг кој се случи за време на тешките борби на планината Грамос. Имено, на 16 јули 1947 година, тој заедно со двајца свои другари, за да не падне жив во рацете на непријателот, се фрли долу во провалијата од карпите на месноста наречена Котелската Кула. [327] Овој настан се прочу насекаде и придонесе да се зајакне желбата кај борците на ДАГ да се борат со уште поголем фанатизам за скорешна победа над монархофашизмот.

Ване Доров /Малков/ е роден во 1913 година во селото Шештево, Костурско, во сиромашно земјоделско семејство. По завршувањето на основното шесттогодишно училиште во родното село тој им помагаше на своите родители во земјоделските работи.

Во 1933 година беше повикан од грчките власти на отслужување на воениот рок во градот Серес каде служеше во една коњичка единица. По отслужувањето на воениот рок тој се вработил како работник во една странска компанија во Серес. [328]

Неколку дена пред избувнувањето на грчко-италијанската војна Ване тешко се повредува на работното место. Но иако не беше способен да учествува во војната против италијанскиот агресор, тој беше мобилизиран во грчката армија и како и другите војници беше испратен на Албанскиот фронт.

За време на германско-италијанската и бугарската окупација на земјата Ване Доров заедно со своите соселани со сите можни средства го помагаше антифашистичкото движење. Подоцна, по прогонувањето на странските окупатори од Грција и со воведувањето на проанглиската власт во земјата како резултат на договорот во Варкиза, тој заедно со други соселани беше

[327] Доровски Ване /еден од трите/. Во кн. "За света народна слобода" с. 81.
[328] Според сеќавањата на Методи Малков, од село Шештево, Костурско; активен учесник во НОБ и ДАГ.

прогонуван од грчката полиција под обвинение дека бил автономист. Неколку пати беше затворан, малтретиран и осудуван во затворот Кожани. [329] Во февруари 1945 година, тој заедно со други другари успеал да побегне од затворот во Кожани и преминува во слободниот дел на Македонија. Тука веднаш се вклучува во редовите на Првата ударна бригада на Македонците од Грција и продолжува да се бори против остатоците на балистичките банди во Западна Македонија. [330] По расформирањето на Првата егејска ударна бригада тој се преселува во Битола каде работи при растоварувањето на вагоните.

Во септември 1946 година Ване Доров по своја лична желба заедно со една група Македонци од родниот крај, преку Албанија заминува за планината Малимади со цел да се бори против грчките монархофашисти. [331]

Во тоа време на планината Малимади, Вичо и Лисец /Корештата/ дејствуваше партизанскиот одред на чело со Ристо Жабона од село Брезница, Костурско. Во редовите на овој одред Ване уште од првите денови почна да се истакнува со својата храброст. По кратко време се префрлува во одредот на Ѓорѓи Калков од село Вишени, Костурско. Во својство на десетар во овој одред тој се бори со сите борби кои беа водени на тој терен се до мај 1947 година. [332]

Истиот месец беше извршена т.н. прва мобилизација на борци од сите слободни села на подрачјето Вичо и Преспа. Врз основа на таа мобилизација беа создадени нови чети и баталјони на ДАГ. Одредот во кој влегуваше и десетината на Ване Доров прерасна во чета. Со неа раководеше Мичо Валјаков од село

[329] Никола Шалваринов, Хроника на селото Шештево. Ракопис, се чува во ИНИ.
[330] Според сеќавањата на Никола Србиновски од село Шештево; активен учесник во НОБ и ДАГ. Истото: Според сеќавањата на Христо Малков од село Шештево; борец во редовите на Првата ударна бригада на Македонците од Грција. Во редовите на ДАГ се бори во четата на Ѓорѓи Калков, Мичо Валјаков и Атанас Каравидас, а од 1948 година работеше во Народната милиција.
[331] Истото.
[332] Истото.

Вишени, Костурско, а десетината на Ване прерасна во вод. Во таков состав четата на Ване заминува за планината Грамос. Во својство на командир на вод во таа чета тој ја продолжува борбата на планината Грамос се до неговата трагична смрт.

Во текот на летото 1947 година, на планината Грамос се водеа тешки борби помеѓу единиците на ДАГ и грчките владини војски. Уште во првата битка загина командирот на четата Мичо Велјаков. Заедно со него загинаа уште други 11 борци. Во понатамошните крвави борби четата, во чиј состав влегуваше и водот на Ване Доров, од 138 борци се намали на 63 борци. За да се подигне борбениот морал кај борците, беше потребно да се пополни четата со нови борци. Во нов состав таа ја продолжи борбата во растојание од месноста "Портите", "Гуруша", па дури до месноста "Котелската Кула" и селото Мировлити, на планината Грамос.

Ване Доров добива наредба да ја брани Котелската височина. Но водејќи тешки борби со непријателот, од неговиот вод останаа живи само десет борци. Во оваа критична ситуација командирот на четата Танасис Каравидас побара доброволци од останатите борци на Ване Доров со цел да го обезбедуваат отстапувањето на другите борци на ДАГ од месноста "Котелската Кула", [333] односно да не им дозволат на непријателските единици да им го отсечат патот на партизаните кои одеа за Котелските ливади преку црквичето Свети Илија. Ване со уште двајца другари се реши доброволно да ја изврши оваа тешка задача. Меѓутоа непријателот со сите расположливи сили го атакуваше споменатото место, настојувајќи по секоја цена да им го отсече патот на партизаните кои се повлекуваа кон Котелските ливади. Владините војски постепено се приближуваа кон позициите на храбрите борци. Авионите бучеа над главите на тројцата јунаци и местото гореше. Минофрлачи, артилерија и картешници се растоварија врз височината која ја заштитуваа смелите борци. Пред нив голема непријателска сила, а зад нив непристапна пропаст т.н. Харо, од 120 метри височина. Тие до последниот куршум херојски се бореа и, откако се извлекоа последните борци на ДАГ, го

[333] Доровски Ване /еден од трите/. Во кн. "За света народна слобода" с. 81-82. Истото: Никола Шалваринов, Хроника на селото Шештево...

фрлија прво тешкото оружје /пушкомитралезот/, а потоа останатото оружје преку провалијата. За да не паднат живи во рацете на непријателот, пеејќи и прегрнати, се фрлија во провалијата. [334]

Нашиот народ знаејќи да ги цени своите јунаци му направи долготраен споменик со песната:

Што тоа лета, што тоа паѓа,
што тоа в'тури од високи карпи
во длабоки долови на планина Грамос?
Орел е тоа со здробени крила
или е тоа разочаран човек?
Ни орел е тоа, со здробени крила
ниту е тоа разочаран човек,
туку е тоа народен борец
шестевскиот јунак Ването Доров.

Од мајка, татко, од стари баби
ноќе до полноќ приказни слушал
за Илинден славен, за Илинден херој
во пролетни утра, во летните зори,
во ширните полја, во скршните гори,
собирал цвеќе гороцвет бел,
китки ги кител, венци ги редел,
со венци красел гробови стари,
на Гоце Делчев војводи смели.

Од рано детство, години млади,
пискови слушал, бесилки гредал,
желба му беше, љубов му беше
ропство да скрши, тиранија клета,
за слободата народна света,
а кога хорда фашистка гнасна
в Егеј во Грција налета, пласна,
дружина млада со себе повел,
крвави битки секаде водел.

[334] Истото.

Не беше уште денот разденил,
не беше уште сонце изгреало,
в месноста Врахос в планина Грамос
митралези ечат, гранати трескат,
борците храбри, целата, чета
в последен бој, в последна битка,
пред зајдисонце јуначки рипна.
Ванета канат да се предаде;
в амбис се фрли, жив не се предаде.

Михаило Керамитчиев

ТИНКА ДУМКОВА (1926-1949)

Меѓу храбрите жени- борци на народноослободителното движење во егејскиот дел на Македонија значајно место и припаѓа и на Тинка Думкова. [335] Таа е родена на 26 февруари 1926 година во херојското село Екши-Су, [336] Леринско, во сиромашно земјоделско семејство.

Тинка, како и многу други Македонки од нејзиното родно село уште од рани години ја почувствува сиромаштијата и тежината на сирачкиот живот. Нејзиниот татко, за да му обезбеди егзистенција на семејството, беше принуден да оди на печалба во Јужна Америка. [337]

Основното училиште го заврши во своето родно село. Во училиштето секогаш беше една од најдобрите ученици. Покрај своите училишни обврски Тинка и помагаше на својата мајка во домашните и полските работи. [338]

За време на германската окупација на Грција и Егејска Македонија, а особено од 1943 година, Тинка активно работи во младинската организација ЕПОН. Како член на оваа организација таа беше неуморна во политичката работа. [339]

По повлекувањето на германските окупаторски сили од Грција и по капитуланскиот договор во Варкиза, Тинка Думкова не ја прекинува својата револуционерна активност. Уште од првите денови по реставрацијата на националистичкиот режим во Грција таа активно учествува во илегалната борба против новите десничарски власти во Грција. Заедно со своите другарки од родното село, собираше храна и ја носеше во

---

[335] Овој прилог е објавен и во Гласникот на ИНИ, Скопје, 1981, XXV, бр. 2-3, с. 397-400. Тука го даваме со некои мали измени и дополнувања.
[336] Селото Екши-Су е старо македонско село во Егејска Македонија во непосредна близина на гратчето Сорович. Порано се викало Врбени, но Турците го нарекле Екши-Су /Кисела Вода/ поради тоа што тука извира минерална вода.
[337] Според сеќавањата на Пандо Ташковски, од истото село; борец во НОБ и ДАГ.
[338] Истото.
[339] Думкова Катина. Во кн. "За света народна слобода"..., с. 86.

Леринскиот затвор каде беа затворени од грчките власти родољуби Македонци. [340]

По задача на организацијата ЕПОН, Тинка Думкова им помагаше и на затворениците од Преспа и околијата, т.е. од пограничните села, чии роднини не можеа да им помогнат.

На состаноците, кои често пати ги организираше, Тинка ги агитираше девојките и жените да плетат чорапи, фанели и друго за потребите на илегалците. За таквата работа беа фатени од грчките власти соселанките Менка Воденичарова, Верка Воденичарова и Олга Шерифова и беа одведени во Леринскиот затвор, каде беа подложени на страшни мачења. [341]

На 7 мај 1945 година, во родното село на Тинка Думкова, национал-стражарите нападнаа неколку куќи и фатија тројца селани, кои сверски ги претепаа. [342]

Во почетокот на ноември 1945 година, во истото село беа уапсени, а потоа испратени во затворите Димитар Стумтаки, Стефан Ромбов, Евангело Кристамџи и Јани Содра. [343]

На 1 мај 1946 година, монархистите повторно го блокираа селото на Тинка Думкова и на враќање тие уапсија околу 200 селани. Тие 6 дена по ред беа тепани. [344] Истите монархисти опљачкаа и запалија 30 куќи, а сите жени, деца и стари ги затворија во селското училиште и три дена по ред ги оставија без јадење. [345]

Во 1947 година, пред очите на Тинка Думкова, на сред село беа сверски мачени, а потоа живи изгорени нејзините соселанки,

---

[340] Според сеќавањата на Пандо Ташковски и Ѓорѓи Турунџиев, од истото село; еден од првоборците во НОБ од Леринска околија.
[341] Истото.
[342] "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II, док. 24, с. 51.) На 11 мај истата година, монархистите влегоа во другите куќи на селото, а бидејќи не ги најдоа мажите, кои спиеја надвор, тие ги малтретираа жените и децата и извршија грабеж. (Истото.)
[343] Истото: док. 188, с. 356.
[344] "Егејска Македонија во НОБ, 1946", Т. III, док. 202, с. 447.
[345] Истото: с. 446.

сестрите Веса и Ники Стрежови и Матка Попова. [346] Џелатите ги гореа со нагорено железо додека не умреа од причинетите рани. Посебно зверство џелатите покажаа спрема Матка Попова, која ја мачеле пред очите на нејзините четири малолетни дечиња и мажот.

Во истата година монархофашистите ја изболе со ножови пред очите на нејзиниот десетгодишен син Сијка Стрежова, сестра на зверски убиените Веса и Ники. По долгите мачења, џелатот Бабурис ја закла во суровичкиот учесток. Умре без да каже ни збор за својата илегална дејност. [347]

Зверствата на монархофашистите, извршени во селото Екши-Су и во другите македонски села во околијата, уште повеќе ја зголемија омразата на Тинка Думкова и на нејзините соселанки кон фашистичките банди. А кога се засили граѓанската војна во Грција, на позив на македонската ослободителна организација НОФ, од селото Екши-Су излегоа партизани над 120 лица. [348]

Во летото 1947 година и Тинка доброволно излезе партизанка. Од родното село таа отиде во планината Радуш, близу селото Ајтос, Леринска околија и стапи во одредот на Мати Булев. Оттаму, заедно со други доброволци, таа беше испратена во редовите на ДАГ.

Во четата на Третиот баталјон од 108-та бригада на ДАГ, Тинка беше десетар и одговорна за жените. Во баталјонот се истакнуваше со својата храброст и борбеност и им служеше како пример на другите борци. Нејзините соборци се гордееја со неа и ја почитуваа. [349]

Во летото 1948 година, кога се водеа тешки борби на планината Грамос против грчките владини војски, по наредба на командата на баталјонот, Тинка беше префрлена од првата во втората линија на фронтот на височината Превал, кај ранетите

[346] Думкова Катина. Во кн. "За света народна слобода"..., с. 86. Истото: с. 94.
[347] Хроника за селото Екши-Су. Ракопис, се чува во ИНИ.
[348] Истото.
[349] Грчкиот и славјаномакедонскиот народ во ДАГ. Спис. "Македонче", 1953, март, год. IV, бр. 3, с. 8.

партизани. Тука нејзината задача беше да ги охрабрува борците. Давајќи таква наредба, командата на Третиот баталјон од 108-та бригада на ДАГ сакаше да ја зачува од неизбежната смрт на која Тинка и се изложуваше со својата храброст. Но таа упорно настојуваше да се врати пак на првата линија, велејќи му на капетанот Ѓорѓи Рачко дека нејзиното место не е тука, дека таа треба да замине пак таму каде се наоѓа нејзината бригада. [350] По долги настојувања Тинка замина за Грамос, кај нејзината бригада.

Преку целиот поход од планината Вичо до Грамос, покрај непријателската линија, на 2 април 1949 година, храбрата Тинка беше неуморна. Трчаше од едно место на друго и им помагаше со мајчина љубов на своите другарки и другари во тие тешки моменти. Во пресеката на Алевица, кога нејзината чета го сечеше бодливиот тел на непријателската линија, Тинка и тука покажа вистинско јунаштво.

Рано утрото, на 5 април 1949 година, четата на Тинка Думкова се наоѓаше близу до карпите на Котелската височина, од каде пред две години, тројца младинци, борци на ДАГ се фрлиле за да не паднат живи во рацете на непријателот. [351] На тој ден, уште од самото утро започна нерамна борба меѓу единиците на ДАГ и владините војски. Две непријателски единици ја нападнаа четата на Тинка Думкова. Партизаните ги разбија непријателските сили и заедно со другите единици на ДАГ повторно го ослободија Грамос.

Тинка Думкова на височината Вулгара, Котелско /Грамос/, се бореше храбро како секогаш. Исправена, одеше од едно место на друго и ги охрабруваше борците да не се плашат. Но, околу 11 часот изутрината, кога Тинка за момент се дигна за да и помогне на ранетата другарка која беше близу до неа, падна една непријателска бомба и ја рани во стомакот, раката и ногата. [352] Нејзините другари ја извлекоа од борбата и ја преврзаа. Таа и полумртва не сакаше да остане назад. Се помачи да ја крене главата, да ја види борбата за последен пат.

[350] Истото.
[351] Думкова Катина. Во кн. “За света народна слобода”..., с. 87.
[352] Истото.

Макар што беше страшно погодена, Тинка собра сили да им викне на другарите: “Напред другари!... Удрете!... Одмаздете се за нашите борци!”. Фрлајќи ја последната граната против монархофашистите таа се фрли од карпата долу со зборовите: “Да живее народната демократија!”. [353]

Така загина Тинка Думкова, една од најхрабрите ќерки на македонскиот народ, гордоста на 108-та бригада на ДАГ.

[353] Грчкиот и славјаномакедонскиот народ во ДАГ...

ЃОРЃИ КАЛКОВ (1916-1948)

Меѓу првите основачи на македонските партизански групи на НОФ кои беа формирани на планината Вичо во периодот 1945-1946 година беше и Ѓорѓи Калков, првоборец од село Вишени, Костурско.

Ѓорѓи Калков, е роден во 1916 година, во сиромашно земјоделско семејство. Неговиот татко, поради тешката економска положба, беше принуден да оди на печалба во далечна Америка. По кратко време тој ги прекинува врските со своето семејство и повеќе не се враќа дома.

По завршувањето на основното училиште во родното село, Ѓорѓи, заедно со својот поголем брат Начо /Дамјан/ и помагаше на својата мајка во земјоделските работи. Покрај домашните работи, тој работеше и како измеќар кај селските богаташи. [354]

Во 1936 година беше повикан на отслужување на воениот рок во градот Солун каде служеше во една коњичка единица.

По окупирањето на земјата од страна на германско-италијанските и бугарските војски, италијанските власти во Костурско формираа специјални единици, т.н. баталјони за прогонства и претреси, со цел да ги апсат прогресивните селани, а пред се оние кои доследно се бореа против окупаторот. Во ваквата неснослива ситуација, раководството на отпорот во Вишени постојано ги советуваше селаните дека доколку тие забележат непријателски движења во близината на селото, веднаш да преземаат претпазливи мерки, односно да се скријат во планината. Вака се правело постојано. [355] Но еден јулски ден во 1941 година, Вишенци дознале дека кон нивното село се доближува една италијанска вооружена единица. Се разбира, сите мажи се сокриле во шумата. Италијанските војници почнале веднаш да го претресуваат селото куќа по куќа, но не ги нашле мажите. Меѓутоа, селаните дознале дека

[354] Според сеќавањата на Димитар Прстенаров, од село Вишени, Костурско; активен учесник во НОБ и ДАГ. Борец во одредот "Лазо Трповски" и во Првата ударна бригада на Македонците од Грција.
[355] Хроника за селото Вишени, Костурско. Се чува во ИНИ.

тие ги барале само комунистите. Мајка му на Ѓорѓи, откако разбрала дека Италијанците ги барале единствено комунистите во селото, отишла во шумата и го повикала синот да се врати дома, објаснувајќи му при тоа дека за него не постоела опасност. Но таа се излажала. Ѓорѓи штом се вратил дома, веднаш беше уапсен и беше ставен во костурскиот затвор на една година строг затвор. [356]

По ослободувањето од затворот Ѓорѓи ја продолжува својата патриотска активност. Со сите можни средства тој го помагаше антифашистичкото движење на македонскиот народ против окупаторот.

Еден мајски ден во 1943 година партизаните од мешовитиот Леринско-Битолски одред, по претходниот престој во селото Бапчор, Костурско, се префрлиле во месноста "Козјак", во шумата близу до "Јанчов Извор", која се наоѓа на границата меѓу селата Вишени и Бапчор. Тука тие се камуфлирале за да се одморат. Еден од партизаните, по име Костас Кициридис, во долината си ја пасел маската што го носела оружјето на одредот. [357] Тој ден Ѓорѓи Калков и неговиот соселанец Спиро Цуљов, кои работеа како полјаци во Вишени, обиколувајќи го својот реон се погодило да поминат по споменатата месност. На растојание од околу 30-40 метри, тие забележале еден сомнителен човек со пушка на рамото кој си ја пасел маската. Двајцата полјаци претпоставувале дека овој човек бил грчки "андарин", па и затоа се решиле да го убијат. Но за среќа, Ѓорѓи смртно не го погодил Костас Кициридис, туку лесно го ранил во раката. Партизнаните на одредот, штом го слушнале истрелот од пушката, веднаш се дигнале на нозе и се упатиле кон селото Вишени за да го фатат виновникот. Ѓорѓи и Спиро многу се исплашиле од овој несреќен случај и поради тоа биле принудени да се засолнат во соседното село Тиолишта. Кога случајот се заборавил, Ѓорѓи се обратил до раководството на отпорот во селото со молба да го земе под заштита, оправдувајќи и дека тој згрешил. Откако се се завршило среќно,

[356] Според сеќавањата на Димитар Прстенаров...
[357] Според сеќавањата на покојниот Спиро Цулев; борец во НОБ и ДАГ.

тој во редовите на резервниот ЕЛАС ја продолжи борбата против окупаторот. [358]

Како што е нагласено и в друга прилика, во текот на пролетта и летото 1945 година грчките банди, со помошта на атинската влада уште повеќе го засилија теророт против демократското движење, а пред се против Македонците и комунистите кои за времето на фашистичката окупација на Грција и Егејска Македонија како први се најдоа на чело на борбата и најактивно се бореа против странските поробувачи. Во ваквата неснослива ситуација, Ѓорѓи Калков, сакајќи да го избегне своето апсење, им се придружува на група македонски илегалци од родното и соседните села и со пушка в рака заминува на планината Вичо за да се бори против новите реакционерни власти во Грција. Како искусен борец на планината Вичо веднаш беше поставен за командир на една вооружена група која имаше за цел да го заштитиува македонското население од ужасот на грчките банди на тоа подрачје. На чело на оваа група борци тој остана до почетокот на декември истата година. [359]

Зимата 1945 година, поради студот групата партизани на планината Вичо мораше да се расформира. Еден дел од нив се вратиле по своите домови, а другите, меѓу кои и Ѓорѓи Калков, преминале во Битола.

Во почетокот на јули 1946 година Ѓорѓи, заедно со група Македонци од родниот крај, повторно заминува на планината Вичо. [360] Тука се поврзува со други македонски родољуби и веднаш се вклучува во борбата против грчката реакција. Благодарејќи на неговата неуморна активност и военото

[358] Истото.
[359] Извештај од Главното раководство на НОФ од 19 јули 1945 година за политичката ситуација во Егејска Македонија и за ставот на КПГ по македонското национално прашање. “Егејска Македонија во НОБ, 1945”, Т. II, Скопје, 1973, док. 89, с. 162.
[360] Според сеќавањата на Методи Малков, од село Шештево, Костурско; првоборец во НОБ и ДАГ.

искуство, тој повторно беше назначен за командир на вооружена група на НОФ. [361]

Со текот на времето групата на НОФ на чело со Ѓорѓи Калков израсна во чета. Таа енергично дејствуваше на подрачјето на планината Вичо, Костурско, Леринско и Преспанско. Благодарејќи на нејзините успешни акции, беа ослободени голем број македонски села и врз основа на тоа се создаде слободна територија на подрачјето Вичо.

На планината Вичо Ѓорѓи Калков со својата чета раководеше се до пролетта 1947 година, а потоа беше преместен во Берско, односно Хасија, во 670-та единица на ДАГ. [362]

Потребно е да се нагласи дека Ѓорѓи Калков не беше само искусен камадир на ДАГ, туку и истакнат политички организатор во македонското ослободително движење. Благодарејќи на неговата неуморна активност во ослободувањето на македонскиот народ на Првиот конгрес на НОФ тој беше избран за член кандидат во раководството на Главниот одбор на НОФ за Егејска Македонија. [363]

Во почетокот на март 1948 година, четата на Ѓорѓи Калков, заедно со другите единици на ДАГ учествуваше во славниот пречек на новомобилизираните, но се уште невооруужени борци кои доаѓаа од Румели за планината Грамос. Оваа операција во историјата на ДАГ е позната под името: "Херојскиот поход на колоната на невооружените од Румели". [364]

На 16 март истата година, во месноста "Кунџупија", на планината Пиерија, Ѓорѓи, заедно со неколку борци од својата чета, беше обиколен од непријателот. Во таа нерамна борба,

[361] Според сеќавањата на Ристо Малков, од село Шештево; борец во Првата ударна бригада на Македонците од Грција, а во ДАГ борец во четата на Ѓорѓи Калков.
[362] Калков Ѓорѓи. Во кн. "За света народна слобода"..., с. 111.
[363] "Егејска Македонија во НОБ, 1948", Т. V. Скопје, 1981, док. 16, с. 45.
[364] Ѓорѓи Калков. Во кн. "За света народна слобода"..., с. 111.

борејќи се херојски, го положи својот живот за слободата на својот народ. [365]

Посмртно Главниот штаб на ДАГ го именува во чин мајор.

[365] Истото.

ПЕНО КАРАМУТКИН (1920-1945)

Пено Карамуткин е борец на Народноослободителното движење во егејскиот дел на Македонија кој рано го даде својот живот за слободата на својата татковина. Тој е еден од деветте активисти на НОФ од Гуменџиска околија кои на Пајак планина останаа на вечна стража.

Роден е во 1920 година, во убавото македонско село Крива, Гуменска околија, во сиромашно земјоделско семејство. Детството и својата младост ја помина во родното село каде што заврши шестогодишно основно училиште. [366]

Пено имаше голема желба да го продолжи своето школување во кукушката гимназија, но поради немање материјални средства за живеење, тој не беше во состојба да ги реализира своите желби. По отслужувањето на воената обврска, каде што се здоби со чин водник, им помага на своите родители во земјоделските работи. [367]

Кога фашистичка Германија ја нападна Грција и Егејска Македонија, Пено, како и многу други Македонци од родното село со голема љубов и пожртвуваност се вклучува во борбата против фашистичките поробувачи.

Во 1942 година, Пено Карамуткин, заедно со своите соселани Атанас Јанаков, Димитар Лититаров, Дино Бинчев и Пано Митков, во селото Крива формираат основна организација на ЕАМ. [368]

Во наредната година, Пено формира во родното село и основна организација на ЕПОН, и како нејзин раководител ужива голем авторитет меѓу младината. Заедно со членовите на ЕПОН тој

---

[366] Овој прилог, од истиот автор е објавен и во спис. на Матицата на иселениците од Македонија "Иселенички календар", Скопје, 1982, с. 94-95. Тука го даваме со некои мали измени и дополнувања.

[367] Според сеќавањата на Димитар Лититаров, од село Крива, Гуменџиско; учесник во НОБ и ДАГ.

[368] Сеќавања на Димитар Лититаров, за неговата револуционерна дејност во периодот 1942-1948 година. Се чуваат во ИНИ.

поставуваше стража во сите опасни места и ја одржуваше врската помеѓу илегалците во родното село и градот Гуменџе. Исто така ги посетуваше и околните села како Петгас, Баровица, Рамна итн. и агитираше меѓу младинците за борба против окупаторот и домашните предавници.

Во февруари 1944 година, Пено се реши доброволно да стапи во редовите на партизанските единици на ЕЛАС, но бидејќи во позадината неговиот придонес за движењето беше од посебно значење, раководството на отпорот не му дозволи да замине тој во партизани. [369]

Пено работеше во Народноослободителното движење во Крива и околните села се до декември 1944 година, до прогонувањето на германскиот и бугарскиот окупатор од земјата. Веднаш потоа беше избран за член на Народниот суд во Гуменџе. [370]

Кон крајот на декември истата година, Пено Карамуткин беше ангажиран за собирање и складирање на оружјето кое остана по повлекувањето на окупаторот од Грција. Тој заедно со други лица од родното село, пренесе од Солун на планината Пајак неколку товари оружје. [371]

Со доаѓањето на англиските интервенционисти во Грција и со воведувањето на десничарската власт како резултат на споменатиот договор во Варкиза, Пено, заедно со други прогресивни Македонци од родното село, беше принуден да премине во илегалство.

Согледувајќи ја мошне тешката положба на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, по претходни консултации со Главното раководство на НОФ за Егејска Македонија, во мај 1945 година, Пено, заедно со други македонски родољуби од родниот крај, од илегалство се враќа на планината Пајак и ја продолжува борбата против новите

[369] Истото.
[370] Според сеќавањата на Иван Ничев, од градот Гуменџе...
[371] Според сеќавањата на Димитар Лититаров...

реакционерни власти во Грција. [372] Тој веднаш се поврзува со младинците од родното село, а потоа ја формира во селото Крива македонската ослободителна организација НОФ.

Од овој момент Пено Карамуткин се здобива со уште поголем авторитет, пред се кај македонската младина. Во редовите на НОФ тој агитираше кај младинците од родното село и околијата во борба против новиот ненароден режим во Грција. Таа негова активност траеше се до 17 ноември 1945 година, кога поради предавство на планината Пајак во месноста "Шеова" беше откриен, а потоа sверски убиен заедно со 8 други раководители и активисти на НОФ од Гуменџиско. [373]

Смртта на Пено Карамуткин и на неговите другари претставуваше голема загуба не само за НОФ, туку и за македонскиот народ. Иако тој не беше крупна и водечка фигура во движењето во Егејска Македонија, сепак одигра значајна улога особено во поставувањето на основите на организацијата НОФ во својата околија, како и во привлекувањето, односно вклучувањето на младината во Народноослободителното движење.

[372] Според сеќавањата на Вангел Ничев-Ориватис, на Димитар Лититаров и на Иван Ничев...
[373] За трагедијата на дветте активисти на НОФ од Гуменџиска околија, поопширно види на с. 262-268 од овој труд.

АТАНАС КИЗОВ-ГИЗА (1914-1947)

Атанас Кизов беше еден од активните Првоборци во македонското Народноослободително движење и на Демократската армија на Грција. Роден е во декември 1914 година, во селото Нерет, Леринско, во сиромашно многубројно семејство. По завршувањето на основното училиште во родното село, тој беше принуден /поради сиромаштијата/ да го прекине своето понатамошно школување. На четиринаесетгодишна возраст, Танас, заедно со неколку свои соселани, отиде во Света Гора и таму се вработил кај некој си Арнаутин. Таму во планината тој товарел пет маски со кересте /греди за градби/ и ги растоварувал некаде кај морето. Со оваа тешка работа се занимаваше неколку години по ред. Понекогаш се враќаше во родното село на видување со своите најблиски, и пак си заминуваше. [374]

Во Солун често пати се сретнувал со работниците од фабриката за керамиди, со кои водел долги разговори во врска со нивната експлоатација. Благодарејќи на овие разговори, Атанас почнал да ги разбира причините за општествената неправда кај работните слоеви, на кои и самиот им припаѓаше. Од овој момент, тој почнал постепено да се зближува со комунисти и да си ги присвојува нивните прогресивни идеи. Најголемо влијание врз формирањето на неговата политичка ориентација извршил еден од членовите на Окружниот комитет на КПГ за Солунско, по име Јовани, кого по извесно време грчките џандари го затвориле во солунсикиот затвор, и по тешки мачења, откако се увериле дека е мртов, го исфрлиле од прозорецот за да создадат претпоставки за намерно самоубиство. [375] Под негово влијание и, благодарејќи на средбите со работниците, Танас стана комунист.

Во 1936 година, по отслужувањето на воениот рок во грчката армија, Атанас се враќа во родното село и веднаш се зафаќа со формирањето на партиската организација на КПГ во Нерет. Порано бившите членови на поранешната партиска

[374] Според сеќавањата на Ване Топаловски, од село Нерет, Леринско; активен учесник во НОБ и ДАГ.
[375] Истото.

организација во селото се разотидоа по разни места, или пак беа затворени од грчките власти, и практично организацијата престана да функционира. Појавувањето на Атанас Кизов во Нерет создаде нова можност за обновување на партиската организација на КПГ. Во отворениот свој дуќан на средсело често и долго се дискутирало за формирање на идната организација. Некаде околу 1938 година таа веќе беше формирана. Во почетната фаза нејзиниот потесен состав го сочинуваа Алексо Мечкаров, Атанас Кизов, Ване Топаловски, Трајко Мечкаров, Атанас Стасев, Атанас Колев, Атанас Кирев, Васил Милев и Васил Сливкин. На тој начин во Нерет беше создадена партиската организација на КПГ, која во 1941 година ја достигна бројката од околу 80 членови. [376]

Со избувнувањето на грчко-италијанската војна, Атанас Кизов, заедно со други свои соселани беше мобилизиран во грчката армија и веднаш беше испратен на Албанскиот фронт. Неретските комунисти, како и другите комунисти од соседните села, сметајќи дека во таа војна, како војна на две фашистички држави, се борат за туѓи интереси, ја напуштија грчката армија и преминаа во Југославија. Заедно со нив на територијата на Југославија премина и Атанас Кизов. Од страна на раководството на КПГ ова преминување на Танас и на другите македонски комунисти на југословенската територија му се сметаше за предавство, зашто и самиот Никос Захаријадис, како генерален секретар на КПГ ги повика сите комунисти на борба против војската на Мусолини.

Во Југославија Атанас Кизов престојвуал извесно време, каде работел како келнер.

Пролетта 1941 година тој се враќа во родното село и веднаш се зафаќа со организирањето на селаните во борба против германскиот окупатор. Заедно со другите прогресивни соселани Танас го собираше оружјето и муницијата напуштена од грчката армија по нејзиното повлекување од Албанскиот фронт и го агитираше народот за отпор против окупаторот.

[376] Според сеќавањата на Алексо Мечкаров, од село Нерет; учесник во НОБ и ДАГ. Истото: Според сеќавањата на Ване Топаловски...

Кон крајот на 1942 година, Танас, заедно со своите соселани Петре Марков, Пандо Постолов и Пандо Мијаличин /последниот во граѓанската војна во Грција стана шпион на грчката реакција/, замина во партизани. По неколку месеци, во редовите на ЕЛАС стапија уште двајца Неретци Пандо Попов и Ване Стаменов. [377]

Во пролетта 1943 година, Танас, со еден одред од составот на единиците на ЕЛАС зеде активно учество во борбата против Германците во месноста Кулата, под Вичо каде борците на ЕЛАС му нанесоа на непријателот големи загуби. Во знак на одмазда, летото истата година, Германците им ги изгореа куќите на четворицата неретски борци на ЕЛАС.

Во тоа време на слободната територија на ЕЛАС беа организирани и офицерски школи. Во вториот ред за офицери беше испратен и Атанас Кизов, од каде излезе со чин потпоручник. До крајот на фашистичката окупација тој се бореше во Гребенско.

По прогонувањето на германско-италијанските и бугарските окупатори од земјата, Танас се врати во родното село. Новата политичка ситуација во Грција која настана по познатиот договор во Варкиза, бараше непомала активност. Неретските комунисти, сакајќи да го избегнат своето прогонување и апсење поради теророт што настана како резултат на овој договор, ја преобразуваат својата партиска организација на КПГ во АКЕ, која беше легална организација. Организацијата АКЕ во Нерет зеде активно учество во организираните политички акции. Таа го агитираше населението да учествува на разни манифестации и митинзи кои беа организирани во Лерин против Англичаните и против доаѓањето на власт во Грција на реакционерните елементи. Во сите овие акции Атанас покажа голема активност.

Во март 1945 година грчката реакција откако ја зацврсти својата власт во земјата со помошта на англо-американските империјалисти, отпочна во земјата еден нечуен терор против сите прогресивни сили во Грција, а пред се против

[377] Според сеќавањата на Ване Стаменов, од село Нерет; учесник во НОБ и ДАГ.

Македонците за нивно физичко истребување. Во ваквата неподнослива ситуација, која владееше низ цела Егејска Македонија, Атанас Кизов, заедно со една група Македонци како поранешни припадници против окупаторот, беше принуден да премине во илегалство, односно да се префрли во слободниот дел на Македонија.

Во 1946 година, Танас, заедно со една група свои сонародници, доброволно се враќа во родното село во својство на командир на одред составен од Македонци од родниот крај. Подоцна, со својот одред се појавуваше насекаде во околината на Неретската планина и на Вичо. Беше многу популарен и почитуван од своите соборци. Тие се гордееле што се борат под негова команда. Неговиот соборец докторот Ѓорѓи Неделков, во своите спомени вака ги опишува борбените квалитети на Танас:

"Беше есен 1946 година. После продолжително патување во гола каменеста планина влеговме во орман... Какви трогателни, навистина, моменти! Ти се чини дека си се сретнал со стар, верен пријател и покровител... Ги преживува ЕЛАС-итските спомени за месности, собитија, пријатели, другари... Бев во такво душевно положение, кога влеговме во партизанскиот логор на еден местен одред. Огништата заоставени, а партизаните се наредени, спремајќи се за поход. Командирот им ги даваше последните наредби. Висок, плеќест, со широко чело, очи со поглед решителен, усни стегнати. Неговата снага покажуваше човек со сила, непоколеблива волја. Воопшто надворешниот вид на командирот внесуваше доверба и љубов... По кратковремена дискусија, неочекувано, ми раскажа за некои нови расцепителни појави од извесни елементи... Таков беше и моралниот облик на Гиза кој што се дополнуваше со една јасна политичка ориентација...". [378]

На Неретската планина и Вичо Атанас Кизов престојуваше се до крајот на октомври 1946 година.

Во втората половина на ноември истата година, со обединувањето на македонските партизански одреди на НОФ

[378] Ѓ. Неделков, Гиза Танас. Во кн. "За света народна слобода"..., с. 71-72.

со партизанските одреди на КПГ и со формирањето на заедничкиот штаб на ДАГ "Вичо", Танас, заедно со еден одред замина за планината Воион. Борејќи се храбро против грчките владини војски, тој брзо се издигна како искусен борец, и поради тоа стана командир на 12-та чета на ДАГ. [379] Неговиот соборец Ѓорѓи Неделков, во продолжение на своите спомени додава: "Атанас Кизов како командир на чета го сретнав во летото 1947 година. Беше љубимец на партизаните од својата чета и прочуен меѓу партизаните и народот од Вичо до Хасија..." [380]

На 25 јули 1947 година, три баталјони на ДАГ од Епир и Македонија /околу 900 борци/ во чиј состав влегуваше и четата на Атанас Кизов, ги нападнаа владините војски во градот Гревена. Целта на операцијата за заземањето на градот не успеа. Според извештајот на Главниот штаб на ДАГ во борбата погинале и биле ранети околу 200 борци на ДАГ, а од страна на владините војски вкупно околу 298 војници. [381]

Во битката за заземањето на градот Гревена Атанас Кизов покажал извонредни способности и херојство. Имено, во моментот кога била десеткувана неговата чета од страна на владините војници, тој се решил самоиницијативно да го онеспособи непријателскиот бункер што ги косеше неговите соборци. Овој бункер беше ограден со повеќе редови бодликава жица на растојание од 100 до 150 м. Танас успеал да ја исече и се доближил на 3 м. Од непријателското гнездо. Но кога се доближил до непријателскиот бункер за да го уништи, истовремено, од спротивната страна еден непријателски рафал од пушкомитралез, смртно го покосил. [382]

---

[379] Според сеќавањата на Ване Топаловски...

[380] Ѓ. Неделков, Гиза Танас. Во кн. "За света народна слобода"... с. 72.

[381] Хронологија на Народноослободителната борба во егејскиот дел на Македонија. Републички одбор. Скопје, 19--, с. 165.

[382] Според сеќавањата на Петре Димиров, од село Крапешина, Леринско; учесник во НОБ и ДАГ, курир на Атанас Кизов.
Ристо Кизов, синот на Атанас, кој го посетил градот Гревена, ја пронашол заедничката гробница на татко му и на другите паднати борци. Гробницата се наоѓа на запад од Гревена, во месноста Кишлак. Во непосредна близина до неа се наоѓаат и гробишта на грчките владини војници кои загинале во таа битка.

Така загина Атанас Кизов.

Командата на ДАГ за Воиено-Грамос високо ги ценеше борбените квалитети на Атанас Кизов и имаше намера наскоро да го назначи командант на баталјон, но неговата прерана смрт ја оневозможи реализацијата на одлуката на Штабот на ДАГ за Воион-Грамос.

На 1-2 км северо-западно од заедничката гробница на партизаните, на едно доминантно возвишение со наоѓа бункерот каде што погина Атанас Кизов. Денес бункерот е ограден со стабилна ограда и е одржан во добра состојба.

ИВАН КОВАЧЕВ-ОРФЕАС (1922-1949)

Само еден месец пред ликвидацијата на ДАГ, во борбата за заземањето на стратегискиот врв Алевица кај месноста Грамушта на планината Грамос во јули 1949 година, загина Иван Ковачев-Орфеас како политички комесар на баталјон. Пред него животите за слободата на Македонија ги дадоа и неговите двајца браќа Ѓорѓи и Димитар. Ѓорѓи во нападот на родниот град Гуменџе во август 1946 година /иако не беше директен учесник во нападот/ беше фатен од грчките владини војски, а потоа жив изгорен од нив. По една година, во 1947 година во нападот на градот Енице Вардар падна и Димитар. Исто така многу настрадала и нивната мајка, која поради тешките маки, полуде. Смртта на двајцата негови браќа и страдањата на неговата мајка не го поколебаа. Напротив, тој беше се похрабар, цврсто верувајќи во победата на праведната борба.

Иван Ковачев-Орфеас е роден во 1922 година, во градот Гуменџе, во сиромашно работничко семејство. По завршувањето на основното училиште тој учел и работел берберски занает во Гуменџе.

Уште од првите денови на фашистичката окупација на Грција во 1941 година, Иван меѓу првите од Гуменџе се зачленува во младинската комунистичка организација ОКНЕ, а подоцна во организацијата ЕПОН за да се бори против туѓите поробувачи.[383]

Во март 1944 година Иван Ковачев доброволно стапува во редовите на ЕЛАС. [384] Брзо се издигнува како командир на примерната младинска чета на ЕПОН која влегуваше во

[383] Кратки биографски карактеристики за активистите на НОФ во Гуменџиско и Енице-вардарско, поднесени од Иван Ничев до Главното раководство на НОФ. "Егејска Македонија во НОБ, 1946", Т. III, док. 134, с. 298.

[384] Програма за споменично одбележување на настаните и ликовите од револуционерното минато на македонскиот народ во Скопје. Скопје, 1973, дел III, /бисти/. Ракопис, се чува во ИНИ.

составот на 30-та бригада на ЕЛАС. [385] Во редовите на оваа бригада, со чин капетаниос, тој активно учествува во сите нејзини борби. Меѓу најглавните беа борбите за заземањето на градовите Гуменџе, Ениџе Вардар, рудникот на Бојмица, селото Сенделчево, Вртикопско, Постол /Пела/, Пласничево, Кукуш и други. [386]

Подоцна, во декември 1944 година, Иван Ковачев со 30-та бригада на ЕЛАС пристигнува дури до Атина каде заедно со другите единици на ЕЛАС храбро се бори против грчките националистички владини единици и англиските интервенционисти кои дојдоа во Грција веднаш по прогонувањето на германските окупатори. Во една од тие борби тој беше ранет во главата. [387]

Во втората половина на јануари 1945 година по примирјето кое беше склучено на 11 јануари истата година меѓу реакционерните владини единици и единиците на ЕЛАС, Иван заедно со 30-та бригада на ЕЛАС се враќа во Солун и оттаму оди во Ениџе Вардар каде го предава оружјето согласно спогодбата во Варкиза. [388]

Во март 1945 година по какпитулацијата на ЕЛАС, Иван Ковачев-Орфеас преминува во илегалство, и за да го избегне своето апсење од страна на грчката реакција, заедно со други родољуби од родниот крај, преминува во слободниот дел на Македоднија. Тука веднаш се вклучува во редовите на Првата ударна бригада на Македонците под Грција и во нејзините редови активно и пожртвувано се бори против остатоците на балистичките банди во околината на Дебар, Кичево, Гостивар, Тетово итн.

---

[385] Танасис Мицопулос /Капетан Ставрос/, Историјата на XXX-та бригада на ЕЛАС /Спомени и настани/, I дел. Превод од грчки јазик: Тодор Симовски, с. 240-244. Се чува во ИНИ.
[386] Истото: Дел II, с. 208-212.
[387] Истото: с. 452. Истото: "Егејска Македонија во НОБ, 1946", Т. III, док. 134, с. 298.
[388] Танасис Мицопулос, Историјата на XXX-та бригада на ЕЛАС..., с. 461-472.

По кратко време кон крајот на пролетта 1945 година, Иван Ковачев по своја лична желба се демобилизира од ЈНА и доброволно се враќа во Гуменџиско со цел да ги организира Македонците од својата околија за општонародно востание против грчката реакција која беснееше низ цела Егејска Македонија. [389]

Во едно свое писмо од ноември 1945 година што го испрати до Главното раководство на НОФ во врска со тешката положба на македонскиот народ во неговиот крај тој меѓу другото пишува:

"... Ситуацијата во нашата околија е несносливa. Теророт е голем. Освен 25-мината [390] што ги уапсија бурандарите, сега гонат и други... Народот е многу вознемирен... Воопшто во целата земја се врши голем терор... Во Баровица натепале двајца, бидејќи кај нив го нашле весникот "Лаики Фони"... [391]

Иван Ковачев како член на Окружниот одбор на НОФ за Гуменџиско и Енице-вардарско /одговорен за НОМС/ [392] денонокно неуморно работи и со успех ги извршува своите задачи. На оваа должност тој останува до 20 мај 1947 година, кога на одржаниот Сенофитски актив на НОФ во месноста "Мишови Колиби", на Кајмакчалан, беше донесена одлука еден дел од раководството на НОФ, кој од порано имал искуство во војување, да се вклучи во редовите на ДАГ и на тој начин да ги зајакне нејзините редови за побрза ликвидација на грчката реакција. Тој доброволно стапува во редовите на ДАГ и веднаш се истакнува како искусен командир во многубројни борби кои се водеа во Централна и Југозападна Македонија, во Епир и Тесалија итн. Подоцна раководството на ДАГ му довери една

[389] Извештај од Иван Ничев, член на Окружното раководство на НОФ за Гуменџиско и Енице-вардарско, до Главното раководство на НОФ, за организационата и политичката ситуација во Гуменџиско. "Егејска Македонија во НОБ, 1946", Т. III, док. 24, с. 59-60.
[390] Во писмото е даден и список на уапсените антифашисти.
[391] Писмо од Иван Ковачев-Орфеас, до Иван Ничев, во врска со теророт во Гуменце. "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II, док. 207, с. 390-391.
[392] Годишен извештај од Главното раководство на НОФ, од 12 јануари 1946 година, за организационата структура и дејноста на НОФ во Егејска Македонија. "Егејска Македонија во НОБ, 1946", Т. III, док. 9, с. 32.

релативно голема единица која како нејзин командант ја водеше во најтешките борби на Грамос, Вичо, Преспа, во Епир итн.

Во редовите на ДАГ, Иван Ковачев, со уште поголема пожртвуваност се вклучи во борбата против грчката реакција и поради неговата активност во ослободувањето на македонскиот народ, на Првиот [393] и Вториот [394] конгрес на НОФ беше избран за член кандидат во централното раководство на НОФ за Егејска Македонија.

Иван Ковачев-Орфеас, смелиот раководител на НОФ и примерниот борец во редовите на ДАГ, херојски загина во јули 1949 година во една тешка и нерамна борба со непријателот за заземањето на месноста "Грамушта", на планината Грамос, во својство на политички комесар на баталјон. [395]

[393] Именичен список на членовите на Главниот одбор на НОФ на Македонците од егејскиот дел на Македонија избрани на Првиот конгрес на НОФ. "Егејска Македонија во НОБ, 1948", Т. V, док 16. с. 45.
[394] Список на членовите на Главниот одбор на НОФ од егејскиот дел на Македонија, предложени на Вториот конгрес на НОФ. "Егејска Македонија во НОБ, 1949", Т. VI. Документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна во Грција. Архив на Македонија, Скопје, 1983, док. 74, с. 155.
[395] Според сеќавањата на Алеко Пулков...

КОСТА КУЗЕВ-ДИНИ (1913-1950)

Револуционерот Дини Кузев е роден во 1913 година во градот Воден, во сиромашно работничко семејство.

Во 1924 година, по ненадејната смрт на неговиот татко Туши Кузев, малиот Коста беше даден на школување во едно училиште за деца сирачиња во Воден. По завршувањето на основното училиште тој продолжи да се школува во военото училиште на островот Крв. [396] Уште од самиот почеток тој се истакна меѓу најдобрите ученици. По кратко време се поврзува со напредни младинци во училиштето и со нивната помош се зачленува во младинската организација ОКНЕ. Во редовите на ОКНЕ тој се воспитува во револуционерни идеи.

Во 1930 година Коста беше откриен од воените власти во училиштето поради неговата револуционерна дејност, а потоа уапсен и осуден на седум месеци строг затвор. [397] По завршувањето на казната тој се враќа во родниот град и како член на организацијата ОКНЕ продолжува да работи за омасовување на ОКНЕ во Воден.

Во периодот 1932-1933 година во Воден се одвиваа масовни синдикални манифестации. Коста како неуморен агитатор на ОКНЕ, со голем елан се вклучува во тие манифестации. [398]

Во 1934 година Коста Кузев беше повикан на отслужување на воениот рок во Воден. Во воената касарна тој веднаш се зачленува во Комитетот на антифашистичката организација во 30-от пешадиски полк, кој се раководеше од Окружниот комитет на КПГ за Воденско. [399] Како искусен активист на ОКНЕ Коста по своја лична одговорност учествува во распространувањето на револуционерниот пропаганден

[396] Вангел Ајановски-Оче, Сеќавања и критички осврт за развојот на работничкото, комунистичкото и национално-ослободителното движење на Македонците во Воден и Воденско, дел II, с. 371. Сеќавања, се чуваат во ИНИ.
[397] Истото.
[398] Според сеќавањата на Вангел Ајановски-Оче.
[399] Според сеќавањата на Ангел Гацев.

материјал во воените касарни, во пишувањето на пропагандни пароли /летоци, повици/ итн.

Диктатурата на Јоанис Метаксас во Грција Дини ја дочека како член на Градскиот комитет на КПГ во Воден и како таков тој се бореше против злосторствата што ги вршеше грчкиот режим врз невиното македонско население.

Кон крајот на октомври 1940 година Коста беше мобилизиран во грчката армија, а потоа беше испратен на Албанскиот фронт за да се бори против италијанскиот агресор. Во пролетта наредната година тој се враќа од Албанскиот фронт во Воден и веднаш се вклучува во борбата против новите фашистички окупатори. Благодарејќи на неговата активност и верба во ослободувањето на македонскиот и грчкиот народ повторно беше избран за член на Градскиот комите на КПГ за градот Воден. [400]

Подоцна, со формирањето на македонската ослободителна организација МАО, Коста стана член на Окуржниот комитет на МАО за Воденско. [401] Во тоа својство тој ја продолжи борбата против туѓите поробувачи и домашните слуги.

Кон крајот на пролетта 1943 година Коста Кузев беше избран за член на Окуржниот комитет на КПГ за Воденско и како таков беше задолжен да работи во финансискиот сектор.

Во средината на јули истата година германските окупатори, покрај источниот дел на Егејска Македонија, предадоа на управување на царска Бугарија и делови од Централна Егејска Македонија. Македонската земја уште еднаш се делеше. Комунистите од Воденско веста ја примија со големо огорчување и револт. Во градот беше организиран општ штрајк кој траеше два дена . Кон крајот на истиот месец во градот беше организиран и протестен митинг на кој зедоа учество околу 1.000 манифестанти. Со митингот раководеше посебен одбор во

[400] Вангел Ајановски-Оче, Сеќавања и критички осврт за развојот на работничкото, комунистичкото и национално-ослободителното движење во Воден и Воденско..., стр. 372.
[401] Според сеќавањата на Ангел Гацев...

состав: Вани Мандев, Ташко Ајановски, Дини Папајанков, Дини Кузев и други. [402]

По прогонувањето на германско-италијанските и бугарските окупатори од земјата Коста беше поставен за Окружен јавен обвинител во Воденско и како таков работеше се до капитулацијата на ЕЛАС, која дојде како резултат на познатиот договор во Варкиза.

Подоцна, со формирањето на македонската ослободителна организација ТОМО во Воденско, Коста меѓу првите се вклучува во нејзините редови и работи неуморно за нејзиното омасовување. Треба да се подвлече фактот дека во тоа време раководството на КПГ водеше националистичка политика спрема македонското ослободително движење и воопшто кон македонското национално прашање. Поради ваквата шовинистичка политика на КПГ во Воденско, организацијата ТОМО беше изложена на големи тешкотии за да може да го организира и омасовува македонскиот народ во борба против грчката реакција која беснееше низ цела Егејска Македонија. Но и покрај заканите и клеветите од страна на националистичките елементи во КПГ, ТОМО успеала да привлече во своите редови еден голем дел македонски активисти и функционери на КПГ од Воден и Воденско, меѓу кои и Коста Кузев-Дини. Поради ваквата негова национална свест, тој беше принуден да се судри со раководството на КПГ во Воденско.

Во редовите на ТОМО Дини развива широка пропагандна дејност. Заедно со други видни Македонци тој го агитираше македонското население од Воденско во борба против грчкиот режим. Благодарејќи на ваквата негова активност, тој стана член на Градскиот одбор на ТОМО /одговорен по агитација и пропаганда/. [403]

Подоцна, со формирањето на НОФ за Воденско, Дини Кузев ја продолжува својата патриотска борба се до крајот на својот живот.

---

[402] Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури..., стр. 159.
[403] Истото: с. 161.

Кон крајот на декември 1945 година во Солун беше одржана конференција со претставници на КПГ. На неа присуствуваа и делегатите на КПГ од Воденско, Трифун Шиндев и Дини Кузев, кои бараа од КПГ да го признае НОФ како напредно и револуционерно движење и да прекине таа со клеветничката кампања против неговото членство. Неочекувано за присутните, генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис ја призна НОФ како народноослободителна организација на Македонците од Егејска Македонија. [404]

Револуционерната активност на Дини Кузев во редовите на македонското народноослободително движење без прекин трае се до неговото апсење во втората половина на 1946 година. Тој беше sверски мачен во воденските затвори, а потоа интерниран во концентрациониот логор Макронисос. Таму беше држан се до 1950 година кога беше донесен во еден логор во Солун. Тука беше убиен на мистериозен начин, најверојатно отруен.

[404] Според сеќавањата на Трифун Шиндев, од село Теово, Воденско; активен учесник во НОБ и ДАГ.

ЈАНИ ЛУКРОВ (1922-1948)

Јани Лукров е истакнат борец во македонското народноослободително движење и на Демократската армија на Грција од село В'мбел, Костурско. Роден е во 1922 година, во сиромашно земјоделско семејство, но со напредни револуционерни традиции.

Во 1936 година, по завршувањето на основното училиште во родното село, Јани, заедно со татко му Ристо, се пријавува кај чевларот Насо Толев во селото Руља, со цел да го изучува чевларскиот занает. [405]

Наредната година, откако добро го совлада чевларскиот занает, тој отвори на сред село своја чевларска работилница. [406] Уште од самиот почеток работата во чевларската работилница добро му тргнала. Тој добро се однесувал кон луѓето, па затоа и тие го почитувале.

Фашистичката окупација на Грција, Јани го затекнала во својата работилница. Во неговиот чевларски дуќан секојдневно се слушале селски разговори. Тие разговори му овозможувале поопширно да се запознае со прогресивните идеи кои ги шириа напредните селани. Постарите селани раскажувале за животот на Македонците под турско ропство, за деновите од Илинденското востание и за новите грчки господари коишто по Балканските војни, вршеа нечуен терор и асимилација врз македноското население по македонските села. Се разбира, ваквите разговори многу влијаеле за развивањето на неговата македонска национална свест. [407]

Кон крајот на 1942 година, Јани, заедно со други напредни младинци од родното село, стапува во редовите на младинската комунистичка организација ОКНЕ и, како активен член на оваа организација стана одговорен на младинската тројка во селото

[405] Според сеќавањата на Сотир Лукровски, брат на Јани Лукров; учесник во НОБ и ДАГ.
[406] Истото.
[407] Според сеќавањата на Никола Пановски, од село В'мбел; секретар на Околискиот и Окружниот одбор на НОФ за Костурско.

В'мбел. Благодарејќи на неговата неуморна активност во борбата против окупаторот, наредната година тој беше вклучен во секретаријатот на селската партиска организација на КПГ. [408] Во редовите на Партијата тој неуморно го агитираше народот што помасовно да се бори против окупаторот и домашните предавници.

Кон крајот на 1943 година, Јани, заедно со неколку свои соселани доброволно стапува во редовите на ЕЛАС и во нејзините борбени единици со елан и пожртвуваност се бори за прогонување на окупаторот од земјата.

Во почетокот на мај 1944 година, Јани Лукров, заедно со група македонски партизани на ЕЛАС, енергично му се спротивставува на неправилниот став на КПГ и ЕЛАС во однос на македонското национално прашање и, во знак на протест, се отцепува од единиците на ЕЛАС и преминува во вардарскиот дел на Македонија каде во составот на партизанските единици од овој дел на Македонија ја продолжува борбата против окупаторот. [409]

Во втората половина на јули 1944 година, по постигнатиот договор помеѓу КПГ и КПМ, Јани, со една група македонски партизани од Костурско и Леринско, се враќа во родниот крај и веднаш се вклучува во редовите на новоформираниот македонски баталјон "Гоце". [410]

Во почетокот на октомври истата година дојде до повторно недоразбирање меѓу македонските партизани на ЕЛАС и раководството на КПГ и ЕЛАС. Командата на ЕЛАС со наредба одлучува да го расформира баталјонот "Гоце". Македонските борци енергично им се спротивставуваат на оваа со ништо неоправдана одлука на КПГ и ЕЛАС и за да се избегне крвопролевањето, тие повторно преминуваат во вардарскиот дел на Македонија. Заедно со нив преминува и Јани Лукров. Во селото Велушина, Битолско, тој беше поставен за заменик

[408] Истото.
[409] Според сеќавањата на Евдокија Баљова-Вера, Васко Макриевски и Милтијади Ковачевски.
[410] Истото.

командир на чета во петтиот баталјон кој го сочинуваа борци од Костурско и Леринско. Како посебна единица борците од Костурско и Леринско влегуваа во составот на 49-та дивизија на НОВ на Македонија. [411]

Подоцна, со формирањето на Првата ударна бригада на Македонците од Грција, Јани беше избран за заменик командир на чета во специјалниот баталјон на истата бригада. Во редовите на оваа бригада тој учествува во сите нејзини борби кои беа водени во околината на градовите Кичево, Гостивар, Тетово итн. [412]

Во мај 1945 година, по расформирањето на Првата ударна бригада на Македонците од Грција, Јани Лукров беше распореден во единиците на КНОЈ, односно во составот на Четвртата бригада, чие седиште и беше градот Битола. За постигнатите борбени заслуги во единиците на ЈНА Јани беше неколку пати пофалуван и одликуван. [413]

Кон средината на 1946 година, Јани по свое лично барање беше демобилизиран од ЈНА и веднаш заминува во егејскиот дел на Македонија за да се бори против новите реакционерни власти во Грција и нивните англиски помагачи. На 20 декември 1946 година доброволно стапува во редовите на ДАГ и во многу кратко време достигнува до одговорни функции. Како примерен и искусен борец тој совесно и навреме ги извршуваше сите поставени задачи. Посебна храброст и херојство покажа во драматичните борби кои се водеа на подрачјето на планините Каракамен и Кајмакчалан против владините единици. Во тие борби Јани беше унапреден во чин капетан и командуваше со чета. [414]

Во 1947 година, во една жестока и крвава борба што се водеше на планината Каракамен, од детонација Јани го изгубил слухот. Тој со голема тага и болка на срцето принудно и напушти

[411] Според сеќавањата на Мичо Каранџовски и Васко Макриевски.
[412] Според сеќавањата на Евдокија Бањова-Вера, Васко Макриевски и Мичо Каранџовски...
[413] Истото.
[414] Т. Карамешев, Лукров Јани. Во кн. "За света народна слобода"... стр. 149.

позициите на ДАГ на тоа подрачје и заминува на лекување во една од партизанските болници на ДАГ. За време на своето лекување извесно време тој престојуваше во родното село В'мбел, кај своето семејство. [415]

По неколку месеци, откако здравствената положба му се подобри, тој добива наредба од раководството на ДАГ да формира самостојна партизанска единица со задача да дејствува во позадината, односно да ги обезбедува преодните комуникации од евентуалните напади на непријателот. На чело на оваа единица тој дејствуваше во Корештата, Вичо и во други околни места. [416]

Во почетокот на април 1948 година, во една жестока борба беше десеткувана целата 18-та бригада на ДАГ. Подоцна, во селото Брезница, Костурско, составот на 18-та бригада беше дополнет со позадински единици на ДАГ од околните места во чиј состав влезе и четата на Јани Лукров.

На 20 април истата година, по извршената реорганизација на 18-та бригада, Јани добива наредба со својата единица да постави заседа на патот кој водеше од Костур кон Рупишта, во месноста "Костураж", [417] близу до селото Богацко. Борејќи се храбро во оваа нерамна борба со непријателот, Јани Лукров, заедно со многу други соборци, го положи својот борбен живот во олтарот за слободата на македонскиот народ. [418]

Монархофашистичките војски sверски постапија со телото на Јани Лукров. Тие го однесоа во Костур и таму го влечеа по улиците на градот за да го плашат народот.

Раководството на ДАГ посмртно го унапреди по чин мајор на ДАГ.

---

[415] Според сеќавањата на Евдокија Бањова-Вера и Милтијади Ковачевски...
[416] Истото.
[417] Според сеќавањата на Димитар Панков, од село В'мбел; курир на Јани Лукров.
[418] Т. Карамешев, Лукров Јани. Во кн. "За света народна слобода"... стр. 149.

СОТИР ЉУТИКОВ (1916-1948)

Сотир Љутиков е првоборец од село Загоричани, Костурско, познато со револуционерни традиции. Тој потекнува од македонско земјоделско семејство во кое се негуваа и упорно се пренесуваа од генерација во генерација илинденските традиции. Во куќата на Љутикови се паметаше ликот на легендарниот водач на македонскиот народ Гоце Делчев. Тој во своите патувања низ Македонија, најде гостопримство во куќата на дедо Хаџи-Јани Љутиков. [419]

Уште од својата рана младост Сотир ја има почувствувано на своите плеќи тежината на националното и социјалното угнетување и поради тоа многу рано започнува и политички да го изразува своето незадоволство.

Две години по завршувањето на воениот рок во грчката армија, кон крајот на октомври 1940 година, Сотир, заедно со стотици други Македонци зема учество во грчко- италијанската војна каде беше и тешко ранет. [420]

Во 1942 година, по опоравувањето, од болница се враќа во родното Загоричани и веднаш се вооружува за да ги штити своите селани од зулумите на грчките националисти.

Во втората половина на октомври 1944 година, поради непринципиелниот став на грчкото раководство на отпорот кон македонското национално прашање, Сотир, заедно со други македонски борци, во знак на протест, преминува на територијата на Вардарска Македонија. [421]

Во ноември истата година, со формирањето на Првата ударна бригада на Македонците под Грција во слободна Битола, тој

---

[419] Христо Андоновски-Полјански, Гоце Делчев. Култура, Скопје, 1972, с. 200. Овој податок авторот го користи од "Спомените" на Стојче Кузманов.
[420] Според сеќавањата на Васил Чулев, од село Загоричани; борец во ДАГ и раководител на работилницата за поправка на тешкото оружје.
[421] Според сеќавањата на Алексо Сугарчев и Кузо Нанев од село Загоричани; борци во редовите на Првата ударна бригада на Македонците под Грција, а подоцна во 18-та бригада на ДАГ.

меѓу првите се вклучува во нејзините редови и ја продолжува борбата против окупаторот и балиситичките банди на Џемо и Мефаил за ослободувањето на градовите Кичево, Гостивар, Тетово и Шарпланина и се бори се до крајот на април 1945 година, односно до расформирањето на Бригадата. [422] Исто така учествува и во борбите на Сремскиот фронт за конечно прогонување на германските окупатори. [423]

По завршувањето на Втората светска војна, Сотир, беше назначен како помошник магазинер во Пекарската чета на Командатурата на град Белград. На 17 декември 1945 година тој беше префрлен во воениот отсек за градот Битола, каде служи се до 9 април 1946 година. Во редовите на ЈНА служеше седум месеци. [424]

Кон крајот на 1946 година, Сотир, доборволно се враќа на територијата на Егејска Македонија и веднаш потоа се вклучува во борбата против новите грчки националистички банди кои што со уште поголема жестокост го тероризираа македонското население.

Кон крајот на април 1947 година Главниот штав на ДАГ даде наредба во составот на Потштабот на ДАГ "Вичо" да се формира посебна коњичка воена единица. [425] За исполнување на оваа наредба беа задолжени: Аргир Волчев, од село Бмбоки, Костурско, поранешен командир на вод, Сотир Љутиков, командир на вод, Ангел Долев, боред, Димитар Самарџиев, борец, сите од село Загоричани и Павле Чиков од село Горенци, Костурско, борец. [426] Тие за прв пат во историјата на ДАГ формираат воена коњичка единица која во многу кратко време прераснува во коњички ескадрон со околу 100 борци-коњаници, предимно Македонци. Овој коњички ескадрон од ден на ден напредуваше толку брзо што по неколку месеци под негова

[422] Список на борците од Првата ударна бригада на Македонците под Грција. Се чува во приватната архива на покојниот Михајло Керамитчиев.
[423] Според сеќавањата на Ристо Мишевски, од село Мокрени, Костурско; учесник во НОБ и ДАГ, соборец на Сотир Љутиков.
[424] Воена книшка на ЈНА издадена на Сотир Љукров под број 395907.
[425] Сеќавања на К. Т. Ракопис, се чува во ИНИ.
[426] Истото.

контрола се најдоа неколку села од Леринска, Костурска и Кајларска околија.

Во почетокот на август 1947 година коњаниците извршија неколку успешни акции за заземањето на селата: Биралци, Рокита, Чор, Пањор, Требишта и Липинци, Кајларско. [427] На 12 август истата година, во ноќта тие влегоа и во селото Емборе, Кајларско каде што постоеше жандармериска станица на МАИ /Единица за безбедноста на провинцијата/. [428]

По неколку дена коњаниците повторно го нападнаа селото Липинци, Кајларско. Во оваа акција учествуваше и една чета од 18-та бригада на ДАГ на чело со Ламбро Гакидов-Џавела. Со првиот напад на заедничките сили, вооружените селани панично се повлекоа во градот Кајлари. [429]

Во втората половина на август 1947 година коњаниците ги нападнаа непријателските упоришта на Шестевската Бука т.н. "Буковик", Костурско. Акцијата заврши без успех. По тричасовна жестока борба тие се повлекоа во селото Габреш, Костурско.

Во текот на септември истата година, коњичкиот ескадрон изврши неколку успешни акции во костурските села кои дотогаш се уште се наоѓаа во рацете на жандармеријата. Тие беа Мавровo, Здралци, Сливени, Жупаништа, Света Недела и Горенци. [430] На ова место треба да се нагласи дека во сите овие акции Сотир Љутиков херојски се бореше, а на своите соборци им служеше за пример.

---

[427] Според сеќавањата на Глигориос Лукрис, од село Псодери, Леринско; учесник во НОБ и ДАГ, интендант на коњичкиот ескадрон кој дејствуваше во составот на единиците на Штабот на ДАГ "Вичо".

[428] Информативен билтен на Штабот на ДАГ "Вичо" од 15 август 1947 година за дејноста на единиците на ДАГ во подрачјето на Вичо. Архив на Македонија. Збирка: "Егејска Македонија во НОБ 1945-1949" АЕ: 182/47 година.

[429] Според сеќавањата на Ламбро Гакидов Џавела од село Сребрено, Леринско; командант на баталјон во 18-та бригада на ДАГ.

[430] Сеќавања на К. Т. ...

Во текот на јануари и февруари 1948 година коњичкиот ескадрон ги држеше позициите во близината на селото Раково, Леринско. Од ова место коњаниците извршија успешни напади на селата Света Петка, Клабучишта, Негочани, Каленик, Клештина и на аеродромот близу до градот Лерин. [431]

Кон крајот на февруари истата година, коњичкиот ескадрон, по наредба на Штабот на ДАГ "Вичо" се префрлува во селото Жервени, Леринско. Тука пристигнува и потполковникот на ДАГ, Несторас Жогас со околу 35 борци-коњаници од Хасија Тесалија. Тој ја донесува и наредбата на Главниот штаб на ДАГ во која стои дека двата ескадрона треба да се обединат во баталјон. Обединувањето беше извршено во село Жервени. Така се формира посебен коњички баталјон на ДАГ. [432] За командант на баталјонот беше поставен Несторас Жогас, а политички комесар Кирјако Цалев од село Дмбени, Костурско. Сотир Љутиков беше назначен за командир на вод на околу 25 борци-коњаници.

По обединувањето на двете коњички формации, во почетокот на март 1948 година, коњичкиот баталјон се префрлува на секторот на планините Пајак-Кајмакчалан, каде ги продолжуваа воените акции против вооружените селани во некои села во Воденско, Гумењиско и Енице-вадарско. Во селото Тушим кон коњичкиот баталјон се приклучува третата коњичка единица т.н. "Кајмакчалан" со околу 40 борци. [433]

Во втората половина на март 1948 година коњичкиот баталјон пристигнува на планината Пајак. Првата акција на коњаниците во која Сотир покажа посебна храброст беше нападот на селото Европос, Гумењиско.

Во почетокот на април коњаницата извршува успешни напади во селата Трифулчево, Недирчево, Енице вардарско, Бојмица, Гумењиско и Владово, Кронцелово, Воденско. Одбиени беа

[431] Според сеќавањата на Глигориос Лукрис.....
[432] За формирањето и дејноста на коњичкиот баталјон на ДАГ, поопширно види: Ташко Мамуровски. Некои воени акции на коњичкиот баталјон на ДАГ. Гласник на ИНИ, Скопје, 1979, XXIII, бр. 1, с. 177-198.
[433] Според сеќавањата на Глигориос Лукрис...

некои непријателски контранапади на селата Мала и Голема Ливада, Гуменџиско и селото Северјани, Мегленско.

Во средината на април 1948 година, во падината на планината Скра, се водеше една од најжестоките борби во која учествуваше коњичкиот баталјон. [434] Во оваа нерамна борба, заедно со многу други свои соборци херојски го положи својот живот во олтарот за слободата на македонскиот народ, командирот на вод во коњичкиот баталјон на ДАГ Сотир Љутиков.

Посмртно Главниот штаб на ДАГ го произведе во чин капетан.

[434] Истото.

ВАНГЕЛ МАНГОВ (1912-1947)

Меѓу видните македонски револуционери и комунисти од Костурска околија, кои целиот свој живот го посветија за слободата на својот народ е и Вангел Мангов. Тој е роден во 1912 година, во село Жупаништа, во сиромашно земјоделско семејство, но со прогресивно-револуционерни идеи. Во 1926 година, откако го заврши основното училиште во родното село, тој жеден за учење го продолжи своето школување прво во Костурската, а потоа во Цотилската гимназија. [435]

Уште како гимназијалец, Вангел опширно се запознава со напредните идеи на работничката класа и класно се определува за програмата на работничкото движење во земјата. Поради ваквите негови идеи тој беше исклучен од гимназијата.

Во 1930 година на еден собир во црквата над селото Дреновени, Костурско, Вангел истапува со пламенен говор против експлоатацијата на работничката класа. Поради ваквото негово истапување тој беше уапсен од грчката полиција и беше ставен во костурскиот затвор. [436]

Во периодот 1933-1936 година, Вангел Мангов, кој веќе беше познат како активен пропагатор на комунистичките идеи во својата околија, активно учествува во пропагирањето на програмата на комунистите во предизборната кампања за парламентарни избори во Грција. Поради ваквата негова револуционерна дејност тој повторно беше уапсен од грчката полиција, а потоа осуден на четири месеци строг затвор. [437]

Во 1939 година, за време на диктатурата на Јоанис Метаксас во Грција, Вангел, заедно со стотици други комунисти од Костурско, по трет пат беше уапсен од грчките власти, потоа sверски беше мачен и осуден на девет месеци затвор. Вреди да се подвлече и тоа дека поради неговите револуционерни идеи,

[435] Мангов Вангел. Во кн. "За света народна слобода"..., стр. 151.
[436] Според сеќавањата на Ана Мангова, сестра на Вангел Мангов; учесник во НОБ и ДАГ.
[437] Мангов Вангел. Во кн. "За света народна слобода"..., стр. 151.

неговата куќа постојано беше претресувана од страна на грчката полиција и жандармерија. [438]

По ослободувањето од затворот, Вангел Мангов беше мобилизиран во грчката армија, а потоа испратен на фронтот за да се бори против италијанскиот агресор.

Подоцна, по растурањето на Албанскиот фронт, тој со елан и пожртвуваност се фрли во борбата против германско-италијанските и бугарските окупатори на земјата. Активно работи за собирање и складирање на напуштеното оружје од грчките војници кои се повлекуваа од Албанскиот фронт и за организирање на селаните во борба против странските окупатори и домашните предавници.

Во 1942 година Вангел беше уапсен од окупаторските власти, а тоа поради убиството на предателот капетан Лакис и осуден на 11 месеци строг затвор. Неговата трагедија стана уште поголема кога во затворот беше фрлена и неговата сопруга Софија заедно со нивното дете, а кое поради свирепите мачења умре во затворот. [439]

По ослободувањето од затворот, Вангел Мангов не престанува да се бори. Тој веднаш се вклучува во антифашистичкото движење, во почетокот како раководител во политичките организации во Костурско, а потоа како политички комесар на еден партизански одред на ЕЛАС. [440] Исто така, тој неуморно го агитира македонското население против опасноста од бугарската фашистичка пропаганда во неговата околија која настојуваше да ги фрли Македонците во меѓусебна братоубиствена војна.

Во мај 1944 година, Вангел, заедно со други македонски борци на ЕЛАС, несогласувајќи се со неправилната политика на КПГ и ЕЛАС во однос кон македонското национално прашање, во

[438] Според сеќавањата на Мичо Шишков, од село Жупаништа; комесар на одредот "Лазо Трповски". Во 1945 година стана секретар на Окружното раководство на НОФ во Костурско-Преспанскиот реон.
[439] Мангов Вангел. Во кн. "За света народна слобода"..., стр. 151.
[440] Истото.

знак на протест преминува во вардарскиот дел на Македонија и во составот на македонските единици од тој дел на Македонија ја продолжува борбата против окупаторот и домашните предавници. [441]

Подоцна, во ноември истата година, во својство на политички комесар на баталјон во Првата ударна бригада на Македонците под Грција, тој храбро се бори за конечно прогонување на окупаторот и балистичките банди во околината на градовите Тетово, Кичево и Гостивар.

По расформирањето на Првата ударна бригада на Македонците под Грција, Вангел Мангов, заедно со група Македонци од родниот крај го посетуваше партиско-политичкиот курс во Скопје. По успешното завршување на курсот беше даден на располагање при Главното раководство на НОФ за Егејска Македонија.

Кон крајот на пролетта 1945 година, Вангел Мангов, заедно со други другари се враќа во родниот крај на планината Малимади и ја продолжува борбата против новите реакционерни власти во Грција.

Подоцна, во 1946 година, благодарејќи на неговата неуморна активност и пожртвуваност во борбата против грчката реакција тој станува политички комесар на партизански одред. [442] Во многу кратко време се истакнува меѓу борците на ДАГ. Тој е веќе искусен револуционер и борец за македонски права, и не случајно, грчките власти во 1946 година преку весниците објавија парична награда од 250.000 драхми за неговата глава. [443]

---

[441] Повик од СНОФ за Костурско до македонскиот народ, со кој под притисок од раководството на КПГ е осудена акцијата на Наум Пејов и други Македонци за отцепување од ЕЛАС. "Егејска Македонија во НОБ 1944-1945", Т. I, док. 105, с. 118-119. Истото: Писмо од одредот на ЕЛАС - "Вич" до единицата на НОВ на Македонија во Преспа, со кое бара да ги врати 30-те борци кои се отцепиле од ЕЛАС и минале во редовите на НОВ на Македонија. "Егејска Македонија во НОБ 1944-1945", Т. I... док. 109, стр. 122-123.

[442] Мангов Вангел. Во кн. "За света народна слобода"..., стр. 152.

[443] Истото.

На 26 март 1947 година, Вангел Мангов заминува по борбена задача кон Сливенскиот манастир каде стационираше една непријателска единица. Но ненадејно, преку предавство на патот беше заробен од владините војници. Тој не губи многу време... Некако успева да се ослободи од рацете на непријателот и, настојувајќи да се спаси, се фрли од височината на една карпа во реката Бистрица. Еден непријателски куршум смртно го пронижува.

На другиот ден, селаните од селото Сливени го најдоа мртвото тело на Вангел Мангов на брегот на споменатата река. [444] Монархофашистите со камион го пренесоа во полициската станица во Четирок. Таму џелатите му ја отсекоа главата и му ја ставиле во една кутија. Потоа му ја дадоа на едно мало дете по име Паскал да ја донесе во Костур за да го плашат народот. [445]

[444] Според сеќавањата на Ана Мангова...
[445] Мангов Вангел. Во кн. "За света народна слобода"..., стр. 152.

ТАНАС МАНОВ (1926-1947)

Танас Манов е роден во селото Бапчор, Костурско, во 1926 година, во сиромашно земјоделско сточарско семејство. По завршувањето на основното училиште тој заедно со своите браќа Ѓорѓи, Мане и Јован им помагаше на своите родители во земјоделските и сточарските работи.

За време на германската, италијанската и бугарската окупација на земјата, Танас иако се уште млад се вклучува во борбата против окупаторот и работи како позадински активист, вршејќи курирска и друга дејност меѓу младината. Со оваа дејност тој се занимава се до крајот на фашистичката окупација на Грција и Егејска Македонија.

По договорот на Варкиза, Танас и неговото семејство како бивши припадници во антифашистичкото движење, беа прогонувани од тогашниот реакционерен режим во Грција. [446] Во ваквата несносливa ситуација Танас заедно со други родољуби од родното село беше принуден да премине во илегалство.

Кон крајот на пролетта 1945 година, со создавањето на организацијата НОФ во селото Бапчор, Танас Манов станува активист на НОФ. Во истиот период од страна на ЕАМ беа организирани протестни акции /демонстрации/ во градот Костур против режимот на грчката реакција. Во тие демонстрации активно се вклучи и организацијата НОФ во селото Бапчор и од другите околни села. Меѓу истакнатите демонстранти беше и Танас Манов кој извикуваше пароли против монархијата. Такви демонстрации беа организирани често пати. [447]

Потребно е да се подвлече дека и татко му на Танас, Ристо, како стар комунист често пати беше малтретиран во селската

[446] Според сеќавањата на Танас Андреев, од село Бапчор; учесник во НОБ и ДАГ. За време на граѓанската војна тој ја одржуваше телефонската врска помеѓу Штабот на 18-та бригада на ДАГ, односно 11-та дивизија на ДАГ, со Главниот штаб на ДАГ и со другите единици на ДАГ.
[447] Истото.

полициска станица поради неговите револуционерни идеи и поради активноста на неговите деца.

Кога во првата половина на 1946 година се појавиле првите вооружени групи на НОФ на планината Вичо, борците на овие групи го најдоа селото Бапчор уште од порано организирано против грчката реакција.

Некаде кон крајот на март истата година грчката полиција го блокира селото Бапчор и изврши претрес по сите куќи. Танас и неговите другари веднаш ги известија илегалците и активно помогнаа тие да се извлечат од опасноста, односно да се засолнат во месноста "Шипково", на планината Вичо. [448]

На 18 август 1946 година, ноќно време, една воена формација на НОФ на чело со Ѓорѓи Калков од селото Вишени и Ѓорѓи Шарин-Лилјак, од селото Бапчор, негов заменик, ја нападнаа полициската станица во Бапчор. Акцијата не беше добро подготвена и поради тоа борбата заврши без успех. Партизаните се повлекоа на планината Вичо. Меѓутоа веднаш пристигна војската од селата Вишени и Кономлати и го блокира селото. Но некои Бапчорци меѓу кои Коле Пејков, Стасе Андреев, Танас Андреев, Васил Богданов, Стратиго Богданов, Науме Димов и други кои за време на блокадата беа отсутни со своите коњи надвор од селото, по долго размислување решиле да се вратат дома за да не им ги изгорат куќите. [449] Но, некои други селани, меѓу кои Танас Манев, Васил Манев, Јован Манев, Васил Шамановски, Ѓорѓи Пејков и други, ја одбегнаа судбината на првите кои беа веднаш уапсени заедно со неколку десетици други соселани и sверски малтретирани во селското училиште /Васил Богданов – скршени раце, Ристо Апостолов – скршена глава итн./. Овие вторите сите до еден се приклучија во одредот на Ѓорѓи Калков. [450]

[448] Податоци за селото Бапчор, Костурско. Се чуваат во ИНИ.
[449] Според сеќавањата на Ристо Цигулев, од село Бапчор; учесник во НОБ и ДАГ. Истото: Според сеќавањата на Танас Андреев...
[450] Според сеќавањата на Ѓорѓи Пејков, од село Бапчор; учесник во НОБ и ДАГ; командир на чета во 18-та бригада на ДАГ.

Сите затвореници, вкупно 64 лица беа спроведени во селото Жервени каде селаните колку можеа им помогнаа на ранетите. Од селото Жервени со камиони беа префрлени во Костур. Тука повторно беа подложени на малтретирање и беа ставени на потсмев на реакционерните елементи. Од 64-те лица 15-те беа испратени во затворот во Кожани и изведени пред воен суд. Неколку дена потоа во Кожани ги доведоа и останатите. Овде во затворот останаа од август 1946 година се до јануари 1947 година. Дури наредната година беа обратно доведени во Костур и изведени пред воен суд. Со амнестијата беа ослободени 59 лица, а останатите 5 лица беа задржани во затворот како најопасни за режимот. [451] По кратко време и тие беа ослободени.

На 12 март 1947 година, таткото на Танас, Ристо заедно со својот син Ѓорѓи, преку предавство повторно беше уапсен од грчката полиција во својата колиба. Двајцата беа осудени од воен суд во Костур и беа испратени во грчките злогласни затвори. Тие имаат одлежано по десет години затвор во разни концентрациони логори во грчките острови. [452]

Танас Манов кој во меѓувреме се наоѓаше во одредот на Ѓорѓи Калков, по воспоставувањето на борбеното единство помеѓу единиците на НОФ и единиците на КПГ во ноември 1946 година, продолжи да се бори во редовите на ДАГ. Тој учествува во многубројни борби на планината Вичо. Тука беше ранет во ногата. По неговото оздравување повторно се враќа во редовите на ДАГ и продолжува да се бори во разни места на Егејска Македонија и Грција.

[451] Податоци за селото Бапчор, Костурско... Истото: Според сеќавањата на Ѓорѓи Пејков...

[452] Не можат да се заборават и заслугите на Мане Манов, братот на Танас Манов. Тој е роден во 1924 година. За време на Граѓанската војна во Грција, еден краток период тој му беше личен курир на истакнатиот македонски револуционер и борец во ДАГ Пандо Шиперков. Подоцна се вореше во редовите на 18-та бригада на ДАГ во четата на Ѓорѓи Пејков. За време на летната непријателска офанзива, во 1948 година на планината Грамос, Мане беше тешко ранет. Почина во градот Корча.

На 31 март 1947 година во борбата на единиците на ДАГ за заземањето на селото Ревани, Костурско, Танас Манов падна пронижан од непријателски куршум. [453]

Монархофашистите и по неговата смрт sверски се однесоа со неговото тело. Тие му ја отсекоа неговата глава и набиена на копје ја однесоа во градот Костур. Тие ја покажуваа неговата глава низ улиците на градот за да го плашат народот и да докажат на реакцијата дека го убиле храбриот македонски партизан Танас Манов.

Во знак на признание за херојската смрт на Танас Манов кој што беше трета по ред жртва во редовите на ДАГ од селото Бапчор, народниот творец му ја испеа следната песна:

Зар за тебе, Македонијо, со голем мерак се борев,
со голем мерак се борев, тебе да те ослободам.

Од прва рана јас откинав, втора рана не ме остави,
за да шетам нашите гора, нашата мила Македонија.

Мајка Танас си го чека, па назад да му се врати,
ама Танас ми го нема, тој ми падна и загина.

Плачи, мајко, плачи татко, плачи, сестро, мојата младост,
плачи горо, плачи сестро, плачи оба да плачиме.

Тие за твоите лисја, горо, јас за мојата младост,
твоите лисја, горо, сестро, пак назад ќе ти се врнат.
Ама мојата младост, горо, назад нема да се врни.

[453] Според сеќавањата на Ѓорѓи Пејков... Истото: Податоци за селото Бапчор...

СОТИР МИОВСКИ (1923-1949)

Селаните од убавото Преспанско село Орово, како впрочем и стотици селани од другите македонски села од егејскиот дел на Македонија, заедно со демократските сили на Грција, најактивно учествуваа во Граѓанската војна во Грција и дадоа огромни жртви за слободата на својот народ. Меѓу најистакнатите Оровчани кои го положија својот живот за слободата на македонскиот народ е и Сотир Миовски. Тој е роден во 1923 година во сиромашно земјоделско семејсто. По завршувањето на основното училиште во родното село Сотир, жеден за наука, имал голема желба да го продолжи своето школување во Леринската гимназија, но иако бил одличен ученик, поради тешките економски услови, тој не бил во можност да ги исполни своите желби. Неговиот татко Лазо го напуштил уште во детските години и заминал на печалба во далечна Австралија. Поради тоа тој бил принуден од најмладите години да се занимава со земјоделски работи за да и обезбеди егзистенција на своето семејство. [454]

Но и покрај тешките економски услови, Сотир наоѓал време сам да се самообразува. Во многу кратко време тој научил да чита и да пишува, и тоа на македонски јазик од македонскиот илегален печат којшто одвреме навреме беше пренесуван во неговиот роден крај со помош на партизанските единици од вардарскиот дел на Македонија. Подоцна тој веќе бил во состојба да чита прогресивна литература со револуционерна содржина. [455] Ваквата прогресивна литература правилно го ориентирала и го научила да ги согледува причините за националната и социјалната експлоатација на македонскиот народ. Преку неа тој дошол до сознание дека ослободувањето на македонскиот народ може да биде дело само на Македонците и дека тие само со сопствени сили ќе можат да ја извојуваат својата национална слобода.

Во времето на Втората светска војна Сотир Миовски, иако не беше директен учесник во настаните на антифашистичката

[454] Според сеќавањата на Коста Миовски, брат на Сотир Миовски; активен учесник во НОБ и ДАГ.
[455] Томе Миовски, Паднати за татковината. Скопје, 1968, стр. 21.

војна, неуморно им помагал со сите можни средства на партизанските единици на ЕЛАС и на единиците од вардарскиот дел на Македонија кои одвреме навреме престојуваа во Преспанско. [456]

Благодарејќи на неговата неуморна активност во борбата за ослободување на македонскиот и грчкиот народ, во почетокот на 1943 година тој беше избран за член на младинската комунистичка организација ОКНЕ. Истата година Сотир станал раководител на организацијата ЕПОН во родното село. Малку подоцна беше избран за член на КПГ. Како таков, тој ја продолжи борбата против окупаторот и домашните предавници. [457]

Кон крајот на истата година, односно со формирањето на македонската антифашистичка организација СНОФ во Леринско, Сотир Миовски станал нејзин пламенен пропагатор и го повикувал македонскиот народ во борба за своето ослободување.

Од средината на 1944 година Сотир со пушка в рака се бори за брзо прогонување на странските окупатори од земјата. Херојски и пожртвувано учествува скоро во сите борби што се водеа во неговата родно околија.

По прогонувањето на фашистичките окупатори од земјата Сотир, како искусен активист во движењето, и понатаму ја продолжува својата револуционерна дејност. Во својство на раководител на движењето во Преспанско, ги обиколува преспанските села и го агитира народот за борба против новиот режим во Грција. Поради ваквата активност, во август 1946 година, тој заедно со други раководители на движењето во Преспанско беше уапсен од грчката полиција и беше ставен во строг затвор. По ослободувањето од затворот, односно во ноември истата година, [458] повторно беше затворен во с. Папле. Неговите мачења и малтретирања од страна на грчката

[456] Истото: стр. 21-22.
[457] Според сеќавањата на Димитар Јоновски, од село Орово, Преспанско; учесник во НОБ и ДАГ.
[458] Томе Миовски, Паднати за татковината..., стр. 22.

полиција и жандармерија беа страшни. Неколку дена по ред бил оставен без храна и вода. Но, и покрај sверските мачења, Сотир и неговите другари никого не предадоа. Тие докрај си останаа верни на своите македонски идеали. Жилаво се бореа за слободен и рамноправен живот на својот народ.

Кон крајот на 1946 година во Преспанско беше формиран Третиот преспански одред на чело со Лефтер Олевски од село Баница, Леринско, со цел да го заштитува македонското население од теророт на грчките терористички одреди кои беснееја по македонските села во Преспанско. Подоцна, во мај 1947 година, овој одред прерасна во чета на чело со Пандо Марковски, од село Желево, Леринско. [459]

На 25 март 1947 година, Сотир Миовски, по неговото ослободување од затворот, заедно со други свои соселани, доброволно стапува во редовите на ДАГ. Во почетокот тој се вклучи во четата на Пандо Марковски во својство на негов курир. Истовремено во четата ја вршеше и функцијата одговорен по агитација и пропаганда. [460]

Сотир беше уверен дека само со пушка в раце може да биде уништен непријателот. Поради тоа уште од првите денови во редовите на ДАГ тој храбро и јуначки се бори против непријателските единици на планината Грамос, Вичо, Л'к, Лерин и во ред други борби.

Ценејќи ја неговата храброст и решителност во борбата за ослободувањето на македонскиот и грчкиот народ, Главниот штаб на ДАГ го испратил во офицерската школа на планината Грамос. По успешното завршување на офицерската школа Сотир беше задржан во неа во својство на наставник како способен и искусен офицер.

---

[459] Според сеќавањата на Пандо Марковски, од село Желево, Леринско; учесник во НОБ од 1941 година, заменик командант на баталјон во Првата ударна бригада на Македонците од Грција. Во ДАГ командир на чета во 107-та бригада на ДАГ.

[460] Ироес ќе мартирес /Херои и маченици/. Издание "Неа Елада" /Нова Грција/, 1954, стр. 172. Истото: Според сеќавањата на Пандо Марковски...

Сотир Миовски не беше само добар војник, туку и истакнат политички работник. Активно учествуваше во работата на македонските ослободителни организации: НОФ, НОМС и АФЖ. Исто така беше делегат на Конгресот на НОФ и на многу други конференции. [461] Беше примерен борец и политички раководител.

Согледувајќи ја борбената активност и храброст на Сотир Миовски, Главниот штаб на ДАГ на 23 јануари 1949 година го унапредува во чин потпоручник, а на 29 јули истата година во чин поручник. [462]

Во почетокот на август 1949 година Сотир со 670-та единица на офицерската школа на ДАГ, бранејќи ја позицијата на височината Лисец, за да им даде можност да отстапат другите единици на ДАГ, беше нападната од многубројна непријателска војска од сите страни. Настана крвава и нерамна борба. Согледувајќи дека непријателот се повеќе го стега обрачот околу неговите позиции, Сотир тргна во последниот напад во името на слободата. Во таа тешка борба, на 11 август 1949 година, тој го положува својот живот за слободата на својот народ. [463]

Посмртно Главниот штаб на ДАГ му доделува чин мајор и го прогласува за почесен херој.

[461] Според сеќавањата на Герман Нелковски, од село Орово, Преспанско; учесник во ДАГ.
[462] Ироес ќе мартирес /Херои и маченици/..., стр. 172. Истото: "За света народна слобода"..., с. 160.
[463] Томе Миовски, Паднати за татковината..., стр. 23. Истото: "За света народна слобода"..., с. 160 и Ироес ќе мартирес /Херои и маченици/..., стр. 172.

ГЕРМАНИЈА ПАЈКОВА (1931-1949)

Германија Пајкова е една од најмладите македонски борци во ДАГ која рано го даде својот живот во борбата за слободата на македонскиот народ. Таа е родена во 1931 година, во селото Герман /Преспа/ Леринско, во многубројно земјоделско семејство. Уште од најрани години, во периодот на диктатурата на Јоанис Метаксас, таа го вкуси сирачкиот живот, работејќи во ковачницата на својот татко Стојан и нејзиниот стрико Методија Пајковски. Германија, како и нејзините сестри и братот Тодор, растеше во услови што немаше можност да го заврши дури основното училиште.

По окупирањето на земјата од страна на германско-италијанските и бугарските фашистички војски, младата Гера /како што нагалено ја викаа нејзините роднини/ и понатаму продолжи да работи во ковачницата на своите родители. [464]

Во пролетта 1943 година, во ковачницата на семејството Пајковци, почнаа да се појавуваат поединечно или групно антифашистички илегалци со цел да го поправаат своето оружје. Гера, иако се уште била младо девојче, покажа извонредни способности при извршувањето на овие тешки и сложени работи. За нејзините способности и квалитети при извршувањето на овие тешки работи, најблагородно се изрази нејзиниот стрико Методија Пајковски.

"... Еден ден, пишува тој во своите сеќавања, некаде кон крајот на 1943 година, во нашата работилница дојде еден југословенски партизан и не замоли да му го поправиме пушкомитралезот. Тој ден јас бев болен и не бев способен за работа. Нашата малечка Гера го зема во своите дробни раце пушкомитралезот на партизанот и со мојата помош го поправи. Југословенскиот партизан задоволен си замина..." [465]

---

[464] Според сеќавањата на Стојан Пајковски, татко и на Германија Пајкова; учесник во НОБ и ДАГ.

[465] Сеќавањата на Методија Пајковски од село Герман за неговата револуционерна дејност во периодот 1941-1949 година. Се чуваат во ИНИ

Во ковачницата на своите родители младата Гера, работеше се до прогонувањето на фашистичките окупатори од земјата. А кога се засили теророт на реакционерните власти во Грција и Егејска Македонија, кои дојдоа на власт во земјата како резултат на договорот во Варкиза, таа иако беше се уште млада, активно се вклучила во извршувањето на разни илегални задачи во корист на движењето. На состаноците, кои беа организирани од истакнати соселани, Германија опширно се запознава со ужасните зверства на грчките банди кои беа вршени врз невиното македонско население во нејзината околија. Подоцна, под лична одговорност на нејзиниот татко, таа почнала да врши курирски задачи. Чето пати ја пренесувала тајната кореспонденија која доаѓала од градот Лерин до илегалците во Преспанско. Кореспонденцијата Гера ја добивала од селските илегалци и веднаш потоа ја разнесувала кај илегалците во Германската планиниа и преспанските села. Тајната кореспонденција доаѓаше од Лерин преку илегалците Доне Арнаутов, Јани Шоферов, Стојан и Симо Колачкови и други. [466]

Кон крајот на август 1946 година Германија, преку Никола Лангов, кој бил пратен во Лерин за да ги донесе гласачките листови, ги разнесувала истите по домовите на с. Герман, а со тоа ги агитераше селаните да гласаат за "Демократијата".

Во септември истата година, благодарејќи на нејзината активност во борбата за ослободувањето на македонскиот и грчкиот народ, таа станала член на младинската организација ЕПОН. Во нејзините редови Гера ја продолжува својата демократска дејност.

Занаетот што го научи кај своите родители, таа го искористува да го даде во служба на борбата. Раководството на ДАГ и довери тешка и одговорна задача. Гера требаше и понатаму да работи во ковачницата на своите родители. Дење и ноќе, во многу тешки услови, таа заедно со својата братучетка Менка Пајковска изработувала 500 клинци дневно за потковување на коњите на ДАГ. [467] Ценејќи ја нејзината благородна работа во

[466] Според искажувањата на Стојан Пајковски и Методија Пајковски...
[467] Според искажувањата на Менка Пајковска, од село Герман; учесник во ДАГ.

ковачницата на своите родители, поетот Паскал Паскалевски [468] го пишува следното: "...Со жилавите свои раце цврсто го држеше чеканот и маваше со сила на црвеното железо, како нејзините другари против врагот на фронтот. Умор не знаеше. Нејзините очи блескаво светеа и секој удар беше нож во срцето на непријателот..." [469]

Во ковачницата на своите родители Гера работеше се до крајот на септември 1947 година.

Во октомври истата година, вршејќи секојдневна напорна работа, Германија Пајкова се разболе од жолтица. Раководството на движењето и нареди сега таа да изработува само 200 клинци дневно. Но Гера и понатаму изработуваше 500 клинци дневно.

Во март 1948 година се вклучува во работата на кооперативата на слободната територија на ДАГ. Благодарејќи на нејзината неуморна работа и тука таа често пати беше пофалувана преку печатот на НОФ.

Во октомври истата година, Германија со пушка в рака доброволно стапува во редовите на ДАГ. Бидејќи беше се уште млада за да се бори со оружје против непријателот, нејзините најблиски ја советуваа да замине во слободниот дел на Македонија и таму да се школува. Но таа категорички одби. На своите роднини Гера им велеше: "Прво да се ослободиме од грчките монархофашисти, а потоа ќе се школуваме..."

На 12 февруари 1949 година, Германија Пајкова, како борец во 14-та бригада на ДАГ учествува во борбите за заземањето на Земјоделското училиште во градот Лерин. Во оваа жестока и крвава борва во која единиците на ДАГ претрпеа катастрофален

[468] Поетот Паскал Паскалевски е роден во село Долени, Костурско. Во времето на Граѓанската војна во Грција беше член на Агит-проп на НОФ и поет чии песни беа објавувани во весникот "Непокорен" и во списанието "Нова Македонка", органи на Главниот одбор на НОФ и АФЖ за Егејска Македонија. Беше директор на курсот за народни македонски учители "Гоце Делчев".

[469] Цитирано од Паскал Паскалевски, Пајкова Германија. Во кн. "За света народна слобода"..., стр. 183.

пораз, таа беше тешко ранета во лицето. При отстапувањето на борците на ДАГ од градот, носителките на ранети, мислејќи дека е мртва, не ја земале со себе. Но откако се освестила, грчките војници ја заробиле и привремено ја сместиле во леринската болница. На другиот ден, во болницата дојде нејзиниот соселанец Петре Мучкаров заедно со лекарот Спиропулос за да ја советуваат како таа да зборува пред воениот суд за да може да се спаси. Но таа категорички одби и не се согласи да зборува против борбата на својот народ. По кратко време, без никакво судење беше стрелана во Лерин заено со други заробеници. [470]

Германија Пајкова умре во цутот на својата младост. Но народот нејзината храброст не ја заборави. Народниот поет Паскал Паскалевски и ја посвети следнава стихотворба:

КОВАЧКА

Од бедност и новеља, ковачка стана
Чупенце влезе во работниот свет
Во незрела младост, во утрина рана
Го истата тешкиот човечки гнет.

Во раката чеканот цврсто го држи,
И мава со сила на наквасен враг
Ко огинот искри нејзината мржња,
Со чекан го брани татковиот праг!

Во очите нејзини пламени светат,
А в градите млади се собрала јад
Од класовна мржња и класовна свеснот
Да избави народ од фашиски ад.

Шеснаесетгодишно девојче младо,
Германија знае што значи црн труд,
На нејзина возраст девојките в градот
Со кукли си играат, се гледаат ко цут.

[470] Според искажувањата на Петре Мучкаров, од село Герман.

В Германини раце, чеканот пее,
Искрите летаат во чудесен дожд,
На секој удар слободата грее,
И в срцето фашиско лут става нож. [471]

[471] Цитирано од Монографијата со спомен-албум за село Герман – Преспанско. Скопје, 1979, стр. 75.

ЈАНИ ПИРОВСКИ (1923-1949)

Името на Јани Пировски е сврзано со херојската смрт на стотици македонски и грчки борци во крвопролитната битка на единиците на ДАГ за заземањето на градот Лерин во февруари 1949 година.

Јани Пировски е роден во 1923 година, во селото Косинец, [472] Кострурско, во средно-имотно земјоделско семејство. По завршувањето на основното училиште во родното село, Јани продолжи да се школува во Костурската гимназија. Паралелно со школувањето во гимназијата, тој успешно ја завршува и средната музичка школа. Уште како ученик во гимназијата тој имал прилика лично да ја почувствува суровата експлоатација на грчките владеачки кругови која беше вршена врз сиромашните слоеви на населението. Токму затоа, во 1938 година стапува во редовите на младинската комунистичка организација ОКНЕ и, како нејзин активен член, ги шири и пропагира револуционерните идеи на работничката класа. [473]

Во 1941 година, Јани Пировски напоен со напредните идеи на работничката класа, меѓу првите во Костурско се вклучува во борбата против германско-италијанските и бугарските окупатори. Благодарејќи на неговата активност во организирањето на илегалните антифашистички тројки во селото Косинец и во другите околни села, тој беше назначен за секретар на младинската организација ОКНЕ во родното село. [474] По кратко време, во 1942 година беше избран за член на Реонскиот комитет на ОКНЕ во реонот Смрдеш-Косинец. [475] Наредната година беше назначен за секретар на Реонскиот

[472] Селото Косинец се наоѓа на подножјето на планината Малимади која во историјата симболизира две светли и крвави дати од револуционерното минато на македонскиот народ од овој крај: јунаштвото на македонските востаници во борбата против турското ропство и самопрегорната борба на Македонците во решавачката битка што се одиграла летото 1948 година, во која единиците на ДАГ им нанесоа тешки удари и порази на грчките владини војски.

[473] Според сеќавањата на Уранија Јурукова, од село Изглибе, Костурско, сопруга на Јани Пировски...

[474] Истото.

[475] Според сеќавањата на Ламбро Чолаков, од село Смрдеш...

комитет на ЕПОН за Корештата, а по кратко време беше избран за секретар на ЕПОН во три реони на Округот.

Во есента 1943 година Јани беше избран за член во Окружниот комитет на ЕПОН за Костурско. Како член во Окружниот комитет на ЕПОН тој беше задолжен да ја врши функцијата одговорен по агитација и пропаганда. Во тоа својство тој неуморно се бореше против бугарската и другите пропаганди во Костурско чија цел беше да го спречуваат подемот на народноослободителното движење на македонскиот и грчкиот народ во овој крај. [476]

Посебна активност Јани покажа при агитацијата на костурската младина за нејзиното што помасовно стапување во редовите на единиците на ЕЛАС. Како искусен револуционер и комунист тој со љубов и патриотско чувство им ги објаснуваше на македонските младинци целите и задачите на вооружената борба. Според неговото мислење, во овие судбоносни моменти за македонскиот народ, масовното учество на Македонците во борбата против туѓите поробувачи, претставува решавачки фактор за извојување на своите национални и социјални права.

Формирањето на македонската Наронооослободителна организација СНОФ во Костурско Јани ја дочека со нескриена симпатија и воодушевување. Овој настан претставуваше пресвртница во развитокот на македонското народноослободително движење и поради тоа Јани со уште поголема одговорност и пожртвуваност се ангажира во организирањето и омасовувањето на македонската младина во борбата против окупаторот.

Љубовта кон ослободувањето на македонскиот народ дојде до полн израз во август 1944 година кога тој со пушка в раце се вклучи во редовите на македонскиот баталјнон “Гоце” и ја продолжи борбата за конечно прогонување на окупаторите. [477] Подоцна, со формирањето на Првата ударна бригада на Македонците од Грција, Јани во својство на младински

[476] Ламбро Чолаков, Јани Пировски. Нова Македонија, Скопје, 1971, февруари 12, стр. 10.
[477] Според сеќавањата на Уранија Јурукова и Ламбро Чолаков...

раководител на баталјон во Бригадата ја продолжува својата антифашистичка борба се до нејзиното расформирање. [478]

Благодарејќи на неговата неуморна активност во ослободувањето на македонскиот народ тој заедно со една група младински активисти од составот на Првата ударна бригада на Македонците од Грција Мичо Каранџа, Васко Караџа, Евдокија Баљова-Вера, Стеријана Вангелова-Славјанка и Хрисанти Цанѕовска беше делегиран да учествува на заседанието на Вториот конгрес на НОМС кој се одржа во Скопје на 6 јануари 1945 година. [479]

Како што е нагласено и во друга прилика, веднаш по договорот во Варкиза, грчките реакционерни власти со помошта на англо-американските интервенционисти спроведоа во Егејска Македонија еден нечуен терор кој се равнеше на вистински геноцит. Согледувајќи ја тешката положба на македонскиот народ од овој дел на Македонија, Јани Пировски по одлука на раководството на Главниот одбор на НОФ за Егејска Македонија и по своја лична желба, во мај 1945 година беше испратен во родниот крај и веднаш се вклучува во борбата против бесот на грчката реакција. [480] Како искусен организатор и раководител на македонското ослободително движење тој веднаш беше избран за член на Секретаријатот во Окуржниот одбор на НОФ за Костурско [481] и секретар на Окружниот одбор на НОМС за Костурско. [482] Во тоа својство тој уште од првите денови се вклучува во борбата против разбеснетата реакција. Постојано се движи по селата и подробно се запознава со тешката положба на својот народ. Во едно свое писмо што го испратил до раководството на НОФ од 24 август 1945 година, тој меѓу другото пишува:

“На 22 од овој месец бурандарите надвор од селото Герман фатија тројца наши другари. Двајцата се активисти на Околиското поверенство на Преспа. Овие другари, според

[478] Истото.
[479] Според сеќавањата на Евдокија Баљова-Николова /Вера/...
[480] Според сеќавањата на Ламбро Чолаков и Минчо Фотев...
[481] “Егејска Македонија во НОБ, 1946”, Т. III, док. 9, стр. 23.
[482] Истото.

информациите, се предадени од реакцијата и во 12 часот на полноќ се опколени од бурандарите. Ги однесоа во селото, каде што немилосрдно ги тепаа...” [483]

Во еден друг извештај од 10 јануари 1946 година, испратено од активистите и раководителите на НОФ во Костурско Јани Пировски, Коле Панов, Уранија Јурукова и Трајче Цафаров, до Главниот одбор на НОФ, во врска со теророт во Костурско меѓу другото се вели:

“...Теророт продолжува во целата околија. Потерните единици редовно се движат и ги блокираат селата.

Од 18-20 декември 1945 година во селото Јановени бурандарите ги убија со ќотек Таки Белчев, реонски секретар на КПГ, и Влахов Пандели.

Во Костур судот кој се состои од Ахилеја Алвано, Иоани Војци, Русили лекарот и Андреја Пападопулос, без прекин им суди на сите вооружени комити, црноберзијанците кои се збогатиле во времето на војната, припадниците на СНОФ итн. Пресудите се смрт, доживотно и повеќе од 10 години затвор и конфискација на личниот имот...” [484]

Во својата долгогодишна борба што ја водеше Јани Пировски за извојување на демократските и социјалните права на македонскиот и грчкиот народ покажа извонредни способности и квалитети. Поради тоа во втората половина на 1946 година тој беше избран за член на Окружниот комитет на КПГ за Костурско. [485] Подоцна, на 22 декември истата година тој стана член на Извршниот комитет на ЕАМ за Костурско. [486]

Во декември 1947 година, водејќи едногодишна интензивна борба Јани тешко се разболе. Раководството на КПГ го испратил на лекување во Тирана, НР Албанија. По оздравувањето тој бил испратен во логорот Сук, близу Тирана.

---

[483] “Егејска Македонија во НОБ, 1945”, Т. II, док. 129, стр. 245.
[484] “Егејска Македонија во НОБ, 1946”, Т. III, док. 6, стр. 17-18.
[485] “Егејска Македонија во НОБ, 1947”, Т. IV, док. 3, стр. 17.
[486] Истото.

Тука беше сместена болницата на ДАГ и складиштата за храна која беше наменета за партизаните на ДАГ. Во овој логор Јани беше одговорен за примање и распоредување на храната по единиците на ДАГ. Исто така тој тука често пати одржуваше состаноци со ранетите борци и предавања од областа на борбата.

Во октомври 1948 година Јани Пировски, со една група борци на ДАГ се враќа во родниот крај и веднаш се вклучува во редовите на IX-та дивизија на ДАГ. По кратко време, штабот на IX-та дивизија на ДАГ со наредба го испраќа во 107-та бригада на ДАГ со задача да ја врши должноста одговорен по македонски прашања.

Во редовите на 107-та бригада на ДАГ Јани храбро се бореше се до неговата херојска смрт во битката за заземањето на градот Лерин на 12 февруари 1949 година. Неговите соборци успеале да го извлечат мртвото тело на Јани од градот Лерин и го одвеле во селото Буф, Леринско каде и го закопале.

Од погоре изнесеното можеме да заклучиме дека заслугите на Јани Пировски за развитокот на македонското и грчкото ослободително движење се навистина големи. Тој во борбата секогаш се одликуваше во својата храброст, принципиелност, скромност и доследност при извршувањето на поставените задачи.

АЛЕКО ПИШУТОВ (1918-1947)

Алеко Пишутов е истакнат борец од град Гуменџе кој целиот свој живот го посвети во борбата за национално и социјално ослободување на македонскиот народ. Тој е роден во 1918 година во земјоделско-работничко семејство. Своето детство и раната младост го помина во родниот град Гуменџе.

По нападот на фашистичка Италија на Грција и Егејска Македонија, тој заедно со други Македонци од родниот град беше мобилизиран во грчката војска и веднаш беше испратен на фронтот за да се бори против италијанскиот агресор. [487]

Кон крајот на пролетта 1941 година, уште од првите денови на германско-италијанската и бугарската окупација на земјата, Алеко меѓу првите во градот Гуменџе се вклучува во борбата против странските окупатори. Благодарејќи на неговата активност во борбата против странскиот фашизам, во 1943 година стана член на Комунистичката партија на Грција. [488]

Во март 1944 година Алеко Пишутов заедно со другарите од родниот град Иван Ковачев-Орфеас, Алеко Зеленков, Томо Садразанов, Вангел Кара-Ѓорѓев, Иван Мујанчев, Иван Шлипков и други со пушка в раце доброволно стапува во редовите на XXX-от полк на ЕЛАС кое дејствуваше на планините Пајак и Кајмакчалан. Во редовите на овој полк тој брзо се издигнува и во својство на командир на вод активно се бори во борбите за заземањето на градовите Гуменџе, Енице Вардар, Кукуш, рудникот на Бојмица, селата Сенделчево, Постол, Пласничево и на други разни места. [489]

Во декември 1944 година, Алеко Пишутов, заедно со борците на XXX-та бригада на ЕЛАС заминува за далечна Атина за укажување помош на борците во градот во војната против

---

[487] Според сеќавањата на Алеко Пулков, од град Гуменџе; истакнат борец во НОБ и ДАГ.
[488] Истото.
[489] Танасис Мицопулос /Капетан Ставрос/, Историјата на XXX-та бригада на ЕЛАС /Спомени и настани/, I дел... Превод од грчки јазик: Тодор Симовски, стр. 240-244 и дел II, с. 208-212. Се чува во ИНИ.

англиските интервенционисти и грчките националистички владини единици. [490]

По примирјето кое беше склучено помеѓу реакционерните владини единици и единиците на ЕЛАС во јануари 1945 година, Алеко заедно со борците на XXX-та бригада на ЕЛАС, по долго и макотрпно патување се враќа во својата база во Енице Вардар. Партизаните на XXX-та бригада кога пристигнале во градот Енице Вардар, веќе спогодбата на Варкиза беше попишана и тие со болка на срцето мораа да го предадат оружјето. Со отпусна листа сите до еден се вратија дома.

Во март 1945 година, по капитулацијата на ЕЛАС, Алеко Пишутов заедно со други македонски борци бивши припадници на отпорот, беше принуден да премине во илегалство и, за да го избегне своето апсење од страна на грчката полиција, со други свои сонародници преминува во Булкес /Војводина/. [491] Тука се вклучува во политичкиот живот на бегалците од родниот крај.

Во март 1946 година доброволно се враќа во Гуменџиско со цел да им укаже помош на своите сонародници во борбата против грчката реакција која беснееше во Егејска Македонија. [492] Со помошта на другарите од родниот град Алеко Зеленков, Вангел Караѓорѓев, Алеко Пулков, Томо Садразанов, Ристо Валканов и други тој ги формира првите вооружени формации на организацијата НОФ со цел да го заштитуваат населението и своето членство од злоделата на грчките националисти и нивните слуги. [493] Како командир на вооружените групи на НОФ за Гуменџиска околија беше назначен Кочо Киров, од село Црна Река, а политички комесар Ванчо Венов од градот Енице Вардар. Алеко Пулков во својство на командир на вод во групите на НОФ учествува скоро во сите акции кои беа организирани на планината Пајак и Гуменџиско.

---

[490] Истото: стр. 461-472.
[491] Според сеќавањата на Алеко Пулков...
[492] Истото.
[493] Според сеќавањата на Ванчо Венов, од град Гуменце; истакнат борец во НОБ и ДАГ; политички комесар на вооружените формации на НОФ на планината Пајак. Истото: Според сеќавањата на Ристо Валканов од град Гуменце; истакнат борец во НОБ и ДАГ; секретар на НОФ за градот Гуменџа.

Кон крајот на ноември 1946 година, со формирањето на заедничкиот штаб на ДАГ за Пајак и Кајмакчалан, Алеко, заедно со други македонски борци, од групите на НОФ се префрлува во единиците на ДАГ. Тој како и порано, херојски се бореше во сите борби што ги водеше 24-та бригада на ДАГ против непријателот на секторот на планината Пајак и Кајмакчалан.

Во април 1947 година, по наредба на Штабот на 24-та бригада на ДАГ, Алеко Пишутов, заедно со другарите Алеко Пулков и Кочо Киров беше задолжен да работи во обавештајната служба за Гуменџиско.

Кон крајот на 1947 година, во зимата, во еден ненадеен напад од страна на грчката авијација, во месноста Гардини, на планината Пајак Алеко Пишутов беше тешко ранет и по два дена подлегна на раните. [494] Тој до крајот на својот борбен живот си остана чесен и искрен борец за македонски права.

[494] Истото.

ЖИВКО ПОПОВ (1922-1947)

Живко Попов е активен борец во македонското антифашистичко движење во Леринска околија. [495] Роден е во 1922 година во село Папажани, во сиромашна земјоделска фамилија.По завршувањето на основното образование тој им помага на своите родители во земјоделската и сточарската работа.

Следејќи го примерот на своите предци, Живко уште од првите години се вклучува во револуционерното движење. Тој, како и десетици Македонци од родниот крај, тешко ја почувствувал врз својот грб диктатурата на Јоанис Метаксас. Како што раскажуваат неговите роднини и пријатели, кон крајот на 1936 година, грчките власти во селото забележале дека Живко зборувал на македонски јазик и веднаш го затвориле во селската жандармериска станица. Грчките жандарми во селото три дена по ред на сила му давале солена риба /ренка/ и рибино масло. Бил нечовечки мачен и малтретиран. [496]

За време на германската окупација на земјата, Живко меѓу првите во селото се вклучува во борбата против туѓите поробувачи и домашните предавници. Тој често пати ги собирал младинците на селскиот плоштад и им раскажувал за новонастанатата политичка ситуација во Грција.

Во јули 1943 година, во куќата на Живко Попов бил одржан состанок на македонските антифашисти во Неокаскиот реон на чело со другарите Вангел Којчев од село Баница, одговорен на КПГ за реонот Неокази, Стојан Трајчев-Стефо од Неволани, исто функционер на КПГ во околијата на Атанас Русевски од село Попадија, одговорен по агитација и пропаганда во реонот Неокази. [497] На состанокот главно се расправало за

---

[495] За револуционерната дејност на Живко Попов, види и: Ташко Мамуровски, Револуционерната дејност на Живко Попов /1922-1947/. Гласник на ИНИ, Скопје, 1980, XXIV, бр. 3, 243-254.

[496] Сеќавањата на Атанас Русевски, за револуционерната дејност на Живко Попов. Ракопис, се чува во ИНИ.

[497] Атанас Русевски, Сеќавања за настаните во периодот 1941-1945 година. Лични сеќавања на Атанас Русевски, за неговото учество во НОБ. Се чуваат во ИНИ.

военополитичката ситуација во земјата и за потребата на формирање основни партиски организации на КПГ во селата на Неокаскиот реон. На овој состанок Живко бил примен во редовите на КПГ, и како член на Партијата бил задолжен да формира партиска организација на КПГ во родното село.

Земајќи ја предвид досегашната активност на Живко Попов, Реонскиот комитет на КПГ за Неокази, во мај 1944 година донесе решение да го избере за член на Реонскиот комитет. Живко како член на Реонскиот комитет на КПГ беше назначен за одговорен за организационите прашања во селата Врбени, Петораци, Папажани, Асаново Село и Нов Кавказ. Тој на таа должност ги истакна своите способности. За многу кратко време успеал да воспостави основни организации на КПГ во споменатите села. Организирал состаноци со членовите на Партијата, и кружејќи по селата, го повикувал народот во борба против окупаторот. Во дејноста на Живко Попов најголема тешкотија му претставувало формирањето на основни организации на ЕАМ во македонските села. За возникнатите тешкотии, објективната причина произлегувала од фактот што Македонците немале доверба во грчкото раководство на ЕАМ.[498] Македонците од околните села многу помасовно стапувале во македонската организација СНОФ, која како национална организација ги заштитувала правата и желбите на македонскиот народ. Доволно е да се споменат селата Папажани, Врбени, Асаново Село, Попадија, Сетина, Крушоради итн. чии жители масовно влегувале во редовите на СНОФ.

Но, радоста на македонските антифашисти не траела долго. Кон крајот на април 1944 година, раководството на КПГ донесе решение да се расформира СНОФ како во Костурско така и во Леринско. Се разбира, борците и членовите на македонската организација беа мошне револтирани поради ваквата одлука на КПГ, а нивната недоверба кон грчкото раководство на отпорот уште повеќе се зголеми.

[498] Истото.

Веднаш по донесената одлука на КПГ за фасформирање на организацијата СНОФ, инструкторите на Реонскиот комитет на КПГ за Неокази одржаа состанок во село Крушоради на кој се дискутирало за причините на расцепот и за понатамошните задачи на членовите на КПГ. Сите присутни на состанокот биле принудени да заземаат критичен став спрема македонските борци што преминале во вардарскиот дел на Македонија.

Во август 1944 година, раководството на КПГ за Неокаскиот реон донесе решение да се изврши делумна мобилизација на резервистите од тој реон со цел да се засили редовниот ЕЛАС. Живко Попов, кој во тоа време ја вршел функцијата инструктор на КПГ во селата на својот реон, беше еден од првите што се вклучил во извршувањето на мобилизацијата. Тој ги обиколуваше соседните села и, вршејќи агитација, им објаснувал на Македонците, дека дојде времето на долгоочекуваната слобода.

Покрај својата секојдневна организациона работа во Реонот, Живко Попов вршеше и пропагандна дејност. Тој меѓу другото пишуваше по ѕидовите на куќите во селата пропагандни пароли со антифашистичка содржина.

Еден ден Живко го наговорил Атанас Русевски, заедно да ја напишат паролата "Да живее ККМ", што на грчки значи Комунистичка партија на Македонија. Иако во Грција не постоеше македонска комунистичка партија, Живко занесен од своите македонски национални чувства го убедил својот другар да ја напишат таа парола. Истиот ден, дојдоа другарите инструктори од Реонот. Вангел Којчев, штом ја видел паролата, веднаш им направил остра забелешка. Тој, со страв, ги советуваше да ја избришат споменатата парола веднаш по одржувањето на состанокот. [499]

На споменатиот состанок /август 1944 година/ се разгледуваше и прашањето за отварање на македонски народни училишта. Во својот говор Живко истакна дека во околијата има доста слободни села во кои може да се спроведе настава на

[499] Атанас Русевски, Сеќавања за настаните во периодот 1941-1945 година...

македонски јазик. Доволно е да се споменат селата што се наоѓаат во горниот тек на реката Стара Река.

Залагањето на Живко Попов не им се допадна на некои другари од реонскиот комитет на КПГ за Неокази. Тие со иронија му забележале дека тој многу брза и дека Лерин се уште не е ослободен од окупаторот па за какви училишта тој сонува? Овие зборови му ги рече инструкторот на ЕАМ за Неокаскиот реон, Ламбро Комбос, од село Петораци, инаку доселеник од Кавказ. [500]

Во тоа време се подготвуваа избори за нови членови во селските народни одбори и пратеници за околиски одбори чие седиште беше градот Лерин. Другарите Ѓорѓи Баничотов-Перикли, Мичо Неделков, Атанас Русевски, Дине Робев, Танас Ашлаков, Ристо Васев-Добри, Ставро Кочев-Јанко и други лица добија посебни директиви за начинот на спроведувањето на изборите. Посебна задача му припадна на Живко Попов, кој беше задолжен да ги обиколува сите села во неговиот реон и да врши агитација меѓу населението за успешно спроведување на изборите. [501]

Но што туку почнала интензивната изборна работа, во почетокот на октомври 1944 година, почнаа да се влошуваат работите во резервниот ЕЛАС. Резервистите, еден по еден бегаа по своите домови, а други преминаа на територијата на Вардарска Македонија, а потоа се вклучија во редовите на југословенските партизански единици и ја продолжија борбата против окупаторот. Една група борци на чело со Ѓорѓи Турунџиев, премина во село Бач, Битолско. Во ова село се собраа и другите останати борци, кои поради неправилниот став на раководството на КПГ и ЕЛАС спрема македонското национално прашање, беа принудени да се отцепат од единиците на ЕЛАС и да преминат на југословенска територија.

Во ноември 1944 година беше одржан состанок на Реонскиот комитет на КПГ за Неокаскиот реон, на кој главно се

[500] Сеќавањата на Атанас Русевски, за револуционерната дејност на Живко Попов...
[501] Истото.

дискутираше за отцепувањето на македонските партизански единици од составот на единиците на ЕЛАС. Меѓу другите дискутанти по ова прашање беше и Ламбро Комбос. Тој, употребувајќи вулгарни зборови против македонското раководство на отпорот, им даде на знаење на присутните дека Илија Димовски-Гоце и неговата "клика" се дезертери. [502]

На состанокот дојде до остри расправии, а поголемиот дел од присутните ја осудиле погрешната политика на КПГ и ЕЛАС по македонското национално прашање.

Согледувајќи го непринципиелниот став на КПГ и ЕЛАС спрема Македонците од овој дел на Македонија, Живко Попов, заедно со група борци, во знак на протест премина во вардарскиот дел на Македонија и веднаш потоа се приклучи во редовите на Првата ударна бригада на Македонците од Грција како политички комесар на чета. [503]

По расформирањето на Првата ударна бригада на Македонците од Грција, Живко Попов, заедно со група Македонци од составот на военополитичкиот кадар на бившата Егејска Бригада, по предлог на Главното раководство на НОФ за Егејска Македонија беше испратен да го посетува курсот за политичко усовршување.

По успешното завршување на курсот, Живко, заедно со другарите Коста Џингов, од село Крушоради, Коле Патков, од Асаново Село, Тане Каркачов, од село Воштарени и Алексо Божаров, од село Сетина, илегално се враќа во родниот крај и му ги објаснуваше на народот причините на расцепот меѓу македонските борци кои преминаа во Вардарска Македонија и раководството на КПГ и ЕЛАС. [504]

---

[502] Истото.

[503] Атанас Русевски, Сеќавања за настаните во периодот 1941-1945 година...

[504] Извештај од Џоџо Урдов од 25 август 1945 година до Главното раководство на НОФ за ситуацијата во Леринско. "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II., док. 130, с. 246. Истото: Извештај од Окружниот одбор на НОФ за Леринско до Главното раководство на НОФ за организационата дејност и општата ситуација во округот. "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II., док. 127, с. 242. Истото: Според сеќавањата на Алексо Божаров, од село Сетина, Леринско; учесник во НОБ и ДАГ.

Во август 1945 година, Живко Попов, по одлука на Окружниот одбор на НОФ за Леринско, беше испратен на теренот во Леринска околија со задача да одржува врски со народот и да дава информации, со кои ќе го запознаваше Окружното раководство со положбата на населението. [505] Освен наведените задачи, тој требаше да ја среди и организационата техника во неговата околија. [506]

Од овој момент, Живко Попов, со уште поголема љубов се вклучува во борбата против грчките монархофашисти и поради неговата активност во ослободувањето на македонскиот народ, кон крајот на октомври 1945 година, тој беше избран за секретар на Околискиот одбор на НОФ за Леринско. [507] На таа должност остана се до крајот на 1946 година, односно до неговата трагична смрт.

Иако немаше услови за организациона работа во околијата каде што работеше Живко Попов, но сепак, во многу кратко време тој успеа да формира основни организации на НОФ, НОМС и АФЖ во сите села на Баничкиот и Воштаренскиот реон. [508]

Благодарејќи на организационата работа, што ја вршеше со голема одговорност, Живко имаше можност да се запознае од близу и со тешката положба на македонскиот народ во својата околија. Тоа се гледа и од неговиот извештај од 18 јануари 1946 година, испратен до Главното раководство на НОФ. Во него, меѓу другото, се вели: "Во двата реона, Воштарени и Баница, продолжува истата ситуација, се врши терор од бурандарите и месната реакција. Во сите села се испратени судски покани и селаните се осудуваат од 3 до 100 години затвор, со обвинување

---

[505] Истото: "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II., док. 127, с. 242.
[506] Истото: "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II., док. 130, с. 246.
[507] Извештај од Лазо Поплазаров од 13 ноември 1945 година, за ситуацијата и теророт во Леринско. "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II., док. 186, с. 352. Истото: Извештај од Христо Коленцев од 19 декември 1945 година до Главното раководство на НОФ за организационата дејност на НОФ од 15. XI до 15. XII 1945 година и ситуацијата во Леринско. "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II., док. 227, с. 437.
[508] "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. III., док. 9, с. 26.

дека биле припадници на контрачетниците, соработници на Германците, Бугарите и на Гоце... “Бурандари и вооружена реакција крстосуваат низ целата околија, со цел да го тероризираат и пљачкаат демократски настоениот народ...”. [509]

На 5 јануари 1947 година, другарите Живко Попов, Илија Црнаков, Гиго Аџикиров и Трифко Попов добија задача од Окружниот комитет на КПГ за Леринско да влезат во селото Пателе, со цел да ги најдат луѓето кои знаеле каде е скриено оружјето, односно да го организираат пренесувањето на оружјето на планината Вичо; да воспостават врска со партиската организација на КПГ и НОФ на селото и да им укажат помош на сите оние што сакале да заминат во редовите на ДАГ. [510] Уште во селото Белкамен тие беа известени дека во Пателе ќе ги чека Спиро Благоев од истото село. Тие се договориле со Спиро дека тој ќе биде сместен во куќата на Методија Џогата. [511]

Од село Белкамен другарите тргнале вечерта на 6 јануари. Кога пристигнале во близината на Пателе, Илија Црнаков, иако знаел дека полициската станица е сместена во куќата на Димче Парпулов, односно во горниот дел на селото, покрај железничката пруга, сепак решил со групата да помине покрај железничката пруга. Досега не се познати причините на ваквата постапка.

Групата кога стигнала кај месноста “Мачорви Дол”, била забележана од полициската стража. Но полицајците решиле да не пукаат. Најверојатно тие се исплашиле и ја оставиле групата партизани да влезе во селото. Илија Црнаков, за да ги стави во заблуча полицајците решил со другарите да не влезе веднаш во селото. Тие се упатиле кон планината во правец кон црквичето Св. Ду. По кратко време, се вратиле назад и влегле во

[509] Извештај од Живко Попов, за организационата положба на НОФ во реоните Воштарени, Баница и Лерин. “Егејска Македонија во НОБ, 1946”, Т. III, док. 19, с. 47.
[510] Спиридон Благоев, За херојската постапка на група борци на ДАГ: Илија Црнаков, Живко Попов, Гиго Аџикиров и Трифко Попов. Сеќавања, се чуваат во ИНИ.
[511] Истото.

отворениот тунел. Од тунелот пак се вратиле назад, но назадечки /со заден чекор/ за да го заблудат непријателот. Откако ја извршиле оваа измислена операција, тие покрај црквата Св. Петка, по долот, влегле во селото и се сместиле во куќата на Ванчо Олев. Домаќинот бил многу исплашен поради нивното појавување, и не сакал тие да останат во неговата куќа. Во ваквата ситуација другарите отишле во една празна куќа која Ванчо Олев ја користел како племна. [512]

Кога се разденило, веднаш се слушнало шум кај железничката станица. Во тој момент другарите го забележале возот полн со војска и полиција застанат на отворениот тунел. Војската и полицијата почнала да го блокираа селото. [513] Бидејќи другарите се наоѓале близу до пругата, а постоело опасност да бидат откриени, решиле да се префрлат во куќата на Методија Џогата, каде ги чекал Спиро Благоев.

Меѓутоа војската и полицијата почнале да го претресуваат селото куќа по куќа со цел да ги фатат илегалците. Веднаш биле окружени и куќите на Спиро Благоев и на Павел Попмитрев, односно квадратот каде биле скриени партизаните. Илегалците, откако влегле во приземјето, ја затвориле вратата со клуч, натрупувајќи ја со сандаци за да издржи во случај да се обидат војниците да ја отворат. Од заната страна на куќата на Џогата исто имало вратничка со излез во дворот на Коле Клеанев. Другарите се решиле да ја затворат и таа врата, бидејќи постоела опасност монархофашистите да влезат и од таа страна на куќата. Така и се случило. Војската влегла во дворот на Коле Клеанев. Војниците со автомати се спремале да влезат во куќата каде биле скриени другарите, кои решиле, во случај да бидат пронајдени, да се пробијат по секоја цена, а потоа да се сретнат во селото Љубетино.

Нападот на војската бил извршен од дворот на Коле Клеанев. Една група војници дошла до вратничката и почнала силно да чука. Жената на Митко Клеанев, Гена, им викала на војниците да не чукаат, објазнувајќи им дека во куќата живее само еден

[512] Истото.
[513] "За света народна слобода". Ликови на паднати народни борци. Политички и литературни изданија. 1962, с. 223.

слеп самец. Војниците го напуштиле дворот и се упатиле кон куќата на Цогата, односно каде се наоѓале другарите. Овие кога разбрале дека нападот на војската ќе биде извршен од дворот на куќата каде што биле скриени, решиле да ја отворат вратничката и да влезат во дворот на Митко Клеанев. Но не успеале да излезат од куќата каде биле скриени. Најверојатно некој од војниците ги забележал. Војската повторно се вратила во дворот на Клеаневи. Другарите успеале да влезат во приземјето. Преку едно вратниче тие излегле во дворот на Борис Багрев и преку ѕидот се нашле во дворот на Борис Јарев. Другарите се договориле да го продолжат патото заедно со Илија Црнаков, односно да излезат први, а Спиро Благоев да остане последен за да ја затвори вратничката.

Илегалците успеале да излезат преку дворот на Борис Багрев кај Јареви и се нашле на улицата кај Смилајкови. Но Спиро Благоев ја изгубил врската со другарите, односно не знаел во кој правец тие заминале. [514]

Живко Попов и Илија Црнаков успеале да стегнат до куќата на Ванчо Олев и преку неговиот двор влегле во истата племна каде се скриле во моментот кога влегле во селото, а Гиго Аџикиров и Трифко Попов биле сретнати од војници и полицајци пред да стигнат до куќата на Олеви и затоа биле принудени да свртат во улицата на Алиломови. Скокајќи преку ѕидот, се нашле во куќата на Фере Ристев.

Меѓутоа, Илија и Живко биле забележани од војниците и полицајците и веднаш племната била опсадена. Тие почнале да пукаат со автомати и митралези. Почувствувајќи дека ќе бидат откриени, Илија и Живко решиле да се скријат на таванот. Куќата, односно племната била висока и немало таван, а имало само големи, голи греди. Живко како помлад, по ѕидот се качил прв и застанал на гредата, а автоматот го обесил на греда за да му помогне на Илија да се качи и тој на гредите. Последниот откако се качил се упатил кон аголот за да се скрие. Кога Живко сакал да го откачи автоматот од шајката, неочекувано

[514] Спиридон Благоев, За херојската постапка на група борци во ДАГ...

истрелил два пати и куршумите го погодиле во главата. Веднаш потоа Живко паднал на подот.

Истрелите ги слушнала војската и почнала да се приближува кон племната. Селската полиција дошла во куќата на Ванчо Олев и му наредила да ја запали племната. Но Ванчо се откажал, не сакал да биде убиец на Илија Црнаков и Живко Попов. Полицајците многу го мачеле. На крајот го принудиле да ја истури кантата пред вратата на племната, а потоа да ја запали племната. [515]

Илија Црнаков можел да издржи се додека пламенот и чадот не го загрозувале неговиот живот. Тој се приближил до прозорецот за да може да диши и на аголот го забележал полицаецот Ѓорѓи. Илија решил да скокне од прозорецот и да бега. Ја подготвил рачната бомба и кога полицаецот се појавил на аголот му ја фрлил под нозете. Полицаецот се исплашил и се засолнил зад другиот агол. Рачната бомба не експлодирала но додека полицаецот очекувал бомбата да експлодира, Илија скокнал и се истркалал во еден дол со висина околу 10-15 метри. Тој успеал да побегне и да се спаси.

Ноќта, ококу 23 часот, сите жители на селото Пателе биле повикани со камбаните да излезат на централниот плоштад на селото. На видно место бил изложен трупот на изгорено човечко тело. Луѓето не можеле да го познаат чие е телото. Сите жители на селото насилно биле принудени да поминат покрај изгореното тело. Тоа било телото на Живко Попов. Се создала ужасна слика. Почнале апсења на невините селани. Насекаде се слушало страшна врева. Луѓето плачеле... [516]

Единствен сведок за трагичната смрт на Живко Попов е Илија Црнаков, кој ноќта на 6 спроти 7 јануари преку курир го известил Спиро Благоев за трагедијата на Живко.

Така загина Живко Попов, еден од првите организатори на македонската ослободителна организација НОФ во Леринско. Тој со својата револуционерна дејност даде редок пример на

[515] Истото.
[516] Истото.

човек кој беше верен спрема својот народ и остана таков до крајот на својот живот.

ПЕТРЕ ПОПОВ (1908-1962)

Голем број видни активисти и раководители на организацијата НОФ паднаа директно во рацете на грчката полиција и жандармерија. Некои од нив беа веднаш ликвидирани, а многу други беа осудени на долги години затвор, каде маченички го изгубија свотот живот или беа пуштени пред самиот смртен чин. Таков беше случајот со Петре Попов. [517]

Петре Попов е роден во 1908 година, во селото Долно Родиво, Мегленско, во сиромашно земјоделско семејство. По завршувањето на основното училиште во родното село, тој им помагаше на своите родители во земјоделските и сточарските работи.

Кон крајот на октомври 1940 година, Петре, заедно со други свои соселани беше мобилизиран во грчката армија и веднаш беше испратен на Албанскиот фронт.

По распаѓањето на Албанскиот фронт, Петре Попов се враќа дома и заедно со други свои напредни соселани Ѓорѓи Јачев, Петре Пејков, Мици Мицанов, Ѓорѓи Костов и други во родното село формира тројки на КПГ, со цел да се организира народот во борба против окупаторот. [518] Ваквата илегална активност на Петре трае се до летото 1942 година, кога кадрите на КПГ и ЕАМ во Воденско успешно ќе се поврзат со политичките активисти од Долно Родиво и од другите соседни села во Мегленска околија.

Летото 1943 година, на подрачјето на планината Кајмакчалан, во месноста Бела Вода, се појавија и првите партизански единици на ЕЛАС. Петре Попов, со помошта на членовите на партиската организација во родното село веднаш се поврзува со штабот на ЕЛАС на Кајмакчалан и се договара да ги снабдува неговите единици со храна и облека.

---

[517] Борецот Петре Попов, иако не загинал директно во борбата, земајќи ја во предвид неговата револуционерна дејност за која го жртвуваше својот живот, се решивме и него да го вклучиме во плејадата на паднатите борци.
[518] Според сеќавањата на Вани Аџиев, од село Долно Родиво, Мегленско; акитивист на ТОМО и НОФ во Воденско.

Во септември 1943 година, на Кајмакчалан почнаа да дејствуваат поголеми партизански единици на ЕЛАС. Истовремено селаните од Мегленските села самоиницијативно почнаа да организираат разни манифестации и протести во кои го изразуваа своето незадоволство против окупаторот, а со тоа почнаа поактивно да се организираат против него. Тоа се должи пред се на неуморната агитација на Петре Попов и на другите политички организатори од овој терен.

Од овој момент, Петре со уште поголем елан се вклучува во борбата против странските окупатори и домашните предавници. Благодарејќи на неговата активност и пожртвуваност во борбата против германско-бугарските окупатори, во летото 1944 година, беше избран за член на Тресинскиот реонски комитет на КПГ чие седиште му беше селото Тресино, Мегленско.

Петре Попов, иако не беше директен учесник во редовите на Воденскиот македонски баталјон на ЕЛАС, кој го сочинуваа македонски доброволци од Мегленско и Воденско, тој неуморно го агитираше македонското население од својата околија што помасовно да стапува во редовите на македонската војска. Малку подоцна, кога дојде до расцепот помеѓу македонските партизани на ЕЛАС и раководството на КПГ и ЕЛАС поради неправилниот став на грчкото раководство на движењето во врска со македонското национално прашање, Петре останува на теренот на својата околија и ја продолжува својата антифашистичка дејност против окупаторот и домашните слуги. [519]

Во почетокот на 1945 година, со формирањето на македонската ослободителна организација ТОМО во Воденско, Петре Попов стана член на Реонскиот одбор на ТОМО во Мегленско и беше одговорен по агитација и пропаганда. [520]

Во својство на политички раководител во македонското ослободително движење во Воденско, Петре, во многу тешки

[519] Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури..., с. 159-160.
[520] Истото.

услови, неуморно го агитираше македонското население што помасовно да стапува во борбените групи на ТОМО чие седиште им беше планината Кајмакчалан.

Подоцна, во јуни 1945 година, на одржаната Окружна конференција на организацијата ТОМО во месноста "Тупчето" меѓу селата Кронцелово и Влкојанево, Петре Попов стана член на Окружниот одбор на НОФ за Воденско и ја вршеше функцијата одговорен по агитацијата и пропаганда. [521]

Во првата половина на февруари 1946 година, Окружниот одбор на НОФ за Воденско, согласно со решенијата на Главното раководство на НОФ изврши нова прерасподелба на задачите и работата на своето членство. Вангел Ајановски-Оче /секретар на Окружниот одбор на НОФ/ замина за Мегленска околија; Мирка Гинова, остана во Окружното раководство на АФЖ; Јани Јакита-Темпо, заедно со Јани Саракачанов-Нано, од Градското раководство на НОМС, премина во Окружното раководство на НОМС; Лазо Камчев, заедно со Такис Сотириу-Самиотис, се префрли во Негуш, а Петре Попов, заедно со Вангел Шамарданов-Илинденски, замина за Островска околија со цел да организира на овој терен месни организации на НОФ, НОМС и АФЖ. [522]

Во тоа време теророт од страна на грчката реакција насекаде беснееше. Грчката власт, со помошта на својата полиција и жандармерија, Македонците секојдневно ги апсеше, малтретираше и ги убиваше под изговор дека тие биле автономисти.

На 23 март 1946 година, една потерна жандармериска единица преку предавство ја обиколи јавката на Реонскиот одбор на НОФ во селото Јаворјани и, во нерамна борба го уби секретарот на НОФ од тој терен, Панајот Божинов. Петре Попов беше тешко ранет и заедно со курирот Атанас Љачков од село

[521] Истото: с. 169-170.
[522] Записник од одржаниот состанок на Окружниот одбор на НОФ за Воденско, од 12 февруари 1946 година, во врска со организационата структура на НОФ. "Егејска Македонија во НОБ, 1946", Т. III, док. 44, с. 109-110.

Месимер, беше уапсен а потоа под стража беше спроведен во воденскиот затвор каде жандармите sверски го мачеа. Ѓорѓи Костов-Сандански, од село Долно Родиво, инструктор во Окружниот одбор на НОФ, бегајќи по дожд од куршуми, успеал да се спаси. [523]

По извршената истрага во Воден, Петре Попов беше осуден на доживотен затвор, а потоа беше испратен во солунските затвори. По 16-те години поминати во грчките злогласни затвори, се разболе од туберкулоза и тогаш грчките власти решија да го ослободат. Неколку месеци подоцна, во 1962 година, тој почина во своето родно село. [524]

[523] Извештај од Окружниот одбор на НОФ за Воденско до Главното раководство на НОФ од 24 март 1946 година, за политичката ситуација на организацијата НОФ во округот. Истото: док. 86, с. 86, с. 207. Види и: Проглас на Окружниот одбор на НОФ за Воденско од 24 март 1946 година, до Македонците, Грците, Власите и Албанците, со кој ги повикува да се обединат и заеднички да му се спротивстават на монархофашистичкиот терор врз Македонците. Истото: док. 87, с. 208. Овој проглас, најверојатно погрешно е објавен и во: "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II, док. 63, с. 113-114.

[524] Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури..., с. 417. Истото: Според сеќавањата на Вани Аџиев...

КОЧО РОБЕВ-ДИНЕ (1915-1947)

Еден од раководителите на македонското народноослободително движење во Леринско беше и Кочо Робев-Дине. Роден е во 1915 година, во с. Баница, во сиромашно семејство. Неговиот татко, Трифун, поради тешките услови за живеење беше принуден да го напушти родното село и да замине на печалба во Америка. По кратко време тој умира во туѓина без да се види со своите најблиски. [525] Неговата сопруга Сирма, заедно со двајцата синови и четирите ќерки, остана без никаква помош. Но и покрај големите економски тешкотии, таа ги воспитуваше своите деца да станат во иднина достојни и чесни Македонци.

Кочо и неговиот поголем брат, уште од најмлади години беа принудени да работат кај селските богаташи како измеќари, а кога наполни 15-сет години тој стапи на работа во Баничкиот рудник. [526] Тука на својот грб ја осети суровата експлоатација на рударските работници од страна на работодавците. Работејќи во Баничкиот рудник и во другите соседни рудници во многу тешки услови тој постепено си ги присвојуваше револуционерните идеи на работничката класа, а подоцна се истакна како активен организатор во синдикалната организација на рударите. Неговата популарност беше позната не само во Баничкиот рудник, туку и во другите рудници, односно во Новоградскиот и Крушорадскиот рудник. [527] Во овие рудници Кочо заедно со другите напредни работници се избори за осумчасовно работно време на рударите. Често активно учествуваше и во организираните штрајкови за подобрување на работните услови и за покачување на надниците на работниците.

---

[525] Според сеќавањата на Коста Хрисафов, од село Баница, Леринско; учесник во НОБ. Во граѓанската војна во Грција беше политички комесар на саботерска чета во ДАГ.

[526] Истото.

[527] Според сеќавањата на Коста Џингов, од село Крушоради, Леринско; основач на партиската организација на КПГ во селото Крушоради, член на Реонскиот комитет на КПГ за Неокази, а подоцна на Окружниот одбор на НОФ за Леринско. Истото: Според сеќавањата на Тане Ашлаков, од село Воштарени, Леринско; член на Реонскиот комитет на КПГ за Неокази, а подоцна на Реонскиот одбор на НОФ за Неокази.

Во 1932 година Дине Робев стана член на организацијата "Работничка помош", а во наредните две години, активно учествува во акцијата за формирање на Здружение на рударите.[528]

Во 1936 година грчките власти го повикаа на отслужување на воениот рок во градот Лерин. Тука се здоби со чин водник. Службата во грчката армија му даде прилика да се покаже пред своите соселани дека тој навистина е голем патриот и вистински заштитник на својот народ. Имено, на Велигден во 1936 година, Дине со дозвола беше дојден на одмор во родното село. За време на празничните денови, Баничени имале обичај од најстара до најмлада возраст, попладне да излегуваат на средсело, на местото наречено "Петковиот чинар". Постарите селани си носеле со себе масички и столчиња за седење, а помладите играле оро. Баничкото народно оро се карактеризирало со тоа што мажите, кога играле немале право да им го прекинат орото на тој што го водел. Истото се однесувало и за жените. А таа што го водела орото на жените била вереница на водачот на машкото оро. [529]

Тој ден Кочо го водеше орото наречено "Бајрачето". Тоа оро му беше најомилено македонско оро. Но неочекувано, за време на веселбата на селаните, пристигна селската полиција со цел да ја растури нивната веселба. Дине Робев, кој беше во војничка униформа, револтирано им се спротивстави на жандармериските провокатори. Во многу кратко време конфликтот меѓу полицајците и Баничени се претвори во вистинска тепачка. Жандармериските штикови и пушки беа искршени и исфрлени, а жандармите претепани. Полицајците побараа помош од пограничната војска. Со доаѓањето на војниците, нивниот мајор се обрати кон Кочо да им помогне на жандармите, односно да истапи против своите соселани. Но тој не само што категорички откажа да им помогне на полицајците и војниците, туку најенергично се бореше против нив. Поради ваквата постапка Кочо беше строго казнет. По завршувањето на

[528] Робев Кочо. Во кн. "За света народна слобода"..., с. 235.
[529] Според сеќавањата на Лефтер Олевски, од село Баница, Леринско; активен учесник во НОБ, а подоцна политички комесар на чета во ДАГ.

инцидентот, тој заедно со четворица активни Баничени беше уапсен од војниците и испратен на заточение на островот Ајстратис. [530] Тука тој останува до крајот на октомври 1940 година, односно до нападот на фашистичка Италија на Грција.

На 29 октомври 1940 година, еден ден по објавувањето на грчко-италијанската војна, Кочо заедно со 20-тина Баничени, од островот Ајстратис беше испратен на заточение на островот Хиос. [531]

Во тоа време стотици Македонци од Леринско, Костурско, Кајларско, Воденско итн. беа испратени на заточение на Егејските острови и во Пелопонез. Диктаторот Метаксас се плашеше од нив и затоа ги држеше далеку од грчко-италијанскиот фронт.

Во мај 1941 година, Кочо Робев, заедно со други комунисти успеа да побегне од затворот на островот Хиос. Тој се враќа во родното село и веднаш се зафаќа со организирање на партиски ќелии на КПГ во околните села и со собирање на оружјето кое беше расфрлено од грчките војници по нивното повлекување од Албанскиот фронт. Како член на Партијата, Кочо се поврзува со повеќе активисти и симпатизери на КПГ во Леринско. Според некои податоци се смета дека тој успеал да се поврзе и со познатиот македонски револуционер и комунист од село Д'мбени, Лазо Трповски-Црниот. [532]

Кочо Робев беше еден од најактивните македонски борци кој доследно се бореше и против бугарската фашистичка пропаганда во Леринско. Подоцна, односно во втората половина на 1943 година, благодарејќи на неговата неуморна антиокупаторска активност, беше избран за член на Баничкиот реонски комитет на КПГ. [533]

На 18 јануари 1944 година, Дине Робев, заедно со активистот Лазо Кочев, поради предавство беше фатен од германските

[530] Робев Кочо. Во кн. "За света народна слобода"..., с. 236.
[531] Истото.
[532] Според сеќавањата на Коста Хрисафов...
[533] Истото.

окупатори, а потоа беше спроведен во солунскиот логор "Павлос Мелас". Во истиот период беа уапсени стотици Македонци од селата Чеган, Попадија, Крушоради, Сетина, Воштарени итн. и пренесени во логорите "Павлос Мелас", Димокос и други. [534]

По неколку месеци, Кочо, заедно со други македонски родољуби беше ослободен од затворот "Павлос Мелас" и откако се врати во родното село веднаш се вклучи во акцијата за омасовување на македонскиот народ во Леринско во борба против окупаторот.

По повлекувањето на фашистичките окупатори од Грција, власта во земјата ја презедоа десноориентираните елементи. Тие спроведоа нечуен терор против сите оние борци кои за време на фашистичката окупација најактивно се бореа против туѓите поробувачи. Сакајќи да го избегне своето апсење, Кочо Робев, заедно со други бивши борци во антифашистичкото движење, преминува во илегалство. Извесно време престојуваше во Булкес, Војводина. Тука меѓу првите беше вклучен во политичкиот живот на бегалците од родниот крај. [535]

Во септември 1946 година, по директива на раководството на отпорот се враќа во Леринско и во својство на партиски раководител ја продолжува борбата против новите фашистички власти во Грција. Тој беше многу храбар и смел борец и како таков беше многу сакан од месното население. Скоро во сите села во Леринско од Прекопана до Попадија, од Преспа до Пателе, Кочо, заедно со други македонски првоборци, го организираше народот во борба против грчката реакција.

Во тоа време грчките реакционерни власти правеа големи напори да ги вооружат селаните во леринските села против грчкото и македонското демократско движење. Таков беше случајот и со селото Папажани, Леринско.

---

[534] Робев Кочо. Во кн. "За света народна слобода"..., с. 237.
[535] Според сеќавањата на Димитар Аџиевски, од село Герман, Леринско; учесник во НОБ и ДАГ.

Некаде во јануари 1947 година, активистите од споменатото село го известиле Дине Робев дека селската владина општина правела напори да ги вооружи селаните во Папажани против движењето на ДАГ. Тој заедно со другарите Коста Џингов и Тане Ашлаков се решил веднаш да оди во Папажани за да ги сперчи селаните од ваквата постапка. [536]

Ноќно време, тројцата другари откако пристигнале во селото Папажани, веднаш се упатиле во куќата на селската општина каде требало да се соберат селаните за да го земат оружјето. Во зградата на општината биле собрани неколку селани, а меѓу нив и селскиот кмет Борис Мосчакот, познат со своите злодела врз Македонците. Коста Џингов и Танас Ашлаков ги фатиле прозорците на општината, а Кочо Робев, преку надворешната врата влегол внатре во осветлената зграда. Тој им викнал на присутните: "Горе рацете...!" Но некој од присутните во зградата со истрел од пушка ја погодил светилката и со тоа го исклучил осветлението. Во тој момент Кочо со својот автомат истрелил неколку пати. Исто така пукал и кметот Борис Мосчаков кој смртно го погодил. [537]

Коста Џингов и Тане Ашлаков успеале да се извлечат од опасноста, но не знаеле што се случува со нивниот другар. Во утринските часови тие пристигнале во селото Крушоради и дури таму дознале за смртта на Дине.

Грчките војници ниту мртов не го оставиле Дине Робев. Тие го врзале за еден воен камион и така го влечеле од Папажани до Лерин, а потоа низ сите главни улици на градот за да го плашат народот. [538]

---

[536] Според сеќавањата на Коста Џингов и Тане Ашлаков...

[537] Монографија а разгорено Крушоради. Скопје, 1980, с. 44. Материјалите за оваа монографија ги прибра и ги среди Зисо Каралиев, од село Крушоради.

[538] Според сеќавањата на Филип Божинов, од село Крушоради; учесник во НОБ, а подоцна политички раководител на НОФ во Крушоради. По трагичното убиство на Дине Робев, тој беше откриен од монархофашистите, а потоа уапсен и осуден на 20-ет години затвор. Истото: Според сеќавањата на Зисо Каралиев; учесник во НОБ и ДАГ.

ПЕЦО РОМЕВ (1919-1949)

Непосредно пред дефинитивниот пораз на ДАГ, во втората половина на август 1949 година, непријателската авијација беше мошне активна. Во тоа време штабот на 426-от баталјон на чело со Пецо Ромев се наоѓаше во еден бункер на кота 2.322, во месноста "Ќафа", на планината Грамос. Една авионска бомба го погоди бункерот и ги разнесе телата на деветминатa раководители. Меѓу нив се наоѓаше и Пецо Ромев.

Пецо Ромев е роден во 1919 година, во село Горничево, Леринско, во сиромашно земјоделско семејство. Уште како мало дете, Пецо тешко ја почувствува сиромаштијата на своето семејство. Порасна во такви маки и сиромаштија што одвај го завршил основното училиште. Но подоцна, благодарејќи на својата национална свест и самопрегорна работа, тој израсна во достоен македонски патриот и револуционер.

За време на германската окупација на Грција, Пецо Ромев, меѓу првите во Горничево се вклчува во Народноослободителното движење и со пушка в раце се бори против окупаторот. Како организатор на македонското антифашистичко движење во своето родно село, Пецо, заедно со една група борци, во август 1943 година стапува во редовите на ЕЛАС каде што се истакнува со својата храброст. [539]

Кон крајот на првата половина на октомври 1944 година, Пецо Ромев, заедно со група борци од родниот крај, согледувајќи го неправилниот став на грчкото раководство на КПГ и ЕЛАС во однос на македонското национално прашање, премина во вардарскиот дел на Македонија.

Подоцна, во ноември истата година, Пецо Ромев стана партизан во Првата ударна бригада на Македонците под Грција [540] и во нејзините редови ја продолжи борбата против фашистичките окупатори и балистичките банди на Џемо и Мефаил во

[539] Т. Поповски, Ромевски Пецо. Чест и слава на паднатите борци. Глас на Егејците, Скопје, 1952, март 13, III, бр. 20, с. 4.
[540] Истото.

околината на градовите Дебар, Кичево, Гостивар, Тетово и Шар Планина.

Во почетокот на мај 1945 година, односно по расформирањето на Првата ударна бригада на Македонците под Грција, Пецо Ромев ја посетуваше воената школа и со успех ги положи сите испити.

Во есента 1946 година, тој меѓу првите доброволно се вклучува во редовите на македонската ослободителна организација НОФ за Егејска Македонија и во нејзините вооружени групи ја продолжува борбата против грчката реакција за одбрана и заштита на својата слобода.

Во ноември истата година, со обединувањето на македонските партизански одреди на НОФ со грчките единици на КПГ и со формирањето на заедничкиот штаб "Вичо", Пецо Ромев припадна во одредот на Пандо Вајната. [541] Во својство на командир на вод во тој одред, тој ја продолжи борбата против грчката десница.

Една од првите борби на одредот во кој што припаѓаше и водот на Пецо Ромев беше борбата за заземањето на селото Невеска. Иако селото не беше заземено од партизаните на штабот на ДАГ "Вичо", но на непријателот му беа нанесени големи загуби. Пецо Ромев, уште во оваа прва борба се истакнува со своите способности и со тоа почна да го оправдува своето распоредување на местото командир на вод. [542]

Во понатамошните борби на одредот на Пандо Вајната, како на пример во борбата за заземањето на селото Сребрено, Леринско, која беше водена преку целиот ден на 8 јануари 1947 година против многубројните жандармериски сили и војски од

[541] Во составот на Штабот на ДАГ "Вичо" беа следните одреди: одред во Вичо со командант Пандо Вајната, комесар Ѓорѓи Христовски-Фотинос; одред во Кајларско со командир Караберас, комесар Занис и одред на чело со Ѓорѓи Калков од село Вишени, Костурско. Според сеќавањата на Ламбро Гакидов-Џавела, од село Сребрено, Леринско, учесник во НОБ од 1943 година. Во ДАГ беше командир на чета, а потоа командант на баталјон во 18-та бригада на ДАГ; по чин мајор на ДАГ.
[542] Истото.

гарнизонот на гратчето Сорович, а која заврши со голем успех, [543] потоа борбите за заземањето на селата Лехово, Негован, месноста Врапчиња, Цереово /Кили Дервен/ и други, Пецо Ромев ги потврдува своите квалитети и се истакнува со голем авторитет меѓу борците. Како примерен командир беше сакан од сите. [544]

На 25 април 1947 година, во борбите за уништување на жандармериската станица во селото Загоричани, беше ранет командирот на одредот Пандо Вајната. На другиот ден, односно со неговото заминување на лекување, одредот, кој броеше околу 180 борци, по наредба на штабот на ДАГ "Вичо" беше поделен на две чети. На првата чета командир беше назначен Ламбро Гакидов-Џавела, [545] а на втората чета Пецо Ромев. Овој настан е многу значаен за историјата на ДАГ на подрачјето Вичо. Имено, на тој ден, во штабот на ДАГ "Вичо", за прв пат од досегашните одреди се формираат чети. [546]

На 30 април спроти 1 мај 1947 година, партизанските единици на планината Вичо, со помошта на другите единици на ДАГ, по втор пат го нападнаа селото Невеска. Пецо Ромев, со својата чета доби задача од штабот на ДАГ "Вичо" да ја нападне и уништи жандармериската станица во Невеска. Задачата беше успешно извршена. Селото беше преземено и, заедно со околината стана слободна територија на ДАГ. [547] Во оваа борба Пецо се здобива со уште поголемо борбено искуство.

По неколку дена, односно на 8 мај, Пецо добива задача да ја уништи жандармериската станица во Преспанското село Л'к. Жандармериската станица беше потполно уништена. Беа ликвидирани околу 30 монархофашисти. Со помошта на заедничките акции на ДАГ, целата Преспа стана слободна територија на ДАГ.

---

[543] Сеќавања на Ламбро Гакидов-Џавела за периодот 1945-1949 година. Се чуваат во ИНИ.
[544] В. Шамановски, Пецо Ромев. Во кн. "За света народна слобода". Ликови на паднати народни борци..., с. 239.
[545] Сеќавања на Ламбро Гакидов-Џавела за периодот 1945-1949 година.
[546] Истото.
[547] Истото.

По кратко време, четата на Пецо Ромев, заедно со другите единици на ДАГ, од теренот Вичо се префрлува на теренот на Синьачко и заедно со месните единици учествува во борбите против владините војски и жандармеријата за ослободување на селото Грчка Блаца, Кајларско кое беше составен дел на слободната територија Вичо.

По овие успешни акции на единиците на ДАГ, непријателот се затвори во градовите Костур, Кајлари, Сорович и Лерин.

Пецо Ромев, заедно со својата чета и другите единици на ДАГ, кои стационираа на теренот Вичо, доби задача да ја брани слободната територија Вичо од евентуалните напади на владините војски. Тоа е веќе време, кога од досегашните чети и новодојдени борци почнаа да се формираат баталјони на ДАГ. Така четата на Пецо влегува во составот на баталјонот под команда на Аргир Ковачев, од село Зрелца, Костурско. Тој во составот на овој баталјон и понатаму ја продолжува борбата против грчките владини војски на теренот Вичо, Синьачко и Кајмакчалан.

Кон крајот на август 1947 година, командата на баталјонот со која раководеше Аргир Ковачев, односно во која влегуваше и четата на Пецо Ромев, ја презеде Пандо Вајната по неговото враќање од болница. [548]

На 1 септрмври истата година, владините војски, со специјализирани единици од четирите споменати градови ја започнаа т.н. есенска офанзива против единиците на ДАГ на теренот Вичо со цел повторно да ја окупираат слободната територија на партизаните. Баталјонот на Пандо Вајната успешно ги одби првите напади на монархофашистите кои доаѓаа од правецот на градовите Костур и Сорович. [549] Посебна

[548] Според сеќавањата на Аргир Ковачев, од село Зрелца, Костурско; активен учесник во НОБ и ДАГ.

[549] Информативен билтен бр. 19 на Агит – проп при Штабот на ДАГ за Вичо од 22 септември 1947 година, за воените акции на ДАГ "Вичо" во месец септември истата година. "Егејска Македонија во НОБ, 1947", Т. IV, док. 76, с. 290-291.

храброст покажа четата на Пецо Ромев, која на 27 септември целосно го разби еден непријателски вод. За овој херојски чин, неговата чета беше посебно пофалена. [550]

По оваа неуспешна офанзива на непријателот, четата на Пецо Ромев, која влегуваше во составот на баталјонот на Пандо Вајната и понатаму ја продолжува борбата против владините војски на теренот Вичо. Исто така тој врши и самостојни акции на теренот Синьачко и Кајмакчалан.

По поразот на теренот Вичо, владините војски се повлекоа во градовите, оставајќи по една чета на стратегиските места со цел да го контролираат движењето на партизаните. Такви чети беа сместени во селата Невеска и Сребрено и еден баталјон во гратчето Клисура. На тој начин, непријателот им го спречи движењето на партизаните тие преку ден да се движат спрема Соровичкото Поле и Синьачко. Со цел да се ослободат партизаните од непријателските единици на тој терен, во ноември 1947 година беше донесена наредба баталјонот на Пандо Вајната да организира напад против една владина чета која стационираше во селото Стребрено. За нејзиното целосно уништување, важна улога одигра и четата на Пецо Ромев. [551] На тој начин беше ослободен патот спрема Соровичкото Поле. Командата на баталјонот, ценејќи ги борбените искуства на Пецо Ромев, во понатамошните борби му доверуваше уште посложени борбени задачи.

Во почетокот на март 1948 година, 18-та бригада на ДАГ, во чиј состав влегуваше и баталјонот на Пандо Вајната, односно четата на Пецо Ромев, по наредба на Главниот штаб на ДАГ, тргна во пречек преку Синьачко, Бурино, Венца, Хасија и Антихасија на една херојска невооружена колона која доаѓаше од Југот на Грција со цел да и го олесни патот за кон планината Грамос. Но пред извршувањето на оваа борбена задача, во командниот состав на 18-та бригада на ДАГ беше извршена нова реорганизација. На местото на Козмас Спанос-Аминда, командант на бригадата беше поставен Пандо Вајната.

---

[550] Дневна наредба на Штабот на ДАГ на Вичо за постигнатите успеси на единиците на ДАГ од ова подрачје. Истото: док. 81, с. 302.
[551] Според сеќавањата на Ламбро Гакидов-Џавела...

Баталјонот на Пандо Вајната го презеде Ламбро Гакидов-Џавела. На вториот баталјон, командант беше именуван Јанис Кеврекидис-Фокас. Пецо Ромев останува во истиот баталјон, односно во баталјонот на Ламбро Гакидов-Џавела и ја врши функцијата командир на чета. [552]

Пречекот на спомената колона беше извршен со два баталјона од составот на 18-та бригада на ДАГ. Борците на бригадата, откако го напуштија теренот на Синџачко пристигнаа во Бурино. Тука тие веднаш се ангажираа во тешки борби со единиците на 9-та владина дивизија кои пристигнаа од градот Кожани. Целата сила на непријателот, 18-та бригада ја привлече на себе, а со тоа не им дозволи на владините војски да го заградат патот на спомената колона. Водејќи херојски борби, 18-та бригада го продолжи патот по определениот правец. Таа среќно го помина теренот на Хасија и Антихасија, а со тоа и помогна на очекуваната колона да се извлече од опасноста. 18-та бригада успешно ја изврши својата задача.

Меѓутоа сите резерви на храна беа исцрпени. Целото население од соседните села беше евакуирано во градови и не постоеше можност да се снабди бригадата со храна. За таа цел беше изработен оперативен план да се нападне селото Агнадија. Во овој напад Пецо Ромев со својата чета успеал да ги уништи непријателските бункери, а со тоа жандармериските војски ги принуди во панично бегство. Борците на бригадата одземаа голема количина прехранбена стока и конфискуоваа околу 4.000 грла жива стока. [553]

Во текот на целиот поход, Пецо Ромев во целост ги потврди своите воени квалитети и поради тоа беше земен предвид од штабот на бригадата веднаш штом се појави околност да биде назначен за командант на баталјон. Подоцна тоа и се случи.

Во април 1948 година, Штабот на ДАГ за Западна Македонија даде наредба да се одвои баталјонот на Ламбро Гакидов-Џавела

[552] Истото.
[553] Според сеќавањата на Наум Димовски-Чакало, од село Опсирино, Леринско; учесник во НОБ и ДАГ, командир на чета во баталјонот на Пецо Ромев.

од 18-та бригада, а потоа да се врати на планината Вичо, а баталјонот на Јанис Кеврикидис-Фокас да остане на теренот на планината Грамос.

Баталјонот на Ламбро Гакидов-Цавела, откако се врати на теренот Вичо веднаш ги продолжи борбите против непријателот, напаѓајќи го во градовите Сорович и Лерин и во околината на Синѓачко. Пецо Ромев доби задача со својата чета да го нападне селото Чеган, Воденско. Тој преку целиот ден блокирано го држел непријателот во селото.

На 25 мај истата година, Пецо Ромев со својата чета ја одигра главната улога во операцијата за уништувањето на непријателското упориште во селото Горенци. [554] Малку подоцна, во јуни тој успешно ја води својата чета против жандармериските сили при нападот на селата Горна и Долна Клештина каде беа уништени сите упоришта на непријателот. Исто така храбро се бори кај месноста "Црна Вода", надвор од селото Зеленич, Соровичко, каде целосно ја уништува една автомобилска колона. Во борбата го запленува и потпоручникот Вегли кој служеше во обавештајната служба во Сорович.

Во почетокот на јули 1948 година, баталјонот на Ламбро Гакидов-Цавела, во чиј состав влегуваше и четата на Пецо Ромев, по наредба на Штабот на ДАГ за Западна Македонија заминува за планината Грамос. Тука се водеа главните операции на ДАГ против владините војски т.н. летна офанзива на непријателот на планината Грамос. Пецо Ромев со својата чета беше распореден во месноста "Гупата" – едно од најосетливите места на одбранбениот систем. При водењето на секојдневните крвави борби, иако непријателот располагаше со големи сили и воена техника, Пецо со своите борци не отстапуваше ни една педа. Во една од тие жестоки борби тој се ранува во левата нога и веднаш заминува на лекување во главната болница на ДАГ. [555]

---

[554] Според сеќавањата на Васил Батакоја-Карафотијас; учесник во НОБ од 1941 година, комесар на потштабот "Вичо". Во ДАГ командант на баталјон, комесар на група артилериски единици. По чин потполковник на артилеријата.

[555] Според сеќавањата на Ламбро Гакидов-Цавела...

Во моментот кога дојде до принудно повлекување на единиците на ДАГ од теренот на Грамос, односно по оздравувањето на Пецо, заедно со неколку борци и тој се префрлува на планината Вичо. Тука веднаш беше распореден како командир на чета во 18-та бригада на ДАГ, во 425 баталјон чиј командант беше Ламбро Гакидов-Џавела.

Во герилските борби кои ги водеше 18-та бригада на теренот на Синьачко, Пецо Ромев покажа посебни организациони способности и се истакна со својата храброст.

На 1 ноември 1948 година Пецо Ромев, заедно со 18-та бригада на ДАГ учествуваше во борбите за заземањето на гратчето Ератира, лоцирано на патот кој водеше од Кожани кон Костур. Овој град беше силно упориште на непријателот против единиците на ДАГ.

На 10 спроти 11 ноември истата година, 18-та бригада од селото Влашка Блаца изврши успешен напад на гратчето Сијатиста, близу до градот Кожани. Во борбата извонредни способности покажа и Пецо Ромев.

На 20 ноември борците на 18-та бригада по втор пат извршија успешен напад на градот Кајлари.

За време на повлекувањето на 18-та бригада на ДАГ од теренот на Синьачко спрема теренот на Антихасија, на патот беше ранет командантот на 426-от баталјон од истата бригада, Јанис Кеврекидис-Фокас. Неговиот баталјон веднаш го презеде Пецо Ромев, кој до тогаш беше еден од најспособните и најхрабрите командири на чета.

На 19 декември 1948 година, 18-та бригада на ДАГ под команда на Пандо Вајната со двата свои баталјони, под команда на Пецо Ромев и Ламбро Гакидов-Џавела и една саботерска чета пристигна во шумите на планината Каракамен со цел во скоро време да го нападнат и да го заземат градот Негуш. На планината Каракамен во составот на 18-та бригада влезе и двочетниот баталјон под команда на капетанот Толис.

Целта на борците на 18-та бригада и на другите единици на ДАГ во таа акција беше тие да ги уништат приградските упоришта во Негуш, односно да влезат во градот за да го локализираат непријателот во своите гнезда и со тоа да завладеат со останатите делови на градот. Со овој удар партизаните настојуваа да го заблудат непријателот кој ќе настојуваше од Солун да му помогне на градот Воден што беше истовремено нападнат од борците на ДАГ. [556]

Пецо Ромев со својот баталјон доби задача да ги уништи бункерите на прилазните патишта, кои водеа кон градот Негуш, а потоа да се вовлече кон центарот на градот, односно да ја заобиколи жандармеријата за да ја изолира од секакво движење. [557]

Единиците на ДАГ успешно ја извршија оваа задача. Тие го држеа Негуш под контрола целиот ден и целата ноќ, така што дури на 23 декември во утринските часови се повлекоа во шумските предели на планината Каракамен, а потоа се префрлија на планината Кајмакчалан.

Малку подоцна, во вториот напад на градот Негуш од страна на единиците на ДАГ, Пецо Ромев со својот баталјон успешно ги изврши истите задачи. Тој успеал да ја уништи жандармеријата и да зароби голем број полицајци, меѓу кои и самиот командант.

Во периодот од 12 февруари 1949 година до 10 август истата година, баталјонот на Пецо Ромев се наоѓаше на истите позиции каде се подготвуваше за одбранбени позиции според паролата "Непријателот нема да помине на Вичо".

На 10 август, околу 4,30 часот, непријателот тргна во општа офанзива против единиците на ДАГ на планината Вичо. Владините војски тргнаа од правецот на Лерин преку селата Нерет и Лагени со големи пешадиски сили, артилерија и

[556] Мајорот Пецо Ромев – смелиот борец на ДАГ. Спис. "Илинден". Политички орган на ЦС на организацијата "Илинден", 1954, јули-август, III, бр. 4, с. 25-26.
[557] Истото.

авијација. Пецо Ромев со својот баталјон беше добро подготвен да ги дочека непријателските единици. Тој им нанесуваше големи штети и не им дозволуваше тие да се приближат до одбранбената линија на партизаните.

Ноќта на 10 спроти 11 август, непријателот успеа на неколку места да ја разбие одбранбената линија на единиците на ДАГ и да се вовлече во позадината, обиколувајќи го и баталјонот на Пецо. Но тој не ја губи контролата над своите борци. Со командирите на четите ја координира борбата спрема создадената сложена ситуација.

На 11 спроти 12 август, Пецо Ромев, водејќи жестоки и крвави борби успеал да го извлече својот баталјон од обрачот на непријатлот. [558] Ноќта тргна во правец кон планината Врба. Во наредните два дена дава силен отпор на непријателот и со наредба се повлекува на територијата на Албанија, впрочем како што го направиле и другите единици на ДАГ.

По неколку дена, по наредба на Главниот штаб на ДАГ, Пецо Ромев заедно со борците на 18-та бригада се враќа на теренот на планината Грамос. Но, непријателот не губи многу време и, веднаш ги префрлува своите единици на секторот на планината Грамос.

На 28 август 1949 година, непријателот на планината Грамос од сите страни почнува со општата офанзива, употребувајќи ги сите расположливи сили со сета воена техника. Единиците на ДАГ беа принудени да ги напуштат своите позиции и тактички се повлекуваа спрема височните на Главниот Грамос од 2.322 м.м.в. Пецо Ромев со својот баталјон се повлече во месноста Ќафа.

На 30 август, [559] во утринските часови, поради големите бомбардирања од страна на непријателот не беше поштеден и бункерот на Пецо во кое беше сместен целиот баталјонски штаб. Заедно со Пецо загинуваат и неговите девет другари, меѓу кои комесарот на баталјонот Михалакис Роидис,

[558] Сеќавањата на Ламбро Гакидов-Џавела за периодот 1945-1949 год...
[559] Според сеќавањата на Наум Димовски-Чакало...

комесарот на чета Дорче Глувчев од село Папажани, Леринско, политичкиот комесар на чета по име Јанис од селото Рудник, Кајаларско и други.

Така заврши животот на Пецо Ромев храбриот командант на 426-от баталјон во 18-та бригада на ДАГ. Како активен учесник во македонското ослободително движење за времето на НОБ и ДАГ тој се истакна со извонредни воени заслуги. Тој загина десет саати пред издавањето на наредбата на Главниот штаб на ДАГ за дефинитивното отстапување на единиците на ДАГ од територијата на Грција.

ЈАНКО РУСЕВСКИ (1925-1949)

Борецот Јанко Русевски е роден во 1925 година, во селото Попадија, Леринско, во сиромашно земјоделско семејство, но со богати револуционерни традиции. [560] Младиот Јанко, иако живееше во многу сиромашни услови, во семејство кое постојано се наоѓаше под контрола од страна на грчките реакционерни власти, понесен од идејата за слободна Македонија, одејќи по стапките на својот дедо Ѓорѓи /кој загинал во бурните денови од Илинденското востание/, до крајот на својот живот си останал верен на својот народ. [561]

Во 1942 година Јанко доброволно се вклучува во редовите на младинската организација ОКНЕ и активно се бори против окупаторот. Поради активноста во борбата за ослободувањето на земјата, подоцна тој беше избран за член на КПГ. Сите задачи кои му беа поставувани од раководството на отпорот, Јанко доследно и доверливо ги извршувал. Неговата куќа за време на антифашистичката борба служела како јавка за сместување на борците на ЕЛАС и на борците од Битолскиот партизански одред. Борците од Битолскиот одред за деновите поминати во куќата на Јанко испеаја и една убава песна за неговата мајка баба Ленка:

“Нашата баба Ленка, втора мила мајка,
топло не нахранува, и кога не испратува,
празната чутура, мед ја наполнува”. [562]

На оваа песна и денес се сеќаваат борците на Битолскиот одред Петре Новачевски и Ѓорѓи Дрзовски.

На 18 јануари 1944 година Јанко, заедно со татко му Тодор, поради нивната активност во ослободувањето на македонскиот народ, беа уапсени од германско-бугарските фашистички војски и одведени во злогласниот концентрационен логор “Павлос Мелас” во Солун. Фашистичките окупатори темелно ја изгореа

[560] Според сеќавањата на Атанас Русевски-Наце, од село Сетина, Леринско; активен учесник во НОБ.
[561] Хроника за селата Сетина и Попадија, Леринско. Се чува во ИНИ.
[562] Монографија за селата Сетина и Попадија. Скопје, 1978, с. 35.

нивната куќа и го ограбија целокупниот имот. [563] По ослободувањето од логорот Јанко не ја прекинува својата активност и во редовите на селската партиска организација ја продолжува својата борба против окупаторот.

По прогонувањето на фашистичките окупатори од Грција и по дефинитивната ликвидација на ЕЛАС која дојде како резултат на познатиот договор во Варкиза, грчката реакција која стана господар во земјата, со сите сили се нафрли врз демократското движење, а пред се против Македонците за нивно физичко истребување. Под вакви тешки услови, во март 1945 година семејството на Јанко беше протерано од грчките фашистички банди и најде засолниште во Војводина ФНР Југославија. [564]

Во текот на 1946 година Јанко активно учествува во обновата и изградбата на социјалистичката земја, т.е. во изградбата на младинската пруга "Брчко Бановиќ".

Во август 1948 година заминува во родниот крај и доброволно се вклучува во редовите на ДАГ. Во составот на 108-та бригада на ДАГ, херојски и пожртвувано се бори во борбите на Грамос и на други места во родниот крај. [565]

Во септември истата година, во една борба која беше водена на планината Малимади, беше ранет и заробен од непријателот заедно со својот соборец и соселанец Пандил Мучов, а потоа беше пренесен во болницата на непријателот во градот Кожани.

Во февруари 1949 година, односно по излекувањето на раните, Јанко беше натеран сам да си го ископа гробот, а потоа сверски убиен од монархофашистичките џелати. [566]

---

[563] Истото.
[564] Според сеќавањата на Ване Ајтов, од село Сетина, Леринско; учесник во НОБ и ДАГ.
[565] Монографија за селата Сетина и Попадија..., с. 35.
[566] Атанас Русевски, Сеќавања за периодот 1941-1945 година. Се чуваат во ИНИ.

АПОСТОЛ СИМОВСКИ (1922-1947)

Револуционерот Апостол Симовски им припаѓа на плејадата македонски борци кои рано го положија својот живот за слободата на Македонија. Тој е роден во 1922 година, во селото Извор, Гуменџиска околија во напредно земјоделско семејство.[567] Израсна под мошне тешки економски услови. По завршувањето на основното училиште тој им помагаше на своите родители во земјоделските работи. Беше добро граден и убаво момче. Трудољубив, искрен, друштвен и многу весел, поради што беше омилен и сакан од своите врсници.

Грчко-италијанската војна Апостол го затекна како 18-годишен младинец, поради што и не беше мобилизиран во грчката армија.

Напреден во своите идеи и симпатизер а организацијата ОКНЕ уште од пред војната, веднаш по германско-италијанската и бугарската окупација на земјата тој се активира во борбата против туѓите поробувачи. Првите негови заслуги се собирање заедно со своите другари оружје и друга воена опрема на 9 април 1941 година, оставена од една грчка двочета при судирот со една германска претходница во ноќта на 8 спроти 9 април во близина на гратчето Бојмица. Во истата пролет Апостол учествува активно како припадник на ОКНЕ во акцијата за саботирањето на одгледувањето свилени буби во родното село, за да не станат суровина за германските падобрани.

---

[567] Поголемиот дел во врска со револуционерната активност на Апостол Симовски е напишан врз основа на сеќавањата на неговиот брат Тодор Симовски, стручен советник при Институтот за национална историја во Скопје. За времето на НОБ беше организиран во ОКНЕ од април 1941 година. Од мај 1942 година беше секретар на ОКНЕ за Гуменџиска околија, а од мај 1943 година до крајот на јануари 1946 година работеше како активист на ЕПОН во повеќе окрузи на Егејска Македонија. Еден краток период беше организационен секретар на Окуржниот комитет на ЕПОН за Кукушки округ. Во февруари 1946 година се приклучи во редовите на НОФ. Види: Кратки биографски карактеристики за активистите на НОФ во Гуменџиско и Енице-вардарско, поднесени од Иван Ничев до Главното раководство на НОФ. “Егејска Македонија во НОБ, 1946”, Т. III, док. 134, фусн. 6, 7, 8, с. 299.

Во август 1941 година Апостол Симовски се пријавува како доброволец за партизански акции кои почна да ги организира раководството на отпорот. Во почетокот на септември истата година во селото Извор беше формирана и првата партизанска група од седум членови во која и тој учествуваше. Закопаното оружје од грчката двочета, се најде во рацете на оваа партизанска група, меѓу кое и два пушкомитралези. Групата требало да послужи како езгро за поголема единица во која требало да се приклучат и други борци од околните села. Меѓутоа поради настаните во источна Егејска Македонија каде востанието било загушено во крв и репресалиите на Германците во Кукушко и Кајларско, каде непријателот изгоре неколку села и уби неколку стотици невино население, по директива на Партијата групата била расформирана /во тоа време сите партизански групи во Грција биле со истата директива расформирани/. Апостол Симовски се враќа дома заедно со другите партизани од групата.

Речиси целата 1942 година Апостол повторно им се посветува на домашните работи, но не заборава да биде секогаш активен во месната младинска и партиска работа која повеќе се состоеше во одржување на конференции, во изградување на идејно-политичкото ниво и во доставување на материјална помош на единствената партизанска група во околијата и целокупното пошироко подрачје која претежно се состоеше од борци на растурените партизански групи од Кукушко и Драмско на чело со капетан Христос Мосхос-Петрос. Оваа партизанска група од летото 1942 година логоруваше на планината Кожув, над селото Ноти. Апостол Симовски притоа помагаше и во префрлувањето на оружје и друга опрема од Кукушко за Кожув. Бил од малобројните организирани другари кој знаел за присуството на оваа група партизани која имаше потреба од информации, храна и облека.

Во акцијата на оваа партизанска група во декември 1942 година на железничката станица на Бојмица и обидот да се минира железничкиот мост /прва акција од овој вид дотогаш во Егејска Македонија/, а по неколку дена и саботажите врз рудникот за олово во реонот на Извор-Мајдаг, Апостол Симовски им

припаѓа на групата помошници при изведувањето на овие акции.

Во првата половина на 1943 година, Апостол Симовски поради неговата активност во борбата против окупаторот беше избран за член на Околискиот комитет на ОКНЕ-ЕПОН за Гуменџиска околија. Во средината на јули истата година тој стана еден од првите организатори на подготвуваните демонстрации во гратчето Бојмица против ширењето на бугарската окупација и врз останатите делови на Егејска Македонија. Неколку денови потоа, на повик на Партијата на чело со група младинци од родното село заминува како партизан во планината Пајак, каде требало да се формира XXX полк на ЕЛАС. Како партизан тој усчествува во сите акции на овој полк. Зема активно учество во заедничката акција што ја воделе македонски единици од Вардарска Македонија и единица на XXX полк на ЕЛАС на 12 јануари 1944 година во близината на селото Лесково во која цела една непријателска единица била буквално десеткувана. Апостол често пати се истакнуваше со својата храброст при изведувањето на смели акции и саботажи што ги изведуваше XXX полк на ЕЛАС, поради што бил многу почитуван и ценет од командата на полкот.

Во летото 1944 година Апостол Симовски беше поставен како одговорен на една десетина составена од Македонци при полкот, која требало да послужи како езгро за формирање на поголема македонска единица при самиот полк, слична како и веќе формираниот Воденски македонски баталјон.

Отцепувањето на Воденскиот македонски баталјон од составот на единиците на ЕЛАС и неговото заминување за вардарскиот дел на Македонија на 12 октомври 1944 година имаше за последица оваа група да биде расформирана, а Апостол Симовски да падне под сомнение да не и тој одржувал врски со “Србите”, како што ги нарекувале Грците македонските партизани. Меѓутоа без последици остана како обичен борец во единицата.

Со декемвриските настани во 1944 година, Апостол Симовски, заедно со XXX полк на ЕЛАС заминува за Атина за укажување

помош на борците во градот во војната против Англичаните и домашните слуги. Надвор од Аталанда се судриле со Англичаните. Меѓутоа следи примирјето и полкот мораше повторно пешки да се враќа од далечната Атика за својата база во Ениџе Вардар. Борците патувале долго под неповолни временски услови. Тие кога стигнале во Ениџе Вардар, веќе спогодбата на Варкиза била потпишана. ЕЛАС го предаде оружјето и борците со најбична отпусна листа како бивши борци на ЕЛАС се вратија дома со болка на срцето за изгубената победа која следи не по нивна вина. По кратко време следи неразузданиот терор против припадниците на антифашистичкото движење, а пред се против активистите и Македонците. Апостол Симовски и како борец и како Македонец се најде на удар на ова прогонство поради што беше принуден да мине веднаш во илегалство, а во септември истата 1945 година да ја мине веднаш грчко-југословенската граница со група илегалци кои организирано биле префрлени во Булкес. [568] На повик од неговиот брат Тодор Симовски, во март 1946 година го напушта Булкес. Со група Македонци од Гуменџиска околија се враќа во родниот крај и веднаш му се приклучува во НОФ. На планината Пајак како искусен борец од ЕЛАС, раководството на НОФ му го доверува раководството на една партизанска единица на НОФ заедно со неговиот верен другар Алеко Пишутев, исто така првоборец од Градот Гуменџе. [569] Со оваа единица се истакнува во изведување на смели акции пред се во градот Гуменџе. Апостол тешко го поднесува шиканирањето од страна на грчкото раководство кое поради околностите го имаше приматот на планината Пајак, а по начинот како што беше изведено обединувањето на македонските и грчките единици од страна на грчкото раководство тој најмалку го одобрува, за што веднаш го известува својот брат. Своето незадоволство јавно го манифестира на состанокот, која манифестација не останала незабележана од страна на грчкото раководство.

Апостол Симовски тешко го поднесе загинувањето на својот татко Ристо кој во септември 1946 година бил буквално заклан од грчките монархофашисти, а желбата да се сретне со својата

[568] Според сеќавањата на Иван Ничев, од градот Гуменџе...
[569] Според сеќавањата на Вангел Ничев, од градот Гуменџе...

мајка до крајот на својот живот не му се исполнила. Во декември истата година му пишува на својот брат: “Драги брате, направи се што ти минува од твојата рака, да дојдам да си ја видам својата мајка, па потоа нека умрам”.

Во зимата 1947 година од митралирање на авион загина неговиот другар Алеко Пишутов. [570] Наскоро потоа во раната пролет 1947 година, зголемената и составена од прекалени борци единица во Пајак планина по наредба на Главниот штаб на ДАГ замина за Јужна Грција со цел да го зајакнат таму вооруженото движење и да им укажат помош на тамошните единици. По пат тие се судрувале неколку пати со противникот, но прекалените борци не ги напушти ниту за момент храброста и нивниот борбен морал.

Апостол Симовски за целото време на борбата останал командир на вод. Грчките раководители на КПГ и ДАГ не испуштиле од предвид дека тој верно им служеше на македонската национална кауза и дека неговото учество во заедничката борба претставува долг и за национално ослободување на својот народ.

Во една тешка борба на 21 јуни 1947 година во далечна јужна Грција, во областа Евританија и во близина на селото Кастанула, Апостол Симовски го положи својот живот за слободата на својот народ.

Две години подоцна, во сосема други прилики кога македонските борци биле потребни како неопходна суровина на ДАГ, по предлог на Втората дивизија на ДАГ, Главниот штаб на ДАГ, со наредба од 7 мај 1949 година посмртно го унапредува во чин потпоручник.

[570] Според сеќавањата на Алеко Пулков, од градот Гуменџе...

ПЕТРЕ ТАНУРОВ-ДОНЕ (1915-1948)

Грчките националисти и шовинисти, кои успеале да продрат и до раководни позиции во КПГ и ДАГ, потајно работеа против македонското националноослободително дело. Тие го кочеа напредувањето на македонските кадри во ДАГ, дури не се ретки примерите и на физичко ликвидирање. Жртва на една таква политика стана и Петре Тануров-Доне. [571] По долгогодишна самопрегорна и пожртвувана борба во редовите на ЕЛАС и ДАГ тој покажал "малодушност" и во јули 1948 година беше ликвидиран по наредба на Главниот штаб на ДАГ.

Петре Тануров-Доне роден е во 1915 година, во село Баово /Бахово/, Мегленска околија. Потекнува од среднозем̀оделска фамилија. По завршувањето на основното училиште тој им помагаше на своите родители во земјоделските работи.

Во 1935 година, односно за време на отслужувањето на воената обврска во Атина, Петре уште од првите денови се поврзува со активните членови на тамошните основни партиски организации на КПГ. [572] По отслужувањето на воениот рок се враќа во родното село и како член на Партијата веднаш се поврзува со штотуку формираната тогаш основна партиска организација на КПГ во гратчето Сбоцко со која соработува се до нападот на фашистичка Италија на Грција. [573]

Во времето на германската окупација на земјата, Петре, како и многу други Македонци од неговото родно село со полет и голема пожртвуваност се вклучува во борбата против окупаторот. Благодарејќи на неговата верба во ослободувањето на македонскиот и грчкиот народ во 1942 година беше поставен за секретар на партиската организација на КПГ во селото Баово. [574]

---

[571] За револуционерната дејност на Петре Тануров-Доне види и: Ташко Мамуровски, "Петре Тануров-Доне, борец во НОБ и ДАГ" /Прилог кон биографијата/. Гласник на ИНИ, Скопје, 1980, XXIV, бр. 1, с. 221-228.
[572] Според сеќавањата на Никола Тануров, од село Баово, Мегленско, учесник во НОБ и ДАГ.
[573] Вангел Тануров, Петре Тануровски-Доне и Баовчани. Глас на Егејците, Скопје, 1952, јули 2, III, бр. 24.
[574] Истото.

Пролетта 1943 година, во Воден и Воденско беа формирани партизански диверзантски групи кои без прекин вршеа напади против окупаторот и домашните предавници.

Кон крајот на декември истата година, партизанските единици на ЕЛАС нападнаа една германска колона составена од неколку камиони, на главниот сообраќаен пат кој водеше од Сбоцко за Воден, близу селото Луковец. Во битката беа уништени 2 камиони и ликвидирани неколку Германци. [575] Во борбата учествуваше и една група Македонци од селата Баово и Црнешево на чело со Петре Тануров.

На 6 јануари 1944 година, единиците на ЕЛАС го нападнаа гратчето Сбоцко. Во жестоката борба беа ликвидирани 25 германци, војници, еден мајор и неговиот аѓутант. Од десетте ранети Германци, четири умреа. Од единиците на ЕЛАС, еден беше убиен е еден ранет. [576] Во битката активно се бореше и Петре Тануров.

По тричасовна борба, единиците на ЕЛАС се повлекоа во правец кон селата Саракиново, Долно и Горно Родиво. Групите од резервниот ЕЛАС, во чии состав влегуваше и групата на Петре Тануров, се вратија секој по своите домови, бидејќи така им беше наредено од командата на редовниот ЕЛАС. Германците долго време не можеа да го забораваат тој пораз.

Кон средината ја јануари 1944 година, непријателот оргаинизира голема офанзива за чистење на теренот од партизанските единици на секторот Пајак-Кајмакчалан. На 18 јануари, Германците, со сила од околу 6.000 војници, ја поплавија целата Мегленска котлина. Истовремено тие дознале од своите шпиони дека и Баовчани учествувале во нападот на гратчето Сбоцко. [577] По кратко време непријателот го блокира

[575] Истото.
[576] Христо Андоновски, Македонците под Грција во борбата против фашизмот /1940-1944/. Ини, Скопје, 1968, с. 136-137.
[577] Вангел Тануров, Петре Тануровски-Доне и Баовчани... Истото: Христо Андоновски, Македонците под Грција во борбата против фашизмот... с. 135 и 137.

селото Баово и куќа по куќа претресе се за да ги фати сите оние кои учествувале во нападот на Сбоцко. Германците, со помош на двајца, тројца предавници, ги собраа на сред село сите мажи од 18 до 60 години возраст и по претходно подготвениот список ги повикуваа најактивните лица да се одвојат од другите. Шпионите беа Паликарас, Ѓорѓи Пошинов и Јанис Аврамидис. Германците уапсија 23 Баовчани – сите припадници на резервниот ЕЛАС. Тројца од нив беа стрелани надвор од Сбоцко на 20 јануари. Другите 20 беа одвлечени во концентрациониот логор "Павлос Мелас" во Солун и таму 10 беа егзекутирани. Четворица беа испратени на принудна работа во Германија, а еден тешко болен, остана во логорската болница на "Павлос Мелас". По кратко време и тој беше егзекутиран. Од четворицата селани кои беа испратени на работа во Германија, двајца умреа во логорот Дахау. [578]

Летото 1944 година, односно со формирањето на Воденскиот македонски баталјон на Кајмакчалан, од селото Баово меѓу првите во неговите редови доброволно пристапи и Петре Тануров. Во баталјонот тој се истакна со својата храброст и воена вештина. Незаборавен ќе остане настанот кога во август истата година, цела една чета составена повеќето од Баовчани, околу 150 борци на чело со Петре Тануров доброволно влегоа во редовите на македонскиот баталјон. [579]

Во селото Горно Родиво беше формирана првата чета на Воденскиот македонски баталјон со командир Петре Тануров-Доне и политички комесар Перикли Јовчев од Воден. За многу кратко време оваа чета добро се оспособи и почна да реди успешни акции против германските фашистички окупатори и грчките националистички банди – соработници на окупаторот. Но веднаш по оспособувањето на првата македонска чета, грчката команда на X-та дивизија на ЕЛАС, која гледала со сомневање на растежот на баталјонот ја одзеде четата од баталјонот и ја испрати на планината Пајак под команда на 30-

[578] Истото.
[579] Вангел Тануров, Петре Тануровски-Доне и Баовчани...

от полк на ЕЛАС. Така и Петре Тануров се најде на планината Пајак. [580]

Една од најжестоките битки во кои учествуваше четата на Петре Тануров беше битката на Стара Пела, Ениџевардарско, на почетокот на октомври 1944 година, каде Германците дадоа околу 150 мртви и многу ранети војници. По оваа борба, сите борци од првата македонска чета беа облечени со германски војнички униформи и екипирани со германско тешко оружје. [581]

По неколку дена единиците на ЕЛАС во чиј состав влегуваше и четата на Петре Тануров, извршија силен напад на гратчето Пласничево, Ениџе-вардарско. Во жестоката борба беше разбиена целата реакција. Партизаните заробија околу 400 колаборационисти – припадници на фашистичката организација ПАО. [582]

Како што е познато, Воденскиот македонски баталјон на Кајмакчалан, поради неправилниот став на КПГ и ЕЛАС по македонското национално прашање и пред опасноста да биде расформиран од страна на командата на ЕЛАС за што постоеше специјална наредба, во првите денови на втората декада во октомври 1944 година премина во вардарскиот дел на Македонија. Но ако Воденскиот македонски баталјон, маневрирајќи успеа да го избегне своето конечно расформирање, тоа не успеа, односно не можеше да го избегне македонската чета на Петре Тануров. По неколку дена, односно на 28 октомври истата година, Штабот на X-та дивизија на ЕЛАС, со специјална наредба ја расформира македонската чета. [583] Но подоцна и Петре Тануров, заедно со група Македонци, во кои имаше доверба, скришум преминува на територијата на Вардарска Македонија и веднаш се вклучува во редовите на Првата ударна бригада на Македонците под Грција.

---

[580] Павле Раковски, Во длабоката ноќ зората се раѓа /сеќавања, размислувања, сознанија/. Скопје, 1976, с. 29-30. Мемоари, се чуваат во ИНИ.

[581](Вангел Тануров, Петре Тануровски-Доне и Баовчани... Истото: Според сеќавањата на Никола Тануров...

[582] Истото.

[583] Павле Раковски, Во длабоката ноќ зората се раѓа..., с. 33.

Во мај 1945 година, односно по расформирањето на Првата егејска ударна бригада, Петре доброволно се враќа во родниот крај со цел да се бори против новите ненародни власти во Грција, кои дојдоа на власт со британските тенкови по прогонувањето на германските, бугарските и италијанските окупатори.

Со цел да се заштити животот на населението од егејскиот дел на Македонија, организацијата НОФ формира и свои вооружени групи во Костурско, Леринско, Воденско, Гуменџиско и Енице-вардарско. Седиштето а македонскиот одред на НОФ за Воденско се наоѓаше на планината Кајмакчалан, а еден од најистакнатите борци во неговите редови беше и Петре Тануров-Доне. [584]

Македонскиот одред на НОФ за Воденско, кој подоцна прерасна во баталјон беше поделен на три групи. Првата група во која се наоѓаше и штабот на одредот го држеше секторот на Кајмакчалан, втората група на чело со Петре Тануров го држеше секторот на планината Кожуф, односно подрачјето на Баово, а третата група го држеше секторот на планината Каракамен.

Кон крајот на ноември 1946 година, односно по спогодбата на НОФ со КПГ, на територијата на Егејска Македонија почнаа да се формираат партизански одреди на ДАГ. Петре Тануров беше именуван командир на т.н. 5-та неутрална чета на ДАГ и веднаш потоа, заедно со другите единици на ДАГ заминува за планините Каракамен, Пиерија и Олимп, каде водеше тешки борби со непријателот.

Во јануари 1947 година, враќајќи се повторно во Воденско, Петре заедно со својата чета ги нападна селата Северни, Нивор, Капињани, Рудино и Острово. И во овие борби Петре покажа голема пожртвуваност и хероизам. [585]

[584] Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури..., с. 181-182.
[585] Вангел Тануров, Петре Тануровски-Доне и Баовчани...

Во февруари истата година, неколку единици на ДАГ во чии состав влегуваше и четата на Петре Тануров, од планината Кајмакчалан се префрлија на планината Каракамен. Но поради силниот притисок од страна на непријателот единиците на ДАГ беа принудени да се повлечат во месноста Пионња /Каракамен/. Оттаму, преку реката Бистрица се префрлија на планината Пиерија, Кожанско. Петре Тануров со својата чета остана на планината Каракамен со цел да го дезориентира непријателот и да ги заштитува партизанските единици, кои требаше да ја преминат реката. По успешното извршување на оваа задача тој се врати на Кајмакчалан. [586]

Поради силниот притисок што го вршеше непријателот, партизанските единици на ДАГ кои претстојуваа на планината Пиерија беа принудени да се префрлат на Кајмакчалан и тука, соединети со другите единици ги нападнаа селата Костурјани и Острово. Во селото Острово Петре беше ранет во главата и веднаш беше префрлен во партизанската болница при Штабот на ДАГ за Пајак-Кајмакчалан. [587]

Кон крајот на август 1947 година, од воената болница Петре се враќа во својата чета, а потоа се префрлува во селата Сетина и Попадија, Леринско.

Кон крајот на септември истата година Петре Тануров заминува за слободната територија Преспа. Во октомври, од Преспа се префрлува на планината Грамос, каде престојвуа со прекин се до јули 1948 година, односно до неговата смрт.

Во овој период тој храбро се бореше заедно со својата чета во борбите за заземањето на градовите Мецово, Коница и во летната офанзива организирана од страна на непријателот во 1948 година на планината Грамос.

Во почетокот на јули 1948 година, Петре добива наредба да ја брани височината “Свети Илија”, кај месноста Гурушија, на

[586] Според сеќавањата на Никола Тануров...
[587] Истото.

планината Грамос. [588] Владините војски, потпомогнати со авијација и артилерија, три дена по ред ја атакуваа споменатата височина. Четата на Петре, водејќи жестока борба успешно го одби првиот налет на непријателот. Владините војски, откако извршија прегрупирање, по втор пат почнаа да ги атакуваат партизанските позиции. Во оваа критична ситуација, Петре испрати курир, преку кој молеше да му се испрати помош. Но помошта не пристигна. Четата на Тануров ја изгуби половината од својот состав и не беше во состојба да го издржи притисокот на непријателот. Тој заклучи дека сите негови борци ќе загинат без да се постигне целта на наредбата. Затоа тој реши да се повлече со своите борци за да им ги спаси од неизбежната смрт животите на оние партизани кои останаа живи. [589] Земајќи ја врз себе лично целата одговорност за ваквата постапка со сите последици што би настанале, тој се повлече. Ова повлекување му послужи на Главниот штаб на ДАГ да го осуди Петре Тануров на смрт, а потоа да го ликвидира со стрелање.

Не сакаме да навлегуваме во воените прописи и далеку сме од помислата дека Петре Тануров намерно беше ликвидиран како Македонец /иако ова го потврдуваат извиците "Смрт, Смрт"! од страна на група инструирани грчки шовинисти во ДАГ при истовремено негодување и осудување на пресудата на Главниот штаб на ДАГ за стрелањето на Тануров од страна на чесните борци, кои не жалеа сили за успехот на борбата. [590]

Од воената практика е познато дека понекогаш, во критичните моменти, воените штабови преземаат остри мерки против секој војник кој пројавува малодушност во борбата, а за да се избегне таа малодушност, прекршителите на воената дисциплина остро ги казнуваат /деградирање, префрлување во казнени баталјони итн./. Но во овој случај, кога на ДАГ најмногу и беа потребни воени кадри, се поставува прашањето: Дали ликвидирањето на воените кадри за прекршоци слични на Петре Тануров беше најдобро решение за да се подигне борбениот морал кај

[588] Според сеќавањата на Коста Циронка, од Воден; командир на чета во НОБ и ДАГ.
[589] Истото.
[590] Според сеќавањата на Сидо Количевски, од село Цакони, Костурско; учесник во НОБ и ДАГ.

борците, и дали стрелањето на саканиот командир кое се одвиваше пред очите на неговите соборци навистина го подигаше нивниот борбен морал или делуваше обратно? И дали целиот борбен живот на Тануров дозволуваше некое сомневање во неговата лична храброст и во верноста кон идеалот на слободата? Или пак со стрелањето на Тануров, како и на командантот на бригадата на ДАГ Ѓорѓис Ѓанулис, креаторите на воената тактика за фронтална борба се обидуваа да ја симнат од себе одговорноста за тој катастрофален пораз? А може на некој му сметаше што Тануров беше Македонец, во борбата се бореше пред се како Македонец?

ИЛИЈА ЦРНАКОВ (1910-1947)

Истакнат македонски револуционер и комунист од Леринско е и Илија Црнаков. Роден е во 1910 година во село Пателе, во сиромашно земјоделско-работничко семејство. По завршувањето на основното училиште тој продолжи да учи и да работи ковачки занает.

Уште од 16-годишна возраст Илија се вклучува во револуционерното работничко движење, прво во редовите на младинската комунистичка организација ОКНЕ, а потоа во редовите на КПГ. Како ковач се вработува во гратчето Сорович. Тука веднаш беше ангажиран да извршува организациони задачи во корист на движењето. Неговата работилница често пати служела како јавка за илегалците. [591]

Во периодот на Метаксасовата диктатура повеќе пати беше апсен, мачен и затваран во ќелиите на соровичката полиција. Но никогаш не ги предал своите истомисленици. Маките и тормозите уште повеќе го зацврстуваа. Никогаш не се покорувал. Во тешките моменти на Метаксасовата диктатура, тој неуморно работи за да ги прошири и зацврсти разбиените партиски основни организации, да го зачува членството на КПГ од понатамошното негово апсење, да го подигне револуционерниот морал итн. Благодарејќи на ваквата негова активност, тој стана секретар на партиската организација на КПГ во селото Пателе, а малку подоцна и член на Реонскиот комитет на КПГ за Сорович чиј секретар беше Михали Кљанев, исто од село Пателе. [592] Илија Црнаков успешно раководи и работи да ги заштитува партиските организации од разни провали на членството што не беше лесно во тоа време. Општо речено, за сите револуционерни акции и активности на КПГ во овој период во Соровичка околија голема заслуга, меѓу другото има и храбриот револуционер Илија Црнаков. На овие должности и активности тој останува до октомври 1940 година,

[591] Г. Дишков, Црнаков Илија /Лазариди/. Во кн. "За света народна слобода...", с. 293.

[592] Сеќавања на Коста Враготеров, од село Пателе, Леринско, за неговото учество во револуционерното движење во периодот 1936-1949 година, дел I, с. 96. Сеќавањата се чуваат во ИНИ.

и веднаш потоа мобилизиран заминува на Албванскиот фронт за да се бори против италијанскиот агресор.

Илија Црнаков се враќа од Албанскиот фронт во родното село кога веќе земјата беше окупирана од германските фашисти. Како искусен револуционер тој веднаш се зафаќа со организирање и прегрупирање на револуционерните сили во селото и околијата против окупаторот. Уште од самиот почеток тој заедно со други комунисти ги реорганизира дотогашните постојни партиски организации и ќелии и раководи со нив како втор секретар на Околискиот комитет на КПГ за Сорович, а истовремено ја врши функцијата секретар на партиската организација на КПГ во родното село. [593] Така под раководство на Илија Црнаков и на другите активисти во околијата беа извршени сите потребни подготовки за вооружена борба против окупаторот и домашните предавници. Во неговата активност видно место зазема и борбата против бугарската фашистичка пропаганда во селото и околијата. Во една таква ситуација беше потребна голема политичка зрелост и вештина достоинствено да се извршат поставените задачи.

Летото 1942 година Илија Црнаков добива задача од Окружниот комитет на КПГ за Леринско во својство на инструктор на КПГ да ги обиколува селата во Соровичка околија за да го подготвува народот во борба против окупаторот и домашните слуги. [594] Неговата активност многу придонесе во разобличувањето на бугарската пропаганда во околијата.

Како истакнат револуционер и комунист, кој беше познат уште од времето на Метаксасовата диктатура, Илија силно влијаел врз македонската средина. Заведените Македонци, кои сметаа дека со окупаторското оружје ќе можат да се заштитат од грчките контрачетници, ги убедил дека тоа не е доволно, туку

[593] Биографија на Илија Црнаков, дадена од Коста Враготеров во своите сеќавања. Истото: с. 28-31.
[594] Според сеќавањата на Спиро Благоев, од село Пателе, еден од првите учесници во НОБ и ДАГ. Во периодот 1946-1947 година член на Штабот Вичо, соборец и личен пријател на Илија Црнаков. Истото: Според сеќавањата на Коста Враготеров.

дека во заедничката борба со грчкиот демократски народ, тие ќе можат да ги реализираат своите национални и социјални права. Може слободно да се рече дека благодарејќи на неуморната активност на Илија Црнаков и на другите комунисти од овој реон, организациите на отпорот КПГ, ЕАМ и ЕПОН станаа мошне масовни и многу придонесоа за движењето. Подоцна голем број борци доброволно стапија во редовите на ЕЛАС.

На ова место потребно е да се подвлече фактот дека преку целиот период на фашистичката окупација на земјата, работилницата на Илија Црнаков служеше како јавка на илегалците и како место за одржување на илегални состаноци и ноќевање.

По ослободувањето на земјата од странските окупатори се до март 1945 година, Илија Црнаков се наоѓа во седиштето на Околискиот комитет на КПГ во Сорович каде ја продолжува својата револуционерна активност. [595] По доаѓањето на реакционерните власти во Соровичко и по спроведувањето на теророт и прогонството против борците на отпорот, Илија беше принуден да премине во илегалство. Преку илегални повици го повикува народот во борба против грчките реакционерни власти. Многу пати беше изложуван на опасности, но секогаш среќно се извлекуваше и не падна во непријателски раце. Грчките власти го прогласија за злосторник и непријател на државата број еден. [596] Насекаде го барале и стапици му ставале за да го уапсат, но никогаш не успеале во тоа. Постоеше можност тој да премине во слободниот дел на Македонија за да го избегне своето апсење, но тој не сакаше да се оддалечи од својот народ.

Кон крајот на јуни 1945 година во Пателе беа извршени масовни апсења на над 85 лица. Илија и овој пат успеал да го избегне апсењето и под строги илегални услови тој ја продолжил својата патриотска дејност се до есента 1946 година. Кон крајот на истата година Илија меѓу првите во селото

[595] Според сеќавања на Коста Враготеров за неговото учество во револуционерното движење во периодот 1936-1949 година..., дел I, с. 30.
[596] Според сеќавањата на Спиро Благоев и Коста Враготеров...

Пателе стапува во редовите на ДАГ и ја продолжува борбата се до неговото загинување.

На 5 јануари 1947 година, Илија, заедно со пет борци на ДАГ добива наредба да оди во родното село по борбена задача. [597] Другарите беа откриени од непријателот. Селото беше обиколено од два баталјона војска и жандармерија, кои веднаш пристигнале со воз од Сорович. Тие не успеваат да се извлечат од обрачот и се обидуваат да се засолнат на погодно место. Во тие тешки моменти се судруваат по улиците на селото со многубројната војска и жандармерија. Во улични борби, Илија со својот другар Живко Попов, [598] успева да се засолни во една племна од источниот дел на селото. Но по кратко време, двајцата другари и таму беа откриени од непријателот и веднаш потоа опколени. Качувајќи се по натрупаната слама, на Живко му се откачил орозот од автоматот. Од автоматот на Живко се истури цел рафал од куршуми и тој тешко се ранува. Останал неподвижен.

Жандармите веднаш ја обиколуваат племната и им викаат на двајцата партизани да се предадат. Другарите даваат отпор, но Живко падна во несвест. Непријателот се решава да ја потпали племната. Веднаш димот ги загушува двајцата партизани. Во ваквата тешка ситуација, Илија се решава на голем подвиг. Без да може да му помогне не својот другар, тој се решава со јуриш да се пробие низ обрачот на непријателот. Надвор земјата беше покриена со дебела покривка снег. Тој исфрлува една граната низ прозорецот и веднаш се струполува на снегот. Жандармите не очекувале таков подвиг. Се исплашиле од гранатата и за миг се засолниле. Тоа било доволно Илија да им се оддалечи. [599]

Илија Црнаков, со автоматот во полна готовност, трча низ улиците на селото и успева да им се изгуби од видот на жандармите. Тој влегува во дворот на Панде Смилајков и таму

[597] Спиридон Благоев, За херојската постапка на група борци на ДАГ /Илија Црнаков, Живко Попов, Гиго Аџикиров и Трифко Попов/. Сеќавања, се чуваат во ИНИ.
[598] За револуционерната дејност на Живко Попов, од село Папажани, Леринско, поопширно види на с. 211-219 од овој труд.
[599] Спиридон Благоев, За херојската постапка на група борци во ДАГ...

се сокрива. Војската и жандармеријата ги барале партизаните но не успеале да ги откријат. Единствено Живко Попов, тешко ранет, исгоре во племната. Сите други среќно си заминале на планината Вичо.

Во октомври 1947 година во борбите близу гратчето Клисура во секторот на Вичо, како комесар на чета, Илија Црнаков го погодува една непријателска граната од минофрлач и смртно го погодува. [600]

Така заврши животот на овој пламенен и догогодишен револуционер и комунист.

[600] За датумот на трагичната смрт на Илија Црнаков постојат две верзии, Според сеќавањата на Коста Враготеров, односно биографијата на Илија Црнаков /с. 31/, тој загинал во октомври 1947 година, а пак според Г. Дишков, Илија загинал во март 1948 година. Види: "За света народна слобода"..., с. 294.

НИКОЛА ЧЕТЕЛЕВСКИ (1913-1949)

Најголемото преспанско село Герман, како и десетици други македонски села од овој дел на Македонија, се истакнува со голем број жртви кои ги даде на олтарот на слободата на македонскиот народ.

Меѓу видните борци од споменатото село, кои го положија својот живот за слободата на Македонија, спаѓа и Никола Четелевски. Тој е роден во 1913 година во многучлено земјоделско семејство. Неговата фамилија, како и ред други македонски семејства од тој крај, живееше мошне сиромашно. Но врвната точка на неговата сиромаштија ја достигна за време на Метаксасовата диктатура во Грција, кога на селаните од селото Герман им беше одземена со сила нивната пасивна планина и беше претворена во пасиште за стадата овци на грчките националисти т.н. "Саракачани". [601]

Уште од млади години Коле ја почувствува експлоатацијата на своите соселани која беше вршена од страна на грчките угнетувачи. Но кога доаѓаше до судир помеѓу неговите селани и "Саракачаните", тој секогаш стоеше на страната на селаните.

Со нападот на фашистичка Италија на Грција, Коле, заедно со десетици Македонци од неговата околија, беше мобилизиран во грчката армија и веднаш потоа беше испратен на Албанскиот фронт за да се бори против италијанскиот агресор. Но бидејќи во таа војна се бореа две капиталистички земји за свои интереси, тој заедно со една група Македонци го напушти Албанскиот фронт и премина во Југославија. Се разбира, ова преминување на Коле му се сметаше од страна на грчката влада за дезертерство. [602]

По капитулацијата на Грција од страна на германско-италијанските и бугарските војски, Коле се враќа во родното

[601] Сеќавања на Пандо Кајчевски, од село Герман, за неговата револуционерна дејност во НОБ и Револуцијата. Се чуваат во ИНИ.
[602] Биографии на истакнати личности од село Герман, прибрани и средени од Пандо Кајчевски. Се чуваат во ИНИ.

село и веднаш се поврзува со илегалните политички работници за да се бори против странските окупатори.

Пролетта 1943 година, со појавата на партизанските единици од вардарскиот дел на Македонија во Леринско, Коле, заедно со група свои соселани активно се вклучува во акцијата за сместување на партизаните по куќите на родното село и за нивното снабдување со храна. Во знак на солидарност во борбата против заедничкиот непријател, тој му подарува еден пушкомитралез "Хоцки" на Пелистерскиот партизански одред "Даме Груев". [603]

Во втората половина на 1943 година во селото Герман пристигнаа од Костур бугарски агенти и емисари од Штабот на Андон Калчев со цел да организираат контрачетничко движење и во Преспанска околија. Коле Четелевски, со помошта на другите напредни соселани, успеал да ги "убеди" бугарските агенти дека за почеток доволно е да им дадат на селаните 20 пушки, а не 200, како што тие претходно планирале. Потребно е да се каже дека и овие 20 пушки, подоцна беа предадени на Пелистерскиот партизански одред "Даме Груев". [604]

По предавањето на оружјето на партизанскиот одред "Даме Груев", Коле, заедно со десетина свои соселани, настојуваше и тој доброволно со пушка в раце да се вклучи во редовите на партизанските единици од Вардарска Македонија. Но, поради некои објективни причини, не се исполни неговата желба. Но и покрај тоа Коле никогаш не остануваше на страна од борбата. Таму каде се наоѓаше прилика, секогаш се наоѓаше во првите редови. Во истиот период, кога партизанскиот одред "Даме Груев" ја нападна една германска единица на планината Бигла, тој со двајца другари го предводеше одредот кон тоа место. [605]

Во почетокот на 1944 година, Коле со пушка в раце се вклучува во редовите на резервниот ЕЛАС кој дејствуваше во Преспанско.

---

[603] Истото.
[604] Според сеќавањата на Герман Велјановски, од село Герман; член на Окружниот одбор на НОФ и на КОЕМ за Леринско.
[605] Истото.

Есента истата година, со отцепувањето на дел од македонските борци од составот на единиците на ЕЛАС, Коле, заедно со група македонски борци преминува во вардарскиот дел на Македонија и во составот на Првата ударна бригада на Македонците од Грција ја продолжува борбата се до нејзиното расформирање. [606]

Во пролетта 1945 година Коле Четелевски, заедно со неколку другари од родниот крај доброволно се враќа на планината Бела Вода и ја продолжува борбата против новиот режим во Грција.

По кратко време, заедно со десетина другари беше повикан од раководството на движењето во базата на македонските борци под обвинение дека тој соработувал со грчката реакција. Се разбира, тоа беше недоразбирање. Некој од раководството, без да ја испита ситуацијата, неоправдано ги наклеветил десетте другари како предавници на непријателот. Тие долго време мораа да се докажуваат дека се проверени борци на македонското ослободително движење. Кога случајот се разјасни, Коле и неговите другари се вклучија во работата за изградба на едкономско-општествениот живот на југословенските народи. [607]

Во пролетта 1946 година, Коле и неговите другари повторно беа повикани од раководството на движењето и, како проверени и искусни борци беа предложени да заминат во Егејска Македонија за да се борат против грчкиот режим.

Кон средината на јули 1946 година, на планините Врба и Малимади беше формиран еден од првите партизански одреди од околу 30-на борци на чело со Коле Шапков од село Герман и Илија Кузмановски како политички комесар на одредот. [608]

Од овој момент Коле Четелевски храбро се бори во редовите на партизанските одреди на НОФ и на Демократската армија на

[606] Монографија со спомен-албум за село Герман, Леринско. Скопје, 1979, с. 80.
[607] Биографии на истакнати личности од село Герман...
[608] Монографија со спомен-албум за село Герман..., с. 80.

Грција на планините Врба, Малимади, Вичо, Синьачко, Хасија, Мургана и Епир се до неговата смрт. Падна херојски во февруари 1949 година, во месноста "Порта", на планината Грамос. [609]

Потребно е да се подвлече дека во херојската борба што ја водеше македонскиот народ во текот на граѓанската војна во Грција, исто така настрада неговиот брат Вангел кој беше подло убиен од страна на монархофашистите во Лерин на 22 октомври 1948 година заедно со дванаесет негови соселани. [610] Истата година херојски загинува во Мегленско како борец во коњичката единица на ДАГ и неговиот внук Цветко Четелев. [611]

Целиот свој живот Коле Четелевски веруваше во победата на својот народ. За тие идеали го жртвува и својот живот.

[609] Истото.
[610] Истото: с. 52.
[611] Истото: с. 81.

ТРАГЕДИЈАТА НА ДЕВЕТТЕ АКТИВИСТИ НА НОФ НА ПАЈАК ПЛАНИНА

По повлекувањето на германските фашистички окупатори од Грција и по спогодбата во Варкиза, ЕЛАС, согласно со спогодбата, пристапи кон демобилизирање на своите единици и кон предавање на оружјето. Во исто време грчката влада постапува спротивно со потпишаниот договор и врши вооружување на полицијата и жандармеријата за да ја зацврсти својата власт. Но грчката реакција немаше доволно сили да може потполно да ја воспостави својата власт во целата земја. Затоа, таа ги мобилизира довчерашните соработници на окупаторот – бандите на Коларас, Пападопулос, Андон Чауш и други и ги пушти во разуздан терор да го убиваат и да го пљачкаат голоракото население.

Македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија се постави пред алтернативата или да ги поднесува сите понижувања заклучно со неговото физичко уништување, или повторно да се бори со оружје в рака. Во оваа критична ситуација Македонците како и порано, го одбраа патот кој по традиција го следеа претходните македонски генерации со сопствени сили да ја бранат својата чест и слобода.

Меѓутоа, извесен број Македонци, кои за да го избегнат бесот на грчките фашистички банди, биле принудени да ги напуштат своите огништа и да бегаат во соседните земји или да се кријат по планините. Многу млади родољуби како припадници на македонската ослободителна организација НОФ и поранешни учесници во борбите против окупаторот исто така излегоа во шумата и се подготвуваа за отпор против новиот десноориентиран режим. Така беше и со активистите од село Баровица, Гуменџиска околија, [612] кои поради суровиот терор што го вршеа монархофашистичките банди отидоа во шумата на Пајак планина, во месноста Шеова и се засолна во колибата

[612] Овој прилог е објавен и во списанието Историја, Скопје, 1979, XV, бр. 2, с. 131-136. Тука го даваме со некои мали дополнувања и појаснениј.

на Летката. [613] Пред тоа бил одржан состанок на раководството на НОФ за Гуменџиска околија на која се донело решение некои од прогонуваните антифашисти да заминат преку граница, а останатите членови и кадри на организацијата да дејствуваат на теренот. Младинците од Баровица, по краткиот предтој на Пајак планина, исто така требало да ја поминат зимата во Гевгелија. [614] Меѓутоа, скривалиштето на илегалците било предадено од шпионите од село Баровица. Така на 17 ноември 1945 година, уште во раните утрински часови, еден одред составен од 29 монархофашисти на чело со еден наредник од "Баталјоните на безбедноста", вооружени со четири митралези и други автоматски пушки и водени од прочуениот sвер на ПАО, Мицо Дујамов, [615] облечен во воена униформа; потоа од познатите шпиони: Христо Пипчев, од село Крива, Гуменџиска околија; Тано Тулупов, од село Баровица; Томас Цикалидис, доселеник од Кавказ и неговиот син Дионисис и од децата на Талкасите, исто така жители на селото Крива, ја опколиле споменатата колиба. [616]

Времето било дождливо и магловито. Илегалците немале поставено стража. Тоа го искористиле монархофашистите и кога наближиле неколку метри до колибата, им наредиле на младинците да се предадат.

---

[613] Извештај од Ангел Гацев, од 19 ноември 1945 година, до Главното раководство на НОФ за загинувањето на деветте активисти на НОФ во Пајак планина. "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II, док. 193, с. 365.

[614] Според сеќавањата на Вангел Ничев-Ориватис, секретар на НОФ за Гуменџиска околија.

[615] По договорот во Варкиза и демобилизацијата на ЕЛАС, затворениците во Грција беа преземени од грчките владини војски и Англичаните. Така беше преземен и логорот во Солун "Павлос Мелас" каде што покрај другите соработници на странските окупатори беа заробени, а потоа ослободени Гоно Дујамов и неговиот син Мицо Дујамов, родени во селото Баровица. Во јуни 1945 година Мицо Дујамов се појавил во својата околија и во состав на една вооружена банда крстосуваше по селата, пљачкаше и убиваше невини селани исто така како што правел и за време на окупацијата.

[616] Проглас од Главното раководство на НОФ во врска со подлото убиство на деветте активисти на НОФ во Пајак планина. "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II, док. 206, с. 389.

Другарите иако немале доволно оружје одбиле да се предадат и стапиле во борба. Бидејќи бурандарите [617] биле помногуброjни и подобо наоружани, младинците не биле во состојба да се ослободат од обрачот на непријателот. Така во нерамната борба загинале следните другари:

1. Алеко Василев, од град Гуменџе, роден во 1914 година – одговорен на НОФ за Гуменџиските села.
2. Ѓорѓи Јудов, од село Баровица, роден во 1918 година - одговорен за младината во Гуменџиска околија.
3. Пено Карамуткин, од село Крива, роден во 1920 година – член на Околискиот одбор на НОФ за Гуменџиска околија.
4. Ѓорѓи Шашев Крлев, од село Баровица, роден 1920 година – одговорен на НОФ за планинските села.
5. Трајо Пенов Ајтов, од село Баровица, роден во 1924 година – курир.
6. Ѓорѓи Траев Шашев, од село Баровица, роден во 1920 година – помошник на Ѓорѓи Шашев Крлев.
7. Ичо Ѓ. Тртев, од село Баровица, роден во 1922 година – курир.
8. Мина П. Парлапанов, од село Баровица, роден во 1914 година – соработник.
9. Христо Д. Гатов, од село Валгаци, Гуменџиска околија, роден во 1913 година – соработник. [618]

Заедно со загинатите антифашисти во колибата се наоѓал и Васил Пападопулос од село Валгаци, роден во 1913 година. Тој, иако тешко ранет, успеал да избега и да се скрие во околината на селото Купа. Претходно него го видел еден војник, и го пропуштил да побегне. Тој сигурно бил напреден човек. Но за тоа дознал и Мицо Дујамов, кој го убил војникот со сопствениот пиштол.

Селото Купа граници со местото каде што биле убиени деветте другари. Како што пишува Јован Џевелеков во своите сеќавања, селаните, кои тогаш работеле на своите ниви, ги чуле

[617] Бурандари, грчки квислиншки владини војски од името на злогласниот командант на Атина за време на окупацијата – Бурандас, познат по своите злосторства над населението.
[618] "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II, док. 193, с. 365.

истрелите, но не знаеле во што е работата. Васил Пападопулос, влечејќи се, стигнал до нивите на кои работеле селаните од селото Купа. Бил многу изморен, крвта речиси му истекла и исцрпен паднал до патот. Нешто подоцна кога селаните си тргнале дома, Марија Паламура и Ѓорѓи Шиников, и двајцата од Купа, го виделе на патот облеан во крв. Се уште бил жив. Тие го прашале, што му е, кој го ранил? Васил ги замолил да му помогнат и им раскажал што се случило. Марија и Ѓорѓи имале два коња натоварени со компири. Го растоварile едниот коњ и откако го преврзале ранетиот, го качиле на коњот и го однеле на околу 5 километри во близина на селото Купа. Се плашеле да го донесат во селото бидејќи не знаеле какви биле приликите тој ден во селото. Затоа го однеле во колибата на Васил Заркадов, во месноста Штрбо, каде му запалиле оган и му рекле: "Оваа вечер ќе бидеш тука. Ние веднаш ќе и јавиме на оргаинизацијата и твоите другари ќе дојдат по тебе..." [619]

Вечерта, кога Марија и Ѓорѓи стигнале во селото, Ѓорѓи и пренел на организацијата за случајот на Васил, а Марија, ќерка на селскиот кмет Ристо Паламура, близок соработник на реакционерните власти, го известила татко си. Малку чудно, но селскиот кмет наместо да оди кај своите соработници, дошол првин кај илегалците и им јавил за трагичниот настан. Истовремено им рекол дека утредента ќе мора случајот да им го пријави и на властите. Меѓутоа, на организацијата НОФ и дава предност. [620]

За спасениот Васил Пападопулос дознал и некој непознат Влав, кој истиот ден отишол и им јавил на бурандарите. [621] Монархофашистите по добиената вест веднаш го блокирале селото Купа и го претресле куќа по куќа, но не го нашле илегалецот. Кога случајот се заборавил, организацијата НОФ, пишува понатаму Јован Џевелеков, го пренела ранетиот Васил

[619] Јован Џевелеков, Материјали од поедини настани од село Купа и други. Ракопис, се чува во ИНИ.
[620] Истото.
[621] Писмо од Минчо Фотев, до Лазо Дамовски во врска со погинувањето на деветте активисти на НОФ во Пајак и дејноста на НОФ. "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II, док. 211, с. 396.

Пападопулос до југословенската граница. Таму го прифатила група патриоти кои ја зеле неговата судбина во своите раце. [622]

Единствен личен сведок на трагичната смрт на деветте другари беше Ѓорѓи Тртев, таткото на Ичо Тртев. Во тоа време Ѓорѓи Тртев се наоѓал во својата скришна колиба недалеку од своите другари. Тој, кога го чул пукотот на бурандарите, притрчал кон обиколената колиба, наближил на околу триста метри и отворил оган. Но автоматот му се засекол и не успеал да ги прогони бурандарите. Кога се уверил дека тие избегале, отишол на местото на трагедијата, го зел телото на својот син и го скрил во шумата. [623]

Другиот ден, во неделата, селаните од Баровица, кога дознале за убиството на своите деца, отишле во колибата да ги земат нивните тела. Бурандарите им наредиле да го донесат и оружјето, кое тие не успеале да го земат. [624]

Телата на убиените другари биле во страшна состојба: изрешетени со куршуми, издупени со штикови и со извадени црева, акт кој сведочи за варварството и sверството на нивните убијци.

Селаните ги кренале телата на децата од Баровица. Попладне дошле мажи и од другите села и ги кренале телата на Алеко Василев, Христо Гатев и Пено Карамуткин. Но Ѓорѓи Тртев не бил со нив бидејќи отишол да им соопшти на другарите во Главната јавка за трагичниот настан. [625]

Според неговите искажувања, во убиството на македонските активисти на НОФ учествувале над десет бурандари. Но дополнително беше утврдено дека нивниот број изнесувал 29 лица. Било утврдено исто така, дека жената на Иван Гагев од село Баровица, позната шпионка, го сретнала во планината својот внук Ѓорѓи Ш. Крлев со неколку илегалци. Веднаш потоа

[622] Јован Цевелеков, Материјали од поедини настани во селото Купа и други...
[623] "Егејска Македонија во НОБ, 1945", Т. II, док. 193, с. 365.
[624] Истото.
[625] Истото.

таа отишла кај капетанот Гоно и неговиот син Мицо Дујамов и им јавила дека во опланината имало илегалци. Исто така постапил и Гого В. Желков, кој ги издал Ичо Тртев и Пено Карамуткин. [626]

Следствено јавката на илегалците, најверојатно ја предаде Гого В. Желков и жената на Иван Гагев.

Монархофашистичките власти со цел да го заплашат народот, телата на убиените другари ги пренеле од Баровица во Гуменџе и ги изложиле на плоштадот со извадени црева каде што ги држеле неколку дена. Од Гуменџе ги пренеле во Ениџе Вардар и таму ги закопале. Но народот остро протестирал и телата на жртвите повторно биле вратени на нивните мајки.

Од куририте, кои по убиството на деветте другари отишле на самото место, се дозна дека населението од околните села било многу уплашено и го опфатило голема паника.

Трагичниот настан негативно се одразил и врз дејноста на месните организации на НОФ. По смртта на другарите настанала голема празнина во редовите на НОФ, која не можела благовремено да се дополни, бидејќи организацијата немала доволно кадри. Така, за извесно време се прекина врската на кадрите на НОФ со околиските села и градот Гуменџе. [627]

Иако со убиството на деветте активисти организацијата НОФ претрпе тежок удар, народот, сепак не го изгуби моралот и надежта во неговата конечна победа. Тоа се должи, пред се на обновените контакти на раководството на НОФ со месното население и на левичарскиот грчки печат, кој го осуди злосторот на монархофашистите и поведе широка кампања против грчката реакција, обвинувајќи ја не само за смртта на деветте антифашисти, туку и за другите злосторства кои ги вршеле врз невиното население. Јавната осуда на бесниот терор од страна на прогресивните сили претставувала и големо охрабрување на настраданото население. Од народот биле

[626] Истото.
[627] Истото док. 231, с. 445.

испратени во Солун специјални комисии, кои барале осудување на злосторниците.

Под силен притисок на народот била формирана и англоамериканската комисија за испитување на подлото убиство на деветте антифашисти. Но за жал, освен распитот што го извршила кај месното население, таа не презела никакви мерки за спречување на бесниот терор кој владеел насекаде.

Поради остриот протест на населението фашистичките шпиони и предавници биле принудени да избегаат од селата и да се скријат во градот Гуменџе. [628] Тоа им овозможило на демократските сили да ја прошират и да ја засилат борбата против грчката реакција.

Трагичната смрт на деветте антифашисти силно одекна низ цела Гуменџиска и Енице-вардарска околија и предизвика кај народот уште поголема омраза кон грчката реакција, а нејзините жртви народниот творец ги воспеал во своите песни. Така, ширум Воденскиот округ се пееше песната:

Ја чујте, чујте, млади и стари, /Кавал ли свири, моми ли пеат./
Ни кавал свири, ни моми пеат, /Туку ми девет мајки плачат./
Една од нив – Алекова жена, /Жално зажали, болно зареди:/
Ја стани, стани, мили Алеко, /Стани да видиш дробни си деца,/
Што ги остави клети сираци, /Клети сираци, без дом и татко./
Не можам, Шиљо, јаска да станам, /Црна ми земја снага покрила/
Туку им речи на моите деца, Дека татко им за народ загина./
Викна се провикна син им Ѓорѓи: /На школо ќе одам, голем да станам/
Тешко им тогаш на тие фашисти, /Што ми го мојот татко убиле/. [629]

---

[628] Писмо од Ангел Гацев, од 14 декември 1945 година, до Главното раководство на НОФ, со кое известува за некои детали во врска со убиството на деветте активисти на НОФ на Пајак планина. “Егејска Македонија во НОБ, 1945”, Т. II, док. 222, с. 429.

[629] Автор на песната е Кочо Хаџигеоргиев, а текстот ми го отстапи Атанас Мељов-Ацо, член на Околискиот одбор на НОФ за Гуменџиско и секретар на НОФ за Куфалскиот реон, Солунска околија.

КРАТЕНКИ

АКЕ – Земјоделска партија на Грција.
АФЖ – Антифашистички фронт на Жените /на Егејска Македонија/.
ВМРО /Об./ - Внатрешна македонска револуционерна организација /Обединета/.
ГШ на ДАГ – Главен штаб на Демократската армија на Грција.
ЕАМ – Национален ослободителен фронт.
ЕЛАС – Национално народноослободителна војска.
ЕОН - Национална организација на младите.
ЕПОН - Национална сегрчка организација на младите.
ЕТА – Комитет за снабдување на партизаните.
ИНИ – Институт за национална историја – Скопје.
КНОЈ – Корпус на народната одбрана на Југославија.
КПГ – Комунистичка партија на Грција.
КПЈ - Комунистичка партија на Југославија
КПМ - Комунистичка партија на Македонија.
КОЕМ - Комунистичка организација на Егејска Македонија.
МАО – Македонска ослободителна организација.
НОБ – Народноослободителна борба.
НОВ - Народноослободителна војска.
НОМС – Народноослободителен младински сојуз /на Егејска Македонија/.
НОФ – Народен ослободителен фронт /за Егејска Македонија/.
ОКНЕ – Организација на комунистичката младина на Грција.
ОПЛА – Организација за заштита на народните борци.
ПАО – Патриотска ослободителна организација /фашистичка/.
ПДВ – Привремена демократска влада /на Грција/.
ПЕЕА – Политички комитет за национално ослободување.
СКОЈ – Сојуз на комунистичката младина на Југославија.
СНОВ – Славјано-македонска ослободителна војска.
СНОФ – Славјано-македонски народноослободителен фронт.
ТОМО – Тајна ослободителна македонска организација.
ЦК – Централен комитет.